СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1994 година

Скопје, јули 1994 година

**77 (СЕДУМДЕСЕТ И СЕДМА) СЕНИЦА, ОДРЖАНА НА 14.VII. 1994**

дневен ред:ПРАШАЊЕ ЗА ДОВЕРБА НА ВЛАДАТА НА РМ

1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АПОСТОЛОВОКИ НИКОЛА 8, 11
3. АТАНАСОВСКИ МИТКО 28, 30, 31, 36, 37, 38, 41, 42, 50, 52, 52
4. АВДИ ФАИК 71, 76
5. АЛИУ ЕШТРЕФ 261
6. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 266
7. БОЈКОВ ЈОРДАН 178, 181, 251, 252
8. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ 78
9. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР 83, 85
10. ГОШЕВ ТУШЕ 120
11. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР 121, 124, 130
12. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО 130, 133, 144, 147, 154, 165, 188, 191, 219, 220
13. ГОШЕВ ПЕТАР 182, 183, 184
14. ДИМОВСКА ДОСТА 179, 180, 198
15. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС 103, 108
16. ИСМАИЛ ЏУМЕР 21, 22, 25
17. ИВАНОВ РИСТО 114, 115, 116, 119, 174, 197
18. ЈОВНЕВСКИ ЦВЕТАН 5
19. ЈАКИМОВСКИ ЉУБОМИР 185, 187, 188
20. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ 3, 55, 59, 200
21. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 259
22. ЛАЗАРЕБСКА БИЉАНА 26, 27, 54
23. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН 87, 92, 95, 99
24. ПОПОВСКИ ВЛАДО 192, 202
25. ПЕТРОВ ТОДОР 195
26. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР 222
27. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ 257
28. РАМАДАНИ ИСМЕТ 184, 253
29. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА
30.СТЕФАНОВ ПЕТРИШ 113, 175
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 185
32. СПИРОВСКИ АЦО 205, 209, 219
33. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 224, 229, 263, 265
34. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 268
35. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРАН 26, 28
36. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН 66, 68
37. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР 11, 18, 20, 23, 24, 128
38. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 53, 168, 171, 174, 191
39. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ 198, 200
40. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 1236, 239, 248

НЕ Е ИЗГЛАСАНА НЕДОВЕРБА НА ВЛАДАТА!

К Р А Ј

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Тошев, Панче Насев, Тодосија Паунов, Симон Наумовски, Петре Трајаноски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на карактерот на прашањето што ќе се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (69 пратеници)

69 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Констатирам дека Собранието на оваа седница ќе работи по една точка од дневниот ред утврдена по сила на Уставот на Република

Македонија - Прашање за доверба на Владата на Република Македонија. Се разбира, овде Собранието не утврдува дневен ред и не гласа за дневниот ред бидејќи дневниот ред е утврден по сила на Уставот. Најмалку 20 пратеника поднеле да се постави прашање за доверба на Владата.

Известен сум од пратеничката група на ПДП дека тие сеуште остануваат на одлуката да не учествуваат во работата до 14,00 часот кога повторно ќе го разгледаат тоа прашање и ќе не известат, а бидејќи ова прашање е веќе поставено и има мнозинство пратеници, ние можеме да работиме.

Преминуваме на дневниот ред.

- Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Согласно членот 92 став 3 од Уставот на Република Македонија, Прашање за доверба на Владата на Република Македонија, поставија 25 пратеници од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кое ви е доставено.

Одлуката за изгласување недоверба на Владата се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно член 92 став 4 од Уставот на Република Македонија гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба.

Пред гласањето во 23,30 часот на Собранието ќе му се обрати претседателот на Владата за да го изнесе својот став по прашањето за доверба.

Од овие причини предлагам секој пратеник да зборува само еднаш. Времето на зборувањето не го ограничуваме, но што повеќе пратеници да можат да земат учество.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (38)

Предлогот не е усвоен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, чувствувајќи го денешниот политички миг, а во тој контекст и економската состојба во која се наоѓа Република Македонија пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ чувствуваше за потребно заради нараснатите проблеми и заради хаосот кој владее во економијата во оваа држава одлучи да го постави прашањето за доверба на Владата на Република Македонија. Имено, Владата на премиерот Бранко Црвенковски составена врз основа на неприродната коалиција меѓу Социјалдемократскиот сојуз, Либералната партија, Социјалистичката партија и ПДП-НДП во изминатиот период од нејзиното владеење Република Македонија се претвори во општ генератор на кризни, неповолни и хаотични состојби во сите домени од животот во државата. Настапувајќи и делувајќи без јасно дефинирана и конкретизирана платформа, Владата се легитимира пред македонската јавност како неформално тело кое функционира врз два основни принципи.

Прво, личните интереси од материјален карактер на министрите кои ја сочинуваат Владата и притисоците од коалициониот партнер ПДП-НДП кои,по правило, се прифаќаат од едноставни причини што со тоа се доведува во прашање опстанокот на самата Влада.

Со ваквиот начин на работа Владата со низа свои одлуки најдиректно ги загрози државните и националните интереси на македонската држава и македонскиот народ предизвикувајќи во исто време општ нестабилност на државата во целина.

Последниот чин со напуштањето на пратеничката група на ПДП-НДП од работата на Собранието на РМ дефинитивно ги потврди таквите оценки и покажа дека Владата нема мнозинство во Парламентот, тоа можете и самите денеска да го процените и од политички и од морален аспект е должна да поднесе оставка. Освен тоа, Владата на РМ е посебно одговорна за следните состојби:

Прво, донесување на низа закони и одлуки спротивни на Уставот на Република Македонија од кои голем дел се оценети од Уставниот суд како неуставни, а за дел постапката е во тек, за кои можете деновиве да слушнете има поделени мислења во новоформираниот Уставен суд на Република Македонија.

Второ, недонесување на системските закони, Законот за судовите, Законот за локалната самоуправа, за грбот, за изборите,за денационализација и слично.

Трето, донесување на неприменливи закони, како што е Законот за приватизација кој целосно во Република Македонија доведе до општ хаос во стопанството и раководејќи се само на поедини раководни личности и на одредени организации само од нивната чиста совест или чесност таа реприватизација ја водат на начин како што не треба да се води.

Четврто, рапидно опаѓање на производството и општ грабеж на таканаречениот државен капитал и национален имот.

Петто, замешаност на речиси сите министри во разни афери сврзани со примање мито, корупција, грубо кршење и изигрување на законите.

Шесто, општ хаос во образованието за кое сите сте сведоци дури и самото население особено на теренот на Западна Македонија.

Седмо, неспособна надворешна политика сведена исклучиво на проблемот со Грција и националното предавство што го прави самата Влада.

Осмо, најгрубо кршење на демократските процеси во Републиката посебно од страна на Министерството за внатрешни работи.

Деветто, неспособност за спроведување на активноста од највисок државен интерес на пописот на населението, за што можеби во наредната расправа за доверба на Владата ќе ги чуете релевантните аргументи и докази за тоа како и на кој начин оваа влада го извршува пописот и сите тие попратни елементи на уцени и слично.

Заради сите овие причини и заради сето општо познато во македонската јавност и она што допира барем низ иглени уши во вешто камуфлираниот македонски печат, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ одлучи оваа доверба да ја поднесе во македонскиот парламент и се надеваме дека вашата совест и чест ќе проговори во овој момент и ќе се изјасни позитивно околу оваа недоверба на Владата и Македонија да добие таква влада која и прилега и во овој нареден период да може оваа кризна состојба да се надмине.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор господинот Јовчевски.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас ќе се задржам конкретно на едно од ресорните министерство тоа е Министерството за образование каде ресорниот министер за образование и физичка култура почитуваниот господин Димитар Бајалџиев има, каде и да се завртите, во сферата на образованието.

Од денот на преземањето на функцијата господинот Бајалџиев и покрај тоа што формални и декларативно се залагаше и се залага за деполитизација на образованието тој со своите постапки и методи на преговарање и договарање со разни "одбори на родители", претставници на политичките партии ПДП и НДП и разни неформални исполитизирани групи правејќи дневно политички отстапки и концесии на голема врата ја воведе дневната политика во образованието. Наместо како ресорен министер согласно Законот за органите на управата според кој е должен да ги спроведува постојните закони од областа на образованието, тој се стави како институција министер над Уставот и законите издавајќи низа противуставни и противзаконски решенија во сите сегменти на образовниот систем како во основното, средното и високото образование.

Трагедијата е дотолку поголема што министерот со бројни одлуки и постапки направи штета со несогледливи последици по децата со што наместо образовниот систем да се доведе во функција на правилен психофизички развој на младата генерација и валоризирање на образовните вредности и стандарди, тој го поддржува воведувањето на политички терор над децата од страна на одредени политички партии и неформални групи.

Останува нејасно дали ваквиот начин на дневно - политичкото практицирање на образованието е последица од немањето визија за модерен и ефикасен воспитно образовен систем примерен на потребите на децата со што истите би биле учесници и чинители во воспитно-образовниот процес наместо и понатаму да се репродуктивни заробеници на просечно 1700 страници во секое одделение на основното образование како што се учебници, прирачници без задолжителна литература просечно уште со толку страници кои служат за само жива

егзистенција на одредена привилегирана група автори и рецензенти, а зошто и не на вработените во самото Министерство.

Непосредна последица на ваквите состојби се бројните психофизички заболувања на младата генерација, за што постојат повеќе медицински наоди и анализи.

Господа пратеници, ваквото мое гледање на работата, пред се, произлегува од досега направеното во иновирањето на наставните планови и програми, нивното растоварување, намалување на фактографи- јата и слично за што се бројни залагањата на учениците, родителите и научната јавност изразени преку средствата за информирање и многу- бројните научни и стручни трибини.

Се прашувам дали сето тоа е последица на незнаењето на министерот што може да се заклучи од неколку пати искажаните зборови на господинот Бајалџиев. Цитирам. "Јас многу научив за образованието од вработените во "Просветен работник" и некои вработени во министерството". Или пак негов цитат "Сега не е време за образование, време е за преживување". Или дотичниот господин свесно го поткопува системот на државата во интерес на некои повисоки интереси само нему познати заборавајќи дека најголем интерес за државата е правилно негување на младата генерација.

Бројни се примерите на дневно - политичките злоупотреби како поединечно се разгледуваат постапките на министерот и преземените активности во разрешувањето на состојбите во селата Бачиште, Жупа, Урвиќ, Јеловљане, Пласница, Долно Количани и други населени места во кои живеат македонци со муслиманска вероисповест, легализирање на незаконски отворените паралелки од страна на припадниците на

албанската националност, преземањето на учебни години спротивно на постојните законски решенија, спроведување на преземените испити од средното образование и пробивањето на тестовите, мешањето во автономија на Универзитетот, спроведувањето на кадровската политика во образованието и слични работи. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Апостоловски.

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, во осумдесетина основни и средни училишта во општина Струга, Кичево, Дебар, Гостивар, Тетово, Куманово и некои скопски општини во кои се изведува настава на албански јазик околу 3000 наставници од албанска националност под инструкции на разни легални и нелегални здруженија на наставниците од албанска националност и одредени ограноци на ПДП и НДП при водењето на педагошката евиденција и документација во одделенските дневници е суспендирана примената на македонскиот јазик како службен јазик што е пропишан во член 7 од Уставот на РМ и законите за предучилишно и основно образование во член 171 и за насоченото образование член 136.

Бројни се примерите во овие училишта а особено во Тетово и Гостивар предметот по македонскиот јазик да го предаваат лица со несоодветно образование поготово од албанска националност, а тоа се лица со средно медицинско училиште, гимназија или земјоделско училиште кои речиси воопшто не го знаат или сосема малку го знаат македонскиот јазик а отсуствува и контролата на Педагошкиот завод на

Македонија за спроведување на пропишаниот фонд на часови и совладаноста на програмата по македонски јазик.

Со оглед на состојбите со наставниот кадар што не е потребна таква контрола. Останува нејасно како е можно ако се знае дека при Заводот за вработување на РМ има евидентирано повеќе од 1000 наставници со соодветно образование на македонски јазик.

Сите овие појави на господинот министер добро му се познати но преземањето на мерки некако отсуствува. Мерките отсуствуваат за обезбедување на примената на уставот на РМ и постојните важечки регулативи од страна на самиот господин министер за образование за што веројатно само нему му се познати.

Однапред ми е познато дека одбраната на министерот би била со тоа што би кажал дека во текот на 1992 година односно учебна 1993 година се поднесени некаде околу 3000 пријави и дека ниската казна од 20 денари не ги дава очекуваните резултати. Но се прашува зошто законите за основно и средно образование сеуште не се усогласени со делот на казнените одредби со општиот закон за прекршоци и покрај тоа што ова требаше да биде направено во рок од еден месец од денот на донесувањето на овој закон, а се изминати скоро 18 месеци откако овој закон стапи во сила.

Мене лично, не наоѓајќи разумен одговор за оваа состојба, не ми преостанува ништо друго освен оваа состојба да ја гледам како уште едно "салто мортале" во бројните манипулации на самиот господин министер Бајалциев.

Почитувани пратеници, ако се поврзат работите и постапувањата на министерот по ова прашање тука спаѓаат разни договарања и ветувања на претставниците од ПДП-НДП потоа како резултат на состојбите кои значително ескалираат различни барања упатени од

Министерството до министерот за правосудство и општинските судови за прекршоци за неизвршени или одлагање на извршување на правосилни и извршни судски решенија за што постојат бројни писмени докази, логично се поставува прашањето дали господинот министер се залага за ред и законитост во својот ресор или пак со прецизно пресметани и само нему јасни потези во голема мера придонесува за незаконитост хаос и анархија во образованието каде како основен вредносен критериум од страна на министерот се валоризира претставништвото и девијантното однесување на одредени наставници при што се игнорира уставниот императив пропишан со член 51 став 2 од Уставот на РМ каде децидно стои: "Секој е должен да го почитува Уставот и законите".

На крајот го повикувам господинот Бајалџиев по можност да даде одговор колку пријави се поднесени за непочитување на уставните и законските одредби против наставниците кои го исклучиле од службена употреба македонскиот јазик во училиштата во кои наставата се изведува на албански јазик во учебната 1993/94 година и на кој начин мисли да обезбеди почитување и употреба на службениот македонски јазик во оваа држава за која барем најдемократскиот министер без да ја почитува и спроведува постојната законска регулатива божем демократијата вика- ме е анархија во сите свои искажувања громогласно се залага.

II/1 вц/јм

**НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ**: (продолжение)

Моите сознанија се дека не е поднесена ниту една прекршочна пријава, а прекршоци има колку што сакате.

Почитувани пратеници, само да потсетам дека ова се факти пред кои она што народот самиот кажал:и боговите молчат, а ѓаволите ја симнуваат капата. Па затоа не ми е јасно од каде му е храброста на господинот министер да се става над боговите искривувајќи ги и прикривајќи ги фактите во нему познат манир и стил. Се разбира дека, ваквите негови постапки можеме да ги оправдаме ако господинот Бајалџиев е бог за кој не важат земските закони, а посебно законите на оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Искрено ми е жал што ги нема вашите собраќа господа од коалицијата, но тоа што е, тоа е, мора да се прифати дека е таква состојбата во вашата коалициона влада. Во врска со нашето бараше т.е. барањето на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за доверба на Владата и без некоја си посебна тенденција дека доле изнесеното ќе остави некој впечаток во некои зациментирани мозоци. Морална обврска имам како пратеник во ова собрание да укажам на некои доста интереси, работни активности во врска со работата на оваа влада. Не е никаква тајна дека работата на оваа неприродна, а можеби и сосема природна коалициона влада скоро во сите сегменти на живеењето во општеството што значи на надворешен, внатрешно политички, економски план доживеа буквално катастрофа, катастрофа затоа што досегашното нивно скоро двегодишно владеење, велам владеење не може поинаку и да се окарактеризира. Кога се говори за надворешната политика една суптилна област во која доживеавме колапс буквално на сите полиња, почнувајќи од името поранешна југословенска Република Македонија, име кое тешко

II/2

дека ќе претрпи некои си промени барем во догледно време. Иако од претседателот Глигоров беше обнародено во април 1993 година дека ова име ќе биде привремено за два месеца. Привременоста еве, сеуште трае 15-тина месеци што значи дека тешко ќе се одвива промената на наводно привременото име поранешна југословенска Република Македонија во Република Македонија што е и уставно име на нашата држава. Освен ако не се прифати идејата за наше прекрстување од новите европски кумови во северно македонци, или вардарски македонци, но нормално ќе треба да се добие согласност од Република Грција која инсистира името Македонија да не биде содржано во името на нашата држава. Кога се говори на името на државата БЈРМ, или поранешна југословенска Република Македонија сметам дека не само што е срушено достоинството на државата македонска, туку едноставно претставува срам за идните генерации, достоинство кое господата од естаблишментот го спуштија на најниско ниво, т.е. вие господа од Владата, од таканаречената македонска влада, за жал. Следствено би сакал да ве потсетам на еден не така дамнешен момент, поточно на прес конференцијата на господинот Сорос од само пред неколку месеци изречено за работата на министерот за односи со странство кој јасно даде до знаење дека воопшто не е воодушевен од работата и од активностите на господинот Црвенковски како министер за односи со странство. Преведено на обичен македонски народен јазик јасно даде до знаење дека господинот Црвенковски не почна ни да проодува кога се работи за надворешната политика.

Во истиот контекст ќе ве потсетам и на најновиот случај кој е предмет на интересирање на македонската јавност, а се работи за македонската амбасада, претставништво, господ ли знае што ќе биде тоа, во Токио каде што уште еднаш докажавме т.е. докажавте господа од номенклатурата дека своите лични интереси и пријателства од кои треба да очигледно дебело профитирате ги ставате пред интересите на

македонската  држава и македонскиот народ. Впрочем не би било на одмет да ве потсетам господа од Владата и вас господа од коалицијата, штета што вашиот партнер го нема, што навистина се случува во оваа македонска држава од кога црвената номенклатура е на власт, нормално во коалиција со ПДП т.е. како што велат господата претставници на албанското малцинство во Република Македонија, доколку стварно се претставници на горе наведеното малцинство, или веќе господинот Тачи им го презема приматот. Ќе ги спомнам само последните настани кои се во свежо сеќавање албанската паравојска чии креатори сеуште немаат конечна судска одлука што значи дека се можни и некои нови перипетии во тој правец, отстапки сигурно на наша штета т.е. на штета на македонскиот народ кој неминовно ќе резултира со незадоволства на македонскиот народ. Немилите настан] во Тетово и подмолното убиство на Васе Трпчевски и пратените телеграм] од родителот на покојниот Трпчевски на господинот Глигоров, на госпо- динот Црвенковски, господинот Андов. Невиден шамар господа, за вас. И пописот кој никако да се заврши и само господ знае до кога ќе трае, значи ќе трае прва, втора, треба, петта, може и 10-та фаза, барем так; се изјасни господинот претседател на државната пописна комисија.

Кога се говори за пописот ќе ве потсетам господа на прес конференцијата на групата експерти на чело со господинот Бернард Хауг на која прес конференција добро ве исплука, а до вчера вие истите нон стоп се повикувавте на експертската група на европјаните. Добивте невиден шамар од истите тие во кои се колневте. Тоа е уште еден доказ за вашата премудра политика која цело време ја трубите пред македонска јавност, господа од естаблишментот, политика која сигурен сум ќе доведе не само до национална катастрофа која е веќе на повидок туку и можен егзодус, овој трет изгледа ќе биде по ред на македонците пред се благодарејќи на вас.

II/4

За економската состојба, поточно колапс, само ќе спомнам некои параметри, дека во Република Македонија има преку 170 илјади невработени претежно млади луѓе и претежно македонци, повеќе од 70 илјади стечајни работници и околу 210 илјади пензионери кои две до три пензии буквално им се украдени. Во чии џебови се влеале, исто така господ знае. Се работи за маса од 450 илјади луѓе кои одвај живуркаат или пробуваат да живуркаат. Кога се работи поконкретно за работата на Владата сметам дека обврска ми е, морална обврска, јас барем имам морал да посочам некои работи кои говорат за личностите на министрите во оваа Влада.

Еве, ќе почнам од првиот, господинот не е тука, но ќе го спомнам.

Петруш Стефанов, 200 илјади долари лапнати за време на презентацијата на македонскиот туризам во Холандија. Сума која ќе закрпеше некоја дупка во македонското живееше, а не да завршат во контото на господинот Стефанов и неговите соработнции сигурно се тука, во некоја швајцарска, холандска, кипарска или сега се доста интересни австриските банки.

Туше Гошев, го стопира градењето на новата судска палата во Скопје од страна на "Бетон", па префрлил државни пари за сметка на приватното претпријатие "Хидромонт" кое под мистериозни околности веднаш отиде во стечај. Доста интересна работа. Од парите ни трага ни глас. Не се знае само колкав е процентот кој го лапнал господинот Туше. Ќе си кажете господине Гошев, мислам дека има време, сослушајте ме. Да спомнам дека господинот Туше сеуште нема положено правосуден испит, можеби грешам, ќе ме исправи,иако се обиде да ја злоупотреби својата функција, барем така пишуваше во средствата за јавно информирање, формирајќи таканаречена комисија со која тој мораше да положи, претпоставувам со 6-ка.

II/5

Гордана Силјановска - Дафкова, преку нејзината функција нејзиниот сопруг се обезбеди со фри-шоп од кој сигурен сум дека дебело профитира, што е нормално, добро работат фри шоповите.

Гунер Исмаил, во најмала рака барем според мене, ќе ме демантира ако не е така, треба да одговара за шверц со оружје, бидејќи носи пиштоли или пиштол без дозвола, доколку веќе ја нема и до- биено. Пиштоли добиени од никој друг, барем така прочитав во независниот неделник "Македонско дело" од никој друг, туку од Алил Џаферовски кој исто така немал дозвола, можеби и тој сега ја добил. Ашколсун ефенди Гунер. Од друга страна господинот Гунер Исмаил за сметка на врвното творештво ги елиминира Слобан Унковски и Столе Попов и упорно форсира медиоктитет. Нема што, вистински отстрел на "ѕверки", затоа што навистина се работи за квалитетни луѓе и тоа со пиштол без дозвола.

Госпоѓата Ленче Софрониевска, секретар на Владата, инаку бивш член на претседателството на ЦК СКМ преку својата позиција т.е. нејзината маленкост нелегално обезбедила фри-шоп за својот сопруг кој исто така успешно работи.

Јован Андонов, доволно е само да го спомнам косиот мост во РЕК Битола и настанатата штета во врска со истиот, довчерашен заменик премиер и во вечна оставка, а сега министер координатор за која функцијг и самиот не знае што координира. Едноставно си ја зема платата, добро живее и она што значи личен интерес го прибира.

Димитар Бајалциев со своето министерување овој господин на големо ја воведе двојазичната пракса во образованието, што значи федерализација на македонската држава. Посебно треба да се нагласи дека во веќе извесното формирање на Педагошката академија на албански јазик Бајалџиев им се заканувал лично и персонално на професорите да не гласаат против одлуката за педагошка академија на албански јазик со седиште најверојатно во Тетово како иден центар на

II/6

некоја можеби фантомска држава Илирида.

Беќир Жута, злоупотреба на функцијата за обезбедување на зделки на фирмата на неговиот син "Жута-комерц". Еднаш демантиравте добро ќе биде и втор пат да демантирате.

Против заменикот во министерството за урбанизам Јорго Шундовски и неговиот претпоставен, бившиот министер, екс министерот Антони Пешев поднесени се кривични пријави кои господинот Љубомир Фрчковски ги крие во своите фиоки, затоа што се во тесни пријателски врски и лични пријатели се, што е нормално, барем за вас господа.

Стево Црвенковски министер за односи со странство на поранешната југословенска Република Македонија.

Љубомир Фрчковски, конечно дојде и тој на ред. Предолг е списокот на неговите "демократски" активности. Ќе се задржам на некои поединечни случаи кои се интересни да се слушнат. Како прво ќе ви го посочам примерот каде што на голема врата се воведува законот за верба- лен деликт, мислам дека беше и предложен од некој ваш пратеник. И тоа на никого друг туку на членови на ВМРО-ДПМНЕ. Кривичната пријава, или прекршочна е под број 12-2/401 од 9.05.1994 година. Се покренува барање за поведување прекршочна постапка против Никодинов Драган од Кратово, Митевски Тодорче од Кратово, Ампов Васо од истиот град, Марковски Марјан, исто така од Кратово, Арсовски Павле и Пицанов Горѓи кратовчани затоа што на ден 23.04.1994 година на народниот собир на плоштадот "Маршал Тито" во Кратово извикувале на глас: "уа предавници го издадовте народот, им дадовте власт на албанците". Впрочем и не згрешиле. Во право биле. Со пишаното дејствие како што стои во образложението именуваните сториле прекршок предвиден по член 4 од ЗПП, тоа правниците ќе кажат што е, мене не ми е јасно, за кое бараме, т.е. бараат да бидат огласени за виновни и казнети. Како сведоци можат да се користат следните лица, барем така стои во образложението Пешов Борис, Михајловски

Дичо, Ордев Венцо. Индикативно е што сите тројца сведоци се припадници на УВР-Кратово. Доста интересна работа.

Пример број два, господине Фрчковски, ова не е приказна ова е вистина. На ден 2.06.1993 година во доцните вечерни часови во моментот кога оштетениот Трајан Георгиев со своето запрежно возило или кола, се работи сигурно за некој домаќин човек, селанец, бил сопрен од двајца полицајци некој си Ушинов Горѓи и Дончо Христов и без причина претепан. Сигурно луѓето си имаат некои свои психички тегоби итн., мисла и не е чудно ова што го направиле. Откако го однеле во полициската станица во Ново Село бил претепан и од Тренов Лазо. Значи овој третиот им се придружил како тројцата мускетари, да не бидат двајца,да бидат тројца. Полицаец од истата станица и како последица од тепањето оштетениот Трајан Георгиев татко на две малолетни деца, како што сме ние родители на деца има психички последици, човекот собира пикавци по улица, што е трагично. Господата полицајци првообвинетиот Ушинов Горѓи е парично казнет со 3000 денари, второ обвинетиот во тепањето Дончо Христов на парична казна од 2000 денари а трето обвинетиот Лазо Трајанов на парична казна во износ од 1500 денари. Премногу мала цена за нивното самоволие и би рекол садизам и психичката состојба во која се наоѓа Трајан Георгиев.

И третиот случај кој сметам дека е најеклатантен се работи за лицето Миланов Жарко од с. Смолари - Струмица. Не сакам да ви одземам време господа, мислам дека фотографиите што ќе ги презентирам доволно ќе говорат сами по себе. Еве господа, ова е демократијата на господинот Фрчковски во практична смисла, треба да ги видите (ги покажува фотографиите).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ова не е изложба на фотографии.

Ќе ви го одземам зборот. Дајте ги фотографиите, ќе ги поделиме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Само да видите господа како работи господинот Фрчковски, полицијата на господинот Фрчковски. Ова ли е македонската демократија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова не е овде некој шоу бизнис.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Видете ги вие, дали е шоу бизнис? Како би се чувствувале вашето дете да е вака.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (од место)

Да види меѓународната заедница каква држава имаме.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Само дозволете господа, дозволете господине претседателе, немојте така да се однесувате. Вие сте спикер овде, ништо повеќе, пратеник рамноправен како што сме ние. Не сакам да ми го одземате зборот. Напоменувам дека гореспоменатото лице е ослободено од судот и дека не е виновен. Сметам дека гореспоменатите три случаи се директен атак на демократијата господине Фрчковски и човековите права за кои како пратеник директно ќе се заземам кај господинот Хилберт Вилен, тоа ви го тврдам овде пред цела македонска јавност,да знаете, шеф на канцеларијата при Центарот за човекови права на ОН во РМ. Тоа инаку е накратко она што сакав да го посочам во врска со работата на министерот за внатрешни работи.

И на крај како резиме на сето горе наведено, изложено итн. може да се констатира дека она што сега се креира од оваа ненародна влада, за мене е ненародна може да се квалификува во сферата на економијата

како грабеж, арамилак, перење на пари, мафијаштво, тоа сте господа вие. Тоа најотворено ви го кажувам затоа што премногу афери се плеткаат околу вашите имиња, а вие си го дозволивте лично тоа и она што го работите, она што го правите не знаете да го изработите до крај.

Во сферата на внатрешната политика воведување на антимакедонска диктатура, антидемократски, и ненароден имиџ на оваа влада. Во сферата на надворешната политика неспособност и без идејност. И на крај на сето ова како шлаг, барем според мене може да се каже дека господинот претседател Киро Глигоров иако свесен за овие состојби

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господинот претседателот не е на дневен ред. Продолжете со излагање за Владата.

Ве молам, покренете постапка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Видете ќе се произнесам во суперлатив, сигурно не негативно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само Вие продолжете за Владата. За тоа што е на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ве сметав за доволно смирен човек, но очигледно дека згрешив. Значи како шлаг на сето ова може да се каже дека господинот, нема да го именувам , претседател на Република Македонија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме или ќе работиме како Парламент или ќе дадеме една пауза и договорете се ако сакате да работиме како Парламент.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ.**

А Вие како сакате да работиме?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие да ја напуштите веднаш говорницата. давам пауза од 15,00 минути.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

продолжуваме со работа.

III/2.-

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Дами и господа, почитуван претседателе еве во историјата на секој Парламент, се разбира, како овозможува Уставот, така и се случува од време на време да се расправа за доверба на Владата и овој пат оваа Влада ја има таа чест по трет пат околу нејзината работа да се расправа на овој Парламент, што само по себе говори дека македонската демократија полека но сигурно цврсто гази по оние патиш- та заради кои што и се промовира демократијата пред четири години на многупартиските избори.

За жал, 4 години овие несреќни гледачи на телевизијата ги малтретираме со реторика која што се разбира, не ја очекуваа кога пред 4 години го спуштаа своето ливче во гласачките кутии, но тоа е судбината на секој гласач и се разбира, секогаш гласачот има шанси за поправка и се надевам дека тоа брзо ќе се случи на начин како што заслужува оваа држава.

Во таа смисла, мислам дека оваа интерпелација, од почитуваните господа 2 5 пратеници е мошне корисна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам друга е постапката за интерпелација, ова е прашање на недоверба.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Тогаш ова прашање за доверба на почитуваните 25 пратеници е мошне корисен момент да размениме некои размислувања за тоа кои сме, каде сме, каде одиме, што успеавме, што не успеавме, да си раз- мениме некои реплики, да си честитаме за одредени работи што сме ги направиле, да изразиме жалење за некои работи што не се направени,

се разбира. Во таа смисла г-дин Флоровски што ќе Ви се обратам се извинувам .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, Ве молам обраќате се само на Парламентот.

**ЃУНЕР ИСМАИЛ:**

Во таа смисла, јас морам неколку честитки да изразам. Прво, овој Парламент успеа, оваа говорница да издржи, да инсталира начин на говорење кои што подразбира следното: Илјада пати повторена лага, може да се промовира како вистина. Овдека нестрпливоста беше толку голема, што секој кој ќе излезе тука, и два пати да изговори лага мисли дека изговорил вистина и верува во таа своја лага. Таа промовирана лага овдека долична само на авторитарни режими од сите времиња, се разбира, овдека успеа да се промовира. Во таа смисла примете ги моите искрени честитки.

Второт битен метод кој што успеа тука да се промовира, тоа е методот на хулиганството како валиден метод во политиката, според кои кој е најгласен, кој има најгласни жици , најмоќни гласни жици, тој бил квалификуван и излегол најаргументирано. Ако некој мисли дека хулиганството има проодност во оваа држава, или тој се лаже, или јас се лажам. Но сепак изразувам жалење за неколку работи. Некои господа на извесна партија не успеаа да предизвикаат војна во оваа држава и во таа смисла , мене навистина ми е жал што тоа не успеаа да го направат. Не успеаа на пример со својата херојска и револуционерна реторика да направат војна со оние со кој што веројат- но се платени од истите извори.

III/4.-

Второ, господата од извесна партија не успеаа омразата клаустофобичноста и ксенофобичноста да ја инсталираат како валиден и квалификуван метод во разврската на било кои политички прашања и политички проблеми, јас уште еднаш им изразувам длабоко жалење во тој неуспех. Четири години поминаа од работењето на овој Парламент. Во таа смисла, прашањето за гласање на доверба на оваа Влада не е прашање со кое што ние сега овдека ќе излеземе среќни или несреќни од оваа седница. Мене ми е јасно дека е потребно да се направи една предизборна кампања, односно треба да се започне. Мене ми е јасно дека во таа работа методите се допуштени. Мене ми е јасно дека аргументација нема освен изговарање на лага, блатење, плукање и т.н. Но, верувајте и Социјал демократскиот сојуз чии што член сум и имам чест да му припаѓам, ни партиите од коалицијата, немаа намера при составувањето на оваа Влада никаква друга, освен оваа држава , оние гласачи, оние граѓани да ги извлечат од хаосот, меѓуто ане хаосот на кој што се повикува ова прашање за недоверба, да ги извлечат од хаосот во кој што можеа да бидат вовлечени , благодарение на оние извесни луѓе кои што пуштајќи брада мислеа дека личат на своите предци. Проверете си ги брадите господа. да не Ви се случајно лажни? Бе се повикувајте на брадите на Вашите предци, чесни луѓе кои што се превраќаат во гробот кога слушаат дека се повикувате на нив и едноставно тука глумите нивни сурогати на оваа говорница.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине Гунер, ќе Ви се обратам директно околу хулиганството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Обратете се дирекно на Парламентот.

III/5.-

**АЛЕКСАДАТ ФЛОРОВСКИ:**

Секој оној што носи оружје без дозвола , има јасна и крајна цел, а Вие цело време мавтавте со оружје без дозвола. Дали беше потребно да изигравате херој или хулиган, тоа е веќе Ваш проблем околу хулиганството. Околу оружјето она што го прочитав во"Македонско Дело" не е демантирано од Вас, што значи дека е вистина. А овде требаше да кажете дали е вистина или не е и дали јас зборувам лаги или не зборувам лаги. Десет пати кажана лага може да стане вистина. Но Вие никогаш не демантирате дека навистина имате оружје без дозвола или со дозвола.

Околу војната да или не, еднаш да расчистиме. Војната е избегната благодарение на секој свесен граѓанин во оваа македонска држава, а не дека Вие сте ја спасиле Македонија од војна. Затоа што ниеден не посегна да убие било кој српски офицер, било кој српски војник или било која индивидуа дојдена од страна. Благодарение на тоа е избегната војната г-дине Гунер. И еднаш за секогаш да Ви е јасно.

Дали носиме лажни или вистински бради, тоа е наш проблем. Но Вие зошто носите брада? Дали треба да личите на Вашите аги или бегови кои владееја 500 години со оваа македонска држава и овде демагогија ми држите дека сте загрижени божем за оваа македонска држава.

Околу чесноста, доволно говорат овие аргументи кои пред тоа ги кажав колку сте Вие чесни и совесни. Сите овие манипулации и махинации што ги направивте, доволно говорат за Вашата чесност.

И она што сакав претходно да го довршам, каде што ме прекинавте г-дине претседателе, секој оној кој што ги потхранува таквите активности, станува директен соучесник, а тоа не е никој друг туку господинот Киро

Глигоров, кој сите овие работи ги гледа и едноставно, не само што соработува , туку можеби е и директен соработник во сите овие работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Видете зошто дадов пауза и му го зедов зборов и го прекинав г-динот Флоровски. сакам да Ви кажам да не ни се повторуваат работите. Мора да работиме како Парламент со целата сериозност. Мислам таква намера имаат и покренувачите на ова прашаше. За да се зборува за претседател на Република овде и негова одговорност е сосема друга постапка. Само оној кој не го гледал Уставот, тој не го знае. Затоа Ве молам инаку останувате на теренот на инсинулации и клевети, ако не е во постапка предвидена со Уставот.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Проблемот се состои во следното. Проблемот е прилично едноставен. Прашање е во тоа кој што чита и кој на што му верува. Сигурно е дека статиите во "Дело" се ноински статии. Но ако мислите дека се што е објавено, не е демантирано е вистина, тогаш се лажете. Тогаш треба оваа држава да постави една служба која ќе се бави со демантирање на дезинформации. Според тоа , се разбира, читам и друга литература, освен весникот "Дело", бидејќи не можам да е редуцирам на весникот "Дело". Тоа не може да биде единствениот извор на вистината, а најмалку мислам дека е така. Според тоа, ако некој не демантирал, значи ли тоа дека е вистина, односно лага. Ве молам, тогаш новините ќе ги претвориме во полигон за објавување на лаги и деманти. Ако е тоа заложбата, повелете не е никаков проблем.

III/7.-

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, јас во целост ќе го прифатам образложението на претседателот во Собранието да се држиме стриктно на дневниот ред и сметам дека е сосема во право. Би сакал исто така да му обрнам внимание на тоа прашање дека исто така Владата да не врши замена на тези , наместо да си го каже она што е нападната, или што е кажано за неа, таа врши сега замена на тезите и сега според министерот Гунер Исмаил излегува дека Собранието е криво што го малтретира овој народ, што народот нема плата, што стечајни работници стојат пред Собранието и т.н. Исто така во последните две недели беше како предмет како тема на расправа во сите медиуми дека ова Собрание е криво за се што се случува , па дури во Владата недоразбирањето меѓу коалиционите партнери и т.н. Мислам деска Владата треба уште на почетокот да си заземе став за оправдуваше или демантии на оние работи штос е искажани, а не дека Собранието е криво за тоа што Владата работи на ваков начин на каков што беше кажано овдека. Мислам дека исто така министерот Гунер Исмаил сметав дека требаше да си го задржи и на ниво кое што си го држи со години и да не прави замена на тези, дури и во брадите.

**ЗОРАН ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Можеби не сакав да дискутирам, но сега ме поттикна г-ѓата Билјана Лазаревска која вели дека винат а не лежи кај нас. Јас сум многу кратко во овој Парламент и би сакал да се обратам до сите дека точно ние во Собранието сме виновници , бидејќи што придонесе опозицијата овдека да се донесе некој закон. Стоеше пред вратата кога требаше да се донесе некој закон, тоа најдобро го почувствувавме сите во стопанството

сите сега од тука критикуваме дека немаме ваков закон, онаков, дека оној крадел, дека овој земал. Штом нема закон во една држава, нема ни стопанство. Јас ќе бев посреќен овде на оваа говорница, ако имавме јака опозиција која што постојано ќе ја тераше позицијата да размислува и да прави некој да донесува закони со свое исцрпно излагање и со свои предлози кои што навистина на јавноста е." и нудат нешто помодерно, по убаво, од ова што го нуди сегашната Влада. За жал, целата опозиција често гледаше од вратата, колку што јас можев да видам од две седници и се наговараме дали ќе влеземе внатре или не кога беше во прашање некој закон. Затоа сметам дека најодговорно како пратеник срам ми е да дискутирам против Владата, затоа што со ништо не придонесов овде во Собранието да се направи еден чекор. Да донесат закон кој што е." требаше да го спроведува Владата, тогаш можам да станам и да ја критикувам дека не го спроведува тој закон. Затоа сметам дека подобро треба да се сослушаме ние и опозицијата што треба да понудиме овде на јавноста, што треба да реализираме, отколку само да критикуваме. Изгледа ни помина во на- вика јас колку што сум овде  само критика дека комшијата не знае да работи, а не гледаме дека и ние ништо не донесовме за да бараме одговорност од оваа Влада.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Господинот Зоран Темелковски убаво кажа дека е најкратко во ова Собрание. Мојата теза беше да не се сврти вниманието кон одговорноста на Собранието, претседателот кажа, на дневен ред е одговорноста на Владата. Господинот Темелковски не беше овде кога се донесуваа закони кои што Владата не ги спроведува. Пред Уставниот суд се покажа г-дине Темелковски дека оваа Влада донесува закони кои што не ги спроведува како што треба, а во тоа помогна и Вашата партија чии

член сте и навистина ми е жал што не бевте малку подолго во ова Собрание да ги научите тие релации кои се. Инаку, и г-динот Темелковски ја потврди мојата теза дека денеска на оваа седница ќе се прават промена на тезите. Владата е на дневен ред не е Собранието. Инаку при донесувањето на законите учествуваше и ПДП која што денеска не е на седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

немојте да отвориме некоја дебата која не постои, нема основа за неа. не постои институција одговорност на Собрание. тоа не постои. Постојат различни оцени, погледи меѓу позиција и опозиција и немојте ако некој на опозицијата и стави приговор да мислите го напаѓа Собранието. Имаат право и едни и други да кажат се што мислат.

**ЗОРАН ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Навистина ми е жал, навистина финансиската служба ќе треба да ги врати парите и личните доходи ако некој навистина не разбрал дека јас за кратко време успеав да разберам со тоа што до- бивам материјали дома дека Собранието донесува закони, а Владата само ги спроведува. Никаде не сум добил во некој материјал каде што Влада- та донесува закони.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Погледнете ме во очи. Дами и господа, долго време не сум излегол вака да ме видите и се извинувам пред масите, пред народот на Македонија и надвор од Македонија. Јас не сум екстремен, не сум тој што сакам да правам некои екцеси, не сум тој што мразам луѓе, си ги носам во себе си тие маки и затоа денеска сум болен и имам аритмија

III/10.-

Еден човек ми рече вака мене. Ти си ми рече луд. Може мајката, кога ми кажува стар човек 82 години дека сум луд, можеби сум луд. Ти си од дете напатено. Па напатено сум, што да правам, таков ме направи господ, во такво семејство ме создаде и затоа сум напатен. Ми поставува едно прашање. Што си направил во животот? Ништо. Ама направивме нешто, што направивме? Фамилија. Зошто ја направив фамилијата. Да имам род како секој човек. Не,рече фамилијата твоја ти страда. Ви се колнам за внуците. Не сакам да се мешаат дедовци, прадедовци, затоа што секој си има по некоја мака, по некоја тага, по некоја болка. кога влегов во собранието се сеќавам на еден човек кој сега е во Собранието, не го именувам, ако сакам можеме да го именувам, да ми даде одговор тука, да седне до мене и да направиме еден политички циркус, не од малцинствата, не од Вашата партија , не е ни од бившата моја партија, не е ни од либералите. Тој човек на оваа бина, на ова место станал и ми одговорил на едно многу тешко прашање, по право ми даде реплика. Фала му на Господ, јас не знам некого од Вас да ми дал реплика и уште да стане против мене тука. Рекол, јас кога реков дека Македонија е ВМРО, од тоа никој не може да ме одврати, дозволете, од тоа никој не можете да ме одвратите, затоа што јас носам една книшка.

IV/1.- cc/jc

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде кога зборувате ...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немојте да ме прекинувате...

**СТОЈАН АНДОВ:**

... немојте да носите ....

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Немој да ме прекинуваш затоа што ти ја прекина...

**СТОЈАН АНДОВ:**

... невозможно е така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Таа книшка ја носам стално. Нема ни тепање, нема ни колење, не пиши ништо внатре.

Ете ја, таа што е (ја покажува книшката)и тој човек денес е тука. И, кога реков јас, ако се сеќавате убаво, бевте пратеници, Бранко беше и другите, извини Бранко што на име те именувам, реков дека за мене ВМРО е Македонија. Македонија е ВМРО. Тој човек тука дојде и рече вака - Никогаш нема да бидам ВМРО-вец. Јас, еден пат, на смеа сум му рекол на Андов, тука е до мене претседателот, му реков ти можеш да бидеш најголем ВМРО-вец. Секој што ја сака земјата било од која народност да е мора да биде и таков затоа што тоа се основите на оваа држава. Тоа што е, така е.

IV/2.-

Јас не се извинувам на никого, меѓутоа, сакам да потенцирам некои работи.

Ние бевме тие, јас не лично, кога ја пуштивме на земја Владата на Кљусев. Си отиде, никому ништо. Дојде Бранко како претседател на Владата, јас тогаш му предвидов многу малку век на живеење,...

**СТОЈАН АНДОВ:**

На Владата мислите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не на живеење, нека е жив, нека ми прости, нека живее илјада години, јас немам против ништо, меѓутоа, кај мене има една друга работа.

Јас, да се уверам во некои работи, јас лично, да ми простите и тоа го правам уште, ги посетив сите места, скоро сите места во Македонија каде што во времето на Илинден и пред тоа и после тоа сме изгубиле важни личности од нашата историја. Имав можно да го посетам и местото на Бранко. Отидов. Живи се луѓето, не да го испитам од кој сој и род е Бранко, далеку од тоа, но да видам, да се вратам во историјата и да го видам патот на неповратот, каде отишле луѓето и не се вратиле. Еден од тие луѓе беше и дедо му на Бранко. Малку се расплакав јас, малку сентиментален сум.

Отидов во местото од каде што е Туше. Не отидов во Кукуш, пазете. Не отидов во Кукуш. Но, отидов во Струмица. После ќе кажам и за политичката нивна кариера. Да не кажат дека сега јас ги фалам. Нешто ќе кажам.

IV/3.-

Човек, за да научи повеќе треба да посети повеќе места, да ги види луѓето од блиску и да го запознае коренот на луѓето. Ако не го знаеш коренот тогаш ќе помислиш дека е крушата калемена и ќе знаеш дали е калемена или прекалемена итн. итн. Отидов, се запознав со луѓе од тој дел од каде што сум јас и лично ги посетив и семејството, чичко му на Туше. Побарав една фотографија од семејството. Ме интересираше личноста, дедо ми на овој, на министерот затоа што ја има само таа една фотографија што е доказ, не доказ, доказ е историјата, што постои само таа можеби кај невини раце каде е покојниот Гоце Делчев и покојниот Туше Војвода, обласни војвода на Комитетот во Кукуш.

И така, горе-долу ги посетив сите места и ги видов сите гробови на овие луѓе, на тие луѓе, на тие војводи и се уверив дека ништо нас не е бели. Ништо не не бели. Грешките си ги правиме самите. Омразите си ги создаваме самите. И заеднички.

Во времето на тие години на поранешните години кога тој народ од тој дел на Македонија страдаше, настрадаа многу луѓе. Многу наши сонародници . (Се слуша џагор во салата). Немајте мака малку да ме сослушате, и некои се таму убиени и некои се пребегани во други држави, некои живеат во оваа република сега, во овој дел од Републиката.

При таа Влада што ја наследивме, тоа не е пропаганда, јас не правам повеќе пропаганда, не сакам повеќе пропаганда да отворам ниту предизборна, ниту ништо, го посетив Катланово при еден случај, затоа што, брат ми, едниот што е во Канада, на времето беше ранет и се лекуваше таму. Тоа беше поодамна. А, од Владата што ја наследивме бившата влада, старата влада не на Кљусев, поста- рата Влада во овој Парламент рече дека на тоа место во Катланово ќе подигне еден

IV/4.-

споменик, ќе ги собере коските на тие луѓе да се знае дека тука имаат лежано овие луѓе и да се знае местото. Ние на тоа не обрнуваме внимание, никој од нас тука да направиме по нешто барем децата да се сеќаваат дека овде-онде сме загинале. Јас барав повеќе работи тогаш, на почетокот, ништо од тоа. Ни тоа не е направено. Едноставно, таму дошле, ги избришале гробиштата, во реката коските, си отишле, заградиле и ни таа Влада на Кљусев, па ни Собранието, па после потенцираме, па ни новата Владата не презела не се направи ништо. За многу работи така работите ги оставаме од денес за утре и одиме до тоа никогаш да не ги направиме.

Е сега, има многу да се зборува. Мене многу ме болеше прашањето, а тоа што ќе го речам сега и тоа што папагалски после го наследија од мене некои, го рекле со други зборови, тоа се мои зборови. Дури јас и на печатот му забранив и на тие хумористични емисии да пренесуваат мои работи. Затоа, верувајте ми, јас ви реков, се што сум рекол или се прави или ќе се направи.

Во она интервју што го дадов пред две години, не е тука претседателот на Републиката, реков на крајот дека една голема сила ќе ја направи оваа држава, ќе ја запази. Тогаш ми се посмеавте не само ви, туку и надвор, а после, во една прилика, во разговор со претседателот рече - од каде ти знаеш?

Пазете вака. Видувањата на човекот, моите видувања према овој Парламент, можеби бев малку поекстремен, моите видувања према овој Парламент, према вас сите не делам тука нации, националности, ова, она, беа подруги видувања. Мислев само она што го баравме ние како 17-годишни деца и тоа што го наследивме од нашите татковци и дедовци кои за жал сега се покојни да го видиме, да направиме наша војска, да

IV/5.-

направиме наша полиција, да направиме наша држава итн. итн.

Откога сето тоа, сакале или не сакале, го направивме е сега, ние го направивме, сега и по мене не ми одат некои работи. Затоа што, јас поинаку ја мислев таа држава. Ја мислев со нови луѓе, ја мислев со луѓе од ВМРО таму тие што ги гледам тие букви ми се тресат и мислев со луѓе малку понапредни од мене дури, разбра, и сега сето тоа не ми се исполни. Меѓутоа, ми се исполни вол- јата моја и на другите дека имаме веќе таква држава.

Прашање е сега како ќе се запази таа држава? Таа држава може да се запази заеднички, затоа што ВМРО никогаш немаше некои екстремни, добро во времето против Турското, против Отоманското, така против тие бегови и така, имаше, меѓутоа, по- лека, полека, тоа се смируваше и се донесе Манифестот Крушевски или таа книшка што ја имам тука и каде што дојде до мир и тишина меѓу луѓето.

Политички апсолутно со никого може не се согласувам. Ама со никого. Така е, Митре. Меѓутоа, меѓучовечките односи, да ти ја мразам фамилијата, да те мразам како човек, тоа веќе е нечовечно. Тоа веќе ги преминува границите и на животинчињата, зошто ако земеш една раса на животинчиња, извинете што тој израз го искажувам, не сум ни тој што верувам дека сме од мајмуни, а верувам само на верата на која и припаѓам, меѓутоа, пазете едни животинчиња од иста раса не се мрзат, не се јадат меѓу себе. А ние, луѓето сме малку поинакви.

Секоја Влада реков дека има грешка. Грешките не се од сега. Ако седнеме да ги анализираме грешките, ако седнеме да бидеме покорни во совеста, и точни луѓе во паметот, ќе видиме дека тие грешки се

настанати уште порано. Можеби се настанати во времето пред експертната влада.

Сега, што е причината што тие грешки се одолговлечуваат? Слободно ќе ви кажам, јас едно време реков дека арамиите, дека питачи, дека ова, тоа си дојде се, се виде и си врви и ќе биде итн. Тешко тој што е чесен и тешко што е со крстот на челото. И амин. Е сега, трите влади, дали беа во можност дали не беа во можност, не можеа да стават рака затоа што пазете една работа, по- некогаш арамијата е посилен и од царот. Е појак. А, најлошо, една работа ќе ви кажам да ја памтите, кога човек стане моќен со туѓи средства со украдени средства со потта човечка, тогаш тој е безобзирен. Биљано, не се мурти така, јас зборувам. Тогаш, станува опасен. Тогаш веќе тој и ако му дадеш власт, тоа е веќе нешто што го нема ни кај ѕверовите. Да верувам и сакам да верувам дека ни- когаш нема да бидеме такви.

Реков, еднаш дајте им на луѓето, јас не знам, најискрено Ви кажувам, немам ништо бе, освен Македонија верувајте (со солзи во очите зборува) немам ништо. Имате малку, дајте му, не сакам да навредам дека има некој помалку или повеќе а, бе, дајте нешто на таа сиромаштија! Дајте нешто на тие фабричиња нешто да изработуваат! Дајте нешто на бедниот да не ни идат тука! Јас го нарекувам Собранието некојпат "Ѕид на плачот". Така ми личи. Идат тие таму не знам од која фабрика, никој не обрнува внимание. Има и добри директори. Јас го познавав тука покојниот Иванов, бог да му душа прости, имав добри односи и го разбирав. И тука меѓу вас има и други, познавам некои. Меѓутоа, пазете, може најголема грешка беше што ние многу брзо како да ни кладе некој нож во грло капиталната индустрија да ја приватизираме. Имаше ред, да стане тоа сето.

IV/7.-

Некако тоа помина. Некој во тоа време, во тие матни води искористи се и сега пати народот. Дајте, помогнете им на луѓето, дајте да ги извлечеме, не сме многу. Ако се избориме два пати ќе испаднеме помалку отколку што бевме. Ако се избориме три пати уште помалку ќе испаднеме. Не знам како може да излеземе право да ви кажам.

Многу ме боли мене, да ви кажам, многу ме боли да не го изгубиме ова, затоа што таму ми е мислата. Цели ноќи, верувајте ми, дома сум вампир. Не спијам. До мене не спие и малото.

Ќе му кажам на Фрчковски една работа. Јас со Фрчковски се. . .

**СТОЈАН АНДОВ:**

На Парламентот ќе се обратите.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Е па, министере Фрчковски. Не е туѓ. Ако е туѓ, тогаш истерај го нека си оди...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За него ќе кажете на Парламентот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

А, бе, Андов, не сакам барем со тебе да се расправам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, продолжете како што бива. Само така може.

IV/8.-

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас му напомнувам на господинот Фрчковски, ај господине Фрчковски, Бранко извини тебе што не ти реков господине, н како туѓ ми е тој збор мајката, кој знае, велам само господ е господ, ние сме ништо, сакав да дојдам горе, ама два пати не успеав да дојдам, затоа што не ме пуштаат тие полицајчињата. Најискрен сум. Кога јас како пратеник не можам да одам горе во полицијата, не знам дали друг човек ќе може да оди. Само врзан ако го донесат некого, инаку, одврзан никако.

Имам една забелешка до Фрчковски. Полицијата е наша. Нормално, наша. Полицијата треба да биде народна, каква и да е и да го чува имотот на луѓето и луѓето. Меѓутоа, сум имал една можност, да ви кажам отворено, еднаш ја спомнав, ама сега пошто е господинот Фрчковски тука министер директно, да ја памти и да има, можеби и друг пат ќе биде министер, може и сега ќе остане, да памти, учено е дете, доктор е на таквото, сето убаво, да памти дека полицијата во една таква државичка треба да биде народна, интелигентна и да го чува законот и да пази со постар човек како ќе се однесува, а камоли со пратеник, со министер итн.

Децата кај нас се разгалени. Дома се невоспитани, некои. Татко му има да му дава, не го слуша, вози БМВ, вози со девојка, оди во кафиќи, излегува во 12,00 часот и другиот саат другиот во 12,00 и повеќе и сега не сакам да кажам дека има и во полицијата такви. Меѓутоа, има и такви деца разгалени. Тие не мис- лат. Таму има, некој стар началник, му вели, утре ќе му ги искршиш коските на Банко ако е сега министер. Тоа чека, тој ќе го врзе на паметот и ќе чека Бранко да го најде крајот, грбот да му го скрши. Што да правиме со тоа дете? Ништо. И, да не продолжувам.

IV/9.-

Оваа работа сега, видете што е, јас сега одам да смирам едни луѓе. (Од присутните пратеници се слушаат извици- Ајде, ајде). Немој "Ајде, ајде"и тебе ќе треба да те смирам. Само тебе ќе те седнам тука...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте со поедини пратеници да се објаснувате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

... И ќе те сликам онака, после ќе зборувам. Немој да ми го расипуваш срцето...

**СТОЈАН АНДОВ:**

На било кого немојте да се обраќате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

... зашто ме болат ногите и не можам да седам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анастасовски, ве молам на Собрнаието да се обраќате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И отидов да расправам г-дине Фрчковски, и тоа едното дете, двете беа добри, едното дете му вика - а, бе, ќе му дојде крајот, после ќе видиме. Мајката ! Значи, ќе му дојде крајот и тој утре ако јас умрам пред време, ама ќе умре тоа пред мене из- гледа, пошто јас така му правам крст (прави движење со раката) и си оди, си викам сега, мајката, ако не умри, значи ќе му направи лошо на некое од децата, на некое внуче или

пријател. Значи, видете што лошо правиме. А, македонче, не е ниту албанче, ниту турче ни ѓаволче ни ништо. Нас од другите, не знам, се немам навредено народности. Јас од овие моите имам мака. И велам, од моите сум имал мака и имам.

Сега, обрнувам внимание на г-динот министер и на наредните и на следните кои ќе бидат, полицијата треба да биде добро воспитана и стриктно да се придржува кон законот што го носи ова Собрание. Сето туѓо што го носи ќе си го остават дома. Мајка ми, покојната,велеше кога ќе одиш синко од дома надвор памти што ти рече мама. Господ нека и душа прости. И, тие да бидат воспитани таму во школите и таму треба да се избираат кадри што ќе прават чисто луѓе кои не ќе бидат политизирани и ќе бидат стриктно да го почитуваат законот.

Прави едно дете прекршок, младо, 18--19 години. Гледам дека не прави прекршок мајката бе, гледам дека не прави, иде тој со тефтерчето, со белата капа, "Фиќо" вози - а, бе, што ја кладе колата тука? - За мајка ми лек да купам, некој пат сум го потенцирал ми се чини. Пајакот, бргу да дојде да му го земе. Му велам - ела тука ти бе, ако беше БМВ или Мерцедес ќе го земеше ли? фиќото на детето, а мајка му ќе умре ако не му ги донесе лековите. И тука треба да се почитува, и тука треба законот да биде закон, но да се испита зошто да му се дигне фиќото а да не се дигне мерцедесот на Бранко или на Митко. И, да бидеме еднакви.

Што се донесува до грешки, значи ги гледаме сега лични и општи грешки, што се однесува до државата, ми е жал тука не присуствува министерот за надворешни работи, министерот за надворешни работи дали има згрешено, дали има згрешено Владата или некој друг, не сакам да именувам зошто не е тука претседателот на Републиката, незгодно

ми е нив да ги именувам, тие беа должни во ова Собрание да даваат извештај. Пишувајте некои колку сакате што пишувавте во Кумровец, ќе си пишувате цел живот и нема да ве слуша никој, за што тој што зборува, зборува од душата и не пишува ништо.

V/1.-ПЈ/МЛ

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Е сега внимавајте, луѓето прават грешки. Да ја земеме надворешната политика- Барем еднаш месечно, се троши за таа надворешна политика, даваме пари, се оди во Лондон, во Париз, во Њујорк, со месеци, да видиме што се прави. Знам дека во надворешната политика има и тајности, не мора да се каже дека е тајна, но мора пред народот, пред јавноста, пред ова Собрание да знаеме до каде сме дојдени. 980 години немавме држава. Тие приказните други што ги кажуваат некои, нека си ги имаат за себе си. Јас сум истиот тој што ме ослепија таму во Беласица. Другите приказни се приказни. 980 години, значи, немаме држава. Не можеме да го излечиме тој слепиот. Кога најдовме лекари за лекување, сега го бараме, ни го препорачуваат некои, тој стариот лекар, тој Василиј II Блгар што го викаат, тие така ги викаа, да дојде тој да го излечи. Плачат, па велам што плачите, па умре овој пред 98 0 години што беше слеп. Кого чекате? Тој човек. А кој ви кажа така него да го викате. Па, ни кажаа од некаде. Господа, не може нас да не лечи човек кој не ослепил. Ние сме, вие сте, министерствата, пратениците, сите заедно кој ќе го излечиме. Таа болка ќе ја излечиме. Ако сакаат да ја фрлиме таа црна шамија и ако сака- те да имаме држава. Се друго што се пропагира, се не чини. Затоа, Бранко, од утре ќе му кажеш на тој твој министер, барем на 15 дена да дојде тука да ни каже до каде стигна Папуљас, јас реков еден ден, подобро змија да имаш во пазува, отколку да го имаш еден таков. Стави си змија во пазува и носи го, да видиме како ќе поминеш. Ќе речете, добро Митко, зошто ги мрзиш? Јас не ги мрзам сите Грци, море ги мрзам, да ви кажам право. (Општа смеа).

V/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимателно со изразите за цели народи, немаме право за тоа, немаме право да се застапува национална омраза спрема никој народ.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Абе, Андов, молим те. (Општа смеа).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, ве молам, имаме Устав.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Добро, не ми кажувај приказни, секој си има по една причина да мрзи некого, нели? Јас ги мрзам, затоа што ме оставија сам, ме заковаа и ме вратија. Немам ништо од нив оставено. Нема спрема секој народ, нема спрема сите луѓе и кога гледам во моите места таму луѓето кои не ги познавам и не можам да одам сега 5 0 години. Тука треба да бидеме прецизни, што бараме од Грците, што не бараме. Немојте тие да ни солат памет 1050 години и да ни викаат ние, па ние. Тие работи нека си ги остават и нека си ги чуваат таму. Тука треба да бидеме и стриктни. Јас завчера, кога беше оној состанок, кога беше господинот Хади, јас му поставив три прашања.

Првото прашање, можеби тоа е регистрирано тука беше прашањето грешките во 1913 година, Букурештанскиот и Версајскиот договор. Дали тоа на некој начин може да се исправи. Тука не добив одговор.

Другото прашање беше дали Франција како голема сила може да ги спречи да делува, затоа што тој ми се чини е претседател на Европската Унија, тој да делува за да се сопре крвопролевањето во Босна и да не се прошири војната тука кај нас. На некој начин Фран-

ција како голема сила сноси одговорност, како сила која потпиша еден документ кој не е исправен да не запази, нешто добив, нешто не добив итн. Не е важно. Море, важно е, како не е важно, тоа е многу важно.

Да се напаѓа Владата има 1500 причини. Но, јас се слагам со еден пратеник кој рече дека некои работи не сме ги извршиле и ние. Тоа не го пишав пред да ми каже, туку шкртав кога зборувавте секој поодделно. Еве во што е нашата одговорност. Како Собрание четири го- дини тука дадени закони односно Предлог-закони од владите и од оваа, и од понапред и не знам од кога, не донесени. Еве да кажеме законот за национализација, експропријација, денационализација итн., тој ми се чини е даден како предлог и не е донесен. Одговорноста, ќе бегате многу, зашто не ќе ви се бендисаат некои работи, токму на крајот, кој бега е крив, тие закони не се донесени. Сега ве прашувам јас, сите вас, за жал тука не е ПДП-НДП, а каде ќе работат градежните работници. Значи, цело градежништво го фрливме во колапс. Овде, не може повеќе тука да дојде да прави и таму тој дворот да го фати. Чекај, ќе му рече таму газдата, каде одиш ти? Тоа е мое. Едно е национализирано, другото не е денационализирано, трето не е експроприрано и не знам како и не може. Значи, градежната оператива, каде што имаме најјаки и најповеќе луѓе се останати на улица. Сега тие ќе мораат да бараат работа, тоа не е ни пропаганда, не е ништо, туку така ми дојде на памет, а го имав забележано, не контактирам со никого, да знаете, само со себеси. И така ќе пцоисам. Таа оператива е без работа. Илјадници, илјадници, Бранко, без работа. Одат сега трчат сиромасите во Кувајт, не знам каде, таму каде што се тепале, во Сирија, во Палестина, таму наидуваат на големи пречки, затоа што тука одат многу појаки од нас со технологија и друго, тие се враќаат нешто земаат, во Украина, во Бившиот Советски Сојуз итн. и сега не знам. Замислете, тие луѓе кои работеле по 50 години по 30

или 40 години, да останат без работа. Селата се испуштени, тие се обично по градовите, куќи кој има кој нема, дали ќе дојдат до пензија, од каде ќе ја земаат таа пензија. Деца имаат, како ќе ги школуваат, како не ќе ги школуваат, тоа никој не го интересира, значи, веднаш доаѓа социјалниот проблем. Паѓаат во една таква класа, која ќе се распадне. Еден мене ми вика вака, дај Владата да сече пари. Мајката, како ќе сече Владата пари? Па, да исплати пензии, да исплати ова, да исплати она. Добро човече ти, и денес имав еден разговор со еден доктор на таа тема и јас имав запишано, прво, тоа како Владата да сече пари. Ако сече Владата пари, ќе дојде инфлација. Ќе падне денарот, ќе настане хаос и после 2-3 месеци пред изборите ќе им дадеме пари. Нати тебе две плати, нати тебе три плати, нати тебе пет плати, гласај за мене, за тебе и за Станко, а после тоа? Сега кога ќе му дадеш три плати, кога ќе сетиш нови пари, кога ќе дојде инфлацијата и ќе се качи пет милиони на тоа и ќе дојде како таа српската пара што беше со милијарди. Добро, но тие имаа средства и пак се средија. Ти со што ќе се средиш? Не сакам да кажам една тајна, затоа што е наша тајна на Собранието, со колку резерви злато ние располагаме. За плачење сме, некој да не жали и да не тажи и со гајда да свири. Не смееме ни тоа да го направиме, не смееме и тука да ги лажеме луѓето. Само треба да бидеме попродуктивни во однос на човештината. Во однос на човештината треба да бидеме попродуктивни. Да не се правите некој над човек, не постои над човек, е тој горе, едно око има големо... Се има почеток и крај, некој ќе си оди порано, некој ќе си оди подоцна. Запазете го она што го создаваме, имајте малку поголема душа. Тие што имате многу пари давајте на болници, давајте на градинки, давајте на слепи, праќајте во Заводот, давајте на мајки без деца, давајте на сиромасите. Сето друго е лага дека ќе дојдам на власт, па ќе го отепам овој, ќе го стрелам оној, па

ќе му ги земам парите, па ќе му ги запалам куќите, сето тоа не чини. Моите дедовци и ВМРО никогаш немаа таков идеал и затоа тука ми лежи ова, една друга црвена имам тука и ќе ја носам. ВМРО има задача да не лаже. Има задача да живеат сите луѓе кои живеат во државата ист живот и се бореа против тие што имаме. Да не даде господ сега ние да рипнеме и да ги тепаме тие што имаат. Тоа пак никако не чини. Затоа, отстапувајте место и на социјалата.

Ја знам дека утре ќе излеземе на избори. Ама тоа ќе го оставам, не од мојата бивша партија. Знам, луѓе, ни од вашата партија не се плашете, не сакам (се обраќа на СДСМ), нека остане тоа за мене, знам луѓе, кога реков од почетокот кога дојдоа со два леви опинци и тоа набрзина го украде од комшијата опинокот, другиот го зел од татко му или од дедо му и дојде тука, стана човек. И сега тој човек има огромни средства и околу него има една банда од директори, ни Владата не може да ги знае. Тоа е една мафија. Кљусев имаше право едно време, чекај да се вратам малку назад, кога рече дека јас ќе кажам некои спискови, не знам што таму, Кљусев ги сокри, се исплаши да не го утепаат. Кој ќе го утепаше? Кој знае. Нека ми прости Кљусев. Јас разговарав последен пат со Кљусев, да не даде господ да разговарам последен пат за тебе, ти си млад, треба да живееш, и тука Каусев го сокри. Луѓето се разликуваат спрема мене од карактерот, се разликуваат од љубовта спрема државата, прво, спрема семејството. Јас на едно дете сега му честитав што направи една работа, не кажувам зошто, и просто сум радосен. Сакам да му се добри децата, сакам да има семејство, но не сакам да ја фрла државата. Да ја сака државата како семејство. Сета друга создадена омраза, на било кој начин, јас сум ПДП, ќе формирам Илиријада, ќе формирам не знам што, тоа е грешна политика. Јас сум ВМРО-вец, ќе направам империја, Фаик, ајде да те спомнам и тебе, да не

направиш некој романистан, не знам ти што ќе правиш, не може тоа да има во државата. Романистан, па ќе ни ставиш граница таму на мостот да не можам да поминам. Ама, мене ќе ме пуштат, зашто сум блиску. Такви идеи, такви работи не чини. Таквите работи да си ги оставиме под перница и кога ќе одиме да бидеме чисти, затоа што во времето секој кој ќе ви чита реферати, да бегате. Господ рекол, го прашале учениците како ќе зборуваме, како ќе се браниме? Ќе ви дадам ја сила, секој лажен пророк ќе настапува со туѓи библии. Затоа, јас предупредив во ова Собрание, не сакам ниеден тој што ја сака земјата да излезе тука со тефтер. Еве и мене ме критикуваа на времето, Митко знае да зборува политика, се меша во докторски работи и доктор сум малку, да ми простиш и сум и нешто друго и во економии и се тука сум го рекол тоа и ви дадов можност после да носите амандмани, да пишувате, да чкртата, па да ја правите државата. Јас не знам што што повеќе да се каже на овој народ. Толку можев, а немам ни сили. Значи, прво, вака, да бидеме самокритични. Да си дадеме суд на себе си што ние направиме за оваа држава.

Второ, никој не смеете да ја изгубите идеологијата, националната идеологија во која припаѓате. Не викам сега да се држиш ти комунист ако бил татко ти или дедо ти, ти милион години тоа да го тераш. За мене не постоеле такви луѓе. Велат дека во комунизмот, за мене има друг еден изговор, сега не сакам да го изговарам, не постојат такви луѓе. Постоеле лоши и добри луѓе. Постоеле луѓе кои на некој начин и помогнале на државава да дојдат до ова до каде што сме, постојат луѓе кои ја уништуваат државата. Постоеја луѓе кои ги бранеа луѓето, постоеја кои ги тепаа, ги затвораа, ги мачеа ги пуштаа таму или ваму. Дури јас барам од

овој наш народ, од тие луѓе тука што живеат во оваа држава да нема затвори, да нема мачилишта,. Седнете, ставете ја раката во перница и тргнете од Делчево, од каде што е Љупчо. Извини Љупчо што те именувам, и одите таму до Струга, така на мислата тргнете и бројте ги градчињата, луѓето и точно ќе дојдете колку сте. Ќе се изброите сите. И Македонци и Албанци, Турци, Власи. Помини уште два пати така, полата ќе те познаваат кој сте. И сега? Одговорот лежи на нас самите. Ве молам, зашто тука малку почна и предизборна кампања, а таму нема милост. Некои адвокати ќе си го сопрат тоа, затоа што не се вистински адвокати и можат до тогаш да се откажат и од партиите таму каде што припаѓаат, некои не ќе се кандидираат, меѓутоа, пазете во една работа. Не смеете вие како луѓе да се вреѓате меѓу себе и семејствата. Тоа ќе го направите најголемиот грев. Таа е мојата препорака. Секој кој мисли дека ќе дојде на власт и ќе го уништи другиот, да знаете тој семејство не остварува. Верувајте ми. Извинете вие од муслиманската вера нему крстот му е далеку. Ќе те тера несреќата, ќе те тера, прво, второ, трето, па ќе речеш мајката и вие така направивте. Што знам некој дедо таму ако не закла илјада византијци и го фрли сега на петто или шесто поколение, гревот мене. Јас тука сум многу неригорозен, ама кога ќе испаднам од вратава тајно таму ќе влезам, ќе се прекрстам и како да оставам се тука и надвор кога ќе излезам си одам бел. Кога ќе го земам внукот, кога ќе ми се фрли да го бакнам веќе сум ослободен од сатаната.

Дали да падне Владата или да не падне? Сега доаѓа прашањето дали да си оди Бранко со штабот или да не си оди. Секоја Влада сноси одговорност. Ќе стане Бранко тука отворено ќе си прочита се што е искрено, поштено, се ќе кажиш, зашто не гледај сега, некои луѓе се револтирани, некои луѓе не се револтирани, некои луѓе имаат помала

V/8.-

душа, некои имаат поголема душа. Јас ако треба да бидам револтиран најмногу треба да бидам револтиран спрема Фрчковски, повторно ќе го именувам, ама еве јас тоа го заборавив, но јас да му мислам лошо на децата, Фрчко ти се колнам. во се што ми е најмило, не мислев лошо, зашто и ја имам внучиња и ја сакам да ми живеат внучињата. Сега треба да каже Бранко што тој згреши, не ти Бранко лично, што Владата згреши, што не и се исполни, а што згрешивме ние и ние и Собранието. Да се најде заеднички јазик. Ми се чини дека ние како луѓе не можеме да направиме Влада никој. Ајде ние со ВМРО-ДПМНЕ можеме да дојдеме до некоја согласност со вас или со другите партии што се тука во Парламентот, може да се направи, затоа што треба да опстане оваа земја. Некој ќе биде упорен дека не сакам да биде оваа работа. Не мора да се слуша една личност, мора да се слушаат повеќе личности и ќе му дадете малку простор во овие неколку месеци што се оставаат за изборите, обратете малку простор на социјалата, на пензионерите, на децата, на работниците, па и на мене обратете малку внимание, на тие политички затвореници, ги фрливте и ќе умрат така пред да добијат ништо. Гревота, и за нив е гревота, зашто си умираат секој месец. Едно време и тие напаѓаа. Еве рече овој со врапчињата, еве го тој што ќе не стави во фрижидери, еве го тој што вели на питачки стапови, еве го тој не знам каков, ќе липсаме. Сега гледам полека, полека си одат луѓето, ама кога ќе излезат во паркот, сите ќе се соберат околу мене и нека слушаат. Тоа човечкото да не се заборава и да не се напаѓа. Ако сакаме да оставиме поколение, мора да живееме во заедница. И такво е тоа пусто место кај нас, таа раскрсница, сакале или не во овие простори така се создале. Некој ќе ти вика тука од вашите, ајде да ги кажеме нашите, целата таа наша страна, што се фали дека ќе направи, ништо не прави.

V/9.-

Куче кое лае многу, тоа не каса. Јас кога бев во селото имав една тетка која многу ја сакав. Секој ден одев, но еден ден, имаа едно црно кученце, тетка ми го пушти без да сака.

VI/1/JJ/лј

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

А знаев дека тоа куче кога ќе влезеше кај нив, мораше некого да касне. А јас дете мало 7-8 години, верувајте ми да не Ви се колнам и влегувам сега кај дедо ми а тоа зад мене и одеднаш ме грабна за бутот, ме лапна. А дедо ми, бог да го прости чуваше и едно големо куче, а тоа ниту лаеше ниту касаше. Сакам да кажам, карајте се прајте ја, ама мислите дека оваа земја треба да опстане, треба сите да ја сакаме и треба да живееме во заедница. И пак уште еднаш ви повторувам дека е токму така. Не се заљубувајте толку во парите парите се мртви. Парите се ништо. Се трошат одат или се оставаат некаде после смртта во некое купче, па некој ќе го најде кој знае кој, и тој ќе се радува дури додека ги потроши.

За школството нема место, не можам да зборувам а сакам подоцна да направам некои забелешки, но не е тука сега местото и во една друга прилика ќе кажам во што се моите плаќања. Повеќето се околу националната историја, околу географијата, и околу принатрупаноста на предметите. Министерот за образование треба да ги земе во предвид овие работи а јас можам да дадат една писмена анализа што не е напад или слично и уште една работа за просветата сакав вака да ви кажам - добро, сега јас вас ве прашувам - што ќе прават децата на сиромасите. До вчера родителот работал во државата , сега останува без работа, има три деца и каде ќе одат децата. На тоа прашање ќе ми дадете одговор затоа што тие деца треба да учат, треба да живеат, без разлика од каква националност е.

Лесно е да го турнеш некого кога оди покрај патот а има еден јунак. Тој што оди напред, а ти одиш зад него, патеката оди покрај самиот бунар, па не се надева оти ти одиш со зла намера и сакаш да го бутнеш. Тој сиромавиот прв пат оди по тој пат, а ти одиш со намера да го бутнеш. Или да го заколеш, туку малку ќе го сопнеш и тој ќе падне во бунарот. Ти

VI/2.-

сакаш да погледнеш таму колку е блиску, малку со ногата ќе закачиш и човекот отиде. Многу лесно човек може да се одлучи. Како ќе се спречат сопкаџиите. Ќе им се стават препреки, па прва, втора трета, четврта трча. Ако не се сопне; на првата, на втората, на третата ќе се сопне, ќе падне. Така не ќе стигне да го направи злото. Ви реков дека не правам пропаганда ни политички маркетинг за што има време, а се колнам дека никого лично нема да нападнам ниедна личност, во предизборната активност и ќе бидам секогаш коректен спрема сите а ќе настојувам и во мојата партија. Меѓутоа, да не се обидете да кажете овде дека го бришеме ВМРО. Да не му текне на некој да рече ВМРО да се избрише. ВМРО ги обединува сите луѓе, без разлика на вера, нација. Го избришавте ли тоа, земете си ги капите сите и барајте пат. Тоа да го знаете сите, без разлика. Тоа ве обединува, тоа ве држи. Митре ми одобрува, а штом ни одобрува Митре значи е така. Таква работата да не се случи во овој Парламент.

Еве сега не знам да ви побарам здравје, живот, ама да не мислите дека утре ќе умрам. Не! јас кога ќе умрам ќе ви кажам. Прво ќе ви кажам на вас, ќе им кажам на овие тука пред мене после ќе им кажам на оние од онаа страна и на сите. Сега нема да умрам.

И на крајот за печатот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е на дневен ред печатот, туку Владата.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Само два три збора. Печатот, сакам, односно сакам Владата тоа да го направи т.е. печатот од денеска ќе се придржува во поглед на предизборната кампања која веќе почна никој да не се замешува, да биде неутрален за да има вест нашиот печат, за да биде стабилен бидејќи е државен сектор, има и приватен сектор, но колку тој е приватен кој знае, не е важно, но се обраќам кон сите средства за информирање.

Колку ќе му даде моето и простор на Бранко, толку ќе му даде на г-дин Голубовски, на Тодор Петров како независен, на Љупчо Георгиевски, на Митко Анастасовски а ти Фаик ќе си направиш весник, не берам гајле за тебе. Јас не знам да го читам твојот весник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте така, поединечно да се заговарате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Али и за тебе ќе пишуваш а ти повеќе си во телевизија застапен а јас не сум.

Значи средствата за информирање да бидат тотално независни и просторите на сите партии да бидат отворени. За сите подеднакво. Зошто јас гледам кога некој си одат во телевизија, се напаѓаат, прават - ти реков ми рече, а не знаат дека ем, за себе си прават лошо и за луѓето прават лошо. Може да се излезе на телевизија, јас мислам дека бев малку поагресивен, и сега го држам тоа малку во душата вака, повеќе од нервоза него од тоа што сакам да бидам таков, меѓутоа, никој не ме праша што правиш бре ти стари жив ли си, умре ли, како си. Ме гледаат луѓето на автобуски станици и ми велат: добро бре ти немаш точка да одиш. Ама ако имав точка досега не ќе бев тука во Собранието, ќе врвев покрај и некој со кола ќе ме занесеше и отиде Митко. (се смеат) одам со автобус а кола немам да возам.

Некој ќе се лути, нека ми простат ми се чини никого не увредив и ги принесов мислите за тоа што господ има око и кој што помисли за комшијата да му ја отепа козата, него му се запали куќата и му се уби коњот. Земете ги моите стенограми од првата седница до сега не сум увредил никого само Бранко малку го увредив, ама тоа не беше навреда. Може би некој од моите кои се присутни тука сега Алексо треба нешто да го вреѓам, ама не го вреѓам, ајде така нека остане ќе дадеме тај маут и ви благодарам на сите за вниманието. Јас сега ќе си одам, затоа што имам мака. Знаат докторите што имам една мака. Сакате ли да го

VI/4.-

видите митко тука, ама да не бидат женските (смеа во салата). Да не види ниедна женска. Не затоа што нешто ќе има Митко за гледање. Тоа не. Да видите какви рани носам. Кољо беше и Јово доктор... кој не го изговори да видите зашто беше и министерот. И да ме прашате Митко зошто ги носиш тие работи. И, запамтете дека во Македонија, во оваа држава не постои друг ќе речете пак ќе кажеш нешто лошо, не е лошо, што е случајност, тоа е Митко. Анастасовски. Тоа е Митко и му реков затоа на Фрчко може тоа да го каже кога сака кога викнав, а не викнав да живее Бугарија или Србија, а не ми пречи ни Албанија, никој не ми пречи туку реков" да живее Македонија", а имаше четири деца малечки. И притоа мајка им ги доеше со солзи. И замислите сега (се обраќа спрема левата страна и вели:), така ли е Митре. Е,сега ако не беше така немаше да го кажам. Затоа ќе го молам Фрчко а тоа ќе го каже тоа да го потврдиш, не постои во аналите на полицијата, некој друг се убиваше за некоја Македонија. Такви постоеја пред мене , Питу Гули покојниот, на стража сите војводи и Туше војводата и Гоце . Кога умираше Гоце вака ги рашири рацете (ги раширува рацете на говорн цата него му се пушти, му се пушти Македонија. Дедо му не ги виде ни внучињата сови. Умре таму во Анадолија, врзан со синџири. И тие така умира за државата. Така треба да умираме сите ние за оваа држава. (ја напушти говорницата удирајќи во говорницата со тупаница.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Фрчковски има збор. Ве молам, затоа што недоговоривме ограничување на учеството во расправата се најдовме во тешкотии, со учеството во расправата.

**ЉУБОРМИР ФРЧКОВСКИ:**

Имаше логика бидејќи мислев во име на Владата да одговорам на една методологија кој беше понудена овде од пратеничката Лазаревска, околу тоа на кој начин ќе ја водиме дискусијата. Ако има смисла сега тоа

да го направам, јас не мислам да дискутирам посебно. Имено, се работи за тоа што ние од Владата не можеме да дадеме гаранција на пратениците од опозицијата дека расправата за доверије на Владата ќе биде во нивна корист, па ние да разговараме за нивните прашања што ек ги потекнат овде и начинот на кој ние кои одговараме да биде таков каков што тие сакаат. Ова е политичка борба. Од истата расправа потегната овде, резултатот е неизвесен пред јавноста и таа ќе просуди за тоа. Според тоа немојте да ни давате совети на Владата како ќе одговараме, дали ќе демантираме тоа што вие го кажувате овде. Начинот на излагањето на членовите на Владата е таков каков што ние ќе процениме дека држи и искрено бевме возбудени што тоа прашање се поставува што конечно ќе имавме шанса да поразговараме малку за некои теми за што ни недостасуваше парламентарниот живот во последно време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште некој што бара збор?

Госпоѓица Лазаревска бара реплика.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Бидејќи јас процедурално го изнесов тоа прашање, господине Фрчковски тоа повеќе се однесуваше за претседателот на Собранието што еднаш опомена за вмешување на нешто што не е тема на денешниот дневен ред. А тоа што Владата уште во почетокот се обиде со замена на тези да го направи, како што го направи минатиот пат за доверба на Владата, мислам дека господинот Фрчковски треба да го признае дека успешно минатиот пат го спроведоа. А сега, еве и сега, тој е сигурен дека ќе им успее и верувам дека Владата веќе е договорена со коалицијата и апсолутно не верувам дека Владата ќе стекне внатрешно чувство да почувствува нешто повеќе од она што го покажува, но сепак не може Владата за своите грешки и вината и за кои обвинета да ги правда со работата на Собранието

Министерот Фрчковски кажа дека никој не треба да ја учи Владата во нивната работа, а претседателот на Собранието треба дигнитетот на Собранието да го чуе и да каже, барем да укаже на Владата за мешањето во работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба пак да објаснам. Овде имаме прашање на доверба на Владата. Како и кои аргументи, некои ќе ги неинволвирајќи ги институциите за кои сега овде не се расправа, значи какви аргументи ќе наведува во своја корист да ја нападне Владата, тоа е работа на опозицијата. А кои аргументи ќе ги наведува Владата дел од парламентарното мнозинство кое стои зад Владата тоа е нивна работа. Тоа не е целина на Собранието. Не Собранието да го бранам јас или пак Собранието да одговара. Собранието составено од два противречни дела и тоа е нормално. Тоа е најнормална работа. Ете, во тој поглед нека не ви биде криво ако чуете нешто што не ви се бендисува, како и нив нема што да им биде криво, затоа што вие ќе го кажете. За мене е само, важно тоа што вие ќе го кажете и затоа предложив ограничување односно јавување по една, а не повеќе пати, но тоа не се прифати. Сега ве молам, тоа што го баравме овде ќе го гледаме.

За збор се јави г-динот Котевски. Се јавува за збор во нормална постапка.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, во секоја работа мора да постои сериозност. Моментите во кои ја поставивме оваа доверба на Владата во Република Македонија е сосема јасна како пратеничка група, правилата на играта се познати, не треба да правиме никакви импровизации

VI/7.-

Едноставно треба да допуштиме достоинствено и чесно да ја одвиваме оваа парламентарна битка. И доколку аргументите кои ние ги изнесуваме во ова собрание преовладаат кај пратениците и се изгласа не- доверба на Владата, се знае која е постапката. Инаку, не треба да се впуштаме во работи што не доликуваат на Собранието и дајте барем на крајот, во финишот од ова парламентарно собрание да имаме еден коректен однос кон самите себеси и овде во 'парламентот.

Во моето излагање сакам да изнесам некои работи за кои сметам дека ќе бидат во прилог на онаа аргументација што треба да оди кон недоверба на постоечката влада во Република Македонија. Во дадениот денешен момент во нашата држава Македонија, се чини дека нема посериозен и поопасен проблем од економскиот, кој што секој- дневно не сега како менгеме околу нашите глави. Притоа, сакам да укажам на многуте разочарани и безнадежни луѓе и работници на оваа држава. И воедно приморан сум да истакнам зошто нашиот живот, нашето домочедие, нашата вера достоинство и чест паднаа на најмизерното дно. Во овој голем и најтежок момент за сите нас и за нашата држава имам намера да ги истакнам само вистините поради кои сите ние сме наивни жртви, но и за тоа како треба да се однесуваме и да делуваме практично, политички и веднаш. Сепак, тоа е ваше право, ваш резор и ваша конечна одлука за промената на оваа недомаќинска влада. Во основа еве зошто нашиот живот стана неподнослив, т.е. го направија безвреден, омаловажен и сме оцрнети како непотребни елементи токму во сопствената држава Македонија.

Прво, тие што владеат со Македоника оваа недомаќинска Влада и покрај сите укажувања и до денеска не сфатија дека правата вистина е онаа која се однесува на здраво и пропулзивно материјално производство, т.е. здраво и организирано стопанство, земјоделство и индустрија. Во тој правец одат трговијата, туризмот, и транзитот без кои во основа нема самостојна и суверена Македонска дражва.

VI/8.-

Спротивно на сето тоа владената програма направи вистински масакр на стопанството и оваа година неговите капацитети во индустријата работат едвај 30% и тоа мизерни проценти. Работната организација од областа на земјоделието и индустријата се пропуштени на милост и немилост и зависат само од совеста и честа на раководителите, а не и од државната и владина - програмска партиципација. Во оваа ваква состојба во недефиниран нов систем, немање на еднаков степен на рестриктивност во производствената сфера па ниту во јавната потрошувачка , немање на стимулативни мерки за заживување на производството во големите системи што треба да служат како ретро база во стопанството, е и ќе биде во наредниот период ерозија на материјалното производство и со многу поопасни последици за тековната репродукција. Ова значи дека во целост се прекинати развојните можности и нема искра надеж за излегување од опасните, кризни состојби во Република Македонија.

Второ, и наместо да се постигне програмска и законска трансформација во некаква заедничка паралела и корелација, Владата врши атак врз големите системи, кон нивно ситнење, приватизација по секоја цена отпуштање на работници без никаков законски ред и контрола, дури по 30 години изминати на работни места, без социјална и здравстве- на заштита, едноставно како отпадници, непотребни елементи на оваа држава, барајќи спас на улица и во најсрамните, најмизерни методи на подземјето. Не сакам да ги спомнувам тука сите оние нови нуз појави посебно во градот Скопје како еден од најголемите градови во Републиката А не ли сме социјална држава, според Уставот на Македонија . Каде е моралниот и достоинствен лик на Владата која свесно и безкомпромисно создава армија на социјални случаи и тотално деградирани луѓе. Само за илустрација ќе го споменам случајот со железарницата Скопје која претставува класичен пример како Владата по долг временски период успева да ги амортизира опасностите што

доаѓаат од осумилјадната маса луѓе, пуштајќи ги на принуден одмор со цел да се намали тензијата за штрајкови и оправдани барања. Паралелно со тоа пот капата на Владината контрола се става и синдикатот на железарницата со што во целост се остваруваат услови за контрола на целиот колектив од страна на Владата.

Меѓутоа, сите пресметки се поматени со независниот синдикат кој што сосема реално и оправдано го организира членството и дава до знаење дека повеќе со вработените не може да се игра, во крајна линија би значело и удар врз Владата на Македонија. Ако оваа состојба во железарницата претставува скопски случај, примерот со РЕК Битола исто така е случај кој може да фрли голема светлина за грешните потези, нечесни игри на Владата. Од овој голем комбинат веќе една година на најгруб, на најнечесн и незаконски начин се протерани големи работници. А судот во Битола никако да го расветли случајот и да ја истера правдата на виделина. Но што се може кога целото министерство за правосудство го контролира судот во Битола кој суди и делува само по изричите владини наредби и моќници од Битола кои што се врзани заедно едни со други.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ: (**Продолжение)

Со ваквиот чин до крај се уриваат столбовите на правната држава и зависното судство. Сепак, ова не е се и тука не завршува вмешаноста на Владата и владините моќници со одредени личности од Битола за кои пишуваше и печатот, успешно координираат во последно време. Имено, РЕК Битола гигантот на македонското електростопанство, но и бисерот за кој се водат бескомпромисни битки заради кадровски комбинаторики и предоминација на Социјал демократскиот сојуз и Либералната партија и нивни поединечни личности беше инсцениран штрајк, но кога ги доби несаканите резултати и опасноста за паѓањето на Владата се изврши срамна диверзија на косиот мост и по цена на огромно изгубени парични средства . Се урна мостот, се урна секаква надеж за средување на состојбите кои и до ден денеска врмјат нечујно и тихо, но се прашувам до кога.

Овие три илјади вработени под најтешки услови, под постојан притисок, не заштитени од радио активното зрачење и убиствената невидлива прашина немаат никаква надеж во разумноста на етапно решавање на проблемите. Напротив, од овој гигант само ќе се регрутираат инвалиди на трудот по различни основи ако 90% од целокупната електрична енергија во Македонија се произведува во оваа ТЕЦ за утеха и за голем срам за вработените во РЕК Битола на Пелистер е направен хотелот "Молика" во кој никогаш нема да одмараат вработените , туку моќниците од Владата и нивните секојдневни посети и гоштевања ги преминуваат сите можни граници и пак врз грбот на 3-те илјади вработени во нивна чест, во нивна слава и пофалба како европски производители, но пот- ценети и обесправени. Згора на сето ова би сакал да истакнам дека Битола како земјоделско - индустриски центар

во овој Комбинат гледаше и сеуште гледа како на основа на развој на општината, а сепак Владата тоа го прави на друг начин. Купувајќи социјален мир не калкулирајќи ја електричната енергија на големите потрошувачи, а правејќи меѓусебни лични трансакции на поединци од Битола и Скопје се врши невиден грабеж и кражба на националното богатство и капитал. Иако за сето ова стручните^лица од Битола добро знаат, укажуваат сепак оваа власт која има воспоставено целосна контрола на информативните гласила во градот и воопшто на информациите, прави невидени не демократски чекори и тортури од кои сите вработени во РЕК и граѓаните на Битола се во пригушен револт и притаена агресивност. Се на се темпирна бомба која во секој момент може да експлодира.

Кога на сето ова ќе се додадат и стечаите кои чукаат на портите на "Металец", "Кожарата"која како една од најстарите ф-ки текстилните фабрики и многу други трговски организации украдени и проневерени, тогаш е сосема јасно дека извршната власт, Владата ја изврши својата мисија го допропадна стопанството во општината Битола.

Во оваа прилика за да не останеме недообјаснети би го спомнал и случајот со "Газела " од Скопје во која од 3 илјадна фабрика се случува намерно пропаѓаше и јавна кражба на она што со години е создавано во оваа ф-ка при што мора да се потенцира дека вмешаноста на Владата во организираниот криминал е повеќе од очигледна. Од сето ова 33 илјади не вработени лица остануваат омаловажени, обесхрабрени и претставуваат луѓе кои ќе немаат мир во сопствените домови и во сопствената држава. За нив оваа држава всушност претставува пекол, а за одговорноста на Владата ќе мора да даде свој отчет пред јавноста и пред овој Парламент секако.

VII/3.-

Трето,во оваа моја беседа како трета вистина до Вас сакам да го изнесам фактот околу селото и земјоделието. Иако нашата земја е аграрна и селска оваа Влада, Влада од асфалтот, јас така ја нарекувам лично , Влада од асфалтот и градската бирократија, тешка бирократија од земјоделецот и македонскиот селанец во овие години направи најпотценет човек, нај излаган и нај измачен од било кога. Земјоделското производство се третира како споредна стопанска гранка, како што истакна почитуваниот г-дин Никола Поповски, гранка во која не се донесени никакви закони од овие години од доаѓањето на оваа недомаќинска Влада. Како пример би го истакнал Законот за користење на водите. Заради кои во Битола се бијат битки како да се плаќа наводнувањето од системот "Стрежево". Но, тоа не е се. иако лично имам доставено закон за одводнување и да не се плаќа надомест за одводнувањето, оваа Влада нејзиното рудиментирано министерство за земјоделие не покажа никаков интерес, како ли ќе покаже кога се прават најголеми зделки преку приватните фирми "Агро-Нова" и се делат средства со поединци од мачниот селски земјоделски труд. Не сакам да елаборирам во поединечни , бидејќи не сакам да стекнете мислење дека сум јавен обвинител или вршам некоја јавна истрага , па овде да изнесам многу јасни работи кои ги поседувам лично дома.

Ако кон ова се додаде јавната кражба што се прави на селаните од битолско од страна на "Жито - Битола" при откупот на пченицата, за мислете моментално задржуваат еден процент за Здружението на земјоделците од Битола кое е чисто владино здружение. 1% без никаква основа, без никаков закон, без никаква одлука пари кои директорот на Жито "Битола" ги префрлува на Здружението, кое здружение е директно продолжена рака на оваа Влада. Тогаш ќе стане сосема јасно дека селанецот се краде по сите основи, а институциите на државата молчат,

а молчат и информативните гласила во општината Битола. Каков срам и каков кодекс имаат новинарите, а да е за еден минорен случај било каква инсинуација, било каква измислица околу некоја политичка партија ајде да не речам ВМРО-ДПМНЕ сите весници со месеци ќе се изнаполнат, тоа е невиден срам, не видена брука. тоа говори за една ерозија на моралот и на оваа Влада и на овие луѓе кои работат во такви информативни гласила.

Следејќи ја владината политика во областа на земјоделието не треба да се испушти фактот што голем дел од битолското подрачје е оштетено во ридско - планинскиот дел со погрешна класификација на земјиштето, но иако мојата интервенција е повеќекратна до Министерството, но Министерството нема никаков слух иако има големи способности за слушање. Во овој правец се и нашите конкретни заложби за целосен износ на исплата на земјоделските пензии кои во претходните години со ребалансот на Буџетот требаше да се исплаќаат во целосен износ и да не бидат пот просекот во РМ. Но, што се може и тука македонскиот селанец и земјоделец секогаш е оставен последен и обесправен и искористен. Во тој контекст не треба да го заборавиме и проблемот на млеко производителите од Македонија кои заради неконтролираниот увоз на млеко и корист на владините претставници треба да ја упропастат и оваа мошне добро развиена гранка и тоа особено последната година е зголемен сточниот фонд молзните крави во РМ, но што се прави Владата знаејќи дека има голем профит, можат да се прават големи транс- акции со увозот на млекото на пат е да се упропасти и оваа гранка. Ист или сличен е случајот со фабриката за шеќер во општината Битола на која постојано се атакува со неконтролиран увоз со било каков шеќер од било кои држави со сомнителен квалитет.

VII/5.-

Четврто, дами и господа од ова место имам причина да го цитирам Претседателот на Република Македонија со изјавата во МАНУ дека ќе се залагаме за активно сузбивање на организираниот криминал во Република Македонија. Ако оваа изјава има сериозен карактер, а е , според мене, чинам дека е извонредна зашто и Претседателот има точни сознанија за организиран стопански криминал во државата. Меѓутоа, од страна на Владата до ден денеска нема конкретни чекори иако и самиот премиер во првичната беседа од оваа говорница истакна дека оваа Влада ќе се бори против организираниот криминал во РМ. Кога веќе на две нивоа е потврдено дека постои организиран криминал, Владата и до ден денеска упорно молчи. Не знам зошто молчи.

Од друга страна МВР начна некои превирања со смената на Павле Трајанов, но до ден денеска се е завиено со голем превез на темнината што значи дека директната инволвираност на владини претставници е повеќе од очигледна, но во сегашниот даден момент, простете ми, нема храброст никој од глувците да му врзе ѕвонец на мачорот мафијаш.

Краен епилог на моите вистини е следното. Во овој момент како човек и парламентарец сосема трезвено и сосема домаќински и чесно го поставувам едноставното прашање дали има елементарно чувство за одговорност кај овие луѓе на оваа Влада и дали воопшто сметаат дека не ќе може да ги стигне законот и правдата, или во таков момент ќе се најдат како политички бегалци и азиланти во Швајцарија или други земји.

Завршувајќи го мојот говор имам чувство дека заеднички ќе придонесеме за поинаква Влада, поголема правдина во оваа држава социјален мир и економска стабилност. Доколку се случи обратното и оваа Влада опстане и го продолжи мандатот со Ваша неодговорност и

несовесност, тогаш чувствувам да укажам дека Владата ќе биде основен генератор за рушење на мирот во Македонија. Повторувам, Владата ќе биде основен генератор за рушење на мирот во РМ, а со тоа ќе пропадне и Вашата пласирана теза дека Вие го спечаливте мирот во РМ. Со илјадниците стечајни работници, со армија пензионирани не исплатени пензии, со армија невработени, со пропаднато стопанство, со потценето земјоделие и омаловажен селанец, без никакви мерки од Владата, со зголемен и организиран криминал во работните и трговските организации, со пропаста во образованието и корумпираноста без граници, како и со нараснатите неправди во македонската Армија која е се освен македонска и стручна за одбраната на РМ, оваа држава е на прагот, оваа Влада однапред да го забрза процесот на дестабилизација на државата и ќе биде во прашање опстанокот и независноста на РМ и тоа во права смисла на зборот.

Конечно да завршам има уште многу работи да продискутирам и да кажам повеќе вистини. Голем дел од она што се залагавме во овие 4 години и лично јас како човек во мојата изборна единица кое добро го знае министерот за градежништво и урбанизам поточно заменикот во селото Кажано - Битолско е изграден нормален редовен пат. 4 години 15 села се исклучени само за еден поединец од малцинствата и да не се направи клучка за приод на селаните на тие 15 села на главниот пат гој оди за Охрид. Упорно треба да вртат или да одат 7 километри назад за да се вклучат на овој пат. И покрај моите лични интервенции кај заменикот министер Шундовски и до ден денеска ваквата работа не е покрената од мртва точка.

Има уште работи кои сакам лично нему да му кажам, бидејќи имам морално чувство и не сакам некој работи да изнесувам овде на оваа говорница кои не ми доликуваат и како човек и како парламентарец

мислам дека има доста работи за кои треба да го ставите прстот на умот и не можете Вие така произволно и така лесно сопругата на пратеникот од Либералната партија Наум Симјановски по кратка постапка да ја вработите во Министерството аз градежништво и урбанизам во Битола преку ноќ. Тоа се невидени скандали , Шундовски, не можете така затоа што Вие треба да бидете првиот пример како во оваа држава ќе ги градиме односите. како треба да претставуваме пример за другите луѓе, а ние во обратен смер даваме пример како ги кршиме законите и како само за лични и пријателски интереси ги местиме луѓето или правиме различни комбинаторики.

Имам уште по опасни работи, но овој пат нема да ги кажам, ќе ги кажам лично во четири очи. Ја Ви благодарам за Вашето трпение и се надевам дека како пратеници ќе ги согледате овие вистини кои ги изнесов пред Вас и не мора до крај да ме сфатите како загрижен човек кој живее во оваа република Македонија и кој треба да гледа свои деца и да школува, меѓутоа, сметам дека Вашата совест проговорува за одредени работи кои Вие добро ги знаете, но заради одредени односи вештачки воспоставени во оваа држава, во овој Парламент, мислам дека треба Вашиот став да го коригирате и да изгласаме недоверба на оваа Влада. Оваа Влада е недомаќинска, тоа го докажа во илјада случаеви и затоа придружете ни се како на политичка партија и опозиција да можеме нашата иднина да ја градиме по безбедно , по среќно и повесело за сите. Ви благодарам.

(Упадици од место).

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ве молам, за мир во салата.

Има збор г-динот Трпчевски.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа. приклучувајќи се кон дискусијата односно кон расправата за недоверба на Владата на РМ ќе изнесам некои неправилности во нејзиното работеше кои се однесуваат во непочитување на Уставот, на законите и т.н.

Се уште ни се во сеќавање настаните кои беа сврзани со градењето на логорот за бегалци во населбата Горче Петров на почетокот на 1993 година. Владата, повикувајќи се на членот 54 од Законот за системот за просторно и урбанистичко решение не правилно го прочита, го примени овој член од Законот при што дојде до немили настани на овој терен на почетокот на зимата на 1993 година. Добар дел од населението кое излезе во одбрана на своите просторни интереси регулирани со урбанистичкиот основен и детален план од 1985 година и од 198 9 година беше малтретирано во своите искажувања дека на тој простор не смее да се гради овој логор за бегалци од БИХ . Не само што беше употребена физичка сила, но и хемиски недозволени средства така што добар дел од населението настрада. За да биде уште поголема вина- та кон Владата, Уставниот суд на РМ со својата Одлука до 7 мај 1993 година го искажа своето мислеше и искажа забрана за градење на еден ваков логор за бегалци.

Се уште ни се во сеќавање дискусиите од пред два месеци околу донесувањето на Законот за попис. Овој Закон за попис имаше уставни прекршувања, а потоа следеа и законски прекршувања од страна на Владата. Законот предложен од страна на Владата на РМ во оној дел каде се однесуваше за извршување на пописот на шесте јазици на РМ е чист пример за уставно прекршување на членот 7 од Уставот на РМ односно ставовите 2 и 3 каде во РМ се знае дека државен јазик е

македонскиот и неговото кирилично писмо, а се уште употребата на јазиците на националностите во РМ до ден денеска не е донесен. Спрема тоа, Владата не треба да пребрзува во донесување на вакви законски проекти кои беа усвоени од страна на коалицијата.

Некои од претходните дискутанти изнесоа дека опозицијата треба да делува конструктивно со донесување на закони. Зарем од страна на позицијата во однос на овој закон кога беше донесуван не беа поднесени голем број амандмани кои се однесуваа на подобрување на квалитетот односно ефектот на овој закон. Меѓутоа и Владата, а и позицијата во овој Парламент сите тие амандмани со еден збор ги отфрлаше.

Што се однесува до прекршувањето на Законот за попис од страна на Владата, тоа беше на големо искажување во средствата за информирање некаде на 27 јуни кога беше донесен меморандумот за тоа дека оние луѓе кои немаат нови лични карти, оние луѓе кои немаат државјанство да можат да бидат попишани со старата лична карта. Зарем тоа не е прекршување што би можело да се земе дека туку што донесен закон веднаш се прекршува. Уште едно прекршување во однос на овој закон уследи со тоа што се дозволи овој попис и понатаму да продолжува со тоа што наместо на 5 јули да заврши , тој заврши на 10 јули. Ако донесуваме закони треба сите тие закони, без разлика дали во нивното претходно донесување во нивната расправа ни се бендисува или не, треба да ги почитуваме. Мислам дека Владата направи и овде прекршување.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**: (Продолжение)

Оттука се поставува прашањето дали Законот требаше да се донесе, или не. Во средствата за јавно информирање имаше истакнато дека за пописот од 1991 година биле потрошени некаде околу 12 тони хартија. За овој попис во истите средства за информирање беше изнесено дека се потрошени над 100 тони хартија. Не е тоа само една состојба која што укажува дека девет пати повеќе тежината е зголемена, па само е пренесена. Тука влегува во цената, во обработката на материјалот, пишување на шест јазици итн., употреба на попишувачи и со тоа цената на пописот јас не верувам дека изнесува со оние одобрени средства од меѓународната заедница, односно од Европската Унија, туку најверојатно овој попис многу повеќе чини. Наместо тие средства да бидат употребени за нешто друго, беше употребен и за оваа намена. Јас не можам да поминам и преку тоа, а да не го кажам и следното дека во "Виенски стандард" е изнесено дека пописот во Македонија е направен заради забелешки на некои соседни земји. Зарем ако сме ние држава која што е самостојна итн., ќе ги почитуваме, односно ќе ги примаме сугестиите на некои соседни земји.

Во однос на економскиот момент во Република Македонија и некои претходни дискутанти изнесоа, меѓутоа дека навистина постои ерозија на економскиот систем во Македонија и тоа постои многу. Повремено ќе се слушне и преку средствата за информирање дека оваа фабрика работи со капацитет од 20%. Тоа беше кажано пред ден, два и за Железарницата. Што значи тоа? Значи, наместо 8,5 илјади вработени да бидат исхранувани ќе можат да бидат исхранувани се на се некаде околу 1200 до 1500 работници.

VIII/2

Понатаму, во однос на армијата на стечајни работници. Познат е фактот дека во Република Македонија во моментот на 120 илјади стечајни работници кои што примаат намален личен доход кои што ништо не работат и патот до избркување од работа им е тука за неколку месеци или пак за неколку недели. Ако се има во предвид и тоа дека и пред неколку дена беше искажано тоа дека капацитетот на производството во Република Македонија во споредба со пред 3, односно четири години е некаде околу 20% ќе можеме да си замислиме каква ни е економската состојба во Република Македонија, па и оттаму исплата на лични доходи во најмал износ во стопанството, исплата на лични доходи со одложување на исплатата на истите, исплата на паричниот надоместок во натура, исплаќање со бонови со што се ја обезвреднува оваа исплата на личниот доход заради тоа што придонесите од кои што се исхранува здравството, од кои што се исхрануваат пензионерите и други е сведено скоро и на најмала мера. И оттаму незадоволството во оваа група на дејности.

Овде неколку пати расправавме за девизните заштеди кои што некаде вредноста изнесува околу 1 милијарда долари честопати се залагавме дека тие ќе бидат исплатени итн. Меѓутоа, овие луѓе чии заштедени средства уплатувани во текот на изминатите десетина па и повеќе години истите луѓе останаа измамени, од луѓе чии средства беа заработувани со пот и труд од странство и мислам дека најголем дел овие средства беа донесени, или дотурени од странство, истите луѓе било да живеат овде или пак живеат и понатаму во странство останаа со празни раце. Тие кои што живеат овде, кои што се надеваа на овие средства дека сега во овој период на плуралистичко општество каде што доминира пазарната економија кои што ќе можеа да си користат за приватни цели, отворање на дуќани, отворање на мали работилници

и какви не други приватни дејности, останаа без никакви средства, дури тие луѓе станаа и социјални случаи. Мислам дека и ониe моменти кои што на овие случаи решени да им се даваат некои средства во однос на патување во странство или некои други, со решение на Владата и овие бенифиции, да не ги речам бенифиции, туку потреби им беа нарушени, так што имаме многу работи кои што одат во прилог на тоа дека навистина голем дел од луѓето се незадоволни. Кога кажав дека 120 илјади имаме стечајни работници, можеби над 170 илјади невработени, можеби и повеќе над 210 илјади луѓе пензионери, луѓе кои што чекаат некој за да им даде средства бидејќи Фондот за пензиско и инвалидско осигурување е празен. Вчера,или завчера кога беше седницата на овој фонд кажуваа дека над три милијарди денари фондот е во загуба, така што тоа се луѓе кои што чекаат стопанството односно и нестопанство да внесат од своите доприноси за да можат тие да си ги подигнат средствата. Барем сега за сега над два месеци со задоцнување на платите. Кога сме веќе тука ќе кажам и за здравството, бидејќи здравството се исхранува од доприносите, или најголем дел од доприносите кои што треба да стигнат од стопанството и од нестопанството и тука има проблеми. Свидетели сме со тоа дека средствата, или платите во здра ството се исплаќаат со задоцнување над месец , месец ипол, поделени на две рати. Единствено најголема грижа е дека средствата ќе треба само да се исплатуваат за лични доходи, за ништо друго, за лекарства, за обнова на истрошениот, или застарен фонд на апарати и опрема кој што можеби некаде датира и од пред 20, 25 години, дури некаде сме на границите дали да ги употребуваме во интерес на пациентите или не. Така што сето тоа се проблеми кои што се наталожуваат, било тоа да се однесува на вработените во здравството, било тоа да се однесува на корисниците на здравствените услуги претставува еден проблем.

Ние како Комисија за здравство барајќи од Министерството за здравство да ни даде да речеме, каква беше состојбата со помошта која што стигнуваше од странство, од разни хуманитарни, или други организации, каква е финансиската состојба за 1993 година. Овие средства краткотрајни што беа опрема итн., како е доделувана до ден денес такво нешто не сме добиле. Мислам дека таа претставува еден проблем кој што и ние како членови на Комисијата за здравство, а и пошироко не сме во состојба да навлеземе во оваа проблематика. Не знаејќи за оваа проблематика мислам дека и јавноста не може да биде обавестена. Според тоа мислам дека Владата има доста пропусти во своето работење што навистина би требала да се подзамисли малку околу ова, односно за изгласување на доверба односно недоверба.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, иако по оваа точка на дневен ред дискутантите и претставниците на Владата да речеме спомнуваа позиција, опозиција, па одредени партии итн. како што знаете јас припаѓам на една страна овде во Парламентот иако и јавните гласила пишуваа порано и сега и сите знаат каков е ставот по одредени многу важи прашања, јас истапувам по свое убедување, без разлика дали некој се лутел или ќе се лути, дали оваа страна, дали оваа страна или пак моето избирачко тело дали ќе се лути, истапувам како граѓанин на Република Македонија како пратеник на Парламентот на Република Македонија и никако поинаку. Во мојата дискусија по прашањето за доверба на Владата барана од пратеничката група на  ВМРО-ДПМНЕ и досегашните дискусии ќе се обидам да кажам некои пошироки општи и општествени потреби и интереси, знаејќи дека секогаш кога се приближува времето за одредени преговори со нашиот јужен сосед

Грција секогаш имаме скоро исто барање полно со недоречености, многу необмислени прашања од аскет на зачувување на мирот и безбедноста на Република Македонија и нејзините граѓани без разбирање за националната, односно меѓунационалната толеранција, без поголемо разбирање за државно правниот статус и положбата на Република Македонија која бараше и влезе во Обединетите Нации, која бара влез во Европската унија, бара влез во ЌЕБС и која сака да влезе во колективниот заштитен механизам, бара да биде потписник на партнерството за мир. Изгледа овие работи не сме ги докрајчиле убаво, па да кажеме она што денеска го кажавме и тоа да го обмислиме. Сметам дека исто така дека нема поголемо разбирање и усет за економските состојби. Зошто и како се дојде до оваа депресијација во Република Македонија имајќи во предвид дека на Балканот има војна, дека постојат санкции спрема северниот сосед Грција, дека имаме блокада од Грција и следствено на тоа немаме пазари што преходниот дискутант кажа нешто во врска со тоа, немаме пазари за пласман на нашите производи, недоволно, или скоро никакво користење на капацитетите од 20 до 25%, стечајни постапки, стечајни работници во многу фабрики, голема превработеност. Вие знаете со Буџетот обезбедивме за околу 45 илјади семејства минимум социјална заштита и ред други важни работи кои што го регулираат финансирањето и на другите потреби, општите општествени потреби. И ние овде денес истакнуваме дека оваа Влада е таква и дури крајот на државата го кажуваме понекогаш. Еве професорот, пред претходниот дискутант кажа дека се очекува нешто којзнае што ќе биде со државата готова е. Мислам дека не треба да ги плашиме ниту децата, ниту старите, ниту помладите, мислам дека сите граѓани на Република Македонија ќе мора за овие работи да бидат многу свесни и се додека не престанат тие војни тие санкции спрема Србија и да се обидеме да најдеме заеднички јазик со јужниот сосед, состојбите нема да ни бидат којзнае какви подобри,

можат некаде да се исправат, некаде ова, некаде она, но нашиот пазар беше наменет за бившите ЈУ републики со еден многу голем дел и многу помалку надвор од тие ЈУ републики. Не сакам во овој момент да навлезам во точноста, или неточноста на ниту една да речам на ниту едно кажување, или пишување во материјалот, бидејќи се е скоро повторливо, се повторува многу., три годни, четири години, еве четврта година се повторува. Дали Владата има недостатоци, би рекол дека има, да, има недостатоци. Дали некоја друга влада би средила се, знаејќи за се она што го кажав пред малку. Тоа сите граѓани го знаат. Не верувам дека некоја друга влада би средила се. Можеби некој верува, но јас како човек, како пратеник, како економиста не верувам.

Јас сакам да кажам некои работи за што би ја обвинил Владата како главен да речам арбитар, или како главен кривец за некои работи кои се случуваат како непринципиелни. Како да ја окривам Владата, односно партиите кои се застапени овде за непринципиелни коалиции со ПДП-НДП и со не знам уште која друга ќе се појави утре, задутре, не смееме така да мислиме за непринципиелна коалиција ако не се македонци. Партиите прават коалиции врз база на програмите на тие партии, а не врз база на националната, или не знам која друга припадност. Мислам дека сите сте свесни политичари и ќе мора вака да резонирате. Ќе дојде време, ќе дојдат снаги овде кои што само така ќе резонираат. Да видиме програмите какви се и како се остваруваат програмите, но притоа водејќи сметка за интегритетот на државата, во овој случај на Република Македонија за сувереност на Република Македонија. Сигурно секоја партија, па и вие господо ќе морате да знаете и научите да ставате остварливи програми,слични или остварливи програми и да остварувате коалиции со партии кои што без разлика на

национална и верска припадност се прогресивни, се во рамките на меѓународните декларации, конвенции, права итн., во рамките на она што е остварливо како економија, како живот на еден човек итн. Се што ни коинцидира на тоа, се од страна, ние во овие три, четири години се искажавме овде убаво и народот знае за нас.

Сега ако дискутирам како пратеник на ПЦЕР би поставил некои прашања и би требало да речеме да се постави прашањето дали само СДС, Либералната партија, Социјалистичката партија без еден пратеник од ПЦЕР, Уставот, Референдумот итн. сето тоа го изработија, го направија дадоа труд итн. Би рекол, не. Сите заедно. Овде имаше и пет минути до 12 кажување: сите сме за референдумот, се ангажиравме, го поминавме референдумот и ете успеавме, создадовме независна држава Република Македонија во која граѓаните ги остваруваат своите права, или ќе ги остварат своите права малку повеќе кога ќе бидат малку побогати итн. Дали Министерството за образование и министерот за образование господинот Бајалџиев е крив што не може еден час на факултативна основа да учат ромските деца на ромски јазик. Сметам дека не е тој крив во таа работа, затоа што има и меѓу моите роми некои таму јаничари кои што постапуваат поинаку. Јас верувам тука се директорите на училиштата па ќе го направат тоа. Нема што да ја обвинуваме дека Владата е крива. Или да речеме дали Владата е крива заради тоа што Македонската радио- телевизија вршејќи пренос на еден фестивал наш интернационален Шутка фолк фест, па изработи и касети, видео и аудио касети, ама скоро ништо не дала како реклама за да се продадат тие касети. Па не е Владата крива. Самото раководство тоа ќе го види. Тука не можам да ја окривам Владата. Сега имаме нов директор таму, па веројатно ќе стори нешто. Да речеме сега имаше попис, дали Владата им рече на некои оџи од Источна Македонија таму, да речеме

од Струмица од каде што е господинот Зимбаков, па Радовиш, од Штип ромите мора да бидат турци. Нема врска Владата. Тоа е нивна кривица, односно тие чувствуваат дека се турци, луѓето турци се, тоа е тоа што има понатаму? Зарем Владата им кажа?

IX/1.-РД/МЛ

**ФАИК АБДИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Дали Владата е крива што веќе 50 години сум пратеник на Ромите. Во овие 50 години во најголема беда и мизерија најголем дел од Ромите живеат во цела Република Македонија, вклучувајќи ја населбата Шуто Оризари, за што мене ме прават виновен од Шуто Оризари и мислат дека јас треба да стално да станувам тука и треба да зборувам Шутка, Шутка, Шутка. Јас тоа не го правам. Има 50 години поминато. И тие од Шутка и цела Македонија треба да знае дека ние во Македонија сме во криза. Немаме средства. Лека полека ќе си најде свое место на решавање. Не може тоа одеднаш. И стечајните работници треба да го знаат тоа и пензионерите. Ние не сме Австралија да имаме еден пензиски фонд кој што инвестираше колку каде да добие интерес. Тоа се однесува и за стечајните работници и за пензионерите и за нас утре. Овде се зборува за мир и само за мир дека е постигнат мир, дека добро живееме затоа што сме во мир и дека тој мир е привремен и може да дојде до не знам што. Мора да бидеме внимателни што правиме. Зарем не е добро што го сочувавме мирот. Интересна работа. Не би смеел да речам дека се наоѓаме во Шуто Оризари. Таму велат крив е Фаик, Фаик, Фаик. А овде кој е крив, дури и претседателот го прават крив. Во цел свет капа му симнуваат, а ние овде го правиме виновен. Нели е тоа срамота. Тоа е срамота богати. Можеби погрешно мислам, меѓутоа јас така мислам, не можам поинаку да мислам. Донесовме Закон за државјанство. Замислете доаѓа полицаецот во мојата куќа да ми носи државјанство за мојата ќерка која што живее во Австралија. Нема за мене, нема за сопругата, нема за синот, Владата е крива, Фрчко е крив. Со вре- ме ќе се добие и тоа, се разбира оној кој што има право на тоа. Меѓутоа, има луѓе кои што 50 години живеат овде и не добиле, но ќе добијат. Само јас не знам дали сеуште се плаќа тоа 500 долари. Еден

пензионер ми вели ако имам 500 долари повторно ќе се оженам, што значи тоа е многу голема пара. Тоа не држи воопшто. Каков смисол има барањето за доверба на Владата, односно оставка на Владата, кога некаде во октомври претседателот на Парламентот г-динот Андов ќе донесе одлука за распишување на избори. Каква смисла има сето ова? Бидејќи сме кажале многу работи на кои некаде имаме право, некаде немаме право, мислам дека оваа законска процедура или барање е до 24,00 часот тоа да се изгласа, замислете до 24,00 часот во оваа топлина да се седи и да се зборува и да се слуша и да го спомнам господинот Митко Анастасовски, јас не би рекол дека е толку неписмен, па да не можел да го разбере моето писмо, кое на мое барање и молба претседателот Андов или секретарот го даде на целата јавност, односно на сите пратеници кои го имаат тој текст. Како можел да зборува и како можел да мисли, можеби се шалел човекот. Таму јасно и гласно стои. Ако не стои тоа мислам дека човек треба да биде писмен, макар да знае, политичар да биде итн. Јас не верувам дека денеска ќе и изгласаме недоверба на Владата, јас не верувам во изјавите за нечесноста за одредени работи што ги кажаа по име и презиме. Интересна работа, луѓето имаат во вид како да имаат се. Како да е некој оџата од Битола па им кажува се што се случува во Македонија во Министерството за внатрешни работи,во другите министерства и не знам како доаѓаат до такви сознанија. Тоа се интересни работи. И се тоа се кажува токму тогаш кога нам ни е потребно полно единство овде, ни треба единство заради влегување таму каде што сакаме да влеземе. Да бидеме навистина рамноправни со други држави. Сакам да ви кажам една работа, иако имаше една емисија Глобус, јас не ја гледав таа емисија, затоа што прв пат бев во парламентарна делегација да ја посетиме Ал- банија, Парламентот на Албанија и од првата средба, после Свети Наум до Драч

IX/3.-

и враќањето назад не носам лоши впечатоци од разговорите, но како што стои во нашиот член 49 во Уставот на Република Македонија веројатно и во Уставот на Република Албанија стои некој член таму каде што зборува за грижата на своите сонародници и граѓани, на нации надвор од матичната земја. И тоа секаде беше потенцирано. Не е лошо ние да соработуваме со нашите соседи да ги сослушаме и во рамките на нашите можности да се оствари она што е можно. А мислам дека како што велеше еден стар човек, многу познат политичар, ако седнеме да направиме муабет, белким ќе се разбереме. А ние треба да седнеме и да се разбереме зашто многу е лошо клупите да ни бидат празни и луѓето да избегаваат да доваѓаат на седница, затоа што имаат огромни задолженија, не сакаат да губат овде време ко бајаги да земат овде некоја дневница итн. Фабриките се во нивни раце и меѓу тие директори кои ги окривувате многу има перфектни луѓе кои што добро ја водат работата во свои раце.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам сега да одиме на пауза.

Ќе продолжиме во 17 часот.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Дали некој бара збор?

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ поднесе голем број на Предлог-закони и поднесе голем број амандмани на законите со кои во изминатите години се градеше нашиот стопански, финансиски, односно економски систем.

Во продолжение ќе укажеме на овие закони и одделни наши Предлог - решенија по нив.

IX/4.-

Прво, закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Ние во поглед на приватизацијата поднесовме преку 80 амандмани на сега важечкиот закон за трансформација кои не беа прифатени од Владата. Со овие амандмани баравме тогаш, а и сега укажуваме: правичност во приватизацијата, односно во приватизацијата да учествуваат сите граѓани на Македонија, како создавачи на капиталот што треба да се приватизира. Баравме поголемо учество на работниците во приватизацијата, преку поголем попуст и купување на акции и подобрување на можностите за отплата на акциите. Баравме да се спречи грабежот на општествениот капитал преку трансформација со предлог некои раководни кадри - луѓе, директори и слично, да не учествуваат во приватизацијата во својата фирма, односно тоа да биде лимитирано до одреден износ. Бевме против при купувањето на претпријатијата да се даваат петгодишни рокови на отплата на одредени категории луѓе со 10% или 20% учество да ги купат претпријатијата и баравме тоа учество уште на старт при купувањето да биде 51%. Баравме да се спречи приватизацијата преку формата на режиран стечај.

Со други зборови, укажавме дека тој закон овозможува грабеж на општествениот имот, нелегално богатење на одредени луѓе, доведување до стечај на претпријатијата, само заради приватизација, отпуштање на работници поради приватизација и слично. Сведоци сме дека сите овие наши укажувања се покажаа како стварност. Основен кривец за ова е Владата.

Во однос на пресметковниот систем и во областа на Законот за сметководство исто така поднесовме голем број на амандмани. Тој систем требаше да обезбеди реална евиденција и проценка на средствата, спречување на грабежот на општествените средства, реално

утврдување на резултатот од работењето, точно утврдување на даночната обврска на секој субјект.

Предложениот Закон за сметководство од страна на Владата овозможува нереална евиденција и проценка на општествените средства, легален грабеж на општествените средства, прекривање на давачките кон државата, односно пресметковен систем со кој се стимулира ерозијата на општествениот капитал. На тој закон поднесовме преку 7 0 амандмани со цел да се спречат сите горенаведени пропусти во Законот. Ниеден наш амандман не беше прифатен од страна на Владата, а сведоци сме дека една година од примената на Законот и самата Влада во своите писмени информации укажува дека имаме голем број на неправилности во работењето со општествениот капитал, штимања на резултатите на работењето со цел легално да се обезбеди неплаќање на даноците и придонесите кон државата и да се изврши грабеж на општествениот имот. Тој Закон овозможува да се плаќаат даноци и кога претпријатијата работат со загуба.

Голем број претпријатија кои немаат исплатено плати, плаќаат данок од добивка и други давачки. Со нашите амандмани ние понудивме решенија за овие пропусти што не беа прифатени.

Во сферата на даночниот систем и Законот за данок од добивка, Законот за данок од добивка кој се применува шест месеци е основен закон со кој е изграден нашиот даночен систем. Тој даночен систем кој беше предложен од Владата обезбедува: нереално оданочување на стопанството, односно оневозможување на плаќање на данок од добивка и кога претпријатијата работат со загуба. Со тој закон се зголемува товарот на стопанството со што тие претпријатија преку одземање на акумулацијата, се разбира, ако воопшто постои, се водат во стечај. Обезбедува легално прикривање на данокот. И на тој закон поднесовме

IX/6.-

преку 20 амандмани и понудивме решенија да се отстранат сите погрешни решенија во Законот. Сите амандмани поднесени од наша страна, Владата ги одби.

Бевме сведоци исто така, преку различни извештаи на Владата и други субјекти во Македонија, поради ваквите решенија на Законот, голем број на претпријатија се. однесени и секој ден се носат во стечај.

Во однос на Законот за промет на производи и услуги, данокот на промет како основен извор на приходи, треба да обезбеди реално оданочување на сите потрошувачи, правична распределба на даночниот товар на сите граѓани, наплатливост на данокот и јасна и прецизна даночна обврска.

Предложените измени на Законот од страна на Владата не ги обезбедија овие атрибути. Поднесени се исто така петнаесетина амандмани, со кои понудивме ефикасен даночен систем и отстранувања на сите слабости што ги имаше предложениот закон од страна на Владата. Исто така, тие амандмани не беа прифатени.

Денес сме сведоци на избегнување на плаќања на оваа даночна обврска, големо оптоварување со данок на одредени слоеви на граѓани, посебно социјално загрозените граѓани, преку плаќање на данок на одредени производи кои се нужни за живот. Прикривањето на данокот ан одредени претпријатија е масовна појава. Нафта, цигари, алкохол и други. Прошетајте се низ Македонија, ќе видите дека се продаваат цигари, алкохол и други стоки по многу пониски цени како резултат на прикривање на данокот. За сето ова се разбира, е одговорна Владата.

Во однос на банкарскиот систем, Владата предложи Закон за банки и штедилници, со кој се поставени темелите на нашиот банкарски систем.

IX/7.-

Со овој закон голем број прашања од оваа област не се решени и тоа: во областа на основањето на банките, акционерството, девизните штедни влогови и нивното враќање. На тој закон поднесени се преку 17 амандмани со кои се бараше поголема слобода во основањето на банките, посебно приватните и мешовитите банки. Предложивме решенија за враќање на девизните штедни влогови. Ако се прифатија тие решенија секако дека тие проблеми не ќе беа решени во целост, но ќе беа далеку ублажени.

Во областа на царинскиот систем исто така, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ поднесе голем број на амандмани на Царинскиот закон, што го предложи Владата, а кои од нејзина страна не беа прифатени.

Дадовме предлози за менување на режимот на царинење на репроматеријали, опрема и автомобили, односно намалување или укинување на царините за тој вид производи кои се од животно значење за стопанството и граѓаните во Македонија. Сите овие амандмани од страна на Владата не беа прифатени.

Сведоци сме дека со набавката и царинењето на опремата и репроматеријалите се блокира, односно повторно се прави застој во нашето стопанство. Овие проблеми се јавуваат секојдневно.

Да ја спомнам и Стабилизационата програма. Пратеничката група даде голем број забелешки и беше против донесување на ваква Стабилизациона програма. И тогаш укажувавме и сега дека монетарно - кредитната политика ќе го доведе земјоделството на работ на пропаста преку намалување на производството и прометот. Ќе доведе до пад на платите и нивно неисплатување. Ќе доведе до огромен пад на производството со што ќе се загрози опстанокот на стопанството. Ќе доведе до висок пораст на даноците и придонесите со што ќе се зголеми

товарот на стопанството и ќе се доведе во прашање неговата егзистенција. Ќе се блокира целокупната економска активност во Македонија која и така е блокирана со санкциите против СРЈ и соседите што не опкружуваа. Ќе доведе до бројни стечаи во претпријатијата. Сите овие појави го притискаат со сета сила економскиот, социјалниот и политичкиот живот во Македонија. Тоа може до крај да ја дестабилизира Македонија и да донесе огромни социјални тензии. Единствениот позитивен индикатор кој го истакнува и со кого се фали Владата, е падот на инфлацијата и стабилноста на курсот на денарот, што не е спорно. Но тие"позитивни" појави се пропратени со огромен пад на производството, пад на извозот, увозот, прометот, односно тие големини се јавуваат како последица на умирање на економскиот организам на Македонија.

Бидејќи понудените решенија на Владата не ги дадоа, по мое мислење, очекуваните резултати, а нови не се нудат за излез од оваа тешка, економска, политичка и социјална криза, мислам де- ка Владата треба да си замине.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Избирачкото тело во 1990 година не гласаше за ваков однос на политичките субјекти, ниту за македонската коалиција, ниту за владеачката коалиција, ниту за позицијата на оние кои што изнудено се доведоа сами во опозициона улога. Мора да чувствуваме одговорност што самите во изминатите четири години на неколку па- ти ја сечеме можноста со предвремени избори да се доведе односот на политичката структура во рамките на овозможување на еден амбиент кој што ќе понуди излезни решенија од кризата на Република Македонија. Расправаме за доверба на една Влада која е непосредно пред завршување на својот мандат, во ситуација кога владите во практиката

IX/9.-

на другите држави за да го избегнат впечатокот на сопствена- та неспособност во решавањето на тековните работи би посакала со политички маневар, со играта на својот мандат на крајот да ги неутрализира некои негативни оценки пред да партиите што ја составуваат влезат во редовните избори или вонредни, доколку такви се проценуваат.

X/1.-cc/jc

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:** (Продолжение)

Оттаму, со претпазливост и внимание треба да се следат активностите слични на оние кои што денес како иницијатива на опозицијата се поднесени во парламентот на Република Македонија. Бидејќи, евидентно се работи за време што не е логично за поднесување на вакви иницијативи, задоцнето од еден аспект или пребрзано од аспект на стекнување на политичка сцена што би требала да се случи непосредно пред самите избори, сакам да укажам на следните факти:

Прво, дека и позицијата и опозицијата го изгубија својот кредибилитет, па која е таа комбинација што е можна од овие политички субјекти да поверуваме дека тие за наредните два- три месеци ќе можат да седнат да состават влада или било која од другите институции, доколку дојде до оваков расплет на ситуацијата која што претпоставува и пад на оваа влада.

Истовремено, да потсетам дека бевме сведоци дека и оние кои се во опозиција, дури и од таа своја позиција вешто ги правеа истите оние повреди во правниот поредок за кои што/обвинуваат денес позицијата.

Бројните дуели на телевизијата и преку средствата за информирање покажаа дека и двете страни се инволвирани во она што значи организиран криминал. Само, прашањето се сведуваше кој повеќе ги злоупотребува своите можности. Не би сакал да учествувам во политичка игра заради некоја комбинација на некоја можна влада за која е тешко да се претпостави, прво дали може воопшто да се состави или како би таа изгледала, за да се оствари можност некој, кој и онака дури и кога не учествува во власта би посакале за два-три месеци да го

надокнадат она што сметаат дека би можеле повешто да го злоупотребат од новата позиција во овие неколку месеци што би останале до изборите. Примерите за злоупотребата на позицијата и опозицијата во врска со аферата со станови, со разни злоупотреби на локално ниво на управа, јасно покажуваат дека не е проблемот во македонската политика во стандардната насока на она што би требало да претставуваат интереси, па дури и она што е негативно лично или групно на партиите, туку исклучиво се работи за проблем на луѓето кои учествуваат во македонската политика.

Според мене, многу е поважно да се излезе од блокираноста на македонскиот парламент, а прашањето на Владата, автоматски доколку тоа прашање би се решило ќе се има свој логичен расплет. Затоа, се уште мислам дека принципиелно решение е поместување на изборите од ноември во септември, односно да најдеме храброст и ние пратениците да го прифатиме најпрво нашиот дел од одговорноста за она што се случува во Македонија, а за што укажав немаме ниту чесност, ниту храброст да ја пресечеме ситуацијата на неколку пати во изминативе четири години.

Инаку, иницијативата може да се смета како уште еден наивен политички потез на опозицијата, и испробување на механизмите на позицијата преку системот на разни телефони. Најпрво, произлегоа некои соопштенија на некои нови "продавачи на магла", на македонскиот народ за потоа да следи оваа иницијатива во македонскиот парламент. Бидејќи не може да биде оправдан еден ваков политички потег ако се знае дека оваа влада може да падне само ако сама го организира своето паѓање.

X/3.-

Затоа, мора на оваа влада да и го оставиме мандатот за да ја понесе целосно одговорноста за она што се случува во Република Македонија. Само избирачкото тело може да пресуди на владеењето и на политичките партии кои ја составуваат и Владата како институција па и на Парламентот во делот каде што е сочинет од мнозинството на овие партии.

Од сите тие причини сметам дека би било неупатно политички да се учествува во гласање во една ваква фарса со познат исход и со крајно негативно политички инпликации, непосредно пред изборите во ноември 1994 година.

Затоа најавувам дека нема да учествувам во гласањето односно во моментот кога ќе треба да се гласа ќе ја напуштам работата на Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-дин Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници од оваа говорница не сакам нешто да филозофирам, туку веднаш би преминал на некои забелешки во однос на исполнувањето на закон- ските прописи од страна на Владата.

Како прво, Законот за попис, Собранието на РМ донесе закон со кој се кажува како ќе се спроведува пописот. Беше нагласено дека само со набавени документи, лична карта, пасош и други документи да се изврши попис, а тоа веднаш се изврши и прекршување на законот и тоа законот го прекршува оној што не го донел. Како јас мислам дека законот може да

го измени само оној што го донел законот, а Владата е извршен орган и треба да го спроведува онаков каков што беше и донесен. Дали исправен или неисправен, стар или нов закон, додека тој важи, важи за Владата како извршен орган. Дури до таму отиде Владата, го овласти Заводот за статистика да донесе нивна Методологија за спроведување на пописот. Која е таа Методологија за спроведување на пописот? Се знае што Методологија е таа. Значи врзување на очите. Значи да се измени Законот, да се дозволи да се попишува се што е дојдено се што нема документација, само да се попише. И, од една куќа во друга, од друга во трета истите, дури како што е речено дека се попишани и нема толку членство колку што се попишани во пописните листи.

Законот за царината, донесовме Закон за царина, за намалување на царината на патничките возила до 2000 кубици 5%, над 2.000 кубици 10%. Во текот на овие денови се разбра од граѓанството дека, јас од нив разбрав, Владата донела друга, се по- качува царината. Значи, веднаш се врши прекршок на Законот за царина. Истиот случај, кој треба да го донесе тој закон? Извршниот орган треба да му предложи на Собранието ако требаше да се измени тој закон, а не таа да работи на свој начин, да го прекрши Законот да се воведе царина на онака донесениот закон за царина.

Исто така, беше речено тракторите и земјоделските машини да немаат царина. Беа ослободени. Со кое право, сега јас разбрав, дека ЗИК "Пелагонија" што ги набавила, механизацијата, подлежат на царина. А, штом велиме трактори и земјоделски машини да бидат ослободени требаше да бидат ослободени и со кое право тие сега се оданочуваат и онака оштетеното, со ниски откупни цени ова наше земјоделие кое вложува труд по секоја цена иако ние го уништуваме, а тоа се труди да

направи производство за исхрана на овој наш народ, ние пак одиме против него да го упропастуваме, со тоа што се воведува вон законот царина.

Со Законот за приватизација се направени огромни грешки каде што се доведуваат претпријатијата силум под стечајна управа, со цел да се откупат тие претпријатија по онаа цена како што е тоа по пописот прикажан во СОК, така што за многу ниски цени да можат да го одземат и преку ноќ да станат сопственици. Разли- ката на оваа приватизација со старата, онаа национализација, нема голема разлика. Јас и порано реков, затоа што се одземаше порано од многу мал број работни луѓе кои спечалеле во странство и со тепање, затворање се создаде општествен капитал од нив, а и тој капитал сега, целиот македонски народ што го сотварува и што го создаде и сега се дава на мал број да го приватизираат без да вложат свои средства во него. Зошто не се покануваат од странство кој сака по вистинска процена да го откупи претпријатието и кои гарантираат за неотпуштање на работниците и да гарантираат за целото производство.

Во Законот исто така беа поднесени амандмани за сте- чајните работници кои по 20-30 години вложиле голем труд и својот живот го поминале во тоа претпријатие, беа исфрлени и на улица и сега се исфрлени на улица, а бараме со проценката на Законот, со проценката на општествениот капитал да се внесе уште еден член со кој при проценката ќе се издвојуваат средства за стечајните работници се додека бидат вработени или бидат пензионирани или на друг начин се создадеше друг однос. Тоа не се стори, луѓето се оставија пак на цедило да шетаат по градовите, по собранијата со разни митинзи и штрајкови за да се стори. Меѓутоа, ништо не се помага Со зборови решето не се полни.

X/6.-

Исто така, ова Собрание избегнуваше заради соочување на власта да не дојде во паѓање, не го донесоа грбот на Република Македонија и така сите овие државни документи, пасоши, лични карти се издаваат како обични сликовници или потези за прибележување, бележници.

Исто, не го донесоа Законот за локалната самоуправа. Зошто? По истиот случај што му претеше опасност од паѓање и сега вака само може на овој начин да не се донесе Законот на локалната самоуправа, да не се донесе Законот за судовите и само така може да се царува.

Законот за денационализација три години во програмите на Владата стои тука за донесување и се уште не е донесен, иако тој закон не можеме да го издвоиме од Законот за приватизација на општествениот капитал. Зошто јавноста ја лажеме кога тој самиот внатре си противречи во првите три члена се вели враќаме тоа, враќаме тоа, а долу ако не е во блок, ако не е општествено, значи ништо не враќаш. Ги лажеш. Самиот закон ги противречи во долните членови. Тоа значи ништо не е сторено и нема да се донесе се додека не се најдат други сили кои можат тоа да го сторат.

Неколку пати, арно вели актерката, "штедачите не" туку "шетачите" ги направивме шетачи да шетаат по градовите и веќе да го запознаваат и странство, ништо не е сторено иако беше ветено дека ќе се кажат каде се парите, кај кого се, кој зел и колку зел и кога ќе му се вратат тие. Значи, никогаш тие тоа нема да го доживеат, туку се донесе заклучок да им се дава по 100 марки, а тие 100 марки додека ги извадат документите да ги земат треба 50% да потрошат.

X/7.-

Не се исплатени малите пензии. Само Владата најде сили на оние од кои страхува, сите пензионирани службеници од СВР да им исплати разлики за сите пензии, а за сиромаштијата не најде пари малите пензии да ги исплати. По два-три месеци неисплатени, а за нив разлика за досегашните пензии. Значи, знаат стравот каде е, каде е волкот и таму маваат. Не ја бараат трагата, туку волкот го знаат каде е.

Досега што се носени закони, сите се закони со измени и дополнувања на малите казни. Значи, да се казнуваат многу а не целосен закон што ќе ја регулира правната законска одредба од една област. Туку, само измени и дополненија во Законот на членовите за казнените одредби. Со тоа сета работа, вели Владата, дека донесовме толку закони. Треба да рече закони за измена и дополнување на казни.

Исплатувањето во натура кое Владата го дозволува во сите претпријатија со половинка прасе, со пита кашкавал со јајца со други работи, со тоа се нанесува огромна штета не само на самите работници кои ќе си купат ако му треба кога ќе му дадеш личен доход, меѓутоа, се прави проневера на придонесите за другите јавни служби како за здравство, пензискиот фонд, образованието. На тој начин, не можат да се обезбедат средства за образование, за здравство, за пензискиот фонд и другите општествени служби.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (продолжение)

Ништо не е сторено во однос на вработувањето. Наместо да се намалува тој однос, од ден на ден се наголемува. Во земјоделството и покрај ниските откупни цени, се исплатува со задоцнување од по два- три месеци производите, така што до конечното исплатување со тогашните инфлации се доведуваа луѓето некаде да им се зависи од кој производ и колку од 50,60 до 30% со инфлацијата да му ги изеде парите.

Исто така, покрај тоа донесовме закон со кој рековме репроматеријалите, деловите, машините и другите ги изедначуваме со општествениот сектор, така што нема повеќе набавување со писмо за репродукција, приватникот да го купи истиот за 50% поскапо, а стопанската организација да го земе 50% со писмо со репродукција поевтино. На сите производи се задоцнувани исплатите, да не ги редам тука, тутун, сончоглед, репа, пченица и други, каде што се нанесува огромна штета околу снабдувањето. Прескапите семенски други репроматеријали каде што, иако се наголемија нешто извесно цените на откупните производи,веднаш се направени скокови на вештачките ѓубрива, на семињата, на другите делови, на нафтата, така што воопшто не останува ништо на производителот, оној кој директно е сврзан и работи. Затоа, има толку многу што еве на пример во тутунот луѓе што заседа многу, а сега не садат, заради тоа што нема да извади за еден или два работник како што ги зема во годината а работи со цела фамилија.

Во даночната политика е направена и ваква работа во последно време каде што ако од минатата година од 19 91 или 19 9 2 година му останал должен или не се надокнадило 50 денари, или 10 денари, луѓето не се опоменувани и не е поднесена опомена дека тој должи исплаќање

уште 10 или 15 посто треба да го плати тогаш, туку се чекало, да помине 1 или 2 години, така што сега како да има судска пресуда тој даночен обврзник и од тие 10 или 50 денари со пресметување затезна камата од 2% дневно и сега нагло на овие земјоделци, селани и други граѓани со други имоти им се наплатува по две до три илјади денари, пораснале тие 50 или 10 денари, з ависно од една или две години, со пресметка, со затезна камата од по 2% дневно. А јас знам дека треба, прво, да бидат опоменети луѓето, а после ако не се плаќа, да се преземат казни. Кој знаел дали тој должел 10 или 50 денари. Такви случаи може би во другите градови нема, а во Битола веќе нагло се променува и има голема реакција од данокоплатците.

За да може Владата и другите високи органи наместо да вршат посети онаму каде што ги канат, каде што има проблеми во стопанствата, во фабриките, во индустриските, како РЕК, ЗИК, Пивара, во Битола ги спомнувам шеќерана, секојдневно е барано од пивара да се појде на лице место да се реши проблемот со фабриката, да се реши проблемот со увоз на недозволен шеќер по стандард и нечист, за да може фабриката да работи, а во недостиг на фабриката што ќе преработува да се донесе шеќер, тоа не е сторено, немо же да најдат таму, а наоѓаат место да одат на промоција на книга, на списание на весник, на седенки, на фестивали, секаде наоѓаат место и по два дена да шетаат, а не најдоа место ниеднаш да ги посетат овие да ги видат проблемиве на овие, иако ништо не им сторат, барем да поведат еден разговор да ги сослушаат нивните маки зошто и како, кои се проблемите, дали можат да се надминат или не можат, било во сите овие фабрики што ги набројав и секаде. Лесно е каде што има софра ставена, лесно е каде што нема критики, лесно е каде што нема бунтови, лесно е каде што нема штрајкови, ами овде му е мајката на  промоција. Еве на пример

некни промоција на весник. Кој е тој толкав весник поважен од крупното земјоделско стопанство ЗИК "Пелагонија", кој требаше да биде организатор и таа цела работа да ја сносеше и таму да се организираше, а се направи во "Мисирков" промоција на весник зора, кој не знам тој колку ќе биде земјоделски, оти ние имаме имиња да најдеме на земјоделие, Житен клас, Златен клас, земјоделие што треба да биде се вика и на тој начин да го добиеме селанецот да го чита тој весник, а не да правиме други имиња да му поставуваме каде што нема врска со земјоделството. Зошто само се оди, дали не можеше да се издвои малце време да се посети тој гигант со тие огромнимашини да се види кој посед таму, каква е работата, колку увозија, на кој начин, а само беше важно за Владата и другиот функционер, кој ја посети промоцијата на весникот збогум мајко, што вели оној артист Куршум во чело и збогум мајко.

Се оди зошто, јас и порано го покренав прашањето кога одат функционериве сите Владини министри, па дури и претседателот не ги повикува пратениците од опозицијата, туку само пратеникот од позицијата. А зошто е таква работата, и на сите седенки истото и на сите други работи каде што се оди. Јас сметам дека таму треба да бидат сите повикани, а политичката работа да се води во партиите надвор, а кога ќе бидат ваквите седенки, посети на фабрики, штрајкови тоа треба да биде заедничка работа на сите, а после се води политика во партиите внатре. ДА ви кажам на пример неколку пати беше ургирано да се посети фабриката за шеќер. Денес нема време, утре нема време, а некни цела Влада можеше да дојде да ги шета изборната единица во Битола број 7 каде што сум јас, можеше да ги прошета тие села, а не можеше да појде да ги решат проблемите на шеќерната фабрика. Ако му стало за тоа, нека речат кого сакаат нека го кандидираат таму, нека добие не мора да се кршат 10 -15 мерцедеси и да се шетаат по селата, со население од

15 или 20 куќи. Владата и денес иако неколку пати инсистиравме не најде за сходно да го реши проблемот и да излезе, иако јас барав понекогаш неколку пати анкетната комисија да излезе за случајот со рек, а сето тоа се држи во тајност. Зошто? Ако е тоа чисто нека излезеше на лице место Комисијата и ќе рече дека е навистина тука нема малверзации, вака е направен, природен или од некои други, зошто тоа се крие. Секое криење сведочи дека тој е крив што го сокрива и што не сака да му се провери.

Истиот случај ќе го наведам со разгледувањето на фабриката Силекс. Еве го извештајот на анкетната комисија каде што му прети, прво, вели финансиерот е болен не може, па потоа вели дека ако дојдете не ви обезбедувам безбедност, можете да бидете линчувани Така, Комисијата не може да ја врши работата. Ете каква е работата на сите. Значи, на нас се препишува дека сме силеџии, а еве го силеџијата. Ќе го прочиташ извештајот, пак ќе видиш, дали сакаш да го донесам, него,тука е. Ако сакате ќе го донесам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Мицевски, продолжете. Господине Мицевски, ви укажувам немојте да се надевате секој вам да ви верува и вие не верувате на секого. Зборувајте си вие понатаму. И продолжете Ве молам, пратениците немојте да упаѓате во неговиот говор. Да продолжиме со работа.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Мешање на Владата во судот Битола и да ги укине, суспендира судиите кои требаше да судат за работниците кои имаа покренато судска постапка, зошто и како се разрешени. Ние сме правна држава или џепарска држава сме. Или на некому тоа му одговара. Зошто не се

дозволи судот да изречеше пресуди, туку се суспендираа и сега лежат во фиоките. кој е тој што му нареди да дојде, а ние го знаеме кој господин дојде таму и кој му рече. Ќе го кажам, убаво ќе му кажам. Овде беше речено и од Владава и од сите да не се плашиме дека нема да биде ова име признато Бивша Југословенска туку тоа ќе биде само за два месеци. А јас тогаш ви реков дека 8 месеци тие нека биде ако го смените, јас ќе ви признам дека оваа наша партија слабо водеше политика а вие ја водевте убаво и ви честитам еве го вративме уставното име. Што се случи сега со тоа? Покрај тоа што не го добивме ни тоа, ни другото, се водат сите документи надвор на БЈРМ. Од каде сега барате вие да бидат на Република Македонија. Кој ќе ви го создаде тоа нешто. Имате ист случај со Комисијата на министерот за земјоделско, го раневте цела недела тука од Албанија. Ве лаже, лаже, лаже тука тој ора со плугови таму и копа со копачи, ве излага вас, го однесовте до граница не ви го потпиша договорот. Баравте република, не сте Република Македонија. Дали е така или не е така? Тој да ве излаже вас со најсовремена механизација Македонија раобит со големи приноси, а тој што копа со мотика и ора со рало ве зафркна, го раневте една недела тука , го однесовте во Охрид да си оди и ви рече не го потпишувам договорот, зашто не сте вие Република Македонија, туку сте БЈРМ. Ете до каде се работите.

Се правдате постојано Европа ни наредува за име, за она. Како најде само на вас да ви наредува Европа, зошто не и нареди на Грција да измени, зошто не нареди на Бугарија, зашто не и нареди на Албанија, на Франција,на Англија. Англија и денес води борба жртви има, кај нас само мора мора вие да признавате. Во франција да ви кажам и вака, овие денови Франција донесе закон, разбрала дека низ Франција многу англискиот јазик, почнал да се зборува јавно и секаде во установи и друго и веднаш носи закон за забрана на употреба на такви места само

да се заштити нацијата и француският јазик. А ние донесовме закон на шест јазици да се попишува. Јас не знам дали има и други кои не се регистрирани, овие нерегистрирани во Европа и на секаде, а ние носиме на тој јазик да се прави попис. Кој знае уште што некои чуда ќе направите за да се оствари оваа власт жива.

Одење во странство, што стори г-дин Стево Црвенковски не е дојден од Шујорк, не е дојден од странство, кои се неговите резултати, каде се тие резултати и што тој везден мајка бара таму кога ние имаме ополномоштен таму во Обединетите нации, не повеќе знае Стево Црвенковски од Денко Малевски. Каде е тој Денко Малевски, зошто не му се даде онаа препорака, ова ќе застапуваш, вака ќе направиш, туку везден овој таму аа-а, аа-а таму. (општо смеење).

Значи, трошење на и така сиромашниот буџет и цицање сиромашка крв на селанството и на работниот народ. Овде малку оозата на мирот со господинот министер од културата. Тој не е тука, но што ако не е тука, имаме многу ми е гајле. Оаза на мирот, ако не ние ќе сме предизвикале војна. Кој не пречеше нас да предизвикаме војна со две ловачки пушки, зборам конкретно за Битола кога бегаше таа армија, само да спукаме ние, тоа чекаа, да се скараме, ако сакаме ние ќе спукаме, таа војна беше наметната. Никој во Македонија не сакаше да наметне. Ние знаеме колку сме способни и колку можеме со она силно оружје што го повлекуваа тие да се бориме. Немојте да вадите со врела рака костење од оган. Оазата на мирот никој не ја спори, оазата на мирот ја создаде самиот македонски народ, свесен дека така треба да биде и никако повеќе, а не ние оазата на мирот ги сочувавме домовите, кои домови ги чувавме да не ги тепаат децата незнам таму. Чии домови чувате. Потоа, вели господинот ние сме сакале војна, а тој Турчин ќе не спасел. Ооо,мајко мила. Сега јас ќе предизвикам неред во мојата куќа а комшијата ќе

XI/7.-

ме брани. Гнаса е оваа работа, луѓе немојте со вакви работи. Значи комшијата,јас ако не сум способен тој ќе дошол и ќе создадел мир. Сега јас го нејќам макмедонскиот народ, Гунер го сакал нашиот народ И вели за бради. Тие неколку мина се со бради. Ѓорѓи Сугаре, чист обричен фин човек и други и трети. Имаше полно, тој носи брада. Другите не носат бради.

XII/1.-JJ/OM

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Господинот Гунер брани став, а знаете Вие што мака Битола мачеше за изградена џамија на црква Свети Спас, празно место, освоено од стопанство не сака да го даде за да се изгради божем таму ) вила, џамија. Што ако била џамија, некогаш била сега не е. А тој господин Гунер човек за културата дали да_ речеме ќе преговара со Турција, Света Софија во Цариград што е претворена во Исак џамија, како се вика таму, да ја ослободат да стане наш рисјански црковен храм таму. Таму нека се замеша, кај што е врело, а не овде да присвојува. И со тоа пак ја осетија и им зедоа 50 метра површина. Ете го тој кој ја сака војната, кој ќе не брани нам. Тоа значи може тука да ја брани џамијата, а таму не може црквата да ја брани.

Е сега една друга работа, јас не знам, само ќе ме извиниш, не сакам за тебе но тука си во кошот , а не си таков (му се обраќа на Бекир Жута) Уставниот суд донесе одлука укинување на потпретседателски работни места. Ами сега ним им е местото во стечајните работници, да ги организираат, а не овде да ми седат министри. Поготово овој г-дин никогаш не поднесе оставка, барем си е прав, а овие двајцата што поднесоа оставка, не идеа толку време и сега пак седат тука. А еден работник три дена не дојде на работа ќе го истераме од работа. Значи за нив важи законот за нас не важи. Поднесена оставка и се враќа и кога сакам идам кога сакан нејдам. Устав ли е ова закон ли е, прав- на држава е? Што е тоа? И која е таа Влада што формира министерства за координација. Кај ги најде тие кординации во која држава ги има тие координати и каде има такви министерства за координација. нема што да измисли, ајде министерства за координација. Утре уште кој знае што ќе направат - министерства за посета на промоции уште треба да направиме. До денеска не е преземено ништо и што е направено за убиството

за детето. Во право што се вратени телеграмите . не е доволно со изразување на учество. А јас Ве прашувам и му велам да се сродите со албанките таму за да нема така , а се извинувам малку, ама постариот не е тука ама вистинито е , кога би било така тие да му пратеа на овие тројца за сочуство на нивните синови отепано, па тие да не бодреа да направат пријателство со мајките албанки с,о жителство таму. Значи 100 стапа по туѓи плеќи не се ништо, а еден плус својот ќе боли. За мене е прашање дали е тоа оаза на мирот. Што е сторено досег што е преземено. каква е таа databse миродобна состојба да ни гинат луѓето. Заради што е ова. Значи правите што сакате ама не бегајте од коалицијата. Колете, бесете, тепајте, само тоа што треба да останеме во коалиција. Еве го тоа и ќе си останете и уште многу години ќе живеете

Ништо од обласста на образованието не реков. Не може да не се спомне за него. неколку пати инсистирам и е барање на сите школи дека по погрешка се префрлени забавиштата во градинките каде што немаат никаква врска. Забавиштата се зачеток на основното образование и оттука почнува натамошното воспитание и образование. неколку пати ми обеќаа ништо не направија. Јас барав , претседателот се согласи да се стави на дневен ред, а г-динот министер не го пред- ложи законот и ако Законот е поминат на Владата. Ама зашто тука не е дојден не знам. Или на некого се налути , нека стои законот па ќе видиме. Еве сега и оваа година пак така ќе почне. А беше речено дека од оваа година, од септември ќе бидат префрлени за да не бидат навредувани наставниците и да ги уценуваат во осмолетките, и да им велат Вие не сте наши членови, немате огрев, немата ова немате она. Тоа е најголемата навреда, најголемиот грев, што се прави во просветата она што е по својата припадност да не биде таму каде што му е местото туку да го на друго место само и само за да си ја сочуваме главата.

XII/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Никола Стојановски.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

На опозицијата е право да поднесува барања за недоверба на Владата како и право да поднесува интерпелации до Владата и до министри. Конкретно овде е доверба на Владата. Напишани се 9 точки врз основа; на кои се содржи тоа за што се оптужува Владата дека не си ја извршува својата работа како што треба да биде. И тие точки почнуваат со законите. Законите Владата ги припрема, а ние ги донесуваме. А зошто не сме ги донеле тоа е друго прашање. Ние сами треба да си се прашаме себе си зошто не сме ги донеле тие закони што биле овде доставени, до Собранието. Законот за изборите беше доведен до крај во расправата за да се гласа, а не се изгласа, а зошто затоа што не влегуваа луѓето во салата.

Тоа се сите овие закони што се наведени во овие точки. не донесувањето на системските закони како што е законот за судовите и за локална самоуправа, беа овде, беше и законот за грбот и сл., а не се донесени. Донесување на непримenливи закони, непримenливи се оние затоа што конкретно за приватизацијата што не ги спроведуваат луѓето во самите претпријатија. Тоа не значи дека не треба да се донесат односно да не се спроведат. веројатно ќе се спроведат.

Рапидно опаѓање на производството - ситуацијата во која се најдовме со блокада и од горе и од долу од север и од Југ, друго и не може да се очекува во таква ситуација. веројатно ќе успееме да го издржиме и тоа и производството да тргне нагоре.

Дали некој се замешал во корупција, мито и т.н., треба да се докаже треба да се аргументира и затоа постојат судови. Тоа секако треба да се докаже.

XII/4.-

Неспособна надворешна политика. Јас мислам дека најголем доказ е тоа што не примија во ООН и тоа ни овозможи да имаме пристап секаде во сите земји, а освен во јужна и во северна и тоа овозможи нашава земја да биде примена во сите светски асоцијации. Тоа е од големо значење и на тој начин ние продираме во светот.

Ако некој пак го крши законот и ако некој прави неред и некој ги вознемирува граѓаните сигурно дека ќе добие соодветна казна. Тука не може да се создава неред и тој неред да го нарушува мирот на граѓаните, а некој да помине без консеквенции. Затоа си постои Министерство и тоа министерство е должно тоа да го прави.

Овде беше спомнат и пописот како еден од аргументите за неработење на Владата или криво донесување на закони . Па пописот мораше да се направи бидејќи овде докажуваа дите комшии дека овде сите постојат само македонците ги нема. ние мора да докажеме дека најголемиот состав во оваа држава се македонците. Тоа може да се докаже со пописот, а не без него. Посебно е прашањето колку од надвор имало влијание од таа светска комисија и т.н. Тоа е работа на таа комисија и ние ако сакаме да учествуваме во тој свет мораме некои работи да ги почитуваме.

Стечајни работници има во сите земји што се во транзиција. Ние сме во транзиција. Стечајните работници ќе ги има. Меѓутоа треба да се настојува да се најде чаре за нив и со актуелниот закон што постои тие имаат две години обезбедено егзистенција , а за на- таму здравје па ќе видиме. држава сме ќе работиме на тоа нивното прашање да се среди, или со вработување или на друг начин.

Беа споменати и пензионерите. Пензискиот фонд и воопшто пензиското прашање настана како проблем кога од 1990 година од 120 иљади рипна на 220 иљади пензионери. Целиот технолошки вишок отиде

во пензионери. И ние полека полека ќе станеме држава на пензионери. Јасно во таа ситуација дојде до недостиг на средства. сепак се смогна барем да се примаат на еден месец пензиите и втора работа, веројатно Владата ќе смогне снаги уште една пензија од овие двете да ја обезбеди до крајот на годината. Еве ајс толку на овие забелешки што се направени на Владата и сметам дека сето тоа што е напишано и кажано овде е недоволно аргументирано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Змејковски.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, прашањето за доверба односно не доверба на Владата на РМ што го постави пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, уверен сум дека преставува едно од значајните прашања во овој миг треба да расправа.

Кога го покрена ова прашање пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше наполно свесна и за актуелната политичка ситуација и за причините поради кои е покрената иницијативата за можните последици што би настанале во однос на развојот на состојбите и иднината на македонската држава.

Свесни сме и за фактот дека простата парламентарна математика на коалиционите партнери е на страна на Владата. Сепак, длабоко уверени во валидноста на изреката "пред аргументите и боговите молчат", се одлучивме на еден ваков чекор , кој доколку се респектира и почитува вистината и доколку ние како пратеници покажеме минимум чувство и одговорност, крајниот епилог што може да го предизвика, а да го предизвика е следниот: Владата на господинот  Бранко Црвенковски

да си поднесе оставка. Во парламентарните демократии вообичаено е за недоверба оставка на Владата да се потенцираат бројни причини од политички економски па дури и од морален карактер за изгласување на недоверба. За сегашната Влада постојат милион причини од политички и од економски карактер, додека оние од морален карактер можеби тие од морален карактер не треба да ги споменувам. Тоа барем од две причини заради чистотата на умот на нашите граѓани, но и заради фактот што Владата во целини и нејзиниот министерски состав одамна се скарале и со моралот и со елементарното чувство за одговорност пред граѓаните на РМ.

Затоа дозволете да ги истакнеме само политичките и економ ските причини што овој состав на Владата не може и не треба да владее и управува со македонската држава. Нејзиното заминување од политичката сцена е повеќе од потребно и е во интерес на сите граѓа ни на РМ.

Сепак да почнам по ред. Првата и генерална причина за недоверба на оваа Влада е нејзиниот легалитет, односно фактот што истата е формирана со грубо и побратимно кршење на Уставот и на законите. Имено, познато е дека во првите повеќепартиски избори во РМ со едно невидено манипулирање и изигрување на изборните резултати меѓу партиските договори , со една невидена узурпација на власта од страна на актуелниот претседател на Републиката, беше формирана така наречена експертска Влада, која во своето практично работење се претвори во приватна Влада на г-динот Киро Глигоров. ВМРО-ДПМНЕ уште на самиот почеток беше против нејзиниот избор. Но душманот го поддржа и изгласувањето на довербата во јуни 1992 година.

XII/7.-

ВМРО-ДПМНЕ ценеше дека согласно одредбите на член 10 став 1 од Уставниот закон со падот на тогашната Влада на д-р Никола Кљусев се создадоа сите услови за нови избори во РМ. Имајќи го во вид тоа , а воедно и неизнаоѓајќи коалициони партнери во овој состав на Парламентот, нашата партија веднаш го врати мандатот на претседателот на Републиката, што претставуваше негова обична демагошка фарса и сметавме дека формирањето на нова Влада е невозможно, а при тоа да не бидат прекршени Уставот и Законот.

Тоа што се случуваше потоа во целост ги оправда нашите проценки и стравувања дека се работи за една обична персидна режија на болшевичкото крило на Социјал демократскиот сојуз и нивната нај-голема промашена инвестиција, се знае господинот Киро Глигоров.

Така по враќањето на мандатот на г-динот Петар Гошев кој во тоа време се наоѓаше во Социјал демократскиот сојуз наместо да се распишат нови избори според правилата на играта во парламентарни- те демократии, претседателот на Републиката прави нов преседан и мандатот повторно и го доверува на истата партија која еднаш го врати. Од тие причини пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го оспорија и се уште го оспоруваат легалитетот на актуелната Влада. И ако Уставниот суд на Македонија кој со низа свои траги-комични одлуки " се прослави како еден од последните басиони на едноумието и кои трагикомични одлуки се и рушител на правниот систем во државата, експресно донесе одлука со која легализира една очигледно антиуставна и анти законски формирана Влада.

Легитимитетот на Владата е дискутабилен и проблематичен и во однос на законските прописи. Имено член 113 од законот за органи на управата децидно се наведени 15-те министерства, што ја сочинуваат Владата, меѓу кои се наоѓа и Министерството за информации.

XII/8.-

Изборот на Владата без министер за информации како и падот на потпретседателите по донесувањето на Одлуката на Уставниот суд на РМ како и падот на министерот Пешев само ја потврдува веќе еднаш изречената констатација за нелегитимноста на сегашната Влада. Тоа го доживевме и г-динот Ристо Иванов како потпретседател во таа Влада од морални причини си поднесе оставка, за покасно од неморал- ни причини да се врати повторно во иста^а Влада.

Втората генерална причина е што Владата со своето практично дејствување и работење во сите сфери на општествено политичкиот живот во републиката се легитимира како опасен генератор на сериозни кризни конфликтни состојби кои што се закануваат да предизвикаат целосна дестабилизација на македонската држава. Нејзината работа во изминатите речиси две години, после доаѓањето на еден пучистички начин, ја заседе сегашната позиција,според начинот на кој работи како Влада во целина и поединечно, најголемиот број на нејзините министри и други функционери, повеќе наликува на класична политичка мафија или банда, од колку на една Влада. Во речи си ниту една област за која таа е надлежна не се регистрирани позитивни промени, освен ако не се земат во вид позитивните салда на приватните фирми на нејзините министри во кои бездушно и безмилосно се претвора однос но пљачка и граба општествениот имот. На секаде каде што ќе се свртиме, афери и само афери, кризи и конфликти, фашизоидни постапки , узурпации на власта, грубо и флагрантно кршење на Уставот и законите, манипулирање со народот и граѓаните. Сталинистички кадровски чистки особено во Министерството за внатрешни работи, мафијашки постапувања. Општата недоверба што граѓаните на републиката спрема Владата во целина , нејзиниот премиер, а посебно спрема поедини големи "министри" е доволен показател и патоказ дека оваа Влада под итно треба да си

замине во историјата.

Третата генерална причина што е основа за покренување за прашањето за недоверба на Владата дефакто е што оваа Влада уште од самиот почеток практично работи, дејствува без било каква програма или платформа. Експозето што го поднесе премиерот Црвенковски при изборот на Владата уште тогаш беше оценето како евтин комплет од добри желби, празни ветувања и нереал"ни проценки на способностите, сопствени и можности.

Изминатиот период од 22 месеца практично и конкретно ја потврди основаноста на изречените оценки. Катастрофалните состојби во речиси сите области каде Владата е надлежна, стопанството, внатрешни работи, народна одбрана, урбанизам, екологија, сообраќај, образование, култура, здравство и социјалната политика, судството, законодавно - правната област, недвосмислено и јасно покажуваат дека Владата на г-динот Црвенковски не реализира ништо од обврските што ги презеде со нејзиното конституирање. Трагиката е во тоа што според сите показатели, оваа Влада со ваков персонален состав нема ниту визија, ниту човечки ниту морални или професионални квалитети и способности да оствари било каков напредок во било кој домен од сопствената реалност во РМ. Тоа пред се се однесува на донесување на системските и другите закони со кои дефинитивно ќе се заокружи државноста на Република Македонија.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Уште при формирање на Владата требаше и мораше да бидат свесни дека постои уставна обврска по членот 6 и 7 од Уставниот закон за донесување на системските и други закони што ова Собрание со право ја критикуваше претходната експертска влада на која и изгласа недоверба. Се уште не се донесени Законот за судовите, Законот за лична карта, Законот за грбот, Законот за политичките партии, Законот за локалната самоуправа, Законот за територијалната поделба на РМ, Законот за народниот правобранител и многу други. Нивното недонесување овозможува и натаму да егзистира поранешниот комунистички систем на владеење и веќе создаде вистински правен хаос, а и правна несигурност на сите субјекти во општеството. Донесувањето на еден куп други сосема безначајни закони и измени на законите од кои повеќето претставуваат обични прописи од југословенските закони и имаа за цел само да им фрлат прав во очите на јавноста и создаде вештачки привид дека Владата нешто работи. Кон ова треба да се додаде и фактот дека добар дел од донесените закони на Владата или се спротивни или се наоѓаат во постапка за оспорување пред Уставниот суд на РМ при што најкарактеристичен пример е Законот за продажба на становите во општествена сопственост.

Четвртата глобална причина за недоверба на Владата е фактот што Владата се претвори во инструмент на етаблирање на еден тоталитарен апсолутистички систем на власт од типот на оној на Никола Чаушеску во Романија или Пиноче од Чиле. Директно осмислен и промовиран од страна на актуелниот Претседател на Републиката господинот Киро Глигоров, примената на фашистички репресивни мерки спрема политичките истомисленици, прогласувањето на немоќната и

најбројната партија во Републиката ВМРО-ДПМНЕ за непријателска. Реафирмација на таканаречената политичка полиција и ставањето на МВР во улога на најмоќен политички фактор во државата во целост ја суспендира демократијата во РМ, и предизвика низа конфликти, афери, инциденти кои доколку продолжат и понатаму можат да предизвикаат целосна дестабилизација на состојбата во Републиката со несогледливи последици за мирот правата и слободите на граѓаните. Го доживеавме и тоа еден фашизоиден изрод и на природата и на нацијата и на верата и на политиката инаку член на Владата на целиот македонски народ да му препишува фашизам и шовинизам, а секојдневно гледаме дека оваа влада не може да спроведе практично ниту една одлука без асистенција на полицијата од изградба на кампови до изведување на училишна настава.

Петтата главна причина за пад на Владата е и фактот што истата се претвори во инструмент за владеење на албанските партии ПДП и НДП кои користејќи ја својата позиција на фактор од кој зависи опстанокот на Владата со уцени, закани и притисоци успеаа да издејствуваат серија против уставни и против законски отстапки за сметка на македонските национални државни интереси.

Спроведувањето на пописот е најдобра илустрација за тоа воведувањето на повеќе јазици како државни јазици создава можност веќе утре албанските партии да бараат многу повеќе од двојазичноста во образованието, културата, автономија или федерализација на македонската држава.

Владата треба јавно и јасно да одговори дали е свесна до која граница можат да одат со нивните отстапки спрема албанците, а притоа да не го преминат прагот на издржливоста на македонскиот нарој а посебно од западниот дел на Македонија. Дали се свесни дека наспроти

нивните демагогии за мир во државата самите предизвикуваат состојба на избувнување на меѓунационален судир. Конкретен доказ за тоа е убиството што се случи во Тетово, убиството на тричлено семејство што се случи во едно дебарско село и запалување на куќата токму во моментот кога Фрчковски пред неговите истомисленици ги прогнозираше резултатите на следните избори и раскажуваше приказни за мир, сожителство, демократија и граѓанска држава.

Шестата причина е што Владата не е способна да ја врши својата, со устав и закон, определена функција. Конкретен доказ за тоа е спроведувањето на пописот кој, како што е познато,беше изнуден поради бојкотот на албанското малцинство. Спроведувањето на законот за попис ПДП како главен коалиционен партнер на СДСМ одржа прес конференција на која изрази задоволство од Законот за да потоа пак го бојкотира истиот. Напумпаните извештаи во весниците, изјавите на државата пописна комисија не можат да го убедат народот во нешто што секој го знае. Албанците пак го бојкотираа пописот. Кога сме веќе тука да ве потсетам дека како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ при донесувањето на Законот јавно прашуваме кој ќе сноси одговорност ако пописот не успее а денеска тоа е непобитен факт и никој не сноси одговорност.

Друга причина е фактот што во Македонија има над 150 илјади граѓани кои живеат тука, а не се државјани на Македонија. Оваа бројка е голема и за многу поголеми земји, а не за македонската држава. Каде е тука правната држава? Каде е тука МВР и вашето чувство за одговорност како членови на Владата пред македонскиот народ кој никогаш нема да ви ја прости распродажбата на македонската територија.

Седмата причина е што македонската држава со поглед на демократијата ја претвори во "банана република" со диктаторски режим жестока пресметка со опозицијата конкретно со ВМРО-ДПМНЕ што ја

XIII/4

спроведувате со помош на функцијата и полициските новинари "независни- те медиуми" . Зборувам многу повеќе за вас отколку за нас господа. Наместо МВР и СДБ да се занимава со она што е нивна надлежност и функција ние самите сме сведоци и од изјавите на нивните челници Фрчковски, Богоевски, Гурев дека тие се занимаваат со политички прашања и поконкретно со разбивање на опозицијата конкретно на ВМРО-ДПМНЕ. Продадени души, "разни крушки",,српски подопашници секогаш ќе се најдат за да ги спроведат нивните болни замисли. Тука треба да се додаде едно монструозно сценарио кое се уште се одвива во Македонија, а чија цел е Македонија повторно да се најде во Србославија и да се прогласи некој вид вонредна или воена состојба за да во Македонија нема избори заради опасност тие да значат дефинитивен поглед на Комунистичката партија.

Осмата причина што Владата во комплетен состав и поединечно најголемиот број на нејзините министри се дебело заглавени во тежок криминал, корупција, мито, грабеж на државниот имот. Не треба да ве потсетувам дека ваквите оценки што народот ги знаеше потекнаа од најмеродавно место од МВР и од компетентни луѓе до некнашниот потсекретар за јавна безбедност Павле Трајанов и помошникот Богданчо Гогов со без смислена репресија што ја спроведовте спрема нив само докажавте дека биле во право, господа. Ние само ќе ве потсетиме на некои финансиски афери сврзани со целата влада. Извозот на нафта, шверцот со цигари, работата со казината, издавање дозволи за разни контингенти исклучиво на ваши бизнисмени и директорчиња, фршопови, набавка на опрема за министерствата исклучиво ваши фирми или од фирми што ве почестија со дебели провизии за вашите џебови. Аферата со туристичкото претставување на Македонија во Холандија и 200 илјади долари на душа на министерот Петруш Стефанов. Аферата "судска палата" за господинот Туше Гошев, аферите нафта за Србија и

фришопови на Фрчковски со неговиот брат се капка во морето на криминалот во кој пливате како Влада. А тоа што Македонија има над 180 илјади невработени луѓе и уште толку стечајни работници, што стопанството е во хаос, што производството постојано опаѓа вас господа не ве интересира. Општата несигурност на граѓаните ја надополнуваат низа убиства кои сеуште се нерасвтлени и во кои е директна замешаност на Владата.

Деветтата причина е ќорсокакот во кој западна Македонија во водењето на надворешната политика што покрај претседателот на Републиката Киро Глигоров и министерот за надворешни работи Стево Црвенковски одговорност треба да поднесе Владата во целина.

Најновата одлука на Европскиот суд на правдата во врска со воспоставеното ембарго на Грција спрема Македонија е добра шлаканица и за Глигоров и за Црвенковски и за Владата. Конкретен доказ дека оваа држава ја водат импотентни политичари кои немаат ниту поим ниту интерес како да ја заштитат македонската држава. Наместо веднаш да се реагира до Советот за безбедност на што како членка на ООН имаме полно право ние водиме судски спорови пред суд чии одлуки не се задолжителни и на кои треба да чекаме со години,или можеби нашите челници тоа го сакаат.

Во овој контекст и нивната предавничка улога што дозволија промена на името и ги уредија темелите на нов егзодус на македонскиот народ. За тоа досега сто пати сме зборувале и нема потреба сега посебно да даваме елаборат.

Самиот чин што ние се уште во светот фигурираме како Бајрам Република доволно зборува за тоа и за лагата што ни ја сервира Глигоров дека тоа ќе биде само два месеци.

На крајот како последна причина е фактот што оваа Влада нема поддршка во Парламентот. Да ве потсетам дека таа Влада е коалициона Влада на СДСМ, Либералната партија, Социјалистичката партија, ПЦЕР, ПДП-НДП чии пратеници седат во Парламентот. Десетици седници се одложени поради тоа што токму пратениците кои ја поддржуваат Владата не доаѓаат на седници а немаат кворум за работа, што недвосмислено зборува дека самата Влада нема авторитет пред своите пратеници. Тука посебно сакам да нагласам дека ВМРО-ДПМНЕ не е должна да и обезбедува кворум и да прави привид за некаква демократија на Владата која со своето владеење се покажа како недемократска, како криминална и антимакедонска. Ете затоа оваа влада под итно треба да си оди.

Почитувани пратеници на почетокот на моето излагање реков дека парламентарната математика е на страната на Владата. На нашата страна се аргументите и вистината. Ако прифатиме да се бориме со силат на аргументите, а не со аргументите на силата единствено што ни преостанува е на оваа и на ваква Влада да и изгласаме недоверба. Само на тој начин ќе ја оправдаме довербата што нам како пратеници ни ја дадоа граѓаните на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Стефанов.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Во претходната дискусија беше спомнато моето име, спомената сума на пари од 2 00 илјади долари за настап на македонскиот туризам на саемите во Германија и Холандија. Веднаш да кажам дека станува збор за сто илјади долари добиени како помош од господинот Џорџ Сорос за претставуваше на македонските туристички можности на двата најголеми емитивни центри од Европа, Германија и Холандија, земји

од кои што во Македонија во минатото доаѓаа 44 % од туристите. Господинот Сорос за сите трошоци, а објавени се пет изданија репринтирани на проспектен материјал, закупени се штандови на ИТБ-Берлин тоа е Интернационална туристичка берза во Берлин и на Ваканти берза во Утрехт комплетно со документација со финансиски преглед на финансиски- те институции во Холандија и Германија.

За ваше информирање почитувани пратеници во Холандија завршните сметки ги вршат претпријатија овластени од Кралицата а не како кај нас или кај некои други земји самото претпријатие да си прави завршна сметка. Слично е и во Германија сите документи, сите финансиски документи се комплетирани и испратени во Владата и во канцеларијата на господинот Џорџ Сорос во Њујорк. Нема никакви забелешки од негова страна за тоа како е постапувано со неговото донаторство. Ако некој мисли дека би постапувал поинаку да е на тоа место тоа е негов проблем, а не е проблем на оној што ја водел таа акција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Иванов, министер во Владата.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, сакам да се обратам помеѓу другото во иницијативата за гласање на доверба на Владата на РМ под точка (3) наведена неспособност за спроведување на активноста од највисок државен интерес на пописот на населението и бидејќи сум непосредно задолжен за тоа од страна на Владата и имајќи предвид дека многу аргументи издржани за ова тврдење се уште не слушнав сепак сметам дека би требало да се осврнам на некои прашања.

Прво, ако добро читам овој највисок државен интерес не е под наводници. Се распрашав не е грешка значи овие 25 пратеници сметаат дека пописот е највисок државен интерес. Тоа е добро, бидејќи при

донесувањето на Законот ви објаснувавме зошто е од државен интерес спроведувањето на пописот. Дека оваа држава како независна и суверена треба да направи еден сеопфатен попис, да ги презентира фактите, вистинските факти за демографската структура, социоекономската структура на населението, становите, домаќинствата и земјоделските стопанства дека треба да се спореди со податоците во државните органи и истите да можат да користат за планирање на националниот развој. Истовремено ќе бидат фрлени во вода сите досегашни лицитирања за тоа колку население и со каква етничка припадност живее овде. Според тоа се трудевме при донесувањето на Законот да укажеме зошто е тој највисок државен интерес. Не знам дали сега по кратко време од донесувањето на Законот променет е основниот политички став на господата од опозицијата, бидејќи кога се носеше законот тие не гласаа за него, па не можам да сфатам како тоа ако ценат дека е тоа највисок државен интерес да не учествуваат во донесувањето на еден закон кој ќе го обезбеди тој интерес. Се надевам дека не е грешка и дека навистина овде е правилно напишано и не е под наводници.

Истовремено ако навистина се смета дека е највисок државен интерес, мене навистина ми е мило....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, тишина, ве молам.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Да не има некој проблем? (Негодување во салата)

Навистина ми е мило ако дошло до промена на тој основен политички став и ако има интерес да се оствари пописот така како што би било во интерес на државата.

Втората работа во тој закон вградени се стандарди кои се применуваат во светските и европските меѓународни институции.

XIV/1.-JM/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина! Не можете само вие да објаснувате. Има да слушате кога некој зборува. Ве молам тишина, инаку не ви е до довербата овде, туку само да правите циркус. Тишина, секој има да слуша. Мора да има ред во салата.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Навистина немам намера никого да нервирам. Се обидувам само да дојдам до суштината на разликите во политичките ставови помеѓу позицијата и опозицијата, затоа што сите овие аргументи не можев да ги сфатам. Меѓутоа, и покрај сета конфликтна и спротивставена политичка атмосфера јас би се задржал во овој дел на аргументацијата, дали ни требаше закон, дали ни требаше попис, да се задржам само на уште еден момент.

(Реакции од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тишина, секој овде треба да издржи,да биде ислушан. Ова е Парламент. Секој треба да биде ислушан.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Само сметам дека овде имаше поставување на прашање дали тој закон требал, дали требал попис, па се обидувам само на две прашања да одговорам. И покрај тоа што има спротивставена политичка атмосфера јас сепак мислам дека има една работа на која што сите се повикуваме, а тоа е вистината. Сите велиме дека најголеми адути на македонскиот народ, на македонската држава е вистината. И досега не сме успеале затоа што другите не ја знаеле вистината за нас и се однесувале заради тоа неправично спрема нас. Сега ако е тоа навистина заедничко за сите нас овде што дискутираме и ако со овој попис

стандардите што се применуваат меѓународната јавност која што го прифати и законот и начинот на спроведување на пописот прифаќа дека податоците што ќе се добијат ќе бидат вистината за оваа држава, зошто тогаш такви напади и на самиот закон и на неговото спроведување кога после толку време имаме нешто што меѓународната јавност однапред ставила печат дека ќе го прифати како факт и вистина за Македонија. Тоа е она што ни е заедничко и на опозицијата и на позицијата бидејќи друго нема со што да се пофалиме. Велиме дека само тоа во оваа млада држава ни е единствено.

Во вториот дел на забелешки што беа овде дадени околу спроведувањето на законот би сакал да споменам неколку работи.

Прво, беше кажано дека со одлука на Влада се одело против законот и дека наводно некоја методологија се наметнала да се донесе во рамки на Републичкиот завод за статистика. Меѓутоа, според законот Републичкиот закон за статистика донесува методологија за спроведување на попис и упатство за спроведување на пописот. Имајќи го во предвид дека со обрасците кои што се усогласени со експертската група е дефиниран член 38 како ќе биде разграничен, тоа е во точка 7 каде што стои: статус државјанин. Под 2. странец, под 3. нерегулирано државјанство, под 4. постапка во тек. Имајќи во предвид дека се создаде голема забуна, дека со спроведувањето на пописот нема да има можност после тоа да се регулира прашањето на државјанството исклучиво затоа што се работеше за психолошки момент, Владата зазема став со препорака да изврши измена на методологијата, а тоа не значи измена на закон и тоа во следниот правец. Бидејќи според законот за државјанство секој има право во секое време да оди пред шалтерот и да поднесе барање за отворање постапка за државјанство и тоа право никој не може да му го земе. Заради тоа сите оние што имаат стари лични

карти, официјално место на живеење во Република Македонија со изјава дека во наредниот период ќе го регулираат статусот на државјанство можат да бидат заведени во графата постапка во тек. Сосема друго е прашањето кога ќе се побара таква постапка, кога ќе се поднесе такво барање дали во постапката ќе се добие статусот на државјанство, или не.

И втората работа. Категориите од два, три и четири, да повторам:странец, нерегулирано државјанство и постапка во тек, сите заедно ја даваат категоријата недржавјани во Република Македонија.

Според тоа ниедна осуда овде дека некој мимо законот за државјанство дозволил некој да биде регистриран како државјанин, навистина не држи. Си остануваат истите обврски од член 38, како може некој да се легитимира како државјанин.

Во делот на работата со експертската група...

(Реакции од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Иванов овде изнесува аргументи дека се што тврдевте за пописот не е точно. Господине Змејковски, и тој има право да каже дека се изнесени невистини. Сега слушајте, пак ќе земете збор ако не е точно неговото кажување. Тогаш ќе земете збор повторно. Иванов убаво изнесува факти дека вие зборувате невистини од говорницата и има право, како што вие велите дека тие нешто правеле итн. На сите овде ви овозможуваме еднаква дисциплина да може тој што говори да говори. Ќе дојдете со аргумент ќе кажете. Ако немате аргументи ќе кажете дека немате аргументи.

XIV/4.-

**РИСТО ИВАНОВ:**

Што се однесува до соработката со експертската група таа е регулирана со законот за попис и со меморандумот за разбирање потпишан помеѓу Владата на Република Македонија и Советот на Европа и Европската унија. Во неа се дадени рамките во кои што може да се соработува и на кој начин ќе се врши набљудувањето како се спроведува самиот попис. Во тие документи јасно е регулирано кога треба да се интервенира доколку се излезе од тие рамки и Државната пописна комисија тоа го правеше. Второ, секогаш кога се злоупотребуваше соработката добра помеѓу Државната пописна комисија и експертите и другите субјекти на сите нивоа што учествуваа во пописот Државната пописна комисија реагираше и не прифаќаше дека ставовите на набљудувачите, експертите се валидни за спроведување на пописот, туку исклучиво методологијата за попис и упатството за спроведување на пописот. Заради тие недоразбирања и Државната пописна комисија рече дека заради таквите недоразбирања има отстапување од методологијата и законот, меѓутоа обемот на тие отстапувања не е таков за да треба да се применуваат други членови од законот, туку врз основа на двете нормални контроли што се спроведени во законот, тоа е првичната при примопредавање и втората, тие грешки, такви пропусти доколку постојат можат да се отстранат и воопшто да нема влијание на квалитетот на податоците што се добиваат.

Во однос на бојкотот јасно е кажано каде беше тој бојкот и не може да се зборува за бојкот во однос на албанската националност, туку одредени граѓани исклучиво од општина Дебар, инаку на друго место никаде тоа не е забележано и покрај тоа што направено е се за сите оние што сакаат да го искористат правото да бидат по- пишани да можат да одат на пунктови и тоа да го направат.

XIV/5.-

Во однос на прашањето кој ќе одговара ако не се спроведе пописот, сметам дека е излишно бидејќи во законот стои кој ќе одговара ако не се спроведе пописот. Мислам такви прашања се веќе регулирани и нема потреба да се поставуваат.

И на крај околу финансиите и тоа е во законот регулирано кој со колкав износ учествува Европската унија и Советот на Европа со милион и деветто илјади еки. Досега тие трошоци не се пробиени. Според тоа, сметаме дека тие средства ќе бидат доволни за да се реализира пописот.

Би сакал да споменам дека во пописот како субјекти беа и собранијата на општините во кои што има претставници на сите партии. Досега немаме реакции за тоа како се спроведува пописот. Не постои партија која не учествува во собранијата. Навистина досега сите соработуваа и мислам дека би требало да се има благодарност за работата што сите ја пружија, а некоја партија ако сака да се откаже од некои свои членови во општинските собранија, тоа е негова работа и тоа нека го направи. Заради сите овие моменти апелирам ако веќе единствен адут на сите ни е вистината и ако само на тој начин на овој напатен македонски народ и млада македонска држава можеме да му помогнеме во очите на меѓународната јавност да се добие правата слика со сите оние работи што ние ги тврдиме, тогаш молбата е, ако не може да се помогне, барем да не се одмага, бидејќи таа заслуга ќе знаат граѓаните на Република Македонија дебело да ја ценат. Успешноста од спроведувањето на пописот е само, да повторам на голема врата пристап до сите меѓународни институции.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, денеска на два пати имавме прилика да слушнеме за аферата за судската палата,

XIV/6.-

а јас слободно ќе кажам дека е тоа една ноторна лага, една дезинформација која е пратена дека сме ангажирале фирма од Неготино ко- ја ги изведува работите од канализациона потреба за судската палата и дека таму се дадени големи пари, а фирмата е под стечај и парите се злоупотребени. Тоа имав прилика да го слушнам и на Собранието на Адвокатската комора. Мислам дека е една обична измислица и ги молам сите надлежни служби да дојдат кај нас и кај надзорот кој ни е надзор Судскиот завод за вештачење кој ни ја води книгата и води сметка за секој денар, ние како инвеститор немаме ниту една скршена паричка која не е покриена, не е изработена. Оттука сметам дека таа лага не треба да се употребува од говорницата.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, прашањето за доверба на Владата е уставен, демократски и нормален потез во парламентарниот живот на секоја држава, но истовремено тоа е исклучително сериозен чин кој бара најсериозен пристап од страна на поднесувачите на барањето за доверба, односно недоверба на Владата, во конкретниот случај 25 пратеници на опозицијата. Истите овие пратеници, или во малку поголем број прашањето за доверба на Владата го имаат поставено на два претходни пати и тоа на 59-та седница одржана на 12 април 1993 и на 69-та седница одржана на 15 октомври 1993 година и како што е познато на тие седници не и беше изгласана недоверба на Владата на Република Македонија. Затоа мислам дека е добро да се спореди кои се сличностите и разликите помеѓу барањата и расправиите на тие седници и на оваа седница. Како и на наведените седници и во барањето за оваа седница подносителите на еден лист хартија нафрлуваат прашања и критики од сите области на животот, притоа не нудејќи аргументи и докази извлекуваат заклучок. Владата е

крива, треба да си даде оставка. При тоа и без малку грижа на совест и морал на претставници на народот од ракав истураат полувистини, невистини, лаги, инсинуации како да се на пазар. Пример за оваа седница, министерот за образование и Министерството со својата работа придонесуваат за психофизичкото болуваше на ученици, или РЕК Битола е намерно рушен, или од РЕК Битола имаме радио- активно зрачење, или еден пратеник дели слики на одредена личност за да докаже дека одредено министерство, Министерството за внатрешни работи врши репресија над недолжните граѓани. По одреден случај бидејќи ја водам Анкетната комисија за човековите права и слободи, наведениот граѓанин се има обратено до таа Комисија, па затоа го зедов од предметот одреден, односно барањето и одговорот на одредените органи да видиме за кој случај се работи. На сите пратеници им се поделени тие слики. Се работи за личност кај која постоело основано сомнение дека извршило кривично дело тешка кражба, истото било приведено и задржано 24 часа. Во текот на тие 24 часа лицето пружало одреден отпор и од страна на надлежните органи не биле применети облици на сила што поконкретно ќе го образложи надлежното министерство. Се работи за лице познат како извршител на кривично дело убиство по член 38 од Кривичниот закон на Република Македонија. По издржувањето на казната затвор се појавува како повратник во вршење на други кривични дела, во казнената евиденција се појавува и евидентира за уште седум кривични дела за што има правосилни пресуди. Сами видете и пресудете какви инсинуации и какви невистини се пласираат за да се постигне одредена цел. Сакајќи да ја прикажат опозицијата и потпишувачите на ова барање, сакајќи да ја при- кажат состојбата во најцрно светло во Република Македонија и без излез, градејќи основа и платформа дека со таквата политика можат да победат на наредните избори, односно градат политика за што полошо

прикажуваше на состојбите во државата, градејќи и оттука извлекувајќи теза дека толку е подобро за нив. Сигурно некои од пратениците и од опозицијата ќе рече дека опозицијата е да критикува. Точно е тоа, но поточно дека опозицијата на секоја критика треба да нуди и алтернативни излезни решенија што од нашата позиција многу ретко сме го слушале во овој Парламент. Еден пратеник зборуваше која беше основната цел на опозицијата особено во последната година да гледа од таа врата дали има, или нема мнозинство, за да влезе, односно да ја натера целата здружена опозиција, да го натера некој пратеник да излезе, па доколку некој од опозицијата влезе и слично. Тоа му беше основната цел.

Друга теза која беше во претходните две расправи и во оваа расправа од неколку пратеници изречена, тоа е тезата позицијата има 61 пратеник, и ќе изгласате доверба на Владата. Тогаш се поставува основното прашање, зошто опозицијата го поставува прашањето за доверба, односно сака да ги оствари целите кои ги носи институтот доверба, или се бори за одреден, во трите случаи за политички маркетинг, односно плукање на се и сешто во оваа држава и од оваа говорница, почнувајќи како и на оваа седница од претседателот на Републиката, претседателот на Владата, Владата, сите институции што се синоними, МАНУ и сите други институции и достигања во оваа држава, од Уставот, референдумот и сите слични акти кои ги донесе овој Парламент.

XV/1.- рд/ј-с

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ: (**продолжение)

Или опозицијата сака да ги прикрие своите слабости кои се јавно изнесени од нивна страна и од нивните редови, односно во целиот тек на нивното делување, особено изразени во последните месеци.

Во што е разликата меѓу барањето и расправата на оваа седница и на претходните две седници за доверба на Владата. Јас разликата единствено ја гледам во тоа што барањето во претходните две седници го образложи друг пратеник, односно на оваа седница го образложи друг пратеник без око да му трепне изнесување на разни лаги и невистини, а пратеникот кој ги образложуваше претходните две барања, јавно им се извини на своите бирачи со зборовите: "се срамам од она што сум го зборува и со своето зборување во одредени моменти можев да ја донесам во прашање државноста на Републиката". Таа е единствена разлика меѓу овие расправи меѓу овие три седници.

Сега накратко би се обидел да коментирам одредени обвинувања со кои предлагачите ја теретат Владата, а сигурно поиздржани аргументи ќе дадат надлежните министерства и претседателот на Владата.

Констатацијата дека Владата е генератор на кризни, неповолни и хаотични состојби во сите сфери на живеењето, сама по себе е паушална и неумесна. Зачудува таквата констатација дадена од пратеници кои се секојдневно непосредно ги следат состојбите во Република Македонија, непосредно опкружувањето во Европа и во светот. Злонамерно се наведува дека во Република Македонија владее хаотична состојба. Тоа е далеку од вистината. Владата успеа и ќе успее

доколку постои општа согласност и спремност да ги надмине негативните трендови, да го насочи делувањето и да го организира она што е зацртано во стабилизационата програма поддржана од ова Собрание. Република Македонија се наоѓа во сендвич притисната од Север и Југ, со почитување на санкциите и со блокада. Но и покрај затворањето на патиштата и пазарот кој со децении се граделе и делувале, Република Македонија успеа. А се знае цената за тоа, да изнајде излезни решенија од ваквата наметната состојба.

Владата согласно уставните надлежности е извршна власт. Таа е предлагач на скоро сите закони кои ги донела законодавната власт во Република Македонија, а тоа е Собранието. Укажувањето дека Владата донела низа закони и одлуки спротивни на Уставот на Република Македонија е префрлање на вината од пратениците на Владата но и директно наложување на Уставниот суд на Република Македонија. Донесените решенија од Уставниот суд се почитуваат, работата на Уставниот суд согласно уставните надлежности/е нормална појава во сите демократски држави, жално ќе беше Уставниот суд да не си ја извршеше свесно совесно и одговорно својата со устав пропишана надлежност. Лицемерие е нешто што не се сака, блокира, негира, се накалемува на друг, или на дел од пратениците, односно а на Владата. Недонесувањето на одреден број на закони е вина на пратениците. Но за повеќето закони, таа вина е конкретизирана и од јавноста осознаена. Беа одредувани повеќе примери на закони зошто не се донесени. Тука беше спомнуван особено Законот за судовите.

Во целото донесување на Законот за судовите, почнувајќи од Предлогот за донесување на закон, позицијата немаше никакви замерки на основите и начелата на тој закон. Затоа Владата му предложи на Парламентот втора фаза, нацрт-закон. Но и во таа втора фаза нацрт-

закон, претставниците на опозицијата немаа никакви заблеешки во однос на основните начела. Врз основа на тој нацрт Владата изготви Предлог-закон и го достави до Собранието, за потоа одреден број на пратеници, кои некои го аргументираат тоа, измислија одредени ситни забелешки за да не го гласаат Законот за судовите. Кој е виновен за недонесување на Закон на судовите. Дали некој закон е неприменлив или тешко применлив ќе го покаже времето. Но дали Законот за трансформација на општествениот капитал е не- применлив е прашање на познавање на сета тежина што ја има овој закон, како и постапката и односите што тој закон ги регулира. Не сакање да се погледне вистината придонесува за паушално да се даде оценка дека овој закон е неприменлив. Не можам а да не ја искажам својата зачуденост и жалење за начинот и нафрлање навредите на сите членови на Владата. Паушалната континуирана невистина оди и под крајната граница, зар е можно сите тие луѓе да се подмитувани, корумпирани, грубо и безобѕирно да ги кршат и изигруваат законите. Доколку пратениците подносители на прашањето за недоверба на Владата имаат и можат да го докажат тоа што го навеле, досега врз основа на позитивните законски прописи и институциите на системот можеле да подигнат одредени пријави и лично да ја докажат таа вмешаност на сите овие министри во од- редени афери или организиран криминал.

Неспособноста да се согледа сета сложеност во која делува надворешната политика е повеќе од евидентно од страна на претставниците на опозицијата. Неспособноста да ја почувствува суптилноста и неопходноста од темелното и макотрпното пробивање на патот кон вистината кон надворешната политика, каде постојат многу сложени механизми осознаени од сите граѓани, но уште толку непознати, невидени механизми исто така познати. Не сакањето да се погледа

реалноста и она што е постигнато, воспоставените дипломатски односи, членување во голем број на меѓународни организации и асоцијации се сведува на прашањето кој од денот на осамостојувањето на Република Македонија ги наметнува Република Грција. Напротив, предлозите за непосредни разговори, решавање на сите спорни прашања наметнати од Грција се обусловени од тврдиот и непопустлив став на Грција. Најтешката оценка дека оваа Влада и претседателот на Република Македонија сториле национално предавство е накалемување на прашањето за доверба на Владата со прашањето за одговорност на претседателот на Република Македонија. Тоа покажува целосно незнаење, непочитување на уставните одредби, безобзирност, нападите се толку широки, неодмерени и непринципиелни, а целта што се сака ги оправдува сите применети односно знаени средства од подносители- те на прашањето за доверба на Владата.

Мислам, дека клучно прашање што го иницирало прашањето за доверба е напуштањето на пратеничката група на ПДП - НДП од работата на Собранието и каде што се вели од неспособноста за спроведување на пописот. За пописот мислам надлежниот член од Владата доволно објасни, а прашањето дали некоја пратеничка група за одре- ден период ќе ја напушти работата на Собранието, дали таквиот вид на политички парламентарен притисок го цени како можен и ефектен модел да го наметне и оствари она што го има пред себе зацртано, не е непознато и неприменувано во Собранието наназад повеќе од три години. Подносителите на прашањето за доверба треба да се сеќаваат на примената на ваквиот начин на работа кои често го применуваат со напуштање, невлегување, уценување и слично. Какви резултати, каков успех е постигнат, на чија штета, тоа ќе го проценат и оценат граѓаните кои им ја довериле довербата на пратениците на наредните избори.

XV/5.-

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

За да не остане недокажано и да не се манипулира овде, бидејќи вие сте претседател на Комисијата за човекови права, до вас има испратено една изјава која е својерачно потпишана од Сколаров- Жарко од струмичко. Што вели следнава изјава. Дали човекот е притворан пред тоа, дали е криминалец мене воопшто не ме интересира. Изјавувам тоа е проблем на правосудните органи господа и на полицијата, не е мој личен проблем. Се работи за последниот случај Значи вака: "Изјавувам дека бев во хотел Балкан-Кавадарци, спиев околу 2 часот наутро на ден 15.1.1994 година. Дојде полиција од УВР-Кавадарци и каде што бев задржан до 15,00 часот попладне. Кога дојде и ме зема инспекторот Перо Христов со уште еден полицаец и ме доведоа во УВР - Струмица каде што бев притоворен и останав до 8,00 часот наутро. Пред, тоа бев однесен во една канцеларија во која беше инспекторот Киров Митко кој ми постави неколку прашања. Јас му реков дека со тоа немам ништо и дека не ми е познато. Тие почнаа да ме тепаат со пендреци, клоци и боксови. Потоа командирот ми велеше дека ме фатил на пик и продолжија понатаму да ме тепаат, а потоа ме ставија во самица. Околу 6,00 часот навечер ме пуштија недавајќи ми никаков документ дека бев притворен. Потоа бев на лекар да ме прегледа и ме задржаа на болничко лекување. Барам од Комисијата за човекови права при Собранието на Република Македонија да го испита мојот случај како и многу слични на мојот случај, за да испита за неправилната работа на Службата при УВР-Струмица, станица Ново Село и да не повикаат сите нас кои сме малтретирани. Изјавите Смоларов Жарко, Струмица 21.1.1994 година"

XV/6.-

Ова е изјавата која е стигната до вас господине Геш- таковски. Што вели судот. Решение притворот против обвинетиот Жарко Смоларов од с. Смоларе одреден со решение на истражниот судија при Општинскиот суд Струмица бр. 40/94 од 15.^.1994 година а продолжи со решение на кривичниот совет број 323/94 од 30. V.1994 година се укинува. Сметано од денес 14.VI.1994 година од 12,30 часот. Обвинетиот се пушта на слобода веднаш. Што тоа говори правниците ќе кажат. И уште нешто во образложението што пишува. Став 3, главниот претрес денес на 14.^1.1994 година е завршен. Решена е пресуда, па како престанаа условите поради кои е дореден притворот согласно член 19 9 од ЗКП е укинат од Општинскиот суд Струмица под КЦ бр. 323/94. Претседател на Советот судија Стојан Далиевски записничар Благица Митевска. И на крајот што вели лекарското уверение потпишано од д-р Ристо Ќосев. Вели вака: анамнеза. Пациентот бил приведен во УВР-Струмица и притоа бил тепан по главата и телото со палици, нозе и раце. Се јавил на преглед 16.1.1994 година.

Јас ве прашувам господа што ова значи. Дали некој овде манипулира со вас или со нас. Ова што го презентирав, т.е. сликите што ги презентирав се работи за последниот конкретен случај, така да нема потреба овде воопшто да се залажува македонската јавност.

Впрочем мене воопшто и не ме чуди, вие сте манипуланти некаде од 19 45 година наваму и манипулирате цело време со македонскиот народ, а мислам дека изјавата би требало да ја прочитате, впрочем, ако сте претседател на таа комисија би требало да се заземете за овој случај и многу слични вакви случаеви.

XV/7.-

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Во никој случај Парламентот не треба да се претвора во суд, во секоја држава имало и ќе има вакви слуачи. Само да објаснам постојната Анкетна комисија ја започна својата работа и ги прибираше податоците и постапуваше по конкретниот случај, но во одреден период не можеше да постапува, бидејќи беше известено дека наведеното лице кое е прочитано овдека,'се наоѓаше во бегство. Истражниот судија при Општинскиот суд Струмица донесе наредба да се распише потерница против именуваниот, а управата врз основа на оваа наредба со телеграма како што е нивниот ред побара од МВР на Републиката да биде распишана и централна потерница за наведеното лице. Што значи наведеното лице беше во бегство, а Комисијата својата работа ќе ја испита и тоа е надлежност на Комисијата и доколку утврди Комисијата ќе ги преземе оние со закон дозволени надлежности, а не е тоа на Парламентот да му се делат одредени инсинуации и забелешки.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на фактот дека потпретседателот на Социјал-демократскиот сојуз г-динот Гештаковски сакаше гласно да си објасни што сака ВМРО-ДПМНЕ со поставувањето на довербата на Владата, за да не се соочува со вакви проблеми ќе се обидам како координатор на пратеничката група сам да објаснам што сака пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ со поставувањето на доверба на Владата на Република Македонија. Точен е фактот дека оваа пратеничка група, вклучувајќи поголем дел на останата опозиција веќе три пати поставува доверба на оваа Влада. На Кабинетот на господинот Црвенковски.

XV/8.-

Првиот пат, поставената доверба беше кога оваа Влада даде согласност за името БЈРМ и за симнување на македонското знаме пред Обединетите нации. Значи еден уставен прекршок и еден преседан кој и ден денеска ги влече своите последици. Тогаш Владата опстана со моќта на својата бројка, убедувајќи го македонскиот народ дека тоа име и таквото понижување ќе трае само два месеци.

Второто поставување на доверба на македонската Влада на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, беше во моментот кога во Македонија беа откриени паравоените формации, составени од албанското малцинство во Република Македонија и кога во тие паравоени формации беа вклучени и инволвирани неколку членови од македонската Влада составена од ПДП, СДС, Либералната партија и Социјалистичката партија. Тогаш убедувањата на македонската Влада беа дека ништо сериозно не се случува во Република Македонија, убедувањата на македонската Влада повторно победија со мнозинство од нивните гласови, иако повеќе од потребно беше нагласена потребата премиерот Црвенковски, како чин на морално политичка одговорност да си ја поднесе оставката. Неколку месеци после тој момент на поставувањето на довербата на македонската Влада почна судска постапка која деновиве заврши, а во судската постапка практично беа наведени 80% од изјавите на говорните на ВМРО-ДПМНЕ за обвинувањата, за акциите, за плановите на таа претставничка група која беше вклучена во формирање на паравојски во Република Македонија. Повторно и во првиот и во вториот случај зборовите на ВМРО-ДПМНЕ и обвинувањата, барањата на моралната одговорност од страна на македонската Влада се покажаа како исправни и точни. Овој пат, третиот пат доставувањето на доверба на Македонската Влада е предизвикано, пред се од блокадата на македонскиот демократски живот, парламентарен живот тоа е нормално поводот кој е мотивиран од фактот

дека македонскиот парламент повеќе од еден месец не заседава и мотивиран од фактот што една од партиите на владината коалиција, а тоа значи и парламентарната коалиција, тоа е партијата ПДП, јавно објави пред македонскиот народ дека нема намера повеќе да учествува во работата на македонскиот парламент, се додека некои проблеми на кои таа инсистира, а неофицијално беше соопштено дека е потребата за симнуваше на казните односно обвинувањата да бидат симнати од 7 на 4 и од 6 на 3 или 2 години. Со тоа според секоја политичка дефиниција во Република Македонија се создаде владина криза, а ако сакате уште поточно парламентарна криза, бидејќи навистина е недопустливо за една демократска држава парламентот да биде блокиран еден месец однапред и уште два три месеци до новите избори тоа значи некаде три до четири месеци во едни нормални демократски услови. За жал, она што за секоја политичка дефиниција е јасно и за секоја парламентарната демократија што треба да биде јасно за македонските политички фактори, а посебно за македонските независни новинари и ден денеска не е јасно и се уште пред македонскиот народ не можат да постават јасна дефиниција што е тоа што се случува во Република Македонија, а тоа е јасно изразена владина криза која самата по себе предизвикува и парламентарна криза во Република Македонија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (продолжение)

Нормално, парламентарната односно Владината криза денеска е малку нарушена со тоа што гледаме дека ПДП си го покази својот збор што го даде пред неколку дена пред македонската јавност, влезе во македонскиот парламент со една јасна цел Владата односно парламентарното мнозинство да се одржи што е сигурно нивна политичка оценка, меѓутоа е сигурно проблем на кој ќе се навратам при крајот од мојата дискусија.

Ако е тоа поводот на нашето барање за оставка на македонската влада, тогаш сигурно односно повеќе од сигурно е дека причините за оставката на македонската влада лежат во сеопштите процеси што се случуваат во Република Македонија и на надворешен план и на внатрешен план. Проблеми на кои ВМРО-ДПМНЕ како опозиција и другите опозициони партнери ми се чини ги елаборираат подолго време во Република Македонија и кои, навистина, ми се чини,процеси веќе ги забележува дури и најголемиот апологет на политиката на оваа Владина коалиција меѓутоа, самиот на себе никогаш нема да си ги признае

Кои се тие процеси:

Прво, надворешната политика!

Република Македонија повеќе од една година и половина е држава која на меѓународен план е претставена под смешно име тоа е, бивша југословенска Република Македонија и со симболи кои никаде не се појавуваат. Македонските новинари се обидуваат со не знам какви напори да најдат некаков календар, во Источна Германија односно објавен во Германија и да кажат дека во тој календар Република Македонија е напишана со Република Македонија. Се мачат да пронајдат

некоја изјава на некои политичар, не знам каде, кој рекол не БЈРМ, туку Република Македонија и тоа ни го објавуваат како главна вест на македонската телевизија и ударна вест во весникот "Нова Македонија" ,

А, се премижува основниот факт, господа, што ние односно нашата држава во сите меѓународни институции функционира под името бивша Југословенска Република Македонија. Сите договори што се склучуваат со нашата држава се случуваат под името бивша југословенска Република Македонија и ние полека но сигурно пред меѓународната заедница , политичка веќе претставуваме држава која се препознава под името БЈРМ односно бивша југословенска Република Македонија.

Само ќе ве потсетам дека ветувањето на оваа Влада беше дека ова име ќе биде само два месеци.

Синоќа ја слушаме среќната вест на македонската телевизија дека Министерството за надворешни работи на Република Македонија објавува дека индиректните преговори со Грција ќе продолжат дури после летото, односно некаде наесен. Нормално, ние сите се радуваме на таа вест затоа што очигледно сите ние веќе сме убедени дека проблемот и поголемиот проблем го трпи Грција Европа е оштетена, Соединетите американски држави се оштетени а ние сме среќни. Проблемот е во тоа што проблемот е токму на другата страна. Проблемот е што тоа име БЈРМ се зацврстува се повеќе и повеќе во меѓународната комуникација а ние останува со тоа смешно име.

Која е политиката на Македонката влада за разрешување на тој проблем?

Практично никаква. Поминаа четири години од борбата за осамостојување на Република Македонија а ние и понатаму се уште не можеме да се вклопиме во меѓународната заедница како нормален субјект на таа политичка заедница. Целата политика на Владата на РМ

XVI/3.-

односно на државниот врв на Република Македонија во надворешната сфера е окопирана само со проблемот на Грција, како да на светот не постојат други држави, како да не треба да се воспоставува комуникација со другите држави.

Каков е меѓународниот статус на Република Македонија најдобро зборува бројот на официјалните посети во кои се примени премиерот и претседателот на македонската држава. Дајте господа, еднаш кажете ни, навистина сметам дека македонската влада треба да одговори колку досега има обавено официјални посети и контакти со други држави, а колку тие контакти биле неофицијални, односно нашиот претседател и нашиот премиер се примаат во ходникот на протоколарни посети односно на 15 или 20 минути. Тоа најдобро зборува каков е статусот на македонската држава денеска во Европа и во целата меѓународна заедница,. Меѓутоа, ние и понатаму го залажуваме, однос но македонската влада и македонските средства за јавно информирање за се само обична продолжен а рака на овој режим и понатаму го убедуваат македонскиот народ секојдневно дека нашата позиција на меѓународен план е супер позиција, дека од цела Европска заедница сме прифатени, дека од целиот свет сме прифатени и дека Грција ја осудуваат.

Секоја оби8чна анализа на резултатите Грција - Македонија ќе видиме дека Грција досега убедливо води во сите тие контакти и во сите тие победи што се остварени во меѓународната заедница.

Сигурно, еден од последните циклуси на македонското новинарство и на македонската влада беше судењето на Грција пред европскиот суд. Шест месеци господа секоја односно преку вечер слушавме како еве, Грција штотуку не изгубила пред Европскиот суд, еве, Грција е таа која е губитник, еве сега ќе ја осудат Грција со не знам колку милијарди штета за да на крајот сите бевме попарени од ставот на

Европскиот суд дека поразот е повторно на макмедонска страна.

И, до кога ќе живееме во такви илузии што ги креира Македонката влада во поглед на надворешната политика, а во кое, пак ќе речам македонските средства за јавно информирање служат само како обични марионетки за воспоставување на таа илузија пред македонските граѓани. Точно така. Да не се навраќаме на оние илузии кога секој ден чекавме Македонија да биде признаена, да не зборуваме за сите оние победи што се навестуваа секојдневно. Еве, проблемот со Европскиот суд ни е свеж на сите и сите го памтиме во нашата свест. Потполн пораз на крајот.

Зошто ни е потребно да живееме во илузии? Едноставно, кога зборуваме за тоа меѓународно претставување на Република Македонија, можеме слободно денеска да речеме дека Владата на РМ и комплетното државно раководство не само што не води некаква мудра поли тика во македонското пробивање во меѓународниот свет туку напротив господа најодговорно ќе ви речам дека понеспособна политика ретко која влада може да води во борбата за своите интереси во борбата за интересите на сопствениот народ и во борбата за интересите на сопствените граѓани.

Сите погледи на меѓународниот свет се само порази, порази, порази за Република Македонија. Четири години гледаме само порази. И, секој ден на македонската телевизија не убедува колку нашите државни раководители се4 мудри и колку нас не прифаќаат во Европа. Резултатите се очигледни.

Што се случува?

Се случува дека македонската влада, не само што ги води овие тајни разговори зад затворени врати, не само што нема некаква визија за

XVI/5.-

таа меѓународна политика, туку и понатаму продолжува со оние стари комунистички методи на работа . Кои се тие стари комунистички методи на работа? - никаква информација за сопствената јавност. Па, господа, вие постојано го образлагате тоа со некаква тајност, тајност, тајност. Нема тајност во тие погледи. Како за грчката влада разговорите не можат да бидат тајност? Зошто грчката влада после сите разговори објавува некакви коментари или прес конференции? Дајте, барем еднаш нека министерот за надворешни работи седне да направи една добра прес конференција, да ги образложи ставовите пред македонската јавност. Очигледно дека пред малку пратеникот Трајан Мицевски многу добро ја илустрираше целата политика на нашиот министер за надворешни работи г-динот Стево Црвенковски која се сведува само на одговорите: Аха, и аха, и ќе видиме и тоа. Тоа е целата политика и тоа е целата информација што ние како парламентарна опозиција како граѓани на Република Македонија ја добиваме од Македонската влада во преговорите со Грција.

И, не само тоа. Повторно се прават оние стари комунистички блефови односно трикови. Сите ние знаеме дека македонската влада преговара за знамето, преговара за уставот, преговара за името на Република Македонија. Сите тоа го чувствуваме во ветрот подобро да не ми каже односно тоа сите ние го знаеме.

Што се случува?

Македонската влада преговара. Ако преговара како Влада, ве молам преземете си го ризикот, излезете пред македонскиот народ, објаснете ги вашите ставови, бидете ги во своите идеи, направете ја промената што сметате да ја направите.

Место да го направи тоа македонскиот државен врв како секоја чесна влада да си го преземе ризикот на она што го води , гледаме во македонските средства за јавно информирање, се сака прво едниот лидер на опозицијата да се намести, па другиот лидер на опозицијата да

XVI/6.-

се намести, дека тие се тие кои преговарале за симболите или не знам за какви разговори во поглед на тоа. Едноставно, се нема доволно чесност, се нема доволна храброст и се нема доволна визија во она во што се работи да се излезе и храбро да се каже дека политиката и ставот на оваа влада се тие, ние одиме со таа политика, дајте да разговараме за тој проблем.

Сега, што се случува? Целата македонска надворешна политика е фиксирана со месеци и со години само за проблемот со Грција без никаква можност да пркнеме како македонска држава да излеземе и да се претставиме во вистинско светло со сите наши способност пред меѓународниот свет.

Истата наша политика е и на Балканот. Република Македонија за четири години на балканскиот полуостров не успеа да најде односно во своите четири соседи не успеа да најде ниту еден пријател.

Го поставуваме прашањето што е мудроста на една политика ако не од својот непријател да направиш пријател. Постојано зборуваме од сите страни сме опседнати со непријатели. Точно е дека суштински е така. Меѓутоа, што направи македонската влада од тие непријатели да направи пријатели во овие четири години. За жал, господа, не гледам ниту еден чекор во подобрувањето на односите со ниту една држава од нашите четири држави во однос на политиката на македонската влада.

Постојано зборуваме за војната и за мирот околу Македонија. Војната или мирот на Република Македонија односно безбедноста на границите на Република Македонија може да се обезбеди само со пријател- ски односи и само со менување на нивните ставови кон Република Македонија. За жал, јас не видов никаква мудрост на целото државно раководсјтво во Република Македонија дека сака да ја промени Балканската ситуација во корист на Република Македонија.

И, кога станува збор за таа меѓународна политика, многу ми е жал што четири години после осамостојувањето на Република Македонија

XVI/7.-

односно во оваа борба за осамостојување на Република Македонија во ниту еден момент не сум почувствувал дека Република Македонија е меѓународен субјект на Балканот. Во ниту еден момент не сум почувствуј дека македонската влада, македонското премудро државно раководство креира некаква политика на надворешен план. Од римско време имало политики што се влече по настаните и политики што креирале настани. Македонската политика на надворешен план, на македонската влада, на македонското државно раководство во овие четири години е единствен политика што се влече по настаните. Во овие четири години Република Македонија во ниту еден момент не се почувствува дека е субјект столб на Балканската политика и дека спрема таа политика балканските политики ќе градат еден нов свој став. Тоа е токму во таа позиција што ја изгради македонската влада и македонскиот претседател на субјект кој се влече постојано зад настаните. Со тоа го рушиме комплетното достоинство на македонската нација и на сите останати македонски граѓани кои живеат во Република Македонија. И, со таква политика никогаш нема да го обезбедиме трајно мирот и стабилноста на граѓаните кои живеат во Република Македонија. Тоа е што се однесува за надворешната политика.

За ембаргото ќе зборувам кога ќе дојде делот за економсмката програма.

Вториот момент што сметам дека е едно од најсериозните обвинувања што перманентно трае во со опстојувањето на оваа влада е проблемот на рушење на концептот на граѓанската држава во Република Македонија. Имено, содејствувањето на македонската влада во своето опстојување досега комплетно го наруши уставот на РМ каде што РМ се темели како граѓанска држава. Основните граѓански вредности се запоставени и минимизирани комплетно. Постојано се зборува од страна на средствата за јавно информирање за граѓанските вредности на РМ за граѓанскиот концепт во РМ, меѓутоа без во ниту еден момент кој се

основните граѓански вредности на една граѓанска држава.

Кои се тие вредности и критериуми:

Првата граѓанска вредност е суверенитетот на народот, втората граѓанска вредност е слобода на говорот, изразувањето и печатот. Третата граѓанска вредност е право на соодветна постапка и праведливо судење. Четвртата граѓанска вредност е право на еднаква заштита пред законот, одбраната на државата е една од граѓанските вредности и конечно една од основните граѓански вредности односно основните граѓански права е правото на собирање и здружување на граѓаните. Тоа се граѓански вредности што можете да ги сретнете во сите учебници во теорија. Верувам дека има тука многу професори, некои има и кои напишале книги за демократијата во Република Македонија и верував дека овие граѓански вредности ги имаат пронајдено во сите теоретски учебници за граѓанските концепти на државите односно што е тоа граѓанска вредност.

Ќе се обидам да ја елаборирам мојата теза - Зошто Владата на Република Македонија работи против граѓанскиот концепт на Уставот на Република Македонија односно го руши граѓанскиот устав на Република Македонија.

Пред се, морам да ги потсетам господата од Владата визави граѓанскиот концепт на една држава не стојат некакви националисти туку во оваа ситуација стои Бившиот тоталитарен комунистички режим. И, кога ние зборуваме за граѓански концепт можеме само да го споредуваме со комунистичкиот тоталитарен режим. Кога се зборува за граѓански вредности во Чешка, се зборува визави тоталитарните вредности на комунизмот во кој претходно се живееше.

Да почнам прво со слободата на говорот и печатот.

Доволно е да излезете на улиците да поразговарате со обичните граѓани и за многу кратко време ќе го донесете заклучокот дека луѓето во оваа држава, граѓаните во оваа држава, македонските во оваа држава се

XVI/9.-

плашат да зборуваат, се плашат да ја напаѓаат Владата, се плашат да ги напаѓаат своите директори (интервенции од министрите во Владата на РМ) се плашат да зборуваат против својата локална власт. Точно така господа. Појдете во било која фабрика ќе видите дека сите работници само шепотат до оној момент кога се нема да им дојде преку глава и ќе излезат пред македонскиот парламент а кога вие ќе ги наречете дека еве прават "романизација" на Република Македонија, стравот на луѓето да зборуваат против владата, да зборува ат против сопствениот директор,да зборуваат против својот претседател на градот е евидентна во сите места. Не треба да се смеете. Тоа го знае секој граѓанин во Република Македонија.

Зошто?

Затоа што со вашата политика основното право на еден граѓански концепт на држава, а тоа е слободата на изразувањето го направивте навистина да биде потиснато во еден човек кој, еве, се надева на демократијата во РМ. Тоа е првиот момент.

Кога сме тука, да не го спомнеме правото на печатот односно слободното и независното информирање во РМ. За жал, ВМРО- ДПМНЕ досега во своето опстојување четири години на македонската политичка сцена безброј пати го има критикувано македонското новинарство дека не преставува ништо друго освен продолжена рака на македонската влада односно на македонскиот континуитет на режимот што го имавме до пред четири години. Ваквите нагаѓања конечно во последните три-четири месеци добија и своја завршница. Монополот на електронските средства за јавно информирање, македонската радио- телевизија конечно доби и партиски директор односно директор кој е член на политбирото на една од владеачите односно владејачката партија во Република Македонија, додека од друга страна монополот на држењето во печатениот дел во средствата за јавно информирање на Република Македонија "Нова Македонија" како што можевме да видиме од "службениот весник на РМ" беше поткрепен со еден милион марки пред

неколку месеци од страна на Буџетот односно од страна на Владата на Република Македонија. Значи , она што беше формално независно, иако нели под таа формалност се криеја сите други механизми на контрола, денеска стана и формална зависност, со фактот на изборна еден директор и со фактот на конкретно плаќање со еден милион марки на македонскиот монопол во печатениот дел на средствата за јавно информирање, тоа е весникот "Нова Македонија".

Што се добива со тоа господа?

Со тоа се добива само она што ВМРО-ДПМНЕ цело време го зборува во Република Македонија, а тоа е дека во Република Македонија четири години после формалното рушење на комунистичкиот систем се уште немаме независно и слободно информирање во Република Македонија.

Дека новинарството во Република Македонија е комплетно контролирано и дека, нормално, тоа беше досега, а посебно сега со новиот директор и новите прераспределби на места во Македонската радио -телевизија, тоа сигурно уште повеќе ќе не очекува во наредните неколку месеци пред изборите, ние добивме едно комплетно режимско н о- винарство во Република Македонија. Со тоа што, за разлика од диктатор- ските земји каде што на пример, како што беа порано Чиле и Аргентина новинарите беа едни од најскапо платените професии, овде, македонските односно дел од тие македонски новинари се продаваат само за една обична човекова егзистенција, што не е ни чудо со поглед на економ- ската политика до која не доведе македонската Влада.

Едноставно господа, преку овој парламент сакам да го искажам уште еднаш мојот јавен протест што во Република Македонија ние денеска сме сведоци на едно комплетно режимско новинарство, без никаков простор за демократија, без никаков простор за опозиционо дејствување. Сите оние новинари во тие средства за јавно информирање

XVI/11.-

кои досега се обидуваа да настапуваат малку - малку опозициски, се викаат на состаноци, се сослушуваат, се прават хајќи против нив, остануваат без плати. Ги знаеме веќе тие механизми на работа. Можам да ви кажам во последните три месеци сум разговарал најмалку со 20 новинари и од "Нова Македонија" и од Македонската радио телевизии како се прават новите цензури во Македонската радио телевизија.

Дека нешто жестоко се случува, еве јас ќе ви кажам во последниот месец ипол како лидер на опозицијата во Република Македонија дадов два интервјуа, за два весника во Република Македонија и ниту едно интервју досега не е издадено. Тоа е нов начин на дејствување на македонското режимско новинарство.

Цензурата и политиката во тој поглед само уште повеќе ќе се заоструваат, македонските државни средства за јавно информирање веќе служат само како апарат за спроведување на акциите на македонската влада. Најкласичен пример на 15-от ден, односно на из-минувањето на законскиот рок на пописот во Република Македонија г-динот Ристо Иванов како претседател на државната комисија изјави, изнесе податоци дека во Република Македонија не знам дали дотогаш се беа попишани само милион и двесте или милион и триста жители од граѓаните на Република Македонија, изјави со насмевка пописот во Република Македонија е успешно завршен. При една отворена лага и илузија пред сите граѓани на Република Макеоднија, со отворен бојкот на партиите ПДП, со неизлегување на половина од населението во Република Македонија тој даде една храбра изјава - Пописот во Република Македонија е успешен. Истата таа вечер македонската телевизија во сите нејзини коментари и другиот ден "Нова Македонија " со големи наслови и со големи насмевки објавува - Пописот во Република Македонија е успешно завршен. А, основниот поглед на податоците на секој обичен читач веднаш под тие огромни наслови - Пописот уште успешно заврши во РМ, му сведочи дека половина од македонските граѓани не се излезени на попис во Република Македонија.

XVII/1.- ПЈ/ОМ

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

И од тогаш, до денес истите тие средства за информирање секој ден не убедуваат дека пописот во РМ е успешно завршен, иако еве сега и последните бројки зборуваат само за некаде еден милион и седумстотини илјади граѓани кои се излезени. Повторно ќе не убедуваат дека кампањата, акцијата на македонската Влада успеала. Ќе не убедувате и повторно че правите Орвелова држава од Република Македонија многу слична на онаа кога дадовте согласност за името НЈРМ, па овде станувавте и со чудење поставувавте прашање, па кој дал согласност за БЈРМ, ние не сме дале. Која е таа политика што денеска се употребува во поглед на средствата за јавно информирање. Се повеќе и повеќе ќе слушаме кампањи за успешни работни организации и се повеќе и повеќе нашиот ТВ дневник ќе наликува на дневникот од 1960 година и 1971 година. Проблемот на слободното информирање проблемот на независното информирање е проблем на секој граѓанин кој сака да живее во една демократија. Во овој момент ние имаме класичен пример на режимско новинарство во РМ, кој уште повеќе ќе го заострува својот меч спрема комплетната позиција во РМ и против сите оние кои сакаат демократски да дејствуваат дали како интелектуалци, како независни луѓе во оваа држава. Значи, основното право на еден граѓански Устав тоа е слободат ана независното новинарство денеска оваа македонска Влада го има срушено.

Вториот елемент на граѓанскиот концепт на еден Устав на една држава бес сомнение е правото на еднаква заштита пред законот. Ние имаме класичен пример каде што македонската Влада со мнозинство на гласови воспостави, барем оние институции што досега го воспостави, тоа е Врховниот суд и Уставниот суд во Република Македонија, кош

се поставени потполно на партиска основа. Што е таа гаранција на обичниот граѓанин, кој ќе му го гарантира основното право на заштита пред судовите, пред законите како еден од основните граѓански права дека тоа навистина ќе се случи. И ние навистина тоа го гледаме. се случуваат денеска стотина криминали во РМ, Македонското јавно обвинителство, македонските судови не реагираат. Зошто? Затоа што, е доволен еден телефонски повик на одреден министер , доволен е еден телефонски повик на еден претседател на локална самоуправа на град каде што го држат партнерите од коалицијата и судијата веднаш да го запре процесот, односно јавниот обвинител да не го запре процесот.

Нај карактеристичен пример беше карактеристичната пријава против министерот на оваа Влада, актуелен министер Антони Пешев каде што на прашањето на еден од помошниците зошто не е покрената постапката односно не е пуштена кривичната постапка против овој министер во македонската Влада, истиот тој помошник одговара, во консултација со јавниот обвинител, ми се чини беше изјавата, ние решивме дека нема основа да се покрене кривичната постапка, па тоа е господа смев за една држава, циркус за една држава, помошникот да се консултира со јавниот обвинител и заеднички да оценат дека немало основа за кривичен прекршок. Тоа зборува за она што се нарекува контрола на судството односно на третата власт во РМ.

Едно од основните права на граѓаните во граѓанското општество е правото на соодветна постапка и справедливо судење. Ми се чини дека тоа е регулирано со член 12 од Уставот на РМ, господинот Фрчковски ќе ме поправи ако не е така, бидејќи тој беше еден од авторите на Уставот на РМ, а со што ми се чини е еден од основните членови кои требаше да го гарантира демократскиот дух на македонското општество кои го

создаваме во овој момент. Што е тоа господа? Тоа е , господа, сигурноста на секој обичен граѓанин дека утре или задутре нема да биде собран во едно комбе од страна на г-динот Фрчковски и однесен во некој кабинет на истиот тој господин, претепа! таму со обвинуваше, чувме дека се украло 5 литра ракија или сме чуле дека се украл некаков мотор, за да•после два дена судот во РМ донесе пресуда дека човекот кој е претепан од страна на г-динот Фрчковски, односно неговите експоненти на теренот воопшто бил невин Се надевам дека г-динот Фрчковски како автор на една книга од теоријата на демократијата, многу добро знае дека еден од основните принципи на западната демократија е токму тоа, дека притворен граѓанин на РМ има право веднаш на адвокат и соодветна процедура, што може да го најде во секоја теорија, односно книга за теорија на демократијата.

Господинот, пратеникот Александар Флоровски пред малку покажа односно во претпладневната сесија овде покажа една слика на еден претепан човек со модрици на целото дело кој е притворен од страна на г-динот Фрчковски претепан во македонската полиција, а после два дена судот донесува Одлука дека тој човек треба да се ослободи, затоа што нема основа за негово гонење. Во истото тоа место од каде што потекнува овој човек имаме уште еден случај кој можеме да го документираме за граѓанин на РМ кој без основ е исто така претепан со тоа што со случајот со тој човек е уште по трагичен што останал инвалид. Случајот што можевме да го чуеме во велешкото село Богомила е истиот случај. Обвинет човек дека украл 5 литри ракија, претепан во полициската станица од егзекуторите на г-динот Фрчковски

и 100 метри после тоа претепување човекот умира. Тоа е граѓанската држава што оваа Влада во РМ ја прави , ја создава господ пратеници и сите оние кои слушаат. Денеска во РМ ни еден граѓанин поради ваквата постапка и однесување на министерот Фрчковски не е сигурен во својата лична безбедност и во својот личен мир дека на г-динот Фрчковски нема да му текне на некој да му рече ти украде 5 литри ракија , дојди малку да те претепаме во македонската полиција, па судот после нека донесе каква сака одлука. Никој не одговара за таквите постапки на г-динот Фрчковски.

Уште еднаш г-дине Фрчковски ќе Ве потсетам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам на Парламентот да се обраќате.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро, ќе го потсетам македонскиот Парламент дека основното граѓанско право запишано во сите теории на концепти на граѓански устави во светот е правото на соодветна постапка пред органите на полицијата и судот. Тоа право во Републиката денеска не се почитува најмногу од политиката на г-динот Фрчковски.

Нормално, кога зборував за тие граѓански права сигурно дека треба да се спомне и одбраната како основно граѓанско право во секој граѓански концепт на држава, меѓутоа, без сомнение тука критиките што ги упатувам во минатото барање за доверба на македонската Влада, ќе ги повторам и овој пат. Имено, ние не можеме да да веруваме во вистински концепт на граѓанска држава и граѓанска држава на границите на македонската држава, се до оној момент додека Буџетот на РМ колку што доделува пари за армијата на Р. Македонија одделува пари и за

Полицијата на Република Македонија. Извинете, господа, меѓутоа тоа не е концепт на граѓанска држава, тоа е концепт на тоталитарна држава, тоа е концепт на џандарска држава , тоа е концепт на политичка држава. Тоа е, можете да го елаборирате и можете да го видите во сите прирачници за Теорија за демократијата во светот. Да не зборуваме за граѓанската одбрана како должност на сите. Се додека во РМ Владата форсира концепт , слаба армија јака полиција, ние нема да имаме безбедност и сигурност на македонските граѓани туку ќе имаме сигурност на тоталитарниот карактер на државата; што Владата на РМ сака да ни ја воспостави како граѓани на оваа млад; нова демократија во нашата држава.

Конечно дојдовме навистина и до фундаментот на граѓанските држави, а тоа е слободата на собирањето и политичкото организирање на граѓаните во РМ. Факт е дека во РМ денеска функционираат голем број на партии формално формирани. меѓутоа, исто така, факт е дека Министерството за внатрешни работи за овие 4 години не престанало во ниту еден момент да се меша во тоа граѓанско право, основно граѓанско право кое е влезено во концептите на сите граѓански устави, а тоа е граѓаните да можат слободно и независно да се организираат на партиска основа, меѓутоа и на невладина основа.

Прво, да почнам за невладините организации. Невладините организации се втор столб на секоја организација во светот. Во секоја европска држава Вие ќе наидете на стотици невладини организации кои владеат работат како лоби групи. Денеска во РМ 90% од така наречените независни односно невладини организации во РМ се, исто така, пот контрола на македонската Влада или македонската полиција. Не знам зошто Владата на РМ или владината коалиција толку има страв од

демократијата во РМ, што на луѓето не му дозволува да се организираат туку на невладина основа. на најразлични концепти за било кое остварување на едни граѓански права за кои се борат во РМ. Меѓутоа , да поминеме на она што е основното, политичките партии. Факт е дека г-динот Фрчковски, односно Владата на РМ за сите овие години не престана да се меша директно со свое инволвирање во работа та на политичките партии во РМ како основно право на секој граѓански концепт во РМ. ВМРО-ДПМНЕ како најголема опозиција во РМ досега два пати ги изнесуваше доказите за тоа директно инволвирање на министерството на г-динот Фрчковски во работата на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Ни во првиот случај немавме соодветна судска завршница и во вториот случај очигледно дека нема да има соодветна судска завршница. За жал, доказите што ВМРО-ДПМНЕ ги поседува повеќе од јасно зборуваат за политиката на Министерството за внатрешни работи. А таквата политика не е само против ВМРО-ДПМНЕ, туку очигледно се работи против останатите опозициски партии. Меѓутоа, вистински опозициски партии не оние партии кои секојдневно даваат соопштенија, кои се декларираат опозициски, а секојдневно даваат соопштенија за поддршка на политиката на Владата. Тоа е по ситуацијата. грозомората која е создадена од Министерството за внатрешни работи предводена од г-динот Фрчковски и неговиот шеф за државна безбедност во тој поглед е за жал повеќе пати елабуриран и пред овој парламент, а верувам дека и секој граѓанин на РМ ако сака малку од малку да ги разгледа тие докази: : веќе може сам да си донесе заклучоци. За Ѓ1ал, господа, тортурата која се спроведува од страна на Министерството за внатрешни работи, од страна на министерот Фрчковски и неговиот многу лојален соработник г-динот Слободан Богоевски многу сериозно во вистинска смисла ја загрозува демократијата во РМ и отвора простори за еден комплетен

тотелерализам. Јас ќе бидам толку слободен и одговорен овде пред оваа парламентарна говорница да речам дека навистина веќе сериозно се плашам дека г-динот Фрчковски и г-динот Богоевски се спремни на политички ликвидации во РМ. Нивната борба за власт и нивното држење на воспоставувањето на тотелетарниот систем, навистина, само води во тој правец . Јас се надевам дека ние нема да бидеме сведоци на една таква ситуација во РМ и се надевам дека Владата на РМ во која без оглед на се сигурно постојат и некои луѓе кои малку од малку чувствуваат некаква грижа на совест ќе ја спречат таквата политика на ова министерство.

Конечно, за грозоморите на таа Служба задржана безбедност која ги создава македонската јавност, досега јавно прозбореа и неколку нивни соработници. кога излезе пред две години г-динот Александар Динески од истото тоа Министерство, сите рекоа дека тој е човек на ВМРО-ДПМНЕ. Добро, еве Аце Диневски е сега во ВМРО-ДПМНЕ. Беше Ваш соработник, односно работник. Меѓутоа, после извесно време, исто така Министерството аз внатрешни работи со истите обвинувања, го обвини г-динот Павле Трајанов, заменик или не знам што е помошник беше на министерот. Значи, човек кој е втор или трет во МВР, кој ја обвини Владата на РМ за организиран криминал. И Павле Трајановски беше член на ВМРО-ДПМНЕ. После извесно време излезе уште еден помошник од МВР извесниот г-динот Богданчо Гогов, кој ми се чини за мене и ја даде најтешката изјава што можеше да биде дадена досега од страна на човек кој работи во МВР. Која е таа изјава господа демократи во македонскиот парламент и во македонската Влада и господ новинари, кои на таа изјава не и обративте ни најмалку внимание. Таа изјава беше следната, дека Министерството за внатрешни работи организира

наместен криминал за г-динот Павле Трајанов со цел политички да го дискредитира пред македонската јавност во неговите понатамошни политички изјави. Страшно, за секој демократски интлектуален ум нешто страшно. Македонските независни новинари не и дадоа ниту една јота белег на таа изјава. Македонската Влада, исто така, не ја загрижи таа изјава на помошникот каде што се вели дека Министерството за внатрешни работи на чело со г-динот Фрчковски г-динот Слободан Богоевски и г-динот Дино Гинов организира на свој довчерашен соработник, а јас мислам и личен пријател на многу од нив политички криминал со цел да се дискредитира човекот пред македонската јвнсот. Господа министри, ако Вие не застанете на пат на една ваква политика на вашиот пријател Фрчковски те првиот од Вас ш' ќе биде дисидент на оваа Влада,против првиот од Вас г-динот Фрчковска ќе ги води истите акции за да докаже колку сте биле Вие корумпирани на затоа сте излегле од таа Влада. Мора да се запре. Мора да запре некој на ваква политика на претворање на Македонија од демократија во банана држава, каде што Министерството аз државна безбедност ќе организира пљачки за да намести некого со политички мотив. Тоа е страшно нешто за демократијата во РМ. Гледам целото македонско независно новинарство до ден денес молчи и за тој проблем, нормално Вие се уште немате намера да го расчистите тој проблем, меѓутоа, некој мора да го расчисти тој проблем. Тоа е нешто што на обичен човек треба да му се крене косата на главата. Затоа што секој утре како граѓанин ан РМ може да биде исто така предмет на ист начин, како што многу досега биле од страна на Министерството аз внатрешни работи и пот секретарот за државна безбедност. Од тука, ако ваква изјава можеше да даде помошник кој работел до вчера со нив, помошник на Министерството за внатрешни работи, тогаш јас уште еднаш ќе ја повторам дадената изјава

за страв дека г-динот Фрчковски и г-динот Богоевски се спремни да ликвидираат и да прават политички ликвидации во оваа држава. На ова ние мораме конечно еднаш на патот. Претседателот Глигоров наместо да ја форсира таквата политика, еднаш за секогаш треба да престане и да излезе пред македонскиот народ и да ги каже неговите ставови во поглед на демократијата во РМ. Тоа се елементите зошто во РМ оваа Влада работи контра граѓанскиот концепт на Уставот на РМ и контра граѓанските вредности на едно граѓанско општество, аз кое сите ние се залагаме да успееме да го изградиме, аз да можеме ние или нашите деца утре да се радуваат и да се надеваат дека тоа граѓанско друштво има надеж и можеме да останеме во него.

Конечно третиот елемент за што сметам треба оваа Влада да поднесе оставка тоа е предметот ...

Се извинувам кога зборувам за г-динот Фрчковски уште еднаш ќе дадам уште една изјава односно еден негов повик. Тој на неколку пати се обиде да направи инсинуации директни и како министер и неговиот потсекретар за државна безбедност исто така се обиде да направи инсинуации за некакви вмешаност на странски служби, конкретно на бугарската контра разузнавачка служба во раководството на ВМРО-ДПМНЕ. При што, нормално, македонските средства за јавно информирање тоа масовно го пропагираат и понатаму го продолжуваат. која е логиката на тие средства за јавно информирање? Кога пред две години излеговме со видео снимки и со тонски документи за прислушување на телефоните, сите коментари на македонските средства за јавно информирање беа, па тоа не е ни толку лошо ако се прислушува телефонот на најголемата опозиција. Кој знае можеби таму постојат навистина некои предавници односно шпиуни на бугарската

служба. Денес ја слушам истата информација, односно многу слична на таа. Овде излегува г-дин Флоровски кој кажува дава слика на претепан човек од Министерството за внатрешни работи со судска пресуда од два дена после тоа дека нема никаква основа , а веднаш после тоа станува претседателот на Комисијата за човекови права и дава една изјава од која морам да кажам дека секој демократ -ќе биде воодушевен. Вели: "иако е тој претепан човек, меѓутоа тој претепан човек, мислам добро е што е тој претепан човек, затоа што тој претепан човек претходно имал исто така кривични пријави". Јас сигурен сум дека утре кога ќе излезе таа слика на тој претепан човек во македонските средства за јавно информирање, македонските новинари сите до еден ќе ја бранат тезата добро е што е тој претепан, затоа што тој претепан човек претходно имал таква и таква кривична пресуда или кривична осуда. Тоа е смешно и подобро немојте да зборувате за вакви нонсенси, ако сакате воопшто некој да ви верува дека тежите кон демократија во РМ.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Целта ми беше уште еднаш овде, го повикувам овде најодговорно господинот Фрчковски да излезе пред македонската јавност со комплетната документација што ја поседува за Партијата ВМРО-ДПМНЕ и за членови на нејзиното раководство како соработници на бугарската контра обавештајна служба или на било која друга контра обавештајна служба во светот. Тоа го повикувам најотворено и се надевам дека во наредните денови господините Фрчковски ќе може да ги презентира пред македонската јавност.

Меѓутоа, да одам понатаму економијата. За резултатите од економската политика на оваа економска влада очигледно дека исто така не треба да бидеме премногу политички спремни за да ги сфатиме, затоа што ги чувствуваме. Господа, ќе почнам со неколку констатации. Денеска благодарение на политиката на оваа влада во РМ има 175 илјади невработени односно 28% од вкупното население што преставува највисока стапка во Европа, дури повисока и од онаа на Србија која е под комплетно ембарго на 00Н. Во Република Македонија околу 100 илјади луѓе според она што го кажуваат статистиките односно оние од вработените не примиле по еден, два, три а некои и по пет-шест месеци плата, благодарение на политиката на македонската влада. Во РМ повеќе од десет илјади пензионери неколку месеци веќе не можат да ги добијат своите редовни пензии. Конечно во РМ, според новите статистички податоци 43 или 48 илјади фамилии примаат социјална помош. Значи веќе се доведени на стадиум на просјаци во РМ и македонската влада ќе треба да ги убедува секојдневно дека е добро што при- маат социјална помош, затоа што таа социјална помош е благодарение на заслугите на македонската влада. И конечно господа

сакале ние или не да си признаеме комплетното македонско стопанство е донесено пред банкрот. Прашањето на тој економски банкрот на македонското сто- панство е прашање само на месеци. Досега беше два -трипати одлагано со помош на неколку странски кредити, меѓутоа очигледно е веќе дека и странските кредити треба да се удоволуваат на друг начин. Тоа е таа политика на македонската влада за која ВМРО-ДПМНЕ постојано зборуваше, немање на визија на економскиот национален концепт на РМ. Македонската влада се уште се плаши да го изговори во РМ терминот национална економија. Поимот национална економија е основната А буквата од која ние треба да зборуваме да почнеме во разбивањето на она што се нарекува економска катастрофа во РМ. Зошто, зошто се плаши од терминот кога се спомнува и во поглед на економија. Па секаде имаме француска економија, американска национална економија зошто да немаме македонска национална економија. Меѓутоа, тоа не е само форма, тоа е содржина Македонската влада после сето ова владеење не успеа да изгради концепт што е тоа национален интерес во економијата во РМ. Пред некој ден го слушам министерот за земјоделие, не знам кој беше министер дека македонската влада не може да штампа пари за откупување на пченицата во РМ. Знаете ли вие што кажал тој министер? Катастрофа. Сакаме само да ја отепаме Македонија како држава поаѓајќи од националниот фундамент на македонското стопанство, од земјоделието а понатаму до целокупниот оној интерес кога станува збор за економијата во РМ. Во РМ целиот изговор на македонската влада за сите економски промашувања е следната - ние градиме пазарна економија и тоа се резултати на пазарната економија. Не господа! Вие како влада воопшто немате направено ни А буква за пазарните економија. И немојте да го плашите народот со пазарна економија затоа што во РМ се уште владеат принципите комплетно во сите сфери на социјалистичката економија, од

монополите од царините, од таксите во сите сфери, денеска во РМ ни за јота не е мрднато од комунистичката договорена економија кон она што се нарекува пазарна економија. И немојте да создавате кај народот отпор за нешто за кое уште не сте почнале да го правите во РМ. Од кои сфери на економијата да почнам па да стигнам да ви го докажам тоа. Даночна политика господа вашата даночна политика што ја направите во РМ ја нема во Северна Кореја каде што е последниот бастион на комунистичка диктатура. Јас ве уверувам да побарате принципи на работата во Северна Кореја, таму имаат помали такси отколку што вие овде имате воведено во македонската економија такси.

Царинска политика - царинската политика која и понатаму комплетно штити некаков југословенски монопол, потпрена на југословен ски принципи во кои уште не може да се изгради македонската влада н еоже да го најде основниот концепт на пазарната економија односно на царинска политика, односно на национална македонска економија, дека производот што се произведува во РМ треба да се штити со царина, а производот што не се произведува во РМ треба да се либерализира со царина. Класичен пример е последната царина на сите производи, а онаа што е најкарактеристична на колите. Се создава еден нерамно-правен пазар. Цел свет е дискриминиран од страна на македонската влада во однос на автомобилите што доаѓаат од страна на Црвена Застава Крагуевац. Зошто толкави царини. Се работи за концепт. Концепт кој што комунистите, социјалистите, односно левите партии никогаш нема да го сфатат дека поголемите даноци во една држава создаваат поголема корупција, поголем криминал, попразни буџетски каси а помала даночна и царинска политика секогаш носат поповолни даночни и царински стапки Тоа ќе ви го каже секој политичар кој на запад работел во едно вистинско пазарно стопанство и пазарна економија. И јас ве уверувам еве класичен пример во кој вие можете да се уверете е

царините на колите. Јас ве уверувам дека во поглед на царините на колите дека вие досега во Буџетот ќе сте имале многу повеќе слевање на пари отколку сега со новите царински давачки. Меѓутоа, тоа не е само проблем за автомобилите. Тоа е проблем на целото македонско стопанство во кое никој од македонската влада денеска не може да ни каже што штити во тоа македонско стопанство, што е тоа што го либерализира и кои принципи и правила на игра се воспоставени во тоа македонско стопанство. Едноставно нема правила. Сите правила се подредени на она што се нарекува личен интерес на министерот. Па пред малку многу од пратениците зборуваа за корупцијата и митото. Па тоа е факт господо. Таквиот имиџ сами вие си го направивте на оваа влада. Тоа не ви го кажувам јас, или не ви го кажува од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ а тоа целиот народ ќе ви го каже на улицата дека ваква корумпирана влада во РМ досега немало никогаш. Тоа е имиџ што ви го градат вашите министри, Вашиот министер за земјоделие, вашиот министер за надворешни работи, вашиот министер за внатрешни работи и било кој. Еве ќе ви кажам еден обичен пример - пред неколку дена добив анонимно писмо од Министерството за надворешни работи каде што службеници на Министерството за надворешни работи го пишуваат тоа писмо, а тоа писмо е пратено и до премиерот Црвенковски и до министерот Фрчковски верувам, во кое службениците на ова министерство велат дека Министерството за надворешни работи можеме слободно да го претвориме во шопинг центар денеска затоа што секој помошник министер или заменик си има фирма и целата надворешна политика што ја гради спрема светот е како на таа фирма да и обезбеди што подобар пласман во светот. Еве го имате тоа анонимно писмо проверете го кој го пишувал. Тоа не се членови на ВМРО. Ваквиот револт на вашите службеници кои и до вчера биле ваши службеници се повеќе

и повеќе се создава во сите министерства, затоа што очигледно е дека самите луѓе се бунат против криминалите и постапките што ги прават министрите. Нема министер кој не е замешан во некоја финансиска афера. Нема министер што не е замешан во некој финансиски скандал и тоа со бројки 200 илјади долари, 1 милион и не знам колку милиони. Ниту една од тие финансиски зделки не се демантира, ние една од тие финансиски зделки не се објаснува пред македонскиот народ. Практичен пример - потсекретар за внатрешни работи изјавува дека четири или пет високи функционери при македонската влада, тоа не значи само министри туку и заменици и помошници се замешани во организиран криминал. Македонската влада настапува на класичен мафијашки начин: дајте да се браниме сите и се бранат сите, наместо на демократски начин, ако ти господине си градел, поднеси си оставка. Оди ти, замини, оставија другата влада да работи како што треба. Тоа е принципот на Италија, на Англија, во Јапонија сега каде избива финансиски скандал. Однесувањето на македонската влада е типично мафијашко - еден од нас фатија, дајте сега сите да се штитиме, за да не ни излезе и нас прљавиот веш надвор.

Проблемот на корупцијата,проблемот на мафијаштвото, проблемот на организираниот криминал, а организиран криминал што значи? Организиран криминал значи кога министер е поврзан со соработникот со помошник во министерството во внатрешни работи работник во внатрешни работи и конечно оној директор на фирма, обичен криминалец или нез нам што што е на теренот што ја извршува прљавата работа. Факт е дека за секој од министрите денеска може да се кажат уште по две три афери кои навистина го загрижува секој македонец во РМ. Резултатите од тоа се многу очевидни и сега се поставува прашањето зошто во РМ македонската влада нема економска политика. Од многу едноставна причина што сите економски одлуки што

Ги донесува македонскава влада се подредени на интересите на министрите, на овој или оној министер.

Контингентите! Сите знаеме дека контингентите се жив криминал за кој треба најмалку утре 30 луѓе во Министерството да бидат затворени. Па секој ќе ви каже како одат продажбите на контингентите. Конкретно контингент за чоколадо. Ќе појдете кај помошникот на господин Петруш Стефанов и ќе барате контингент за чоколадо. Тој ќе ве упати на човек бидејќи тој нема контингент, кој ќе ви го даде тој контингент Одите кај тој човек, му давате две-три илјади марки и го добивате контингентот. Тоа е приказна што секој обичен трговец ја познава во РМ. И сега што, ќе стане господинот Стефанов и ќе каже не, не е така. Така е, секој обичен трговец што малку од малку се занимава и знае за трговијата ќе ви ја каже таа приказна, не само за чоколадите туку за сто други работи што одат со контингенти. Се знаат и луѓето кои работат со контингенти.

Приказната со државните фирми односно општествените фирми или многу од нив денеска акционерски друштва исто така е многу препознатлива. Меѓутоа, зошто ако министрите се пуштени во такви процеси зошто и директорите да не се пуштат во тој процес. Ние секојдневно гледаме рапидно осиромашување на најголемите форми во РМ. Која е процедурата, секо^ј директор на општествена или таканаречено АД е поврзан со некоја приватна фирма и едноставно со најразлични договори се пренесува парата од општествениот имот во неговите раце. Тоа е при- казна во која можам да ви кажам сто примера. Еве, јас ќе ви кажам еден обичен пример. Случајот со продажбата на пивото во РМ. Се знае дека Скопска пивара има овластено три-четири дилери кои треба понатаму да го продаваат пивото во цела РМ. Која е приказната? Разликата од цената на пивото од фабриката до дилерите и

до третиот купувач повторно се враќа назад кај оној што таа зделка ја отворил. Еве господине министре Фрчковски, појдете проверете го овој пример што ви го кажувам за работата на Скопската пивара. Јас се надевам дека господинот бидејќи е член на Либералната партија нема посебна заштита во тој поглед. И такви мафијаши имате во повеќе примери и такви мафијаши имате во секое градче. Секое градче си има локална група преку која оди мафијата поврзана со министерствата во РМ. Секој граѓанин на Охрид на Битола ќе ви ги каже кои се тие центри на локални мафијаши што се поврзани директно со Владата и кои едноставно ги уништуваат своите фирми општествени,акционерски или мешовити, а тој капитал се прелева во некои непознати раце за македонската јавност. Се надевам дека господинот Фрчковски сите тие процеси многу добро ги познава, меѓутоа, како што гледаме самиот тој ги блокира тие процеси да се по- кажат на виделина пред македонската јавност. За вакви примери можеме да зборуваме на стотици.

Монополите, зборуваме за пазарно стопанство во РМ. Какво пазарно стопанство во РМ господа, кога во секоја сфера на живеење во економијата имаме монопол. Тутунот сигурно е најкарактеристичниот пример. Целиот извоз на тутун од РМ мора да оди преку Македонија табак. Целиот увоз на тутун во РМ пак мора да оди преку Република Македонија. Што е таа приказна? А внимавајте се работи и за АД а не за државна фирма формирана од Владата. И после нема пари за тутунарите во РМ. Е па нема пари за тутунарите во РМ, кога парите добиваат непознат сопственик.

Монополот со нафтата - се пушти во одредено време во некакви периоди некаква либерализација на нафтата. Еве сега слушам повторно

е воспоставен монопол на нафтата во РМ. Монопол во сите производствени гранки, односно онаму каде што се собира кремот, а не за оние каде што може да се загуби. Меѓутоа, таму кај што се собира кремот исто така се учествува.

Проблемот на сертификатите, трговијата со Србија. Внимавајте не напаѓам тоа што се тргува со Србија, меѓутоа напаѓам што македонската влада намерно не воспоставува принципи на трговија со Србија. А зошто не се воспоставуваат принципи на трговија со Србија? Затоа што денеска најголемите профити се остваруваат на принципот на трговија со Србија. Дајте господа, сите знаеме дека се тргува со Србија. Нека се тргува со Србија, меѓутоа престанете да се прават овие криминали во РМ, од кои најмногу вие имате корист. Воспоставете игра и правила со Србија. Потпишете договор, договор за двојно оданочување, потпишете договор за безцарински увоз-извоз. Направете како што сакате. И договори, меѓутоа направете договро и да знаеме дека има правила на игра во оваа држава. Но факт е дека секој производ што доаѓа од Србија во Македонија, натаму се извезува, оди повторно со некаков сертификат, во кои исто така се замешани фирми што исто така се повластени од страна на македонската влада.

Примерите на криминалите, примерите ан корупцијата, примерот на мафијаштвото, поттикнати од страна на македонската влада се стотици. За нив можеме да зборуваме со денови. Меѓутоа, што е проблемот. Проблемот е што целата економска политика е подредена на интересите на неколку министри на одреден број министри во македонската влада, на неколку приватни сопственици што се многу блиски пријатели на тие министри и на неколку државни фирми кои исто така се многу големи пријатели на одредени министри на оваа влада. Едноставно господа вие немате право да зборувате дека во РМ

воспоставувате пазар- на економија. Во РМ немате ниту едно правило на пазарната економија. Нема ниту едно правило на игра за оние што сакаат да бидат сопственици како и стопанственици. Дајте воспоставете ги тие правила,па тогаш да речеме дека одиме во пазарната економија во РМ.

И нормално кога сето ова ќе се каже и кога Владата ќе го почувствува ударот на народот на земјоделците, ќе го почувствува ударот на Железарницата, на Металски завод им е потребен простор, па наоѓаат бугарски шпиони во РМ. И одеднаш не се важни оние 170 илјади неврабвотени, не се важни оние сто илјади што не зеле по четири пет месеци плата или невработени, не се важни земјоделците за кои откупот на нивниот производ е неизвесен, одеднаш се наоѓаат бугарски шпиони кои со месеци ја преокупираат македонската јавност. Господине Фрчковски вашата влада да одговори прво на условите во кои е донесена РМ на работ на економската катастрофа а уште еднаш вас ве повикувам, да ги покажете доказите на оние што се бугарски соработници во РМ. Тоа со задоволство би сакал да го слушнам и да го видам. Меѓутоа, исто така одговорноста пред која стоите, пред создавање на РМ во класична латиноамериканска банана држава е повеќе од очевидно и секој свесен граѓанин кој е загрижен за судбината на своето семејство, конечно треба да си го стави прстот и да се замисли. Република Македонија е влезена во процес во кој за неколку години во РМ ќе имаме 2% богаташи и тоа супер богаташи и 98% сиромаштија. Тоа е процесот во кој е отпочнат и во кој не води македонската влада. Класична банана држава во која корупцијата, мафијаштвото ќе бидат владеачки принципи на работа и живеење.

XVIII/10

И конечно уште еднаш да се задржам на она што се нарекува односно вашите обвинувања ние сме тие кои моравме да го направиме целит тој криминал и мафијаштво, затоа што ВМРО-ДПМНЕ ќе ве однесеше во војна Господа, министри на македонската влада јас уште еднаш само ќе кажам и мислам дека македонскиот народ се повеќе е свесен за тоа. Свесен сум што во РМ не победи концептот на СДС, ЛП, тогаш реформистичката партија во РМ и Социјалистичката партија, тука го одвојувам ПДП затоа што тој имаше по различни ставови и среќен сум што не победи ставот на овие три партии кои цело време го бранеа принципот дека Македонија треба да остане во Југославија, кои цело време го бранеа принципот дека ЈНА е заштитник на македонскиот народ и кои цело време го бранеа принципот дека Словенците се тие што ја направија војната, Хрватите се тие што ја направија војната, муслиманите во Босна се тие што ја направија војната. Среќен сум што не победи платформата Глигоров- Изетбеговиќ, среќен сум што не победи вашиот концепт РМ да остане во рамките на Југославија и со тоа денеска нашата младина и оние што се повозрасни луѓе да бидат српски резервисти на границите на Српска Краина во Хрватска и на границите на Босанска Краина во Босна. Среќен сум што победи концептот на ВМРО-ДПМНЕ за самостојна,независна македонска држава со која самостојна и независна македонска држава единствено се гарантираа безбедноста и мирот на секој граѓанин во РМ.

Постојани се изјавите и на претседателот на Републиката и на државата и на премиерот и на министри дека РМ за разлика од другите републики во Југославија за своето осамостојување дојде по мирен пат. Самата таа реченица што досега сто пати сте ја повториле крие една длабока потсвест. Тоа е дека Словенија дошла со крв до свое осамостојување, Хрватска била таа која почнала војна за осамостојување и Босна е таа, затоа Република Македонија е единствената која дошла до своето осамостојување по мирен пат. Тоа

крие еден длабок концепт што ја открива вашата потсвест дека до ден денеска се уште во вашата потсвест се крие ставот дека Словенија, Хрватска и Босна се криви за војната во Југославија, а никогаш не сакате да го спомнете, главниот виновник на таа војна а тоа е српската политика на господинот Милошевиќ. Затоа треба малку да ги менувате тие изјави во иднина, за да не се открива вашата потсвест. Тоа е првата работа.

Втората работа господа среќен сум што ВМРО-ДПМНЕ и опозицијата цело време се противеше Македонија да биде сојузник на политиката на Милошевиќ. Среќен сум што како позиција цело време се противевме да бидеме тие кои го поддржуваат бомбардирањето на Вуковар, бомбардирањето на Дубровник.

XIX/1.- СП/МЛ

**ЉУПЧО ГОРЃИЕВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Среќен сум што бевме тие што цело време зборувавме дека Македонија мора да ги запре финансиските и материјалните патишта кои ја снабдуваат Србија во времето на нејзината најголема агресија спрема Словенија, Хрватска и Босна. Среќен сум навистина уште еднаш да ви кажам дека навистина ме радува фактот што победи во оваа држава концептот на ВМРО-ДПМНЕ Република Македонија да стане самостојна и независна држава и на тој начин да ги заштитиме граѓаните на нашата македонска држава. Без разлика дали сме Македонци, Албанци, Турци, Власи, Роми и сите други.

Конечно господа навистина уште еднаш сакам да ви кажам дека оваа Влада сметам дека треба да падне затоа што навистина по- кажува една политичка незрелост. Се наоѓаме во ситуација кога еден владин партнер изјавува, ние веќе не доаѓаме на седница на Парламентот, од еднаш се појавува за да го спаси парламентарното мнозинство односно да се изгласа доверба на Владата. Што значи тоа? Тоа значи само едноставно дека манипулациите меѓу ПДП и останатиот дел на владината коалиција стануваат повеќе од очевидни и сметам дека ваквите игри што ги прави ПДП со останатиот дел на македонската Влада со цел да се блокираат некои закони во Република Македонија, со цел да се запрат некои процеси или со цел македонскиот дел да му помогне на ПДП со тоа што има проблем со крилото на Тачи и сега еве ви даваме простор вие да глумите дека сте против тие судења од шест или седум години или од друга страна ПДП му дава простор на македонскиот дел со цел на оправдување еве ако не сме ние нема да има мир меѓу Албанците и Македонците и денеска слушам организира некакви демонстрации во Дебар со цел да се побара намалување на казните на овие затвореници. Навистина сметам дека тие игри во

Република Македонија престанаа и сметам дека и албанското малцинство во Република Македонија не ви верува на тие трикови и македонскиот на- род се помалку и помалку верува на тие трикови.

Последните денови македонските новинари беа преполни со зборови зарем ВМРО најде во овој миг кога треба да се штитат националните интереси, да поставува доверба на македонската Влада, со една голема загриженост. Еве гледаме дека националната политика воопшто не е загрозена во Република Македонија, гледаме дека оваа Влада многу прецизно функционира кога станува збор за нејзината одбрана, сметам дека нема потреба да ги плашиме граѓаните на Република Македонија еве повторно се создава нешто во Република Македонија, а ПДП и владината коалиција на социјалдемократи и либерали се тие кои ќе не спасат од секакви посебни тензии во Република Македонија. Сметам дека треба да престанете да си играте со вакви создавања на национални тензии во Република Македонија затоа што ток- му ваквите создавања на национални тензии во Република Македонија можат Македонија да ја доведат до граѓанскиот немир, бидејќи ќе направите еднаш политички трик на Бит Пазар, ќе направите еднаш политички трик во Дебар, а третиот и четвртиот пат народот со малцинското самиот ќе почне да се конфронтира, а вие нема да можете да ги спречите и вакви политички трикови каде што се вжештува атмосферата, каде се прават дури и убиства, тепачки, треба еднаш да престанете да ги правите и да престанете овој народ со сите негови граѓани да го доведувате на работ на некакви меѓунационални омрази и етнички судири, како што ги нарекувате, па потоа вие да се појавувате и да изигрувате некакви спасители на мирот. Трикови од ти- пот на Бит Пазар, трикови од типот на денешен Дебар навистина ни се доволни на сите и ако сакате да го запазите мирот во Република Македонија треба конечно еднаш за секогаш да се однесувате како Влада на сите граѓани

на Република Македонија која ќе владее со свои визии, со своја политика, а не со трикови на заострувања на односите меѓу македонската нација и останатите малцинства во Република Македонија. Сметам дека и за Меѓународната заедница ваквите трикови престанаа да бидат интересни. Сигурно и судењето на овие од пара- војската исто така самите ги затворате, самите ги судите на крајот сами се бунтувате против пресудите. Немојте со такви трикови денес- ка да не замарате во Република Македонија и дајте однесувајте се како една нормална граѓанска Влада во Република Македонија.

Од сите тие причини сметам дека очигледно овој Парламент по ова изгласување на доверба пак нема да работи два или три месеци, се надевам дека оваа Влада и конечно е премиерот Црвенковски да си поднесе оставка затоа што очигледно без визии, без идеи една владина политика не е издржлива. Затоа, бидејќи овие денови многу се зборуваше за националниот интерес на македонскиот народ и маќедонската држава овој пат ќе речам денеска најголемиот национален интерес е на македонската нација и македонската држава оваа Влада да падне и да го ослободи овој народ, македонскиот народ и сите други граѓани во Република Македонија од тортурите кои веќе неколку години ги трпи од оваа власт. И на демократски план и на економски план и на сите други политички, па дури и на планот на меѓунационалните тензии. Најголемиот национален интерес е оваа Влада денеска да замине од политичката сцена на Република Македонија иако има мнозинство, како што гледам, а овој пат и на нејзино место да се формира една преодна Влада која ќе организира избори и на тој начин ќе биде навистина постигнато македонското национално единство во пресрет на новите избори на Република Македонија и во интерес на стабилноста на македонската економија и во интерес на стабилноста на меѓународната политичка сцена на Република Македонија.

XIX/4.-

**СТОЈАНА НДОВ:**

Има збор министерот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Бидејќи по малку навикнавме главните расправи за довербата на Владата да се водат околу Министерството за внатрешни работи и посебна опсесија или опседнатост од тоа има македонската опозиција на некој начин сакам да кажам неколку точки кои се однесуваат на тезите кои беа изложени овде, а кои се однесуваат на генералната политика на Владата и во вториот дел сакам една по една четири или пет невистини, да бидам фин па да речам невистини, а не лаги изречени на говорницата да ги претставам на македонската јавност како такви.

Имено, некој погрешно ги информирал господата од опозицијата дека постои владина криза. Имено, владина криза постои точно пишува во Уставот кога постои владина криза, таа постои кога ќе и се изгласа недоверба на Владата, а нова Влада не може да се состави, па се влегува во период на владеење на Владата во оставка. Таа процедура е прецизно одредена. Владата во меѓувреме додека на Парламентот јасно не и се изгласа недоверба владее со полн капацитет, со полни уставни законски права кои и припаѓаат и се до тогаш некому симпатична некому несимпатична таа владее со полн капацитет. Според тоа, малку попрецизно читање и одбивање да се употребуваат изрази кои не се разбираат, барем толку.

Второ, постои точно фрустрација во функционирањето во овој период на Владата на Република Македонија која во трите точки на нејзиниот главен политички програм практично во опозиционите партии не најде никаков алтернативен програм ниту обид за алтернативен програм.

XIX/5.-

Целокупната критика на опозицијата беше сфатена или беше изведена во вид на амеба, имено, критика на ставовите на Владата. Ни еден против проект. Тие три точки се меѓунационалните односи, надворешната политика и економската политика.

Во првиот случај кај меѓунационалните односи постои дупка, празно место кое се нарекува опозициона програма. Не постои таква програма. Ние не ја слушнавме во Република Македонија, а сметаме дека е клучна за стабилноста на Република Македонија.

Постои критика, постои незадоволство, постои набој од некои решенија на Владата, но алтернатива не постои. Зошто? Затоа што не може да се извлече, а уште помалку може да се планира изведување на таква програма. Имено, постои и во таа смисла се форсира тезата за неприродна коалиција и за изроди. Тоа е една карактеристична революционерна терминологија која секогаш се користела од револуционерните партии, тоа не е прв пат кај нас, тезата за неприродната коалиција мошне е интересна и сакам на неа малку да се задржам, имено, таа подразбира воведување во Македонија односно обнова во Македонија на еден колективистички дух кој претходно беше со комунистичка идеологија, а сега е со псевдонационалистичка идеологија. Имено, дека постои природна коалиција на етнички еднаквите независно од политичката структура на партиите кои се создавани што е суштински надвор од било каква парламентарна демократија и логика и дека постои неприродна коалиција која е коалиција на етнички различни или на партии кои во чие членство постојат различни етнички луѓе. Таа теза е многу интересна да се изостри пред македонската јавност што значи таа. Таа теза значи дека неприродната коалиција треба да прекине, треба да се формира една природна коалиција меѓу етнички еднородните, меѓу родните не меѓу изродните и дека таа во манирот на племство, она што се случува во

XIX/6.-

Руанда треба да ги решава проблемите во политичкиот живот на земјата меѓу едните кои се во физичко мнозинство можеби и другите кои ќе останат во деспаратно малцинство дефинитивно етнички различно малцинство. Ние имаме такви држави во кои функционира ова да го споменам Зимбабве, Уганда парламентарната демократија ја прават да функционира за потреби на вицеви имено, секогаш функционира некоја етничка хомогена структура од едната и другата страна и тоа е цементираната политичка карта. Политичките партии кои се во коалиција избраа друга опција, опција на политичко коалицирање на политичките субјекти кои во демократи- јата единствено можат да коалицираат не на етничките колективитети. Одговорноста за тој избор тие ја носат и пред историјата и пред македонската јавност и ќе ја носат од неа не смеат да избегаат и сметаат дека една од нивните најголеми заслуги во овој политички момент во Републиката.

Во тој нов колективизам на етнички еднородните е една провалија во која еден дел од посткомунистичките земји пропаднаа симулирајќи демократија од која не можат да излезат, револуционерната идеологија со која таквата неприродна коалиција или тие тези се поткрепуваат, подразбира општа несигурност во јавноста, подразбира потреба од општа несигурност кај граѓаните, ова што со проекција беше искажано од претходниот говорник, имено општа несигурност на улиците, талкање на криминалот по улиците во каква ситуација револуционерните партии имаат било каква шанса, а во други ситуации тие партии немаат шанса. Токму затоа може лесно да се помине преку сите можни анкети на јавното мислење во Македонија во кои сигурноста на граѓаните зборува сосема спротивно. Кога ги прашуваат нив, а не кога ги прашуваат некои од пратениците кои имаат друго мислење, туку кога ги прашуваат граѓаните. Кога ги прашуваат за доверба на политичките институции

постои една скала, не можат сите анкети на јавното мислење да се под контрола на МВР и СДБ. Не постои так- ва можност. Истовремено ако велите дека од демократија влеговме во диктатура, значи демократија некогаш постоела во две-три години пред ова. Која е таа демократија што ја нудите воопшто како политички програм кога на пример нудите една ваква ситуација, ситуација во која треба да се поапсат, како што еден од вашите пратеници вели, како кучиња поголемиот број од службениците во министерствата, па потоа се пуштаат оние што ќе докажат дека се невини. Ако манипулирате со фактот дека за состојбите во кои беше обвинета Владата или Министерството околу влегување во некакви зделки кои можат да се наречат матни финансиски ги отворивме аргументите до крај. Луѓето што го рекоа тоа можеа до крај да ги изнесат сите факти.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (Од место)

Не смеат.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Тие приказни кажувајте ги на друго место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само вие продолжете, немојте со поединци да се расправате.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Дали не смеат, тие можеа да направат што сакаат во нив- ни раце беше се, тие го водеа тој дел со што излегоа? Излегоа со фалсификувани податоци или не излегоа со никакви податоци, па до крај ги отворивме, ако постоеше нешто што можеше да се направи од

XIX/8.-

Владата го направи и тоа кршејќи ги минималните правила на функционирање на владините службеници оставајќи до крај отворена можност да ги искажат сите податоци што ги имаат и што искажаа? Кому тоа ќе го објаснувате дека некој со репресија еве разговарајте со тие луѓе денеска можете барем тоа да го правите редовно. Можат да ви објаснат дали се репресирани и на кој начин се репресирани.

Во третата ситуација која сакав да ја спомнам, некој овде спомна дека Владата е опседната на надворешен план со проблемот со Грција. Колку што ми е познато за сите точки на расправа за проблемот со Грција па вие го поставувавте и баравте како информација. Целокупната опседнатост со судирот на надворешен план со проблемот на односите со соседна Грција беше поставувано и форсирано токму од опозицијата. Сега да се направи лупинг и да се каже дека Владата е опседната со тоа прашање, претставува таква травестија во која зборовите веќе не значат ништо или постои такво кратко паметење и обид дека јавноста ќе ви поверува во таквото кратко паметење. (Општо негодување во салата).

Во обидот да го дефинирам односно да се обидам да ги из- ложам на повторна проверка аргументите на некои изложени ставови на претходниот говорник, тоа е негов манир, не мислам со тоа да полемизирам, имено господине Георгиевски јас лично ќе ве прозвам, па прочитајте го Буџетот кој беше пред вас. Срамота е да не лажете овде погледнете ги ставките за Министерството за одбрана, погледнете ги ставките за Министерството за внатрешни работи. Кому при- кажувате таква глупост, можете да погледнете, вие го усвоивте Буџетот. Тој најмалку за 1/3 е поголем во Министерството за одбрана, немојте толку да лажете.

XIX/9.-

Второ, во регистарот на Министерството, бидејќи тоа е во негова надлежност постојат регистрирани околу 66 политички партии и некаде над 250 здруженија на граѓани невладини надвор од хуманитарните организации. Па кој ги собира тие невладини организации од формирањето. Кој? Тие се формирани и тоа на начин до сега не постои освен една хуманитарна организација, не постои одбиено решение на регистрирање на здружение на граѓани. Кого манипулирате дека МВР или Владата ги стопира или репресира регистрираните невладини организации инсистирајќи во процедура на чистење на Статутот и оние статутарни одредби кои тие статути мора да ги имаат. Ако тоа сметате дека е репресија тогаш е тоа процедура која може да биде оттргната во рок од 10 дена на што најчесто поголемиот број здруженија се одлучиле. Погледнете ги бројките, ако не ги знаете побарајте ги ќе ви ги дадеме не го слушајте само тој што ви отишол од партијата, па нешто заборавил на тоа што работел.

Третата дезинформација всушност е имено обидот да се при- каже дека МВР создава таков притисок во јавноста, јас нема да го коментирам ставот дека сме подготвени на политички ликвидации, бидејќи сметам дека под тоа ниво не треба да одиме во одговорите меѓутоа, оваа демократија која ни ја нудите со воведување на еден нов колективизам на етничкородни, ние со задоволство јавно ја одбиваме. Тој политички избор ние го направивме. Нас не радува што јавно на оваа говорница рековте дека се залагате за граѓанска држава.

XX/1.-јм/јс

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа од вашите усти прв пат го слушам. Вие се залагате за некакви други држави кои би требале после да се натегнат или граѓанскиот концепт на држава да се натегне на нив, но не никогаш за граѓанска држава. Ова што го слушаме прв пат овде е можеби малку доцна меѓутоа, сепак исчекор во прав правец. ,Исто така, ме радува што и тука ви верувам дека сте радосни што сепак не ја имавте власта во овие четири години, или три години на владеење после изборите и што некоја друга комбинација на власта ве водеше, бидејќи веројатно потсвесно знаете дека доколку овој концепт на природни коалиции на изроди и родни и на еден нов псевдонационален колективизам беше на власт во Македонија, Македонија веројатно нема да личеше на ова што е. Овде имавме една друга ситуација, можеби карактеристична за овие региони која за среќа ја избегнавме. Од таму искрено ви верувам дека сте радосни со некоја друга политичка гарнитура ја водела Македонија во овој период и тука мислам дека се согласувам со вас единствено во ставот.

Уште едно прашање сакам на крајот да го кажете. Вие рековте дека на пописот не се излезени половина од населението, а притоа дека е тоа израз на бојкотот на ПДП и НДП. Дали сметате дека половина од населението се Албанци? Излезете и кажете.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас се извинувам што ќе го злоупотребам уште еднаш вниманието, меѓутоа, само неколку реченици. Прво, овде беше изречена тезата дека наводно постои страв од страна на граѓаните да зборуваат и заради тоа е оневозможена слободата на говорот. Меѓутоа, дали тоа значи политички субјекти да ценат кога граѓаните треба да зборуваат и на

одреден знак да проговорат. Така беше порано, а сега секој поединечно сам оценува на сопствена одговорност кога ќе зборува и зошто ќе зборува.

Втората работа, министерот Фрчковски веќе го кажа под тезата за необјективно новинарство беше протурено дека на прес-конференција било искажано дека пописот завршил и тоа успешно и после новинарите тоа го збореле многу, а имало само милион и двеста под таа теза. Прво, дали значи бидејќи беше поврзано со бојкотот од страна кој не постои, меѓутоа, го тврдеше претходниот дискутант, дали вие застапувате теза дека другата половина се Албанци?

Второ, дали знаете како се објавуваат тие податоци и кога во кој период според законот треба податоците да се објават. Постои период кога се предаваат пописните листи и кога се објавуваат податоците за исконтролирани пописни обрасци.

И последното, ако се зборува за успешност, или неуспешност на пописот, тогаш да не биде во рамки на некоја теза за независно новинарство или диригирано новинарство. Повелете, кажете ги аргументите зошто не е успешен. А во таа истата дискусија јас би прашал, тоа диригирано новинарство објави прво соопштение од ВМРО-ДПМНЕ да не се излегува на пописот и после една недела објави друго, да се излезе. Ако било, диригирано сигурно немало да се дозволи едното и другото.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Ќе се осврнам на дел од дискусијата на господинот Георгиевски и ќе почнам токму од таму каде што зборуваше господинот Ристо Иванов и претходно каде што ја заврши својата дискусија господинот Фрчковски. Господинот Георгиевски во својот наплив на трикови, политички, или

слични кажа дека во Македонија има 173 иљјади невработени лица што е точно и дека тие претставуваат 28 отсто од населението. Одеднаш г-динот Георгиевски не стави дека во Македонија живеат 484 иљјади. Дали тој ги крои границите на оваа земја, или нешто друго има во својата имагинација, тоа е негов проблем. Понатаму, беше искажано дека мојот помошник издава контингенти за увоз на чоколадо. Проверете господине, Министерството за стопанство нема надлежност да издава увозни контигенти за било кој производ. За тоа е надлежно некое друго министерство. Зборувајќи за монополите и кажувајќи дека целата наша држава е составена од монополи ја спомена и нафтата. Како мала земја, како земја која што има една структура на сто- панство градена за едни поинакви простори, за еден поранешен единствен југословенски пазар, денеска како самостојна држава има таква структура во која што одредени категории многу претпријатија можат да се свртат или во монополи или во претпријатија кои што имаат доминантна позиција на пазарот. Беше спомнато прашањето за увоз на дозволи за нафтени деривати. Ќе ве пот- сетам господа кога оваа влада беше избрана на 4 септември 1992 година, време кога имавме блокада и на нафта и на други производи од соседна Грција, време кога беше една страотна нафтена криза, време кога во еден ден се сеќавам убаво на 6 ноември 1992 година во оваа наша држава имаше резерви за се на се два дена потрошувачка, кога стоковите резерви ни беа празни. Оваа Влада успеа за неполни 20 месеци да ги наполни стоковите резерви не само со нафтени деривати, туку и со сите други производи кои што се во програмата до максимум. Јас најодговорно сакам да му кажам на народот во нашава држава дека стоковите резерви ќе му бидат на услуга, подобро да не му бидат, но ги има во таква количина и во таков

асортиман што ќе ни потраат за неколку, а и за повеќе месеци. Зошто се даваат дозволи за увоз на нафтени деривати на неколку претпријатија? Затоа што е тоа интерес на овој народ. Есента 1992 година издадовме дозволи на стотици претпријатија за некаде преку четири милиони тони деривати, што е од прилика потрошувачка за четирипол години во оваа Република. Затоа што беше таква ситуација, затоа што немавме никакви ни деловни, ни транспортни контакти и врски со двете земји од кои што можеше да се довлече дериват од Бугарија и од Албанија. Тогаш беше таква ситуацијата, но тогаш плативме висока цена. Една од цените висока беше и тоа што кога дојдоа многу заинтересирани да купуваат кај еден исти производител тој ја крена цената за 30%. Нашите проценки зборуваат дека тогаш плативме околу 10 милиони долари повеќе, но сепак најскапо е тоа што го нема. Ги одржавме колку, толку, тековите на репродукцијата. Поучени од тоа искуство изградивме извонредно добри односи со соодветните министерства на Република Бугарија и на Република Албанија. Денес, имаме закупено резервоарски простор во луката Влора во Албанија за дизел и за супер бензин. Имаме воспоставено многу добри односи со соодветни партнери во Бугарија преку соодветните министерства, Министерството за индустрија, за нафтено стопанство за транспорт итн. Дали господа сте почувствувале денес завршуваат пет месеци од блокадата од Грција, утре почнува шестиот месец. На 16 февруари беше блокадата од Грција. Во овие пет месеци не се почувствува ниту во еден момент недостиг на нафтени деривати, граѓаните на Македонија возат слободно кога сакаат и каде сакаат, нафтени деривати има во изобилство. Според тоа, не ни требаат политички трикови, ни треба работа, а овој народ знае да цени кој работи.

XX/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јордан Бошков бара процедурална интервенција.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседател на Собранието, дами и господа, јас имам за оваа процедура неколку прашања и би сакал да чујам одговор. Најнапред јас побарав збор пред да настапи претходниот министер. Побарав збор за процедурална интервенција. Излагањето ми се допадна неверојатно и не би сакал сега да го коментирам тоа, но едноставно ќе кажам дека како пратеник во процедурава овде јас не можам да дојдам до валидни информации што се работи, а и не работи Владата. Во надлежната комисија за надворешна политика официјално побарав на седница таква информација со кого оваа држава, со кои регии, со кои држави најмногу тргува. Имаме увоз, извоз, каде постои дебаланс, одговор никаков. И мене ми е навистина жал што овде во пленум морам да настапувам босо. Само бидејќи како претставници на Владата милувате да презентирате па и пријатни нешта исклучиво вака пред масовен аудиториум. Но, настапот на г-динот Петруш Стефанов ни најмалку не беше мотивација јас да побарам збор во рамките на процедурата. По однос на она што го чув од претходните двајца министри за мене изникнуваат две прашања. Прво, дали некој ќе биде одговорен за тоа што Македонија се сведува на африкански стандарди и се презентира така. Второто, е дали министрите разликуваат меѓу лексика, грама- тика и аритметика и најбитно за мене е следново прашање, дали јас во текот на оваа расправа можам да дојдам до збор и кога во колку часот ?

XX/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во прашањата што ги постави г-динот Бошков, нема процедурален аспект. Тој нека ја следи расправата, што ќе му биде јасно, ќе му биде јасно, за што треба да се распраша може надвор од текот на седницата. Ќе добие збор како што се јавил и како што е запишан овде.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници мојата процедурална интервенција се однесува на излагањата на министерот на непостоечката функција во Владата, координатор г-динот Ристо Иванов кој што истовремено е и претседател на Републичката пописна комисија бидејќи искажа една ноторна невистина, не би сакала да бидам некултурна и да кажам лага од говорницата на Парламентот дека Партијата ВМРО-ДПМНЕ издала соопштение до македонската јавност за наводен бојкот на пописот. Доколку во овој момент тоа не го документирате и не кажете на која дата и во кој весник е објавено тоа соопштение, а констатацијата за вашиот исказ ќе биде дека тој е лажен исказ. Ние дадовме едно соопштение до македонската јавност во кое што уште еднаш ги истакнавме нашите забелешки за неуставноста на одредени одредби во Законот, но ценејќи ги државните и националните интереси, иако не гласавме за овој закон, го повикавме нашето членство и симпатизерите не само во Република Македонија, туку и во дијаспората најактивно да се вклучат во пописот. Исто така, се обративме до нашето членство со интерни писма секој од нашите членови да се попише, ценејќи ги токму овие национални интереси. Јас барам во овој момент да кажете на која дата ние сме дале и во кое гласило соопштение за бојкот на пописот.

XX/7.-

Ве молам, ова не се пратенички прашања.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, не може ноторни невистини од оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како не може, па цело време слушаме невистини. Што правите вие?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Признајте дека министерот координатор изнесе невистини од оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-це Димовска, да ви кажам во парламентарната демократија никој нема право на вистината. Секој си има своја вистина, тоа е парламентарна демократија, не е тоа вие што го мислите вистина, туку вие го мислите за вас вистина, а другиот тоа што го мисли е вистина за него.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, постои нешто што се нарекува фактичка вистина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ослободете ја говорницата. Дали вие се согласувате, или не се согласувате, верувате,или не верувате нешто што некој рекол, нема врска со процедурата. Тоа не е процедурално прашање.

XX/8.-

Чувме барем тоа дека и неточности се изнесуваат.

Сепак, за мене станува прашањето кога ќе можам да добијам збор.

Во секој плурален парламент пред да се почне седница се формира и сценарио и горе долу се уточнува како/дели збор. Прашањето за доверба на Владата како што мене ми е познато го постави една пратеничка група. Јас како член во таа група гледам дека има опасност како и на претходниот пат да не дојдам до збор. Па затоа, би сакал да се уточни редоследот на говорниците и тоа да биде публично, да биде видливо и да можам да се ориентирам кога добивам збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не можам јас да му кажам на господин Бошков кога ќе зборува од причина што немаме ограничување ниту на повторно јавување, а ни на времето колку ќе зборува. Господинот Георгиевски зборуваше 75 минути. Не можев да знам јас дека толку ќе дискутира. Сега е на ред г-динот Спировски па Љупчо Поповски, Стоиле Стојков, Димитар Поповски, Зоран Крстевски, Ристо Станковски, Исмет Рамадани, Шабан Превала, Петар Гошев, Благој Ханџиски, Тито Петковски, Хисни Шакири, Тодор Петров, Томислав Стојановски, Мерсим Положани, Александар Флоровски по трет пат, Сејфедин Харуни, Михаил Пановски, Наум Симјановски, Јордан Бошков, Коле Луловски и Доста Димовска.

Министрите добиваат збор кога бараат, заради тоа што ...

Има едно процедурално прашање од господинот Петар Гошев.

XX/9.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Имам забелешка процедурална, бидејќи станува совршено јасно дека претседателот на Парламентот седницата ја води така да не можат да добијат сите збор од опозицијата што треба да добијат збор, да кажат бидејќи кога ќе му текне на било кој министер до- бива по три пати збор, наводно имал право, бидејќи исто така е програмирано седницата да заврши во 24,00 часот во чиј половина час пред полноќ ќе говори премиерот како последен збор итн. Значи совршено е јасно дека на тој начин се води седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам да појаснам. После секоја процедурална интервенција јас морам да дадам објаснение. Не можам никого да зауставам да не се јави. На почетокот на седницата предложив само едно ограничување, по еднаш да се јавуваат учесниците во расправа. Не се усвои. Друго ограничување не понудив. Што се однесува до министрите, ве молам овде се две страни, пратениците што покренале овде постапка за доверба и Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата во секој момент кога нејзин член чувствува дека треба да интервенира и да даде појаснување , има право да даде појаснување, од причина што можат тие појаснувања за оние што поднеле прашањето за доверба или недоверба, може да им бидат доволни да си го повлечат предлогот, понатаму може би Владата сама сака да даде оставка, не можеме да ја заприме никогаш Владата да не даде објаснувања по искажаните вистини или невистини овде од говорницата. Само со таква постапка која дозволува двете страни постојано да има страхување да кажат, само под таква постапка е можно да се утврди вистина та и потоа да гласаме.

А што се однесува до 24 часот, не е моја одлука, секој што го читал уставот го знае тоа, е потоа што се однесува на 11,30 ве молам, и некој ако го осудат на смрт му даваат на крајот да каже нешто. Тоа секаде е таков ред и секаде во светот е така. Ако вие мислите дека е демократија на премиерот да не му оставиме можност ништо да не каже, кажете. Или мислите ништо да не можат да кажат ни министрите. И така може, ама да ви ја знаеме демократијата која е.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Прво претседателот има обичај да ги извртува искажувањата на пратениците, така и овој пат, ни случајно не реков дека премиерот нема право да говори, има право да говори сигурно, има право да говорат и министрите и се што треба да кажат треба да кажат, меѓутоа списокот на пријавените се наоѓа кај претседателот, никој не го знае редоследот си го формира тој сам. Ние имаме искуство во врска со тоа, а и министрите нека се пријават на списокот, па нека го почекаат редоследот и тие ќе имаат вечерва право да кажат и за секоја дискусија што ќе биде овде направена од секој пратеник ќе можат да дадат одговор во врска со тоа.

XXI/2.-

**СТОЈАН АНДОВ :**

Ве молам, господинот Гошев се повикува на некое искуство. Парламентот никогаш овде не утврдил дека јас ги кројам списоците.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

А вие во врска со вашиот Устав што го спомнувате, денеска ќе сакате да го примените се разбира за 24,00 часот, меѓутоа, во врска со сите други случаи бројни, спомнувани и не спомнувани го газите секој ден и постапувате како со самопослуга. Земате што сакате, отфрлате што сакате од тој устав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие господине Гошев можете така да мислите, но немате право да го узурпирате правото на уставниот суд кое единствено кажува дали некој го прекршил уставот. Според тоа, оваа ваша лична пропаганда не е деловничка интервенција. Што се однесува до 24,00 часот тоа е веќе трет пат го имаме применувано, не го измислив јас.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас кога го извлекувам овој заклучок, покрај другото се служам и со аргументите на уставниот суд кој што самиот уништи безброј владини одлуки и закони кои беа донесени во овој парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно тоа е дека само Уставниот суд тоа го прави, не можете тоа вие да го правите. Овде станува збор како ја водам седницата и Уставниот суд не интервенирал овде.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе меѓу тие што се пријавив и јас некаде во 17, часот се пријавив. Јас не знам каков редослед имате тука, дури сега да предлагам нешто за да можеме сите да кажеме по нешто, барем тие што сме пријавени, да се скратат дискусиите на 10 минути. Мојот предлог да го дадете на гласање.

XXI/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во согласност со деловникот ограничувања се утврдуваат само на почетокот на расправата и се однесуваат на сите. Мора да имаат еднакво право сите учесници .Имаше луѓе што зборуваа подолго од еден час некои зборуваа по два пати, а сега наеднаш некој треба да зборува 10 минути. Друга работа е ова вашата да биде апел до говорниците сами да си водат сметка за таа работа.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Мојата забелешка е исто процедурална бидејќи гласањето со Уставот е дефинирано, со тоа што во Уставот стои дека гласањето се врши по истекот на три дена. Значи не мора да се врши точно во минутата или во секундата на тие три дена и зошто на пример седниците се свикуваат документот ден, а не утредента после тоа. Мислам дека не е во ред претседателот што вели дека двете страни имаат право да си ги изнесат своите ставови и погледи, со тоа што на едната страна тој им го ускратува правото а тоа е она што ја покренала таа иницијатива и не се случи вечерва претседателот на Собранието Стојан Андов да му рече на некој министер напуштајте ја говорницата, седнете си на место итн., за разлика од тоа што го стори на сто пратеници денеска. Мислам дека сепак малку тука треба повеќе да се води сметка. Не може еден министер по три пати да станува, а пратеникот да не може три пати да стане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво за првата забелешка. Уставот е јасен дека по истекот на третиот ден се гласи. Значи по истекот на третиот ден се гласа. И ништо по истекот на третиот ден друго не може да се работи, освен да се гласа. Сето друго мора да е претходно завршено.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа по силата на бројките нека не се плаши Владата дека ќе падне. Овдека е друго во прашање. Господинот претседател доби

иницијатива за доверба на Владата. Тој требаше да биде многу мудар и да ни закаже денеска 5 минути до 24 часот. Да го повикал отсутниот премиер кој ќе ни даде одговор како и сега го нема, а треба половина час пред завршувањето да одговори на иницијативата. Како може да одговори кога го нема. Господине претседателе имавте на расположение вие три дена. Првиот ден дошол Вие закажете ние ќе расправаме два дена. А вие денеска закажувате во 10,00 часот не почна, некои преговараат некои се договараат и на крајот што стана сега дека нема потреба од расправиите. Нека нема, јас повеќе нема што да говорам, само едно, го злоупотребивте правото од уставот со промашување на времето на почнување на седницата. Тоа е ваша злоупотреба. Ако сакате давајте толкување, ако сакате не давајте, овдека многу пати од оваа говорница укажувам овој закон, ова неуставно решение доаѓа Уставниот суд кажува ништо повеќе за тоа не се разговара. Ве молам, најдете начин и средства дали не можеме, ако сакаме да работиме содржајно да не го надминеме сега овој момент. последниот час од третиот ден, затоа што некој два дена ги злоупотребил. И треба да се смета дали сега креацијата на Уставот ќе биде од моментот на закажување на расправата и од моментот на пристигнување на иницијативата. Замислете ако на вас не ви беше преведен тој документ и вие после три дена дознаете за него, значи ќе немаше расправа. Тоа е вашата логика за Уставот. Ве молам, немојте повеќе да се натегаме овде некој да мудрува. Вие господине претседателе имате право по деловникот да давате толкувања, меѓутоа вам ви е цел овде седницата да ја одолговлечувате на процедурални прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Морам и за ова да дадам појаснување.

Во Уставот е јасно дека од поднесувањето на иницијативата за доверба третиот ден на гласањето. По истекот на третиот ден. Се разбира, може би е можно со некоја мобилизација, не знам каква со

XXI/5.-

доставувањето на прашањето за доверба да почне и расправа, меѓутоа тоа предвидува една друга постапка. Значи, веднаш да се расправа Владата да не ги види ни предлозите зошто е тоа, да си ги проучи работите аргументирано да дојде овде итн. Затоа, една работа е што јас ја добивам иницијативата и веднаш упатувам до Владата и истиот момент закажувам седница . Така и направив. Истиот момент закажав седница. Ја закажав з а третиот -ден од 10 часот, еден ден расправа сосема е доволно, а е доволно времето Владата да настапи подготвено, затоа што Владата не може да гата што вие сте сакале со тоа, ако не виде што сте напишале, ако не си ги проучи во своите ресори сите тие работи така ли се или не. Затоа сигурно се потребни два дена. Со овие процедурални интервенции намалувате на овие на листата да кажат нешто.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Овие процедурални интервенции се предизвикани од вас господине претседателе. Ставот три односно четири на член 92 гласи: Гласањето за доверба на Владата се врши по истекот на три дена од поставувањето на прашањето за доверба. Значи битно е тука со овој став од членот е забрането тоа да се врши три дена пред истекот, а по истекот на трите дена тоа може да биде четвртиот петтиот или десеттиот ден.

Второ, не ми е прифатливо тоа дека министрите имаат право да парираат цело време да речеме на дискутантите од Собранието. Во тој случај за што е резервирано оваа половина час на крајот на ова заседание. Барам да ми одговорите која е функцијата на тој говор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, значи денот си е ден почнува во 001 па трае до 24 часа. Па третиот ден е исти како и секој друг ден и тој истекува во 24 часа. Досега два пати така сме работеле. Во тој поглед немојте повторно да

XXI/6.-

објаснуваме и да губиме време. Понатаму, што се однесува до правото на министрите, тоа е општо право во целиот свет и во нашиот деловник дека секој министер кој е овде овластен по поедини прашања, а кај довербата за материјата што е додирната во расправата има право да интервенира и да даде појоаснуваше.

**ЉУБОМИР ЈАКИМОВСКИ:**

Господине Анодов јас прашав која е функцијата на она половина час говор кој што е оставен на крајот. И зошто на пример им се ускратува правото на предлагачите на оваа точка на дневен ред да одговорот на излагањето кое што го ставате на крај како неприкосновено. Тие немаат право да одговорат на тоа излагање која што ќе биде завршна овдека.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тие се разбира, немаат право, затоа што го завршуваме претресот, па му даваме на мандаторот на претседателот на Владата и одиме на гласање. Знаете зошто? Затоа што прво со материјалот што го испраќате во Собранието, со сите ваши дискусии Вие ништо друго не правите , но ја предизвикувате таа изјава на претседателот на Владата на крајот. Тој има право да ја повлече Владата,да даде оставка, може да ви одговори дека не прифаќа да бара гласање итн., тоа е негово право. Тој има мандат, за неговиот мандат Вие го поставувате прашањето.

**ЉУПЧО ГЕОРЕГИЕВСКИ:**

Јас би се вратил на она што беа изнесени забелешки на моето излагање од страна на троица министри како реплика, при што можам да го искажам моето задоволство дека, како што рече претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов на 75 минутно излагање во кои беа кажани десетици и десетици различни аргументи, беа да- дени само толку малку забелешки во вид на реплики, при што би се обидел да дадам одговор на тие забелешки.

XXI/7.-

Прво за ставовите на господинот Фрчковски кој ги изнесе. Тој изнесе свое теоретско видување во поглед на теоретската расправа колективитетот во однос на националното, индивидуалното и она што тие го застапуваат во Република Македонија. Јас на неговото теоретско излагање и на неговите теоретски сфаќања немам што да кажам, ние можеме филозофски да разговараме за тој проблем, колку што сака тој, меѓутоа, сигурно не е предмет ние филозофски да се расправаме што е тоа национално, што е тоа колективно, што е тоа индивидуално, што е тоа граѓанско и се друго. Очигледно е дека на еден различен начин ги разбираме тие два пристапа кон овој проблем. Меѓутоа, тоа е одговорот на првиот негов став. Ќе се задржам на неговиот став кој вака доста брутално го изнесе дека јас сум кажал тука некоја лага, односно не-вистина како што тој ја кажа, за буџетите во однос на Буџетот на министерството за внатрешни работи и буџетот на армијата во Република Македонија. Мене ми е многу незгодно да ја бранам армијата на Република Македонија, кога овде има министер на армијата, односно на одбраната во Република Македонија, меѓутоа, еве случајно овде го имам и буџетот на Владата на Република Македонија, па еве го повикува г-динот Фрчковски да ги погледне бројките. Министерството за одбрана има три милијарди петстотини триесет и два илјади, а Министерството за внатрешни работи има две милијарди осумстотини деведесет и пет илјади.

Прво, господине Фрчковски тоа е далеку од бројката што вие ја кажавте 1/3, а тоа е во милиони марки само некаде ми се чини околу 20 милиони марки при што, повторно ве потсетувам се работи за министерство за армија на Република Македонија. Да спомнеме дека во овој Буџет, односно во оваа цифра и воено техничкото опремување на армијата на Република Македонија,како најголем и единствен гарант на безбедноста и мирот на граѓаните на Република Македонија. Со оваа

разлика што вие ја посочувате пресметајте колку армијата може воено технички да се опреми и што е тоа со што ние ќе ги браниме утре македонските граници. Значи се работи навистина за мала разлика, меѓутоа, за разлика од тоа ќе ви кажам дека минатите две години буџетите буквално беа исти. Така што не се работи ниту за невистина, не се работи ниту за лага, тоа го трпи армијата на Република Македонија, токму во она што е најосновното, воено техничкото опремување на македонската армија. Јас овде не зборувам колку плата ќе зема еден полицаец, колку плата ќе зема еден поручник во македонската армија. Збореувам за воено техничкото опремување на оваа суштествена институција на македонската држава и на секоја држава во светот. Тоа е таа разлика за која зборувам. И нормално тука беше во вид на провокација изнесено од двaица министри дека јас во моето излагање сум ја спомнал бројката од милион и 250, односно милион и 300 илјади на попишани луѓе после првиот рок, дали јас тоа сметам малку и со провокација дека сето останато се албанци во Република Македонија. Не господине Фрчковски. Јас ни најмалку сметам дека останатите се албанци во Република Македонија. Јас само сметам дека пописот по првиот рок и по вториот рок и по третиот рок е неуспешно изведен во Република Македонија. Исто така сметам дека партиите ПДП и НДП активно се вклучија во бојкот на тој попис.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Ако лично ме прашате што ајс сметам за бројот на албанската популација во РМ ќе Ви го кажам ова што го кажав минатиот пат кога стана збор за пописот овде.

Лично сметам дека бројот на албнаците во РМ, оригинални изворни албанци од РМ , автохтони што се нарекуваат, не е поголем од 200 до 220 - 230 илјади луѓе. Сето останато до 400 илјади што Вие го претставивте на наредните пописи се албанци доселени или од Косово или од Албанија. Тоа е мојот личен став ако сметате, ако сакате да го чуете мојот личен став што е тоа. А проблемот што без државјанство, проблемот што преку сила се прават државјани некои, тоа е повторно проблем на оваа Влада која одговорноста на друг начин ќе си ја сноси. Така што, тоа е мојот личен став во поглед на пописот.

Инаку, пак уште еднаш ќе Ви кажам задоволен сум што со сите оние аргументи што ги кажав, само толку малку реплика имаше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво го спомнаа г-динот Фрчковски, па министерот за одбрана, па г-динот Иванов.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ.**

Интересна логика ни изложи овде г-динот Георгиевски. Имено дека нему треба да му се прости дека тој не рекол голема лага него рекол мала лага и дека треба да му се прости бидејќи ова смета дека е градинка , а не Парламент и дека такви мали проблеми што можат да му се случат, нему можат да му се простат.

XXII/2.-

Господине Георгиевски јас Вас Ве почитувам како господин и шеф на една сериозна партија, меѓутоа овде немојте да очекувате да Ви гледаме низ прсти. Вие сметате дека ова е детска градинка и можете да кажете што сакате, не можете "д" да кажете, "р" не можете да кажете, а ние треба овде тоа да го трпиме и вака, како вокација поетска да Ви го проголтаме.

Вие сте кажале неточна цифра. И Вие имате одговорност овде за неа. Ако не знаете читајте претходно или пуштете на некои други пратеници да читаат, да Ви кажуваат. Вие кажувате, истовремено јас тоа не го спомнав овде бидејќи не сакав да узурпирам време, 75 минути ни држите предавања , Вие кажувате дека судовите ги ослободуваат, истовремено прво тврдите дека судовите се под наша контрола бидејќи помошникот односно потсекретарот разговарал со обвинители- те и дека сериозно пенетрираме во судскиот систем, од друга страна наведувате 4 примери во кои судовите ги ослободуваат сите ние што наводно сме ги малтретирале. Па сега, или е едното точно или е другото. Или тие ги ослободуваат, имено се независна власт која еве спротивно во сите Ваши примери што ги изнесовте оди против нашите одлуки или се од нас купени. Тогаш ниту еден нема да ни ослободат, сите ќе отидат. Одлучете тоа, немојте да очекувате од нас да имаме ист аршин односно да гледаме низ прсти на логиката која сепак не е за парламент.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Поповски, министер за одбрана.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Кратко ќе се осврнам на два искази во врска со одбраната и армијата и на еден инспициран суд кој што беше искажан во смисла со

што ќе се бранат македонските граници.

Мислам во првото или второто подолго излагање на г-динот Котевски при крајот на неговото излагање беше укажано за постоење на некакви неправди во армијата, за тоа дека одбраната и армијата е се ама не е професионална и имплецираниот суд дека нема со што да се бранат границите.

Морам веднаш да кажам дека Армијата на Македонија е формирана од 15 април 1992 година, до денеска е комплетно оформена во својот мирновремен и воен состав, дека степенот на обученоста ан повеќе генерации кои поминале низ Армијата е оценуван со стандардни критериуми и оценки, таа е над 4, дека е верифицирана со повеќе вежби до ниво на бригада. Тие што знаат, знаат што се тие. Со меѓу- народни посматрачи стручни во таа линија и дека комплетната резерва е исто така формирана како структура на одбраната на Републиката и исто така е воведена во систематски вежби во опширен обем.

Околу професионалноста или непрофесионалноста на Армијата на Македонија морам да кажам дека исказот е, најмалку, не сериозен од причини што не се заснова на ниту еден критериум и г-динот пратеник што ги изнесува практично не поседува воопшто стручност да може неа да ја оцени. Заради тоа сметам дека намерно или не намерно е практично искажана невистина и недобронамерност, па во таа насока излегов да го демантирам.

Границите на РМ се бранети на завидно професионално ниво. На границите на РМ во овој момент нема ниту една точка што не е под контролата на Армијата на Македонија, а границите се мирни и стабилни и се во рамките на институцијата граница, по своите појави, почнувајќи

од илегални минувачи, на пример, до инциденти и друго в:о стандардните граници на другите земји. Определени појави се условени со оглед на ситуацијата и непризнатоста, на пример, од двата соседи, меѓутоа и на тие граници е сосема задоволителна ситуацијата.

Што се однесува до инплицираниот суд , прво да кажам дека бројката на средствата буџетски аз одбраната изнесува 2% од општествениот производ. Таа маса ја определи и прифати конечно овој Парламент, бидејќи Законот за буџетот го донесува Парламентот. Значи, при донесувањето на Парламентот беше местото и времето да се искажат било какви ставови околу буџетот аз Армијата и одбраната и да функционираат аргументи, што значи дека не може да биде неодговорен парламентот доколку се смета дека таа маса е мала, во случајов и пратеникот кој дава забелешка од причина што сепак Владата е само предлагач, но не и мериторен субјект што го донесува законот.

Веројатно другиот министер за финансии ќе каже дали 2% од општествениот производ се некоја пропорција логична со оглед на самиот општествен производ и на другите буџетски потреби, но да кажам дека Армијата на РМ во својата опрема нема само тоа што со денот на празнењето на овој простор од тешкото наоружување, тешката артилерија, тенковите, хеликоптерите, авијацијата и ракетните системи, паралелно и истовремено влезе под режим на ембарго, а дека се друго што се однесува на кратки и средни дистанци на масовно пешадиско вооружување, масовно противтенковско и против авионско наоружување располага во доволни количини. Таа , со своите потенцијали на опрема со такво оружје може и не само што може, туку и успешно ја остварува својата функција првенствено на границата. Ќе бидеме веројатно сите задоволни ако тие средства се поголеми со оглед на тоа што треба да се

надомести она што најверојатно брзо ќе биде ослободено од режимот на ембарго и ќе треба брзо да се стартува во брзо наоружуваше на она што; го спомнав за што Армијата има апсолутно персонална и кадровска способност и ја одржува преку кадровските језгра и организацијата на тие родови што треба да се пополнат со опрема. На сите ни е јасно што се случи. Не треба тука никаква мистификација. Тоа им е јасно и на граѓаните на РМ. Но и во вакви услови е многу направено во областа на опремата. Има еден биланс кој што, повторно да кажам кога би била затворена седницата, повелете закажете затворена седница, за да искажеме со што се стартуваше пред две години, а со што располага Армијата оваа година за да се види дали е домаќински работено, дали е работено успешно на тој многу важен план околу опремата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров бара деловничка интервенција.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да го искористам моето деловничко право да укажам на една непринципиелност или не почитување на деловничките одредби од страна на претседателот во поглед на наводното толкување.

Ме станува збор за редослед во пријавуваше за претрес по било која друга точка. Станува збор аз гласање за доверба на Владата. Претседателот на почетокот тоа добро го образложи во своето излагаше дека нема утврдување на дневен ред. По усвоен автоматизам точката се става на дневен ред и Собранието расправа, води претрес по неа. Не станува збор за доверба на пратеници од владината коалиција туку за доверба на Владата, а подносители на предлогот се пратеници и расправата практично може да се води само меѓу пратениците

подносители на прашањето за доверба , освен ако друг пратеник, не и меѓу Владата, освен ако друг пратеник не е спомнат за да побара реплика или процедурално, но најдолго 5 минути. Повеќе и заради фактот што довербата не ја поставува самата према себе Владата, туку група пратеници според уставните овластувања.

Затоа барам претседателот да го почитува членот 308 од Деловникот и 389 кој гласи:

"Подносителот на Предлог или негов претставник може да даде образложение на предлогот и има право во текот на целиот претрес да учествува , да дава појаснувања и да изнесува свое мислење исто како што претставник на Владата може тоа право да го користи во текот на целиот претрес".

Во конкретниов случај подносители на предлогот се група пратеници. Барам претседателот/да го почитува,ова мое искажано мислење да влезе во целост во записникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, толкувањето дека другите што се од мнозинството пратеници треба да имаат право само по 5 минути не го прифаќам. не е тоа мое толкување, тоа е негово, ама е бесцелно штом е негово толкување. Треба да е мое толкување па да важи. Мислам претседателот на Собранието треба да го толкува тој член.

Ве молам натаму, за тоа што мислам дека тоа е парламентарна борба, дами и господа овде, и дали некој од позицијата пратеник ќе каже, тој е еднаков со сите пратеници, а членот на Владата е нешто друго. Тој настапува.

Предлагачот на материјалот, подносителот на предлогот, тоа се 2 5 пратеници, тие добиваат , затоа и не донесовме ограничување по

еднаш да се јават. Кога сакаат добиваат, т.е. на ред овде, по списокот.

Веднаш, следниот став од истиот член укажува дека претставниците од Владата можат во секој момент да интервенираат и да објаснат што треба и кога треба и дури кога е некој друг предлагач.

Според тоа нема ништо спорно, да продолжиме со работата. Овде премногу запревме.

Има збор г-дин Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас најмалку би сакал да го злоупотребувам времето, меѓутоа овде беше јасно кажано според мислењето на г-дин Герогиевски пописот е неуспешен. Така беше кажано.

Бидејќи не беше кажано ниту еден аргумент само би го изнел следното дека пописот е успешно завршен во фазата на организирање и спроведување ќе биде завршен и целосно успешно, за тоа ќе дојде извештај и тогаш ќе разговараме. Сега сметам дека минимална доза на парламентаризам е за тоа што се тврди да се даде аргумент.

Во однос на второто прашање, не знам зошто се поставува прашање кога во прашањето е и одговорот, а беше кажано вака - не беше дадено соопштение за бојкот, туку беше дадено соопштение дека Законот што го регулира спроведувањето на пописот е противуставен. Партијата што тоа го тврди нема покрената постапка пред Уставен суд и, што треба да сфатат граѓаните? Кој е апелот до граѓаните?

Според тоа исто сега и ова се случува. Прво изјавуваме дека нешто не е успешно , кога се ќе се заврши, е , пак ќе го промениме ставот па ќе кажеме, не, не мислевме така, сега поинаку мислиме

XXII/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има госпоѓица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, министерот координатор премногу си зема за право да ги толкува нашите партиски соопштенија и најдиректно да се меша во внатре партиската работа на ВМРО-ДПМНЕ, што не е единствен случај. Тој случај го имаме кај многу членови од Владата, особено кај министерот на полицијата.

Ова соопштение го издадовме со таква содржина токму затоа што нашите забелешки кога беше процедурата за донесувањето на законот за попис беа токму тие дека членот 38 од Законот за попис се коси со членот 7 од Уставот на РМ став 1. А, колку што имаме информации, Уставниот суд на РМ има донесено Одлука дека токму овој член од законот е неуставен, но заради притисок што е вршен врз Уставниот суд во јавноста не ја објави таа Одлука.

Инаку, постои нешто во теоријата на познанијата што се нарекува фактичка вистина, а тоа е вакво едно тврдење, на пример дека дневниот информатор е издаден на 14 јули 1994 година. Јас Ве повикувам уште еднаш да кажете на кое место и на која дата, во кој весник сме издале соопштение за бојкот на пописот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Хајредини, па господинот Котевски.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседател, една од причините во Предлогот аз ставање на дневен ред прашањето на доверба на Владата од досегашната расправа е не успешниот даночен систем и буџетот на Републиката.

XXII/9.-

Јас имам две верзии на одговор на овие критични забелешки по овие два проблеми, меѓутоа почитувајќи го фактот дека има многу пратеници пријавени за збор и свесен дека стварно треба да имате предност денеска овде Вие да дискутирате, јас ќе се определам за пократката верзија.

Буџетот на државата е Закон што го донесе Собранието во декември 1993 година и сите позиции во буџетот се, да направам една аналогија на другите закони, се членови на закон. Владата и Министерството за финансии се должни во текот на годината тие да ги извршуваат и на крајот на годината пред Парламентот да понесат завршна сметка. Доколку во текот на годината се јави потреба буџетот да се промени ако Владата тоа цени, должна е повторно да предложи ребаланс и да излезе пред Парламентот и тој ребаланс да биде од парламентот одобрен, а Владата да продолжи понатаму да го извршува.

Според тоа, мислам дека не е во ред да се биде една од причините аз недоверба на Владата Буџетот, се додека Владата го извршува онака како што парламентот го има усвоено. тука нема место за никаква дискусија. Ова не може никој да го промени.

Одделни позиции од буџетот, г-динот кој спомна колку пари се дава за "Нова Македонија", морам да кажам дека и таа позиција, структурата на буџетот е таква што има еден степен на алаитичност. Таа позиција се содржи како посебна во буџетот. Значи, поминала низ парламентот каде што стои компензација на дел на трошоците за списанија и весници и Парламентот како цел износ го има одобрено, а Владата со Одлука, на предлог на Министерството за информации го дели и тоа компензирање на дел на печатарски трошоци на списанија наведени во таа Одлука. Тоа е така и така се извршува. Таква одлука Владата многу доцна испраќа, морам од искуство да Ви кажам многу позиции кои најспоро се извршуваат.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**: (Продолжение)

Инаку, што се однесува до другите глобални поголеми позиции од одбрана, најголема позиција во Буџетот е образованието, после идат одбраната и Министерството за внатрешни работи.

Што се однесува до критиките' на даночниот систем, кои беа воопштени, мислам дека не е можно денеска веднаш да се.... , сигурно дека има место од критични забелешки за функционирањето на даночниот систем, меѓутоа, ние имаме оценки од компетентни меѓународни финансиски институции, а вие тоа имавте прилика да го слушате од шефот на мисијата на Меѓународниот монетарен фонд која претстојуваше во текот на месец јуни во Македонија пред сите граѓани на Македонија да каже позитивно да ги оцени најновите мерки во областа во реформата на фискалниот систем. Владата, Министерството за финансиски за одделни слабости кои се забележани во текот на примената во овие шест месеци во областа на даночниот систем има изготвено предлог на измени и дополнувања кои треба овие денови Владата да ги усвои, зависи од работата и функционирањето на овој парламент, колку ќе најде разбирање да даде придонес во

усовршувањето на тој даночен систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Котевски.

Ова е реплика.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван министре за народна одбрана на Република Македонија, иако имав чувство дека сакате да ме увредите, дека не ги познавам работите од армијата, воопшто од вооружувањето, иако служев некаква армија во своето време, меѓутоа, не сте ни повеќе стручни ни

како министер за народна одбрана според титулата што ја носите, а слични тутули има, само немам јас д-р, меѓутоа, сакам да ви укажам на нешто дека во нашите изјави овде во Парламентот, нашите констатации се слободни и одговараме за изречениот збор на оваа говорница. Но, вие не треба да се фаќате на јадицата за она што сакав да го поставам како провокација и да добијам- некаков одговор за моите прашања што сам ги поставувам или ги поставувале одредени луѓе во нашата држава околу армијата на Република Македонија. Сега, во обратен ред јас уште еднаш како реплика и одговор на вашето поставено прашање ќе ви поставам директно. Дали сметате дека стручноста на армијата може да се постигне со одреден квантум на одредени лица од малцинствата со еден, два или три месеци на курс или обука и успешно да ја обавуваат стручната работа во Армијата на Република Македонија. Или пак, сметате дека со никакво завршено образование по роднинска линија во Битола што ги вработивте вашите дека се многу стручни, па можат стручно да работат и да делуваат во Армијата на Република Македонија.

Исто така, еден многу битен елемент за секоја армија, не само за македонската армија која јас ја сметам дека треба да има само одбранбен карактер на оваа држава, бидејќи ние сме мала земја, ние имаме мал национален производ, немаме големи буџетски средства за издвојување на армијата, а и овие дури сметам дека треба да се балансираат во склад со можноста и потенцијалот на ова македонско стопанство, но еден од најбитните фактори е дали сите тие стручни лица, што вие ги сметате за стручни имаат и тајни и конечни определби во свеста за одбраната на Република Македонија и мотивација за одбрана на Република Македонија. Затоа што ние добро знаеме дека на просторите на ова Македонија имавме поранешна југословенска армија, па остана голем дел на луѓе и од другите републики на поранешна

Југославија и не знам во вашите концепција како сите тие луѓе се склопени, како работат и делуваат. А, сигурен сум дека многу стручни и постручни лица од вас, кои цел живот го посветија на таа армија веќе имаат такви мислења. Мислам дека според вас, а и според она што го кажа поранешниот Митре Арсовски, за длабинското обезбедување на границата во Република Македонија, а вие овде искажавте дека успешно се брани границата на Република Македонија каде се вашите превентивни мерки за заштита на македонското население, посебно во пограничниот појас со Албанија каде што се врши невиден терор, грабеж по селата итн. Тоа можат и самите села да го потврдат во струшкиот и другиот регион во Македонија. Доколку сметате оваа стручност на армијата конечна и завршна, јас не се сомневам во тоа, меѓутоа, други постручни лица што се од вас треба да го кажат конечниот збор и ние како Парламент кој треба да ја контролира извршната власт во Република Македонија а со тоа и Министерството за одбрана треба понавремено и почесто да ги давате релевантните показатели барем на нас пратениците за сите овие состојби во македонската армија, кои не се на најзавидно ниво. Затоа што стручните лица веќе ова го истакнуваат и е посебен аларм за одбранбениот систем и моќта на одбраната кај самите луѓе кои учествуваат директно во Армијата на Република Македонија. Тоа е еден од најбитните елементи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Поповски, министер за народна одбрана се јави пак да дообјасни.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Бидејќи има една комплетна конфузија во однос на функциите на армијата ќе појаснам неколку работи. Армијата на Република Македонија

XXIII/4

Армијата на Република Македонија е институција на Република Македонија во неа служат граѓаните на Република Македонија и во таа смисла првата премиса е дека секој граѓанин во Република Македонија има мотив да ја остварува функцијата на Армијата и да ја брани државата Република Македонија. Од тие причини не може да се прави динкстинција во однос на мотивацијата и спремноста на одбраната на овие војници и старешини кои што по етничка или национална линија не се на пример, македонци, туку се нешто друго, а се граѓани на Република Македонија и се во редовите на Армијата на Република Македонија. Од практично и на фактичко ниво по линија на сознание на фактичката вистина немаме показ до сега дека врз таа основа делот од старешините или војниците во Армијата на Република Македонија дека се однесува полошо и дека не ги извршува должностите, односно дека било на кој начин ги саботира. Не постои во Армијата на Република Македонија по етничка состојба никаква дистинкција во однос на мотивацијата на извршувањето на задачите. Таа делува компактно без оглед на тоа.

Второ, по однос на стручноста доколку господинот Котевски му е индикатор, бидејќи мисли на една категорија од 21 вклучен старешина во Армијата на Република Македонија со обука,дообука од три до шест месеци морам да го потсетам дека на таков начин од категоријата резервни старешини се дообучени со три односно шест месеци уште стотина односно 120 и од другите националности односно и од македонците во Република Македонија. Најголем дел од македонци во Република Македонија поминаа преку Пепелиште или преку Криволак преку курсот на обука. Вообичаено е за помлади старешини, тоа значи за подофицери после средно училиште обуката да трае до шест месеци да се вклучат како помлади офицери во Армијата, која што во самата структура на Армијата се преземаат по последна постапка во

совладување на своите задачи.

Надлежноста на Армијата на Република Македонија е граничното или минското чување на границите на Република Македонија. Таа функција армијата комплетно ја врши на сите четири граници на Република Македонија. Тука комплетно е помешана надлежноста меѓу две министерства а во исто време сакам да кажам дека исто така е неточен исказот дека во пограничните населби на било која граница од Република Македонија се врши терор над месното население, грабежи од големи димензии и слично. Меѓутоа да не спориме таму има факти и се во надлежност и се е во надлежност на друго министерство. Што значи дека тоа не може да се стави во функција и на товар на Армијата на Република Македонија Само еден податок, ако се мисли на западната граница бидејќи на неа се мисли месечното илегално преминување изнесува некаде околу 22 лица што е многу приближно на македонско грчката граница а најголемо е на македонско - српската граница на фатени лица, спречени за илегално поминување. Нема ниедна граница која што е надвор од стандардот при појавите и нема основа да се форсира дека на еден правец имаме појава која што се толерира, која што ги подрива така да речам условите на мирно живеење на населението.

Околу стручноста и обуката да не спориме и околу автоерити кои што тоа го заговараат, да ги оставиме тие сами стручни и научни лица да го водат тој разговор и понатаму, само да потсетам дека македонската армија има околу 3700 стручни и професионални лица, кои што имаат завршено воени академии, генерал штабни и највисоки воени академии. Тоа се лица кои што се постојано) во процесот на обуката и работата во Армијата и веројатно по својата стручност и ефикасност не се помалку и не заостануваат зад стручните лица, па и кадарот во било која друга армија. За тоа тие лица имаат исто така не само сертификати, туку и

прихнанија во компаративна смисла од други посматрачи и други лица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пошто внимателно ја следев целокупната дискусија, секако прашањата кои беа акцентирани од страна на позицијата поставени до Владата и одговорите кои ги даваше Владата секако дека во сите овие прашања кои беа изнесени тука, може и некои се прејудицирани од едноставна причина што ако истакнеш десет работи, а ги сметаш за аргументи, а одреден министер во одредено министерство ја работи таа работа и во суштина ја познава, голема е опасноста да направиш некоја грешка. Меѓутоа, сметам дека во голем дел тие работи кои се изнесени се аргументирани. Јас само би потсетил во однос на тоа што го направи мојата пратеничка група, а тоа е што изнесе една група на прашања, кои како енигми стојат, кои оваа Влада на некој начин ги узурпира и моето барање е всушност и еден апел до господинот претседател на Влада ако може да се сконцентрира на овие прашања и да даде одговор, односно да не оди, ако оди дискусијата во смисла на опкружувањето, ембаргото, состојбите, проблемите итн. и да прикаже една благосостојба, а да не се наврати и да не даде одговор на овие прашања, сметам дека, сепак ќе биде промашена темата.

Јас само накратко би кажал дека како прво прашање, на пример донесување на низа закони и одлуки спротивни на Уставот на Република Македонија од кои голем дел се прогласени за неуставни. Дали е тоа така, колку пати тоа се случило, зошто се случило, која е тежината и што истото тоа морало да се случи. Или воопшто не е така  нека се дадат

аргументи дека тоа воопшто не е така. Не донесување на системските закони, Закон за судови, за локална управа, за грб, за избори, за денационализација, на тоа прашање, сепак, ќе дадам одговор во мојата понатамошна дискусија. Донесување на неприменливи закони, Законот аз приватизација на пример. Законот е донесе пред една година. Истиот не се спроведува. Владата, веројатно во дадениот момент ценела дека се стекнати сите услови тој закон да биде донесен и затоа го ставила во процедура. Има и една друга работа тука а тоа е обезбедување на финансиски средства. Значи таа процедура оделе направени се одредени трошоци, требало да се направи нешто големо меѓутоа ете законот не се применува. А ако веќе прифатиме Парламентот да го изгласа и дали тој ќе стапи во сила веднаш или после осум дена, тоа е сосема друго прашање, меѓутоа, кои се ефектите и кои се причините поради што овој закон не е ставен во живот. Јас колку што се сеќавам ние и многу званично го одбележивме овој закон и дадовме акламација на овој закон и дури имавме еден коктел таму, очекувавме дека нешто значајно ќе се менува и трансформира во нашата држава.

Рапидно паѓање на производството. Нека каже оваа Влада дали производството опаѓа или не. Услов да се собори Владата на Кљусев беше токму овој момент. Јас колку што се сеќавам од страна на сегашната коалиција беше посочен овој момент дека стопанството тоне. Дајте сега вие показатели и кажете, ако не друго барем во проценти докажете дека сегашното производство по капацитети како работи, колку остварува е подобро во однос на она кое беше во времето на Кљусев. Дајте ни ги тие показатели да можеме споредбено ние да кажеме дека вие сте подобри и заслужувате да останете понатаму. Дајте објасненија можеби тој работел во полесни или потешки услови и да прифатиме и да видиме што е тоа.

Јас не би се задржувал понатаму на другите точки, само укажувам на тоа дека во однос на овие прашања кои што се изнесени како аргументација едноставно да се даде одговор вие како коалиција ценете секое одредено прашање дали може да ја загрози стабилноста на оваа Влада да се бара оставка спрема тежината и состојбите кои ги предизвикува.

Јас сега би се задржал на дискусија која јас дома лично ја подготвив и сакам тука; да ја изнесам. Со некои аргументи, со сите оние како што кажав опасности дека одредени работи можеби ќе останат недоречени.

Кога се избираше оваа влада пред Парламентот истата со своја програма која ја изнесе сегашниот претседател на Владата господинот Бранко Црвенковски на забелешките на позицијата изјави:

Ја примаме на себе одговорноста за водење на државата. Консеквенциите од неуспесите и неспроведувањето на програмата со целосна одговорност ќе ги сносиме."Ваквите изјави на претседателот на Владата во суштина стојат во стенограмот." Опозицијата пред неколку месеци кога беше и поставено прашањето за доверба на Владата со аргументи но укажа на успесите и промашувањата на Владата, но коалицијата без никакви размислувања ги отфрли сите дискусии од опозицијата. Така расправата во Парламентот се водеше^како глув со нем а двајцата се глуви. Се случи она што се случи. Се што укажа со аргументи опозицијата амблок беше отфрлено, што не само во овој случај туку и воопшто има добиено димензија како стил на работа на оваа влада владата остана и продолжи да работи по стариот терк. Ова не случајот го кажувам. Основно е да укажам на еден дилентатизам,кој е присутен како стил и метод на работа на Владата како целина. А особено

на голем број на министри во неа. Со исклучок на еден дел на министри кои се чесни, способни и одговорни за својата работа и доколку сепак се случи и се изгласа недоверба на оваа Влада, по мое мислење треба да најдат свое место во новиот состав на Владата. Доколку јас како пратеник продолжам со паушална дискусија и ставам црни наочари со неодредени и недолични зборови без аргументи,дебатирам за прашањето кое е на дневен ред. Тогаш навистина би пливал во водите на непринципиелна дискусија и со право не би требало да се прифати барањето за недоверба.

Ќе укажам на неколку аргументи и во одредени области на надворешната политика, внатрешната политика и економијата како аргумент за паѓањето на оваа влада.

Надворешна политика. Со директно учество и активна асистенција на Владата а посебно претседателот Црвенковски, господинот даде прећутна согласност за смешното наводно за кратко и привремено име БЈРМ. Како преседант и самоволие на оваа Влада и претседателот. Ваква работа чинам во понова историја на државите не е случајно. Ова е на најдиректен начин самоволно и бескрупулозно кршење на Уставот на Република Македонија. Со овој престап е нанесена огромна штета на целиот македонски народ, кој се резултира и денес а ќе се манифестира и понатаму во недоглед на време, бидејќи во старт се насочи погрешната политика пред надворешните држави фактори, на кои јасно им се дадоа аргументи дека сме држава во која раководството е со недефинирани ставови и каде што може многу лесно да се прават експерименти дури по основни, суштествени и национални прашања.

XXIV/1.-

**АЦО СПИРОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Само овој момент оваа Влада требаше да биде симната од пиедесталот на кој нечесно стои. За ваквиот потег на Владата и претседателот не постои одлука и согласност на Парламентот. Другото прашаше е дали Парламентот можел да донесе одлука за вакво прашање и дали има овластување и народот по пат на референдум да може да го менува и вековното име на Македонија. Ова е многу тежок престап и не може да се прифатат некои квази објаснувања при постоење на една универзална декларација за членство при 00Н дека ако вака не се постапеше ќе беше многу полошо. 00Н не признава како во печатот и во истапите на поединци од Владата се укажува "не призна ООН". Таа само врши прием на членови во 00Н. Вакви неаргументирани објаснувања не стојат и тоа се само приказни за мали деца. Видете што се случува, кога еднаш ќе се направи преседан, најновите збиднувања ќе одат во правец на вршење силни притисоци за промена на името или друго. Тоа е она што го сторивте господа, нека ви стои на совест.

Водењето на надворешната политика во Македонија е узурпирано од претседателот на Републиката на Парламентот и Владата. Парламентот е наполно игнориран и покрај уставните и моралните обврски на челните луѓе во Македонија. Уште поголема е иронијата што за министер за надворешни работи е поставено лице што нема никакви стручни или искуствени предиспозиции за водењето на една од најосетливите министерства и тоа во најсложените и судбоносни денови низ кои минува Република Македонија. Кои се остварените ефекти го покажуваат досегашните резултати од неговата активност. Со одбрана тактика да не се запознава Парламентот за наводно многу тајните разговори што ги води министерот, единствено што се знае дека министерот отсуствува од Републиката повеќе денови во странство.

XXIV/2.-

Колку неговата стручност за водењето за едно вакво министерство доаѓа до израз и во самото ресорно министерство во смисла на кадровско осмислено делување е големо прашање од причина што Министерството организационо е поставено да функционира со економски и политички дел. На политичкиот резултатите се видливи, а економскиот дел е приказна за себе од причина што во истиот од повеќето надлежности е и издавањето на согласности за контингенти при увоз и извор на стока а зад што стојат многу афери. Друго е прашањето со колкава брзина и ефикасност во фаза на стопанисување се решаваат барањата на субјектите што стопанисуваат.

Поставувањето на дипломати, амбасадори со земјите со кои Република Македонија воспоставува дипломатски односи се води особена сметка за тоа првенствено да бидат лица од СДС или Либералната партија. А по некое место и за лабилни лица, кариеристи кои истапуваат од партиите од опозицијата и нивно местење на функции посебно во привлечните места, посебно карактеристичен е примерот е именувањето на амбасадор во Москва.

Што ќе се случи ако на наредните избори победи опозицијата. Дали ќе треба да се повикуваат, односно заменуваат овие лица бидејќи партиски се обоени. До кога карање и разединување. Мислам дека на овој момент не се мисли или тоа пак намерно се прави.

Многу карактеристично нешто и симптоматично се случува со оваа Влада што кај граѓаните што ги следат нејзините активности се создава сомневање за тоа дали има некој правец и цел на активностите за некоја државна во јасно дефинирана македонска политика на која интересот првенствено и е насочен кон сопствениот народ. Погледнете, скоро секоја посета на претседателот на Владата на некоја земја, по извесно време се јавуваат некои проблеми, несогласувања и сл. Така да што човек ќе помисли не е проблемот, односно несогласувањето негов личен

XXIV/3.-

проблем или проблем на неговиот инструктор за кој знаеме дека го имаме или пак е проблемот на државите каде што оди. На пример најновото воведување на високи царински стапки со Република Словенија. И покрај колапсот на стопанството за понатаму воведување безцарински систем со Република Хрватска. Јазични проблеми со Република Бугарија. Се нешто нестабилно, недоречено, лаичко, недржавничко однесување и сл. Некој чуден селективен однос кон земјите што не признаа под државното име. Да не го спомнувам случајот со Русија, повеќе од една година од признавањето а се уште не се воспоставени дипломатски односи, тие се во тек а тоа може да потрае до недогледно време.

Колкав е видокругот на тој или на тие што ја кројат или активно учествуваат во надворешната политика која пред светската јавност ја презентираме дека проблемот со Грција ќе го решаваме во пакет, вклучувајќи го тука и името, со секого а посебно со соседите ќе разговараме за секое прашање или спор, но никако за името. Ваква- та нестабилна. лаичка, дилетанска, неумерена надворешна политика не донесе никакви резултати ниту пак во иднина ветува дека со ваквиот однос ќе се остварат некои позначајни резултати.

Внатрешна политика. Карактеристика на внатрешната полити- ка е нестручност, нестудиозност, политика на препад без концепт од што може да се извлече само една дефиниција - Водење на дневна маркетиншка политика. Веројатно за ова постојат и други елементи, но секако главен и основен според мене е неприродната коалиција со ПДП-НДП и дежурниот виновник ВМРО-ДПМНЕ.

За тоа како работи коалицијата е многу јасно и видливо. Албанските партии сметките не ги поднесуваат. На надворешен план со презентирање за невистиноста на бројноста на оваа националност, недемократските услови во кои живее пречки при барање за прием во

XXIV/4.-

ЌЕБС итн. итн. На внатрешен план пописот, паравојската, изборните закони, изборните единици итн. итн. Од другата страна, вие комунистите без идејни кои никогаш не се криви на кои подметувањата им се основно средство за работа, како функционирате и колкава штета чините сте заслепени од личниот интерес и ич не гледате. Најслободно ќе кажам дека навистина неприродно функционирате. Далеку е поприродно две национални партии да имаат коалиција и тогаш работите сигурно поинаку ќе се одвиваат. Ја сметам дека до тоа ќе дојде.

Во однос на Парламентот како највисоко законодавно тело во државата, сметам дека е игнориран. Тоа се покажува низ неговата блокада. Ако коалицијата ја презеде одговорноста да ја води државата, имате мнозинство, прашувам зошто. Зошто не се донесени законите од Владата. Практично Парламентот не функционира и сите конци се во Владата. Од нас барате кворум за работа. Вината и виновникот за вашите неразјаснети работи ја префрлате во позицијата како да опозицијата како да наводно да опозицијата е таа која уценува. Факт е дека од кога формиравте ваква коалиција, опозицијата е наполно отфрлена. Заборавивте дека зад нас стојат преку 300 илјади гласачи. Така сосема е природно да не можеме ние на вас да ви асистираме. Ние имаме посебни погледи и видувања. Режимот, послушноста, едноумието, развивајте си ги во вашето членство. Погледнете колку седници се почнати а не се завршени. Дали во светот во некоја држава постои ваква Влада. Од пред две години на дневен ред стојат закони и иронијата да е поголема Владата не најде за сходно барем да ги повлече од Собранието од процедура недонесените закони. Тврдам дека ако опозицијата не ви се спротивставуваше на режимите по одделни прашања кои ги подготвувавте, не знам до каде ќе стигнеше Македонија. Сигурно ќе одевте до таму во целост да го пратевте поранешниот систем, а не е чудо и името на државата да го мените.

XXIV/5.-

Трошите средства на отворено само за рушење на опозицијата со разно разни измислени работи, како на пример последната конференција за печат на господинот Фрчковски. Со неговите наводно правни манири да се работи за една позната партија, за можеби ќе му се дадат пари, можеби се формираат комитети итн. итн. прашање е да- ли еден министер на МВР може вака да истапува а да не поднесе кривична пријава.

Признаваме две работи, навистина печатот и телевизијата толку убаво ве китат, особено во главниот ТВ дневник, кој што почнува и завршува со вас..(Се обраќа на господинот Фрчковски). Макар една изложба да отворите или некое село да посетите, вие сте на телевизија.

Поставувањето на партиски обоени кадри во државата како во надворешните претставништва така и внатре на важни функционерки места се поставуваат исклучиво кадри од СДС и ЛП. Другите два партнера ПДП и Социјалистичката партија добиваат многу помалку. Лојалноста на новоименуваниот состав на Уставниот суд на РМ во кој состав влегоа само вашите кадри уште на првата седница ја потврди при изнесувањето на судот за уставноста на пописот, за прашања за кои беше повикан да се произнесе заврши со тоа што Судот за спорните работи не се произнесе, односно прашањето го одложи. Наместо правно да одлучи прашањето го остави на решавање за некоја поповолна политичка клима. Основано може да се очекува од овој состав дека нема да ги ништи одлуките на Владата, за разлика од претходниот состав кој беше пренатрупан од вашето неуставно работење и донесе низа одлуки со кои го објави неуставното и незаконско работење на Владата.

Кога работите не ќе одат покрај барањето на дежурни виновници, не така случајно и не така често се прибегнува кон пресија. Жалосно е

претседателот на Владата во секоја прилика да се повикува дека со водењето на правилна политика, со мудри потези избегната е војната која можеше да ја има во нашите простори, така да со експонирањето на оваа важечка девиза, како да заборава дека истата мошне често ја употребува и претседателот на Републиката, па со оглед на годините и местата функционерки ги заземаат добро е да се пот- сети дека претседателот на Владата треба првенствено да се занима- ва со економските проблеми, основните животни социјални проблеми. Меѓутоа мора да се каже дека ваквите истапувања само да нема војна не се без ефект. Секојдневната психолошка депресија на целиот народ води кон крајната цела апатија кон се она што се случува, рамнодушност према криминалните работи, беззаконието, грабежот и единствено е важно да се преживее што психолошки всадено доведе и со задоволување со минимум. Оттука и рамнодушноста на работниците, без работа и без примања и оние кои работат за три до четири илјади денари плата кои во мир гризаат корка леб.

Она што во државата доби епитет на афери предизвикани од погрешните потези на челните луѓе во власта во овој коалицзионен состав, составен од пратениците на СДС, ЛП, Социјалистичката партија, ПДП и НДП не е можно да се побара одговорност за извршените самоволија и узурпација на власта. Така за тепањето на народот и изгубената актуелност никој не одговараше, макар и со оставка од функциите. Случајот со РЕК Битола тешко дали ќе дојде на дневен ред на седница, што асоцира дека нешто не е во ред, нешто се крие.

Кадровските поместувања во Министерството за внатрешни работи од каде што имаше обид за укажување за преземање на правни дејствија за замешаноста на одделни министри од Владата во криминални дејствија итн., со слепата послушност на пратениците од коалицијата, тешко дека ќе се воспостави ред и законитост во оваа држава. Не треба

да се запостави и заборави и мотивираноста на пратениците од коалицијата за слепата послушност награда за повисоки функционерки места.

И неколку работи да кажам за економскиот дел. Што да се каже. Речиси целосен колапс. Производството во рамките на државата работи со нешто повеќе од 20% од капацитетите. Секојдневно одат фирми под стечај, општа невработеност, социјалните тензии во пораст, штрајкови, протести, општа беспарица. Тоа се состојби за едната страна, за оние кои произведуваат. За државните чиновници и огромната армија на административниот апарат во општата беспарица релативно добри лични доходи. Тоа се два сегменти кои веднаш паѓаат в очи. Дури и господинот Аренс веднаш ја забележа оваа диспропорција што општо би изгледало вака - работник во производството да остварува плата од три до четири илјади денари, а еден чиновник без функција во административниот апарат, односно во државната администрација да остварува личен доход од 10-11 илјади денари. Па радокс невиден во светот, освен во бившите тоталитарни режими. Се- како дека може да се дадат илјада одговори зошто состојбите во стопанството се такви какви се, за да на крајот се утврди дека не постои ничија субјективна одговорност, освен онаа објективната, почнувајќи од опркужурањето, ембаргото итн. итн.

Каде се грешките на оваа Влада? Прво и основно во коалицијата седат 40 директори во клупи на пратеници. Сите се од поранешниот систем, од едноумието. Во Владата неколку директори од поранешниот систем. Старите навики во работењето се присутни, нема промени, нема успеси. Ако под притисок на Меѓународната заедница се донесе законот за приватизација, евидентна е неговата неприменливост.

XXIV/8.-

Ако нешто и се очекуваше од Либералната партија дека ќе влијае на некои проблеми, исто така не се случи, освен поистоветувањето со програмските цели на СДС.

Законот за денационализација како рекламен трик пред меѓународните форуми дека процесите на трансформацијата се во тек како основа за добивање на меѓународни кредити. Но чудно како Меѓународната заедница, членките на Европската заедница, Светската банка, ММФ колку малку имаат разбирање за економските тешкотии што ја бренуваат Република Македонија. Зошто се доделени толку мали кредити, зошто не е одобрен Стен Бајн аранжманот? Изгледа Меѓународната заедница е недоволно запозната со проблемите низ кои минува Републиката или пак предобро е запозната, утврдила дека средствата не одат на право место дека од нив се подмируваат трошоците на глобалната администрација, дека одат во општата потрошувачка итн.

Што доби производството? Со што е поттикнато, од кои оптоварувања се ослободи а бројката искажана преку неземањето на лични доходи по неколку месеци, односно од три до четири илјади денари јасно зборуваат.

На друга страна наместо намалување на државниот апарат се случува обратното. Некој како свесно да ја уништуваше државата па така на пример во МВР се вработија илјада лица колку што не треба за оваа држава заборавајќи дека во оваа држава има и други одбранбени механизми - војската на пример, така што денеска во ова Министерство самите старешини се чудат како да најдат некои задолженија за лицата во работен однос. Како истите придонесуваат во обезбедувањето на платите, односно Буџетот, може да се утврди по бројот на прекршочните пријави што секојдневно пристигнуваат во судовите и за прекршоци, во најголем дел за не носење на каиши, погрешен паркинг и сл. Како да се

заборава дека со голема пресија се постигнува само едно - поголемо безредие. Не можејќи да се реши економскиот проблем се повеќе ја генерализира општата карактеристика на државата како пореско полициска. Интересно е што оние стопанственици што забележале извесен подем во стопанисувањето особено во приватниот сектор со несфатливи уредби и одлуки донесени од Владата што само со еден потез ги носат во очај со самото тоа што е створено со години преку ноќ да се изгуби. Последниот случај со одлуката на Владата за зголемуваше на царинската стапка и посебните царински давачки при увоз на автомобили со што фирмите кои стопанисуваат со овие возила, веднаш се прекинати во својот развој. Најкарактеристичното од сето тоа е кусогледоста на оваа Влада дека граѓаните кои обавуваат некоја дејност што ги има со илјади, податокот за регистрирани приватни фирми за кои колата е основно средство за работа и те како потребно за илјадните дневни пулсирања во стопанисувањето и ете уште една пречка како да се дојде до понов автомобил а со тоа и до побрзо и посигурно извршување на современите трансакции. Ако се земе дека давачките за автомобили во европските земји се движат од 12 до 15%, вклучувајќи данок, царина и сите други давачки, тогаш кое е образложението на одлуката од оваа Влада. Загрижувачка е индиферентноста на оваа Влада кон изнаоѓањето на алтернативни патишта, излези од ќорсокакот што го наметна Република Грција со воведувањето на ембаргото. Ако се знае дека ембаргото ќе потрае уште подолго време, дека до основните енергенси нафта, мазут, бензин со многу поскапа цена ќе ги добиеме, како е можно да не се пристапи кон изградба на пругата за Бугарија, однос- но железничкото поврзување и сета оваа потреба се уште да се наоѓа во проект со образложение дека нема средства, а главна и

XXIV/10.-

непремослива пречка се официјалните јазици. Наместо ако треба и ударнички да се почне со изградба на пругата со што еден голем адут ќе беше избиен од рацете на Грците, Владата бара, измислува некои меѓудржавни спорови.

XXV/1.-

**АЦО СПИРОВСКИ:** (Продолжение)

Друг. е проблемот во законската регулатива која наместо олеснување на стопанските субјекти се повеќе се усложнува така што една трансакција врви низ неколку служби на двојна, тројна контрола наместо работите да одат во одредена фаза и динамика, најчесто се движат во круг.

Што е со обврската на Владата, прашувам сега за поднесување на годишен извештај за остварување на програмата. Зошто таков извештај не е поднесен до Парламентот? Или дали може нешто во него да се каже и да се покаже. За жал, претседателот на владата не е тука, јас очекувам дека тој по мене ќе земе збор меѓутоа, јас сепак индиректно би го прашал, веројатно следи од некаде променета е Владата на г-динот Кљусев со стручни квалификации академик по економски науки кој конкретно имаше подобри резултати од вас, кој делуваше во потешки состојби од сегашните. Не му се дозволи на г-динот Гошев да формира поквалитетна влада Презеде одговорност г-динот сегашен претседател без стручни квалификации без искуство, дали не е време самиот да постапи онака како што налага неговата совест.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално бара збор г-динот Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Како координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам 15 минути пауза за една кратка координација на нашата група.

XXV/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш пауза од 15 минути. Седницата да продолжи во 22,45 часот.

(Седницата прекина со работа во 22,30 часот)

(По паузата седницата започна со работа во 22,55 часот)

Молам да се утврди точен број на присутни пратеници. Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Георгиевски кој ќе извести за паузата.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сакам да го образложам барањето за нашата пауза. Морам да кажам дека на состанокот кој беше одржан покрај пратеничката гру- па на ВМРО-ДПМНЕ учествуваше и пратеничката група на демократската партија и независните пратеници кои се присутни во моментот во Македонскиот парламент. Заедничкиот став на трите структури кои заеднички ја направија координацијата. Го заседовме следниот став.

Претседателот на Собранието во договор со Владата подготви сценарио со кое се оневозможи сите пратеници од опозицијата да го кажат своето мислење во врска со покренатата иницијатива за доверба на Владата. Очигледно е дека е направено сценарио со кое главниот дел на времето претседателот на Собранието овозможи да го искористат министрите. Уште еднаш деловничките манипулации на претседателот на Собранието дојдоа до израз. Со водењето на седницата претседателот на Собранието оневозможи наводните лаги и неаргументирани дискусии на опозиционите пратеници да ги слушне јавноста и да се изнесат од оваа парламентарна говорница. Ние не го овластивме претседателот на Собранието да ја чува јавноста од нашите неаргументирани напади, не го овластивме да го чува нашиот авторитет.

XXV/3.-

Очигледно се работи за страв, јавноста да ги слушне сите страни. Бидејќи не бевме во можност рамноправно да ги изнесеме сите забелешки за работата на Владата, само фактот дека претнаесетина пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, од пратеничката група на демократската партија и независните пратеници останаа односно со оглед на фактот ќе останат без право на своите говори на овој начин можам да кажам дека поради сите овие причини ја повлекуваме поднесената иницијатива за доверба на Владата.

Особено реагираме на однесувањето на претседателот на Собранието кој го суспендира правото на предлагачите да можат во секое време исто како и министрите да ја образложат својата иницијатива за доверба на Владата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, најпрвин да се разјасниме. Прво, во уставот не постои основа за повлекување, во врска со доверба - недоверба постои само гласање. Целата постапка предвидува само гласање и ништо друго. Затоа Ве молам кој сака нека остане, ние треба да останеме и да продолжиме со работа, а ако никој не сака да учествува во претресот во 24,00 часот се гласа. Ве молам, продолжуваме со работа.

Збор има г-динот Љупчо Поповски.

(Додека зборуваше претседателот на Собранието пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, пратеничката група на Демократската партија и некои од независните пратеници ја на- пуштија салата).

XXV/4.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Мене ми е навистина жал што немам можност пред под- носителот на иницијативата за гласање на доверба на Владата да не биде присутен во салата така што без разлика сепак ќе го искористам моето право и ќе морам малку дискусијата да ја скратам за да овозможам и на другите пратеници да го кажат своето мислење а исто така и дел од министрите.

Најпрвин би сакал да се задржам на мотивите кои веројатно биле еден вид раководство оваа пратеничка група во отсуство ги натера да ја поднесат оваа иницијатива за гласање на доверба на Владата. Мислам дека тоа се неколку мотиви кои би сакал да ги соопштам на јавноста за да бидат јасни работите какви што се.

Еден од главните мотивирачки фактори, за поднесување на оваа иницијатива во секој случај е да се направи уште еден обид од страна на оваа пратеничка група особено на таа политичка партија во пресрет на новите поеќепартиски избори во РМ да се заигра на старата карта на создавање на едно антиалбанско расположение а тоа го темелам врз фактот ако помалку се присетиме ќе видиме дека вакви иницијативи во врска со гласање на доверба на владата обично се преземале од страна на оваа пратеничка група кога на некој начин се случувале одредени настани во нашата држава кои имале врска со припадниците на албанската националност во нашата Република односно со одреден број на граѓани. Тоа беше и во ноември и на некој начин и сега меѓу другото непосреден повод е попи- сот и изречувањето на судските пресуди.

XXV/5.-

Меѓутоа, мислам дека едно такво создавање на антиалбанско расположение во оваа прилика е на некој начин видена работа и мислам дека не ќе помине како што беше присутно на некој начин во првите избори.

Втора работа, која е позначајна тоа е да се сврти вниманието на целокупната македонска јавност од крупните кризни состојби и невидени линчеви и расколи во оваа партија што се случуваат каде со опробани сталинистички методи се попречуваат сите демократски процеси на поинакво мислење.

Понатаму, каде се прави обид, да се заташка критиката на некој начин на стратешките определби кои ги води потесното раководство на партијата, а кои се повеќе во јавноста се обликуваат како антимакедонски и антидемократски.

Трета работа, која претставува еден мотив да се сврти вниманието со поднесувањето на оваа иницијатива е да се направи обид каков, таков, да се присобере членството на пратеничката група која незапирливо се осипува и да се попречи вртоглавото паѓање на реинтингот на оваа партија, една општа разочараност кај сопствените гласачи од досегашното работење и дејствување на оваа партија која освен негативна и деструктивна енергија не успеа да пласира во овие четири години ништо ново на политичката сцена во Македонија.

Би завршил со следното дека оваа со што на некој начин го заврши својот долготраен говор од 75 минути г-динот Георгиевски во кој тој рече меѓу другото дека е среќен дека победил политичкиот концепт на политичката партија на ВМРО-ДПМНЕ, јас би рекол дека е за среќа што тој политички концепт во оваа држава не победи

XXV/6.-

Второ, среќен сум што конечно ВМРО го прифати политичкиот, економскиот, националниот и државниот концепт на Социјал-демократскиот сојуз. Зошто, ќе ви кажам.

Меѓу другото, тој зборуваше дека тие се творци на самостојна и суверена македонска држава а јас само ќе ве пот- сетам за нивното однесување кога се донесуваат клучните правни акти во врска со самостојноста на оваа држава. Тоа беше декларацијата за сувереност, тоа беше референдумот, Уставот, приемот во ООН и вие добро се сеќавате со какви породилни маки доаѓавме до решенија во овој парламент односно да ги изведеме тие значајни историски правни акти од страна на Собранието. Тогаш, меѓу другото г-динот лидер на партијата во тие судни моменти се наоѓаше надвор и впрочем се се правеше да не се донесат тие акти Од каде сега тоа дека тој е многу среќен што сепак тој концепт на самостојна македонска суверена држава се остварил.

Повеќе не би ширел, би дал можност и на другите да се изјаснат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, очигледно е дека некој нема храброст да се соочи со она што го предлагам, во овој слуачј мене ми е жал што во таа насока потпаднале и независните пратеници и пратениците кои се во партијата на г-динот Гошев. Но, што е, тука е, секогаш јас како член на опозицијата, во овој случај се уште сум член на опозицијата и ќе бидат тоа до крај затоа што единствено присуствував во таа опозиција при инаугурирањето на оваа Владата што е сега предмет на интерпелација,

на прашање за нејзина доверба, но очигледно е дека подносителите во овој случај немаа храброст да се соочат со некои видувања и нормално и од Владата, но и од мојата скромна личност како член на таа опозиција и на таа партија се уште од која еден дел пратеници поднесоа прашање за доверба на оваа влада.

Ако сакаме да не бидеме лицемерни како пратеници би требало, ако нешто критикуваме секогаш и позитивните работи на Владата да ги изнесуваме. Како еден позитивен пример во однос на работата на оваа влада, ќе почнам од тука, во досегашниот период би ја спомнал успешната акција на МВР во следењето, откривањето и поднесувањето на кривични пријави против организаторите на паравојните формации на албанското малцинство инаку повеќето членови и раководители на ПДП. Иако во овој случај МВР не ги примени одредбите на членовите 23 и 24 од законот за општествените организации и здруженијата на граѓаните и нема покренато постапка за забрана на политичката партија ПДП за загрозување на независноста на РМ, уривање на општественото уредување, загрозување на мирот и разгорување на етничка расна или верска нетрпеливост, правото на актуелната влада е да се откаже или да не од својот коалиционен партнер што во овој случај не го искористи актуелната влада.

Како дел од придонесот на оваа влада поточно на Министерството за односи со странство и Министерството за одбрана во соработка со меѓународните фактори УНФПРОФОР и ООН е и отстранувањето на опасноста по мирот која беше присутна пред една недела со навлегување на српски војници на територијата на македонската држава. Навидум за некого можеби е позитивен придонес на Владата и контрола на меѓуетничките односи во македонската држава односно зачувување на мирот.

XXV/8.-

Но, по мене сето тоа е на кратки патеки односно актуелната влада попуштајќи пред уцените и заканите на политичките партии кои го узурпираат правото да ги претставуваат малцинствата албанското и турското долгорочно создава приморано, затоа што видовме дека некој во таа уцена и закана на овие политички партии помага, а тоа е овие што ја напуштија седницата сега немајќи храброст да се соочат со некои работи би рекол дека на кратки стази тоа е добро но за придонесот на мирот меѓу етничките односи да се работи на долги патеки.

Очигледно е дека Уставот во одредени општини како што се Тетово, Гостивар а посебно Дебар од страна на албанските екстремисти и сепаратисти кои се во органите на локалната самоуправа и се членови на власт и членови на политичката партија ПДП-НДП не се почитува. Владата сето тоа го толерира дури сек донесува како да ништо не се случува. Владата не може да биде слепа ако не се почитува службениот македонски јазик на оваа држава и неговото кирилично писмо. Според истакнатите натписи на фирмите во овие македонски градови некој ќе помисли дека се наоѓа во туѓа држава.

Очигледно е, дека политичките партии од албанското малцинство се однесуваат како паралелна власт поставувајќи одредени барања за промена на етничкиот состав на вработените во државните органи полицијата, урбанизмот, образованието, финансиите, сето тоа оваа влада го одобрува. Не може оваа Влада да биде само нем набљудувач ако на пример во Тетово подземната власт прави улици приклучува цели населби на туку што дојдени албнаци од Косово на водовод и електромрежата. Попуштањата кон барањата на малцинствата во "однос на пописот" ја карактеризираат Владата како извршна власт која не го

почитува Законот во некои сегменти, па дури ни своите одлуки. Премолчувајќи некои вистини Владата во случај на пописот се самоназначи како контрапродуктивна за придонес на осознавање на што поитно осознавање на резултатите од пописот. На пример дејствувањето на претставниците на српската екстремна партија кои го искористија подмолното убиство на млад македонец во Тетово од страна на албанските екстремисти за свои цели се овие претставници на српските екстремисти сега се јавуваат како заштитници на сите православни во Македонија. Владата требаше јавно да каже дека токму големосрпската политика спроведувана во последните триесет години со помош на поедини раководители на бившиот СКМ континуирано бркајќи ги албанците од Косово ги населуваше во Македонија. Факт е дека повеќе од 200 илјади се населија токму во Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар. Големосрпската демагогија продолжува, а оваа Влада не и парира. Прашање зошто на лицемерието на еден г-дин Милетиќ и неговите малубројни македонски подржувачи како ловци во матно Владата не одговара со аргументи, а знам дека такви аргументи има.

Исто така, на Владата и замерам што јавно не ги соопштува токму настојувањата околу пописот на големобугарските врховистички кругови да не се признаат резултатите од пописот. Тоа го слушнавме и денеска од излагањето на лидерот на мојата партија ВМРО-ДПМНЕ, дека пописот е неуспешен. Што е тоа? Тоа е таа корелација, тој сооднос како што вели дека пописот ако не е успешен во РМ, а тие врховистички кругови во Бугарија истото го велат нема да ги признаеме резултатите од пописот во Македонија. Знаете, каде води та политика. Со некои од тие што даваат такви изјави од врховистички кругови дел од раководството на мојата партија се сретнав тука некаде пред месец и повеќе. Еве пред некој ден прочитавме дека еден од раководителите на отечеотвената

XXV/10.-

односно татковинската партија на Бугарија и даде целосна поддршка на политиката што Република Грција ја спроведува во однос на Македонија, а господата од мојата партија токму се сретнаа со лидерите и беа гости на една таква отечествена партија или сојуз.

Бидејќи раководи со државните органи на Владата сите информации им се достапни и не треба да ги крие од јавноста. Владата односно МВР и денеска беше повикано да каже јавно кои се тие што имаат контакти со странски разузнавачки служби. Тоа е право, за мене е лицемерно она што го пишува во образложението на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, по повод поставеното прашање за доверба на Владата под точката Б) - не донесување на системските закони меѓу кои Законот за изборите. Зошто е лицемерно? Токму раководството на ВМРО-ДПМНЕ солидаризирајќи се со ПДП во блокада на македонското собрание е виновно за недонесување на изборните закони. Нема поголемо лицемерие ако членот на Извршниот комитет на ВМРО- ДПМНЕ и пратеник г-динот Драги АРсов има во постапка предложено закон за избор на пратеници со идентичен соодност како оној на Владата да се изберат 120 пратеници по мнозинскиот принцип, 20 пратеника по пропорционалниот принцип. Значи, раководството е за комбиниран модел, а поголемиот број пратеници, тоа морам да го кажам,на ВМРО-ДПМНЕ беа за мнозинскиот изборен модел.

Да повторам, нема поголемо лицемерие од настојувањето да се блокира работата на Собранието лажејќи ја јавноста во овој случај, исто така поднесоа прашање за доверба на Владата и го напуштија Собранието. И ова е еден вид блокада иако Уставот треба до крај да се почитува и да се гласа за доверба или недоверба на оваа Влада.

XXVI/1/JM/лј

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Неспорно е дека законот за приватизација предложен од Владата е извлечен од нејзиното парламентарно мнозинство и за мене е несоодветен за македонските услови и е генератор на појава на општ грабеж на таканаречениот општествен капитал со што е обезвреднет трудот на неговите создавачи. Но, целосна алтернатива на овој закон раководството на ВМРО-ДПМНЕ не понуди туку тоа го сторија пратениците и симпатизерите на македонските, односно кои припаѓаат на македонската национално демократска група нудејќи целосно нов концепт со бесплатни акции и ваучери за сите полнолетни државјани и плус поволности за работниците и пензионерите. Лицемерно исто така е да се бара седница иницирана од раководството ВМРО-ДПМНЕ за проблемите на стечајните работници, а истото тоа раководство да ги споредува пратениците да влезат во собраниската сала. Тоа е вистината. Пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ има барање за проблемите на стечајните работници да се расправа, а не влегува во ова собрание. За мене е тоа лицемерие кое раководството мислејќи само за свои интереси го спроведува. Наполно се сложувам со се она што се случува во образованието, морам да кажам не само што има еден хаос, туку има и појава на лично партиски интереси. Неразбирливо ни е однесувањето на Владата, а не верувам дека нема информации за она што се случува во образованието. Загрижен само и само граѓанин ќеречам, но морам да кажам дека меѓу првите луѓе во ова министерство со исклучок на еден, повеќе мина не се македонци. Каков апсурд? Апсурд е во Министерството за образование во Македонската држава повеќето раководители во тоа министерство да не се македонци. Без разлика како ќе ме етикетирате, министерството за образование дозволува асимилација на македонци со исламска вера кои се под постојан притисок на ПДП НДП и демократската партија на Турците. Тој е неспорен факт. Не превзема соодветни законски санкции за оние кои ја

водат евиденцијата на јазикот на малцинството. Би спомнал само еден од повеќето примери на лично партиски интереси во образованието. Во прилепската гимназија една професорка укажувала за незаконското на именување на в.д. директор каде во овој случај не- законитоста е констатирана. На конкурсот дополнително распишан за директор конкурирале и в.д. директорката и професорката која е магистер. Ја избираат в.д. директорката која по извесно време ја суспендира од работа професорката и конечно и потпишува отказ. уште полошо судот ја одбива жалбата на професорката која сега е без работа. Дали оваа Влада може да биде заштитник и на обичните граѓани во овој случај, без разлика што е еден пример, мора и на обичните примери исто така да се учиме на демократија. На почитување на правата на г раѓаните, без разлика дали се професори, лекари, работници, земјоделци па дури и пратеници.

Каква надворешна политика води оваа Влада за заштита на македонските национални и државни интереси тоа го слушнавме денеска и од раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Констатација на раководството на ВМРО -ДПМНЕ е дека таа е предавничка. Со ова се сложуваат и други опозициони партии, тоа го кажаа. Ако има елементи на предавство единствено досега прифатено од оваа влада, тоа е приемот на македонската дражва во организацијата на Обединетите нации под навистина неприфатливо како што велат описно име Поранешна Југословенска Република Македонија. Тоа верувам дека сите се сложуваме дека е така. Но, би требало и Љупчо Георгиевски и другите опозициони лидери да предложат алтернативно решение. Тоа досега од нив јас како пратеник го немам ниту слушнато,, ниту прочитано дека некаде го предложиле. Единствено велат, не ни требало членство во ООН под такво име. Веднаш се одговара од Владата дека што ќе се случеше со македонската држава, со нејзиниот опстанок, со безбедноста

XXVI/3.-

ако не станевме како држава членка на ООН. Македонските национални демократи на кои им припаѓам предлагаа согласно праксата во 00Н Република Македонија да ја извести светската организација дека името на нашата држава во ООН од денеска ќе биде Република Македонија тоа е предлог, алтернатива, ако ја прифатите добро, ако не, тоа е ваше право. Неспорно е дека надворешната политика на Владата е оптоварена со гафови како оној со амбасада или почесен конзулат во економската веле сила Јапонија. НО, јас не можам да ја обвинам Владата дека се согласила на некое неуставно име освен она поранешна југословенска Република Македонија кое ни беше објаснето дека е привремено, за жал остана малку подолго, не знаеме колку долго ќе остане, но оваа Влада не можам да ја обвинам дека ветила да го смени знамето, или одредбите на Уставот. Право на бараше на одговорност и прогласување за предавници и јас ќе го сторам тоа и други се надевам кои не сакаат лицемерно да размислуваат е ако тоа се случи. Дотогаш се е во доменот на подгревање на страстите преку ширење на разни дезинформации. Свесни сме дека во македонската држава најповеќе плодна почва наоѓаат дезинформациите. На Владата може да и се замери што толку многу очекуваше од меѓународниот монетарен фонд. Да бидам искрен и јас очекував и не убедуваше дека Република Македонија ќе добие нови кредити, за жал свесни сме дека ги нема. Стопанството е пред колапс, а Владата нема слух за предлозите што доаѓаат од Стопанската комора каде што се тврди со право дека вештачкиот одржуван курс на денарот иако е поголем за оние што купуваат девизи, но не верувам дека такви има многу, по совет на ММФ е контрапродуктивен за стопанството. Очекувавме правда од судот на Европа за економската блокада од страна на Грција. Владата се труди да ја почитува блокадата кон Сојузна Република Југославија во услови кога Европа се однесува кон нас на еден нецивилизиран би рекол начин, без разлика што е Европа, затоа што не го почитува нашето право на

опстанок, а соседите заработуваат милијарди долари на кршење на тоа ембарго. Не можам, а да не го спомнам лицемерието на раководството на ВМРО ДПМНЕ кое ја кодоши државата за непочитување на Ембаргото кон Србија,а во исто време пишуваше на таквите соопштенија господинот Диневски преку својата фирма тргува со таа иста Србија, а го одречува правото дека тоа можат да го прават и железарница и металски завод и Алкалоид и Охис и други фирми, едноставно за да обезбедат плата за своите вработени. Тоа е вистината и тука истото тоа кршење на ембаргото ќе кажам дека го сметам како државен и национален интерес. И во интерес ако е на оваа држава Владата нека продолжи да го крши. Исто така, со учеството во заедничката блокада со ПДП, раководството на ВМРО ДПМНЕ неспремно да расправа за прашања од стопанството придонесоа бројни закони од оваа сфера да не се донесат. Владата нема решение како да се преживее, проблем за оние семејства кои имаат и по две плати редовни но уште поголем проблем е за оние со нередовни плати, стечајни работници, или пак невработени. Вечната взаемна нетолерантност помеѓу Министерството за внатрешни работи и раководството на ВМРО ДПМНЕ и при барањето за доверба на Владата не може како тема да се одмине. Ви презентирање на програмата и задачите на оваа актуелна влада при нејзиниот избор господинот Бранко Црвенковски ќе го каже и следново, парафразирам: никогаш како досега во институциите на системот не биле навлезени митото и корупцијата. За жал на македонската јавност МВР сега одречува дека има организиран криминал, или тоа го сведува на еден вид криминал каде што поединци во органите на државната управа се користат со разни погодности. Но, би рекол дека посредно дека има мито и корупција, Владата, посредно го призна со тоа што за контингентите за увоз одреди да се добиваат по пат на лицитација, една демократска одлука од Владата која е за поздравување во овој случај. Но, што со досега збогатените кои на овој начин беа во предност како оној сеуште актуелен министер кој при

XXVI/5.-

својата фирма, кој преку својата фирма добивајќи контингент за месо увезол заразени телиња. МВР има прибрано податоци за сите овие што направиле царински прекршоци, не платиле данок, но луѓето се снаоѓаат и се декларираат дека се членови на партиите кои партиципираат во владеачката коалиција. Тоа е исто така еден минус за оваа Влада. Но, најповеќе ни е чудно однесувањето на Владата и на министерот за внатрешни работи зошто не ги обелоденуваат прибраните информации за активноста на одделни членови на политички партии, соработници на разни служби за безбедност. Зошто на македонската јавност Владата не и обелодени дека во ВМРО ДПМНЕ постои приватно партиска полиција која ја раководи таканаречената комисија за стратешки истражувања во која се прво Борис Змејковски, чија неостварена желба е да биде министер за внатрешни работи, човек што контактира со странска служба за безбедност од која има добиено диплома за више полициско образование. Второ, Александар Диневски, 15 години вработен во Службата за државна без бедност наводно пребеган, се уште велам во ВМРО-ДПМНЕ со откраднати документи Владата и МВР кривично сеуште не го гонат. За мене тоа е чудно, односно дали во овој случај има кривична пријава, а Судот затаил, тоа е прашање. Но, симптоматично е иј после две години господинот Диневски, без разлика од кои побуди сторил кривично дело, но сторил кривично дело, тоа е оддавање на службена тајна. Трето, Иван Соколов, пребеган во Бугарија како политички емигрант се декларирал за македонски Бугарин од каде заминува во Австралија по негово сопствено признание во еден од документите одкраднати од Диневски во наводници пријател на странска разузнавачка служба. Самиот го тврди тоа. Четврто, Драги Ивановски бивш и сегашен новинар, советник при собранието на град Скопје, обучен од Службите за безбедност на Бившата СФРЈ и ЈНА за работа во арапските земји, човек кој го растури МААК, сега на нова задача за растурање. Демократско право имаат пред се членовите и

XXVI/6.-

симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ, но и на Македонската јавност да се запознаат со дејствувањето на овие господа, со нивното неовластено тонско снимање и следеше на членови на ВМРО ДПМНЕ и подготвување целосно фалсификувани наводни документи со тајна содржина, со ширење дезинформации, лично богатење преку одземање на финансиски средства итн. Денеска видовме едно лицемерие од господинот лидер на ВМРО ДПМНЕ Љупчо Георгиевски кој најбезобразно овде излажа за некои работи, ќе кажам излажа, нема да употребам поблаг збор, човек кој се осмели да мавта со еден целосно фалсификуван документ да го деградира еден пратеник во ова собрание, неговата личност итн., а сега да не употребам еден збор, нашиот народ вели еден збор: како "о"избега од ова Собрание за да не се соочи со некои факти. Но, за сите овие прашања јас имам само еден одговор, зошто владата тоа не го обелоденува сега, сигурно тоа ќе го стори еден месец пред изборите. Опасен преседант во користење со сознание на државен орган, би рекол во овој случај за политички. Ако тие сознанија ги имаат министерството и Владата треба да ги обелоденат кога ќе ги дознаат да им кажат и на членовите и на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Господа, овие контактираат со тие и тие и тие во Бугарија, Хрватска, не е битно каде, сега да не ги редам и државите. За сите овие критики и добронамерни укажувања кон Владата на Република Македонија од моја страна би било исто така лицемерно ако како македонски национално демократски определен пратеник заеднички со/истомислениците не понудивме и нудиме алтернативни решенија, за трансформација на општествениот капитал, за името на нашата држава во ООН, за изборните закони, на пример Законот за политичките партии каде што нудиме решение за формирање на политички партии на малцинствата да можат да формираат најповеќе со членство до 60% од оној цензус што е определен во тој нов закон, се надевам дали ќе дојде или не тоа е прашање. Решениево му беше понудено да го потпише и господинот Љупчо Георгиевски и Доста Димовска но тие одбија да го потпишат од едноставна причина, велат: а ние ако победиме на

XXVI/7.-

следните избори може да преговараме со ПДП да формираме коалициона Влада.

На крајот би сакал да го запрашам раководството на ВМРО ДПМНЕ, за жал не е тука, како иницијатор за прашање за доверба на Владата дали размислувале за тоа дека сета оваа работа всушност ја јакне позицијата и меѓународно, но и овде на коалицијата ПДП НДП, токму ова поставување на доверба на Влада ја јакне позицијата на ПДП НДП кој давајќи и поддршка сега на оваа Влада ќе и даде поддршка, ќе побара утре нови отстапки со нови уцени и закани. Тоа е вистината на оваа македонска јавност треба јавно да и се каже, ако имаме слаба опозиција ќе имаме и слаба власт. во овој случај имаме килава опозиција како што некои ја нарекоа, јас се извинувам за тој термин, имаме и слаба власт која не може да владее, односно би сакала да владее со една конструктивна опозиција, но таа опозиција која пактира во овој случај ќе речам со ПДП НДП не и дозволува на оваа Влада да владее може би поцврсто за да нема уцени и закани од страна на својот коалиционен партнер во ваков случај и Владата која отстапува и попушта пред уцените и заканите на ПДП, но и раководството на ВМРО ДПМНЕ подгрејано со апетитите на поедини лидери на сега се уште мали опозициони партии, дилетанти, го уништуваат македонскиот патриотски дух создавајќи чувство за безизлезност кај Македонецот со ваквото нивно дејствување повторно ние мамќедонците ќе пееме песни за Европа како блудница вавилонска несфаќајќи дека блудници има и во редовите на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го заклучувам претресот. И му давам збор на претседателот на Владата.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ** (ОД МЕСТО)

Како може ниеден пратеник на ПДП да не добие збор.

XXVI/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа, кој кога се јави го запишав.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ** (од место)

Не е така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е тоа што го велам.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници да бидам искрен после одлуката на здружената опозиција, имено вечерва се убедивме дека имаме и здружена опозиција во Република Македонија која што беше презентирана од шефот на здружената опозиција во РМ, а тоа вечерва беше промовирана од г-динот Љупчо Георгиевски кој говореше и во име на ВМРО-ДПМНЕ, меѓутоа и во име на Демократската партија . Да бидам искрен навистина се запрашав дали има смисол моето излагање, а меѓутоа се решив сепак да кажам неколку збора и тоа од две причини.

Првата причина, затоа што мислам дека уставот се пишува за да се почитува и постои уставната процедура за да се почитува и без разлика дали таа одговорност подеднакво ја чувствуваат сите мислам дека она што е ред по Уставот пропишано треба да се истера до крај не заради денешното гласање за доверба на Владата или недоверба туку заради идни слични ситуации во кои што ќе се најде, овој или некој друг состав на парламентот после следните избори. Јас да бидам искрен на почетокот на денешнава седница почувствува едно задоволство што конечно без разлика на поводот кој што беше профункционира македонскиот Парламент после подолго време, дури и се носев и со една идеја на крајот да предложам ако е тоа единствен начин , а тоа е поставување на прашањето на недоверба на Владата да се соберат пратениците во Собранието и да се одржуваат седници на Собранието

во името на Владата да ае согласиме такви точки да бидат поставувани секоја недела , се разбира под еден единствен услов паралелно со тоа барем по еден закон од неколку стотината што чекаат во собраниска процедура исто така да бидат донесени. Меѓутоа, и тоа е прашаше дали има смисол после оваа постапка на која што бевме сведоци пред едно дваесетина минути. Прашањето на доверба, или недоверба на Влада како сакате е еден демократски институт без кој парламентарната демократија нема никаков смисол. Тоа е можност опозицијата да врши пресија, да врши притисок на позицијата и тоа со две основни цели. Првата цел ловејќи ги, идентификувајќи ги, воочувајќи ги грешките на извршната власт, изнесувајќи критики на однесувањето на Владата од неа да изнуди по одговорно, поцелисходно однесување , односно од неа да се изнудат по квалитетни решенија.

Втората цел тоа е можност наспроти владините да се промовираат сопствените програмски определби, да се понуди сопствениот концепт за решавање на проблемите со кои државата се соочува, а се со цел за да низ таа борба на идеи, за да низ таа борба на концепти, програми се придобие довербата на гласачите на следните избори. Јас внимателно ја следев денешнава расправа и во периодот кога бев присутен во салата и во периодот кога не бев присутен во салата, а исто како што се надевам дека и пратениците кои што ја напуштија седницата на Собранието го следат овој дел од седницата и со жалење морам да констатирам дека и овој пат изостана овој втор сегмент, односно не ни ја укажаа можноста да ги запознаеме нивните програмски определби, да ги запознаеме нивните алтернативни решенија за проблемите со кои се соочуваме, не ни овозможија да ги спротивставиме нивниот и нашиот концепт за уредување на државата. Бидејќи јас не сакам да верувам дека нашата опозиција, опозицијата во Р Македонија нема своја сопствена

програма,поинаква од владината бидејќи тоа би било страшно, тоа би значело дека некој грчевито со сите сили , со сите средства се бори за власт, а нема поим, воопшто не знае што ќе прави со власта и со државата ако успее да ја добие таа власт, тогаш не ни останува ништо друго, туку да помислам дека намерно, свесно не ги промовираат своите определби стравувајќи дека актуелната власт ќе им ги украде добрите идеи, ќе ги превземе квалитетните решенија како свои. Впрочем една таква теза ја потврди и еден од опозиционите лидери , не оној најголемиот, тој помалиот кој на еден свој настап отворено рече нешто во ваков смисол ние имаме своја програма, знаеме како можат да се решат сите проблеми и тоа веднаш, ама не сме будали тоа да го обелодениме, па актуелната власт да ги преземе тие идеи и да ги собере позитивните поени за себе.

XXVII/1.- РД/ОМ

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (Продолжение)

Ако е тоа така, тогаш можеме да го извлечеме следниот заклучок: Во државава постои некој, во случајот опозицијата, или можеби поточно речено, дел од опозицијата, кој точно знае како може и тоа веднаш да се решат сите крупни проблеми во државата, ама не сака да каже, затоа што не е на влас. Според структурата на критиките изречени на сметка на Владата, тоа од прилика би изгледало вака: Пример. Владате не знае како да обезбеди раст на производството, а ние знаеме и тоа веднаш, но не сакаме да кажеме како, се дури не дојдеме на влас. Ние знаеме како и со кои средства да го натераме целиот свет и тоа веднаш , да ја признае Република Македонија под нејзиното уставно име, ама не сакаме да кажеме. Ние знаеме како, и од каде можат да им се вратат веднаш девизите на девизните штедачи, ама не сакаме да кажеме. Ние знаеме како да има, т.е. да нема стечаи во претпријатијата, ама тоа ќе го обелодениме откако ќе дојдеме на власт итн. итн. Значи, има некои кој во својата глава, фиока, како сакате, го има клучот за сите наши проблеми, го има рецептот / како во Македонија да потече мед и млеко, ама ете љубоморно го крие и ќе го каже само под услов да дојде на влас. Што значи тоа? Тоа значи дека ја сакаме Македонија, се би направиле аз сопствениот народ, ама под услов да гласа за нас. Ако не го направи тоа, тогаш нека се мачи, нека пропаѓа, така ни треба. Како и да е, во отсуство на можност да ги компарираме, да ги конкурираме програмите , концептите, па ако сакате и конкретните решенија, мене не ми преостанува ништо друго, туку да се навратам на критиките кои што ги изрекоа на денешната расправа претставниците на опозицијата и се разбира, да се обидам да одговорам на нив, во рамките на времето што ми е на располагање.

XXVII/2.-

Прво да расчистиме една работа. Ниту јас, ниту членовите на оваа Влада , не можат да носат одговорност за работи што се случиле многу порано , многу поодамна, отколку што е должината на мандатот на оваа Влада, а тоа се 22 месеца. Денеска се кажаа да речеме многу работи. Дека во Македонија во текот на постоењето на оваа Влада се јавија 170 илјади невработени. Да видиме колкава беше бројката кога се избра Владата, или не знам толку и толку стечајни работници , или во текот на оваа Вада имаме проблем со девизните штедачи. Кога се создаде проблемот на девизните штедачи? Тоа значи дека ако сакаме да го оценуваме учинокот позитивен или негативен на македонска та Влада, мора да е констатираме состојбата за државата во сите области во моментот на нејзиниот избор и споредувајќи ја таа состојба со денешнава, да оцениме што е направено, а што не е во овој период. Значи да Ве потсетам што се случуваше во и околу Република Македонија, пред 22 месеци во септември месец 1992 година. Тогаш нашата држава беше се уште на почеток од процесот на меѓународно признавање, беше надвор од организацијата на Обединетите нации, надвор од меѓународните финансиски институции, државите кои во тој момент не имаа признаено, можеа да се избројат на една рака. Не постоеа никакви можности за помош од надвор, за некаков странски кредит, за нормално финансиско комуницирање со светот. Тоа беше период на првата блока- да од страна на Република Грција, односно период на целосна напнатост криза, или парализа . Ќе Ве потсетам на километарските колони пред секоја бензинска пумпа, со една апсолутна неизвесност дали ќе се обезбеди греењето аз претходната зима. Државните резерви беа на нула, денеска за тоа и министерот за стопанство говореше, буквално немавме бензин за болничките, медицинските возила. Тоа беше период на рестрик ции во снабдувањето со електричната енергија, а на прагот на зимата.

XXVII/3.-

Инфлацијата на годишно ниво изнесуваше 1400%, говориме за 1992 година, курсот дневно се менуваше со неколку процентни поени Просечната плата во Република Македонија изнесуваше помеѓу 100 и 110 германски марки. Девизните резерви на државата изнесуваа околу 40 милиони долари. За да имате илустрација што тоа значи, тоа се два танкери нафта и нешто лекови за здравството.

Стоковите резерви, исто така беа на нулта ниво, 170 илјади наследени невработени, 210 илјади пензионери кај кои секоја пензија, во однос на претходната доцнеше 2 или 3 дена или повеќе. Имавме серија на штрајкови и социјални немири, буквално во сите области, во сите сегменти, почнувајќи од здравството, образованието, градежништвото, текстилците, металците, рударите, штедачите, стечајните работници. Во таа ситуација се постави прашањето за избор на нова Влада. и да Ве потсетам токму господата кои што ја напуштија денешнава седница,беа на потез.

Прво, мандатот го доби најбројната опозициона партија ВМРО-ДПМНЕ. Можеше да состави Влада, можеше да покаже се што знае, можеше да го промовира целиот свој кадровски потенцијал, не го направи тоа, го врати мандатот. На потез дојде токму г-динот Гошев, поранешниот член ан Социјал демократскиот сојуз на Македонија, сега лидер на една помала опозициона партија. Го озваничивме како мандатор 20 дена ги водеше преговорите со политичките партии.

Овој состав на Влада што денеска го гледате пред Вас и што беше предмет на критика, вечерта пред истекот на 20-иот ден го издиктира и предложи пред составот на Централниот одбор на Социјал демократскиот сојуз на Македонија, заедно со парламентарната група, што е состав што г-динот Гошев го предложи, а сега во континуитет,

перманентно во секоја прилика го критикува. Другиот ден го врати мандатот со образложение дека е тој за повеќекратна,а не за еднократна употреба и можеби тие господа беа во право, можеби навистина политичкиот резон во тој момент говореше , бегај подалеку од власта и од одговорноста. Впрочем, и денеска имавме прилика да чуеме од некои токму од дискутантите од опозицијата дека непредвидувале дека оваа Влада така долго ќе остане и дека многу брзо ќе за- врши нејзиниот мандат. Сега, може ќе жали за пропуштената прилика. Може да се лутиме зошто сме ја пропуштиле приликата, ама е факт дека ние за разлика од нив, многу повеќе верувавме во силата, во волјата на сопствениот народ, во виталноста на сопственото стопанство и на крајот на краиштата во самите себе. И тогаш и сега едноставно не сакам да верувам дека има безизлезна ситуација и дека однапред треба да се дигнат рацете и да се предаде.

Што се случи во овие 22 месеца. Прво во сферата на надворешната политика, Република Македонија токму во мандатот на оваа Влада стана членка на ОН. Стана членка на најразлични меѓународни организации, воспостави дипломатски односи со стотина држави. Го направи најголемиот историски исчекор во своето постоење. Јас тврдам, длабоко сум убеден во тоа дека април 1993 година , денот кога претседателот на независна и суверена Република Македонија на македонски јазик им се обрати на претставниците во Генералното Собрание на ОН во Њујорк е ден кој по својот историски значај е логичен континуитет на Илинден 1903 и АСНОМ 1944 година. Тоа се случи токму тогаш кога за состојбите во оваа држава носеше одговорност оваа Влада. И тоа е факт кој што не може да го пренагребне Собранието , без разлика позиција или опозиција , ако сакате не може да се пренабрегне и

предисторијата. И што е многу побитно тоа за прв пат успеа да се направи , за разлика и од 1903 и од 1944, без војна, без да се испука куршум, без да падне глава во Македонија, а со тоа навистина е големо прашање дали може некоја друга новопримена членка на Обединетите нации да се пофали. И сега токму на тој план, на планот на надворешната политика, повторно слушаме критики кои се упатуваат кон Владата и кон претседателот на државата. Меѓу другото оваа иницијатива за гласање на недоверба на Владата директно се апострофира и на претседателот на државата. Тие се повторуваат во континуитет. Денеска можеме да кажеме дека во тој дел имавме целосна реприза од минатото. Со гласање на недоверба на Владата, така да јас не можам, а да не се повторам во обидот да одговорам на тие критики. Имено се вели дека со чинот навлегувањето во Обединетите нации на начин на кој што тоа се направи , а тоа дека во рамките на Организацијата на обединетите нации привремено нам ни се обраќаат под ознаката Бивша Југословенска Република Македонија, дека е сторено велепредавство, значи е малку да се каже е предавство, што не може да биде опростено нити од идните генерации, дека се воспоставени дипломатски односи со држави кои ни се обраќаат по истиот принцип. Па понатаму дека на пример доаѓањето на мировните сили во Република Македонија, тоа беше во периодот кога за тоа се одлучуваше, значи распродажба на суверенитетот на Република Македонија, дека со сето ова и со ваква надворешна политика е згазено достоинството на македонскиот човек и е изгубен националниот идентитет на македонскиот народ и така натаму. Тоа е логичен заклучок .Ако е тоа што е направено национално предавство, тогаш господата кои што тоа го тврдат, паралелно со тврдењето дека се тие патриотите во Република Македонија, значи доколку дојдат на власт на претстојниве избори, за да останат  доследни, консеквентни на она што го прават, доследни патриоти ќе го направат следново: прво, ќе донесат одлука

Македонија да истапи од членството на Обединетите нации и ќе биде надвор, се додека ОН не се согласат тоа да биде направено под уставното име. Ќе ги раскинат сите дипломатски односи со сите држави што тоа го направија под тој принцип, а нивните амбасадори ќе ги протераат од Македонија, за да го заштитат суверенитетот на државата, ќе ги замолат мировните сили да ја напуштат државата итн.

Дали е тоа таа алтернатива, бидејќи не ни ја кажуваат мораме сами да ја идентификуваме, сами да ја откриеме која е таа алтернативна надворешна политика на опозицијата, дали е тој алтернативен концепт за уредување на работите од оваа сфера и дали е тоа иднината што му ја нудат на сопствениот народ.

Кога сме веќе кај таа работа, ако е точно дека е извршено предавство на името на државата, тогаш зошто имаме спор со Грција, зошто околу тоа мора да се ангажира Венс, Советот за безбедност, Генералниот секретар итн. Значи спорот останува, ние и понатаму ја водиме битката за името на сопствената држава, меѓутоа, се поставува главното прашање, дали таа битка поуспешно можеме да ја водиме сега како членка на ОН, или ќе ја водевме ако бевме надвор од ОН непризнаени од никого, како недефинирана територија. Впрочем, времето тоа ќе го покаже.

Што се однесува до губење на националниот идентитет, тоа е длабоко индивидуално прашање. На пример, можам за себе да кажам дека после приемот во ОН, после дефинитивното етаблирање на Република Македонија во светското семејство на меѓународно признати држави, јас не само не само што не се чувствувам помалку македонец, туку напротив, има многу причини да се чувствувам горд заради мојата национална припадност.

XXVII/7.-

Ако пак некој од опозицијата, во меѓувреме го изгубил националниот идентитет и не се чувствува македонец, тоа е веќе сосема друго прашање, тоа е негов проблем, а не проблем на македонскиот народ и на неговиот идентитет.

Денеска и покрај тоа што очекував дека многу повеќе ќе стане збор за економијата, бидејќи во образложението на иницијативата, неколку алинеи се повикуваат на економијата, за жал, повторно немавме прилика, онака како што јас би сакал тоа да биде доминантно прашање на една седница на Собранието, меѓутоа, бидејќи бевме прозвани и јас бев директно прозван, да видиме што е тоа што успеавме да го направиме во овој период додека оваа влада функционира.

Прво, бидејќи пред малку ја опишав ситуацијата, состојбата во која ни беше доверен мандатот, со некои фрагматични потези успеавме да ги заокружиме материјалните биланси во државата и таа зима, за која што се надевам дека ќе биде најтешката зима, но не можеме да бидеме сигурни што се не чека, имајќи го предвид какво опкружување имаме околу себе, успеавме без поголеми потреси да ја прегрмиме.

За период пократок од една ипол година, од претсобјето од чекалната на меѓународните финансиски институции дојдовме до ситуација да водиме преговори за стен-бај аранжман. Денеска беше меѓу другото споменато зошто не се потпиша, ние сеуште ги водиме преговорите, во понеделник, доаѓа повторно мисијата на ММФ и бидејќи како да почувствував дека е став на опозицијата дека многу добро тоа се направи, очекувам во моментот кога со тоа ќе излеземе пред Собранието да бидеме поддржани од таа позиција што не прозиват зошто тоа не е направено. Се разбира, тоа не мора така и да се случи.

XXVII/8.-

Во меѓувреме го регулиравме заостанатиот долг спрема светската банка, 130 милиони долари , подготвивме стабилизациона програма која беше поддржана од меѓународниот монетарен фонд и светската банка,а нејзината реализација која е во тек, се оценува како крајно успешна)ј

Да ве потсетам на неколку факти за кои верувам и самите сте свесни. Прво, инфлацијата, за разлика од 1992 година кога изне суваше преку 1400%, 1993, 240%, оваа година можеме да кажеме дека е под контрола и ќе биде под проектираното ниво кое што ви беше презентирано во стабилизационата програма, а тоа е 70% на годишно ниво. Дури ќе си земам право да речам дека ваква стабилност во сферата на инфлацијата не се памети од времето на реформите на Анте Марковиќ.

Втора работа, стабилноста на курсот. Јас навистина би сакал да полемизирам околу прашањето на курсот, меѓутоа, за жал прво опозицијата не е тука присутна, но и да беше присутна дали соодветна дискусија можеме на тој план да водиме, меѓутоа, да оставиме констатација дека имаме стабилност повеќе месечна на нашата национална валута, не на курсот. Имаме стабилен денар. Паралелно с тоа се спуштија каматите на деловните банки, што долго време беше еден од најголемите проблеми за стопанството и за стопанствениците во Републиката. Успеавме кај пензиониот фонд, бидејќи тоа беше покренато прашање, конечно да го стабилизираме исплаќањето на пензиите и она што го ветивме, а тоа е дека на 30 дена во 1994 година ќе доаѓа пензијата кај секој пензионер, тоа и се реализира и уште повеќе се надеваме дека до крајот на годината ќе успееме да го скратиме рокот на исплатата на пензиите.

Покрај редовното враќање на обврските кон светската банка, девизните резерви се на ниво од околу 130 милиони долари. Минатиот

пат кога ги спомнав бројките некој ми рече дека е тоа некаква државна тајна, не е државна тајна, бидејќи како може да ги знаат претставниците на ММФ и на Светската банка, тие се јавно обелоденети податоци, впрочем не се којзнае колкави суми, па да имаме посебен мотив да ги криеме и да не ги кажуваме.

Во меѓувреме успеавме да пребиеме преку 200 милиони германски марки кон штедачите по патот на продажба на општествените станови. Веќе од 1 август стартува продажба на деловниот простор, со кој што исто така создаваме реален извор за сервисирање на долгот кон девизните штедачи. Факт е дека во програмата што ја понудивме пред Собранието предвидовме пад на производството од 8%, а сегашните проценки говорат дека ќе бидат преку 11%. Меѓутоа, да не заборавиме дека стабилизационата програма ја изготвувавме и проектиравме во декември 1993 година, дека со таа програма предвидовме дека санкциите ќе важат спрема Србија и Црна Гора, меѓутоа дека на 16 февруари оваа година грчката влада воведе ембарго спрема Македонија, кое ембарго во првиот месец не чинеше некаде помеѓу 50-60 милиони долари, а секој нареден месец не чини подополнителни 40 милиони долари,или до овој момент преку 200 милиони долари штета. По тој основ и тие некаде мора да се појават. Ќе се појават по пат на производство, во работеше со намален капацитет итн. Инаку, ако некој мисли дека може при затворена северна граница и при дополнително затворена јужна граница, токму тие каде имаме сообраќајна инфраструктура каде што имаме инфраструктура каде што имаме автопат каде што е најкраток патот и до море и до средна Европа и до Западна Европа.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:** (Продолжение)

Ако некој мисли дека може да се обезбеди раст на производство во тие услови тогаш да нарачеме уште некоја блокада на некоја од другиве граници, па тогаш нека процвета економијата во Македонија.

На крајот на краиштата, ембаргото од страна на јужниот сосед не беше воведена да обезбеди раст на производството во РМ, туку напротив имаа точна прогноза, точни предвидувања што очекуваат да се случи. Тоа го обелоденија. Кажаа во Македонија за 15 дена ќе настане нафтена криза, за 30 дена ќе има полупразни продавници, за 45 дена за месец ипол ќе настане тотален колапс. Се што значи стопански живот во Македонија ќе замре.

Сега,после два дена, на 16 јули ќе се навршат пет месеци од грчкиот ембарго и јас морам да констатирам дека мојот колега господинот Папандреу и неговите министри погрешија во својата проценка дека Македонија на економски план ќе падне на колена и дека не успеаја во својата намера и тоа е нешто со што не само оваа Влада туку и ова стопанство и овој народ треба да се гордее и тоа не е причина да се сруши или згази достоинството на македонскиот човек, како што денеска беше кажано, туку напротив. Мислам како никогаш досега имаме право на чувство на самодоверба и верба во сопствените сили, бидејќи сетете се, тогаш кога се одлучувавме да градиме независна држава некои наши комшии ни порачуваа дека ни два месеци не ќе можеме да издржиме како независна држава на економски план. А, ние, не само што издржавме во овој период и тоа со затворена северна граница, со затворена јужна граница, туку денеска, по сите параметри во Република Македонија се живее подобро отколку што се живее во државите од каде што доаѓаат такви пораки. Компаративно погледајте и ние имаме

сериозни проблеми, тешко е во економијата, навистина е тешка ситуацијата како никогаш досега, гледано споредено со годините наназад. Меѓутоа, споредете ја таа ситуација со Србија, со Хрватска, со Бугарија, со Русија, со Румунија, Украина, со Албанија и да не зборувам итн. Е, сега ние не можеме да се споредуваме со Германија и со Америка.

Беа спомнати повторно истите тези на планот на меѓунационалните односи. Господинот Фрчковски нешто за тоа говореше. Ние навистина просто умираме од желба да видиме кој е тој алтернативен концепт на решавање на проблемите на меѓунационален план што го нуди опозицијата. До сега немавме прилика да се запознаеме освен дека имав ме можност да слушнеме дека сожителството е измислена работа, дека е замена за поранешното братство и единство и дека е тоа нешто што нема основ, нема темел и не држи. Ако е тоа точно дека не може да постои сожителство во Македонија или со други зборови нема. услови за заедничко живеење во заедничка држава во оваа држава, тогаш од тоа следи логичен заклучок дека нам опозицијата ни нуди разграничување. Нели, да почнеме да војуваме меѓу себе за да се разграничиме, бидејќи заедничко живеење ни нема во оваа држава. Тоа е она што може да се идентификува како алтернативен концепт на опозицијата по прашањето на меѓунационалните односи во Македонија. Се разбира, имавме и некои други работи. Морам да признаам мотивацијата за говорење ми исчезна, бидејќи мислев дека ќе имам можност очи во очи, како што денеска некои од дискутантите говореа - сакаме тука пред нас премиерот да одговори на некои прашања. Еве, јас се подготвив тука да одговорам пред нив итн. меѓутоа, за жал ги нема.

XXVIII/3

На крајот само една констатација и со тоа ќе завршам.

На пример, како шлаг ќе ми послужи една од тезите во образложението на иницијативата, а тоа е дека голем број на закони не се донесени од страна на Владата. Владата не донесува закони, Владата предлага закони а Собранието ги донесува. Во овој момент проверете стотици закони предложени од страна на Владата чекаат во собраниската процедура, се наоѓаат на листата на чекање. Значи, својот дел на работа Владата го има завршено.

Проблемот во овој момент е како да се обезбеди ефикасно функционирање на Собранието, и ако постои можност за тоа апелирам и до позицијата и до опозицијата да го направиме тоа заедно, барем во делот на законите од економската сфера. Ние, меѓу другото, ви доставивме итно барање од страна на Владата за итна седница каде што би се гледале само законите од економската сфера.

Беа спомнати кредити од надвор. Во овој момент од Европската банка чекаат помеѓу 40 и 50 милиони марки, 4 8 милиони марки кредит на кој што веќе почнува да течат обврските, каматите за изградба на далекуводот Битола - Скопје, еден поголем кредит само заради тоа што не е ратификуван во Собранието на РМ. Па, друг кредит за аеродромот.

Во овој период, да речеме Годишната програма за изградба на патиштата што треба да се донесе на почеток на годината за да може нашата градежна оператива наменскиот денар што се издвојува од цената на нафтените деривати да се реализира, чека се уште на собраниска процедура, а јули месец сме. И, да не набројувам уште цела низа на закони.

Оттука, мислам дека вреди сериозно да се размисли кај сите парламентарни партии, независно од позиција или опозиција. Постои ли

можност да се обезбеди функционирање на Парламентот барем во овој сегмент. Ако се види дека тоа не е можно, ако се види дека се исцрпени сите можности на оваа структура во Парламентот, за било каква конструктивна работа, тогаш, да не се малтретираме и себе си и,што е многу позначајно, да не го малтретираме и овој народ кој не ни излегува од уста во секоја дискусија, по кој знае колку пати го спомнуваме. Тогаш има само еден единствен начин, не мора да чекаме ни ноември ни декември да ги закажеме изборите. Дајте, барем за една работа во ова Собрание да се договориме, барем тоа да биде работата за закажување што е можно поитни парламентарни избори и да се надеваме дека народот, јас сум убеден во тоа бидејќи во овој период се покажа дека и свеста и совеста и нивото на народот е над нивото на политичките партии, точно ќе знае кому да ја довери власта на следните избори и да се надеваме дека тогаш ќе добиеме поефикасен парламент.

Еве, се надевам тоа и претставниците на опозицијата ќе го слушнат. Сфатете го ова како официјален предлог од страна на претседателот на Владата кој има право да говори во името на Владата, меѓутоа и како предлог од Социјал демократскиот сојуз на Македонија.

Благодарам.

(аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ни измина нам уставниот термин и сега минуваме на гласање

Господинот Бошков бара збор да се изјасни како ќе гласа.

Ние веќе преминавме на гласање. Ова е во постапката за гласање. Молам, само сите пратеници нека бидат тука. Нам ни се потребни 61 пратеник.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Како и да е, Барањето за доверба на Владата е повлечено од тие што го поднеле. Тоа треба да биде темел за натамошното работење,

поточно на натамошниот процес или постапка сега во Парламентот.

Според членот 92 од Уставот, став 3 и 4, каде што се зборува поднесување доверба за Владата, јасно е дека таквото прашање го поставуваат најмалку 20 пратеници. Но, исто така е кажано дека тоа барање, т.е. не е децидно кажано дека не може да биде повлечено. Јас би рекол дека е нужно да се прегледаат стенограмите од расправите на Уставната комисија, а и на седницата на Парламентот кога е усвојуван членот 9 2 за да може валидно да се процени што е важечко. Такво нешто ќе мора да направи Уставниот суд.

Програмата за работа на ова собрание што е толку пати повикувана сега (интервенции од место)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој кажува како ќе гласа. Тоа е. За тоа ги изнесува аргументите. Има пет минути за тоа.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Се извинувам имам пет минути да појаснам како ќе гласам, а вие, како верни чувари на народниот интерес требаше малку да внимавате кога и претседателот на Владата продолжи цели четири и КУСУР минути над пропишаното. Јас, на тоа ваше будно пазење само ви честитам. Мислам некој бдее, некој дремуцка. Тоа е така.

За мојата претстава, политички одговорна влада е без доверба во случај еден нејзин акт во Парламентот да не биде усвоен. Ние, по однос на сегашната Македонска влада имавме такви случаи повеќе од дузини. Но, кај нас и политичката култура некаде завршува во џунглите. Мислам, баш кај тие што формираат мнозинство. И, затоа нам ни е тешко да изградиме и компетитивен и конјуктурен однос, поточно такви релации помеѓу различните политички струи и, нашиот политички релјеф се сведува на оговарање. Многу ми е жал што во тој шаблон, по моја

оценка влегува комплетно Владата.

Толку имам да ви кажам како јас гледам на ситуацијава. Нашето изјаснување сега, за доверба е сосема излишно, исто онака како пратеничката група на СДСМ не натера после напуштање на салата да гласаме поединечно за Законот за радиодифузијата. Апсурд за себе, се бара поединечно гласање, се напушта сала, нема кворум, се гласа по недела - две , гласаат лица кои не биле присутни тогаш на гласањето Но, за вас тоа не се пречки.

Според тоа, бидејќи ние имаме сосема различни видувања на моралниот аспект во политиката, не можеме и понатаму да водиме разговор. Некој останува вкоренет во минатото, барем на идеен план и ја форсира така државната политика ( реакции од страна на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, тишина, има време уште една минута.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас, колку за сигурност овој пат носам и часовник и ќе ви подарам неколку секунди.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Рамадани сака да објасни како ќе гласа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас, навистина ќе ги искористам овие пет минути колку можам од мојата дискусија.

Прво, и во самата иницијатива се поставува тоа дека Владата е составена врз основа на неприродна коалиција. Со едно длабоко размислување и укажување ви велам дека е тоа многу индикативно Се поставува и прашањето, и тоа имплицитно дали е природно да се живее заедно во Република Македонија?

XXVIII/7

Тие што избегаа од тука требаше да кажат алтернатива, меѓутоа, и со тоа"како"?Но, отидоа затоа што не знаат како.

Исто така притисоците од коалициониот партнер на ПДП кои по правило се прифаќаат се напоменуваат како такви, зарем секогаш ќе се мисли дека за секое барање, секое укажување значи уцена и притисок? А, напротив е другото. Мора да се признае и како позиција и како опозиција дека Албанците во Република Македонија како политички субјект преку ПДП се солидарни и во овие најтешки услови, особено кога се зборува и тоа на големо и за идентитетот на македонската нација и за интегритетот на државата итн.

Грешат тие, ама сите тие кои мислат дека ние не знаеме зошто учествуваме во оваа Влада. И, нека се ослободат дека не сме толку наивни и знаеме. Токму добро знаеме зошто сме и ќе останеме во оваа влада. Затоа што нашите мотиви се многу јасни и сите тие напори да се дискретира ПДП и во овој случај и во за некоја апстиненција итн. се залудни.

Сакам само да ве потсетам, дали сите се согласуваме дека имаме консензус за некои работи? И тоа за базични вредности: За независна РМ, за интегритетот на РМ, за парламентарната демократија, правна држава итн. Во сето ова проблемот на Албанците во некои сегменти е многу јасен. Тоа значи да се имплементираат нашите национални вредности, а тоа се гради како компементарен дел на базичните вредности што ги спомнав пред малку.

Самиот факт дека и по последниот конгрес на ПДП не го сменивме карактерот на партијата од рамазанска во национална значи граѓанинот албанец, во овој случај, и албанец ќе биде субјективизиран во политичкиот и економскиот систем со сите свои карактеристики. Ние ќе се ангажираме и понатаму за демократија во наши услови. Дури

очекуваме, можеби идеално, но ќе биде и тоа подоцна, да се филигранира во димензии на една европска унија. Тоа е наш императив беше наш императив. Поминавме, поминуваме низ многу искушенија и свесни сме дека ќе поминеме низ сите тие искушенија. Но, знаеме сето тоа зошто и како го правиме.

Дури, понекогаш ни дофрлуваат за тоа, за меѓународниот фактор. Некои велат во оваа Македонија меѓународниот фактор е за нас, други велат дека не е за вас, а јас мислам дека тој меѓународен фактор е присутен тука за сите нас. Во тоа нема никакви дилеми.

Во Иницијативата се спомнува - Со низа свои одлуки ги загрози државните и националните интереси, се мисли на оваа Влада.

Господа, сакаме или не сакаме овие интереси се коњуктирани во Македонија, дури и амалгирани со националните интереси и на албанците и на турците и на ромите и на власите и на србите кои живеат во РМ.

Меѓутоа, имам мои забелешки на оваа влада. Посебно кога се работи на донесување закони итн., системски. Мислам дека понекогаш оваа влада премногу ја респектира таа опозиција за која вели секогаш дека не е конструктивна. Премногу се респектира. И недостасува смелост иако како поединци кога зборуваме и со министри итн., меѓутоа како да не добиваат смелост во тоа да се оди на промени и т.н.

И јас морам во овој случај да кажам и нешто во врска со нашата апстиненција. Сите се повикуваат на една апстиненција наша само на еден сегмент во врска со изречените казни итн. Меѓутоа, денеска и министри потврдија па дури и луѓе од опозицијата дека исто така од таа опозиција заговарале, дури јас не би рекол исто така, затоа што имало аргументи дури тука еден пратеник кој е тука присутен јас морам да му кажам во овој случај дека избега од неговата партија, па се додворува по

XXVIII/9

се изгледа пак ќе плаче да му се врати таа црвена книшка кога бил во Стаклара, но јас морам да му укажам и на ова дека предоцна е, а нему ништо друго не му треба во овој случај, нека формира една партија што ќе се вика Партија, за вас господине Стојков мислам, формирајте партија која ќе се вика Партија за антиалбанско расположение. Ќе најдеш исто така од мојот род за антимакедонско расположение, па соберете се некаде, ќе бидете едно дваесетина, а сите овие работи што ги кажав, со многу укажувања, јас сепак ќе одлучам оваа Влада да остане и понатаму затоа што друг избор и немам.

XXIX/1.- ПЈ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, малку сум револтиран зошто еве по не знам кој пат, поради формални причини и уставени недоречености ми се ускратува правото да се произнесам по одредени работи, иако интерпелацијата односно барањето за доверба не беше наше, овде се изрекоа толку лаги и невистини, инсинуации, поради кои осеќав потреба јас и неколку пратеници на Партијата за демократски просперитет да се произнесеме барем по десетина минути. Имено, јас како Мерсим Положани, како еден од патниците од тој брод наречен Република Македонија кој го запслискуваат бранови и ветришта од сите страни во последно време како и многу од вас се осеќате несигурни. Не знам дали таа несигурност е поголема од внатре или од надвор. Нашето коалиционо делување без услови, нашето инвестирање во оваа држава Македонија во нашиот триипол годишен период не дава скоро никакви резултати. Не проаѓа ниеден закон, не проаѓа дури ниеден амандман. И се раѓаат фачовци. И верувајте од сите нас 2 3 ПДП-еовци овде има по еден мал фач. И Ештреф Алиу е еден таков и Мерсим Положани. разликата е јас немам брада Фачи има, Ештреф имаше и ја избричи, утре можеби и Фачи ќе ја избричи,така што скоро ќе нема разлики меѓу нас. Овде се покренуваат многу сериозни работи, овде многу пати се потенцираа Македонија и Македонците се тие кои имаат заслуга и заради кои се зачува мирот во Македонија. Јас ќе нагласам, не е тоа со некоја посебна суета, но колку Македонците, толку и Албанците, можеби повеќе и Албанците се тие кои сакаат да го зачуваат мирот и се придржуваат на она правило, на оној завет заземен меѓу сите да кажеме што не има во Балканот без разлика какви се тие контакти, ние

Албанците да бидеме фактор на стабилноста. Но, не по секоја цена. И не бескрај тоа. Доаѓа време кога навистина и коалиционите партнери веќе треба да смогнат храброст и да кажат на ова, како што рече еден опозиција, како една здрава позиција и на македонскиот народ и на сите други дека во оваа држава нема мир, или нема да има мир ако не се постигне консензус барем по одредени витални прашања, кои имаат врска со нашето секојдневно живеење.

Овде јас имав забелешки и околу работите на некои министри, но не ги спомнувам, се спомнува едно убиство, не се спомнуваат 10. Се спомнува некое школо, а не се спомнуваат многу неотворени школи. На пример 25% од матурантите неопфатени во средни школи. Таму се вршат некои селекции. Се оставаат нелегални или полулегални школи. Тие се рани и не се решава проблемот во Радолишта и полно други работи По однос на пописот не смееше овде вечерва да не се слушне нашиот глас. Просто се лутам на министерот Иванов како можеше тој да рече дека тој е многу нормален многу исправен. Има една работа тој попис не е завршен. Фали само малку добра волја тој да се заврши. Да се создадат неколку пунктови. Во Струга можеби околу 2000 или 3000 лица не се регистрирани. Не затоа што албанците во Струга го бојкотираа или сакаа да го бојкотираат пописот. Едноставно се почна касно поради познатите причини и не е стигна. Зошто сега тие луѓе сега да не ги регистрираме. Јас сега ви кажувам право, ние тие ќе ги регистрираме, со име, со презиме, со матичен број и ете проблем пак пред меѓународната заедница, која господине Иванов немојте да ја потценувате зашто таа е важна.

По однос на бројките јас имам овде речено и повторно ќе спомнам, не се тие најсреќните, не се тие факторот што ќе ги решат сите наши неволји. Повторно ќе нагласам нема да бидам понесреќен ако сум 20% ниту посреќен ако сум 30, па дури и 35%. Бројот нема меѓународни

нормативи со кои се решава, тие се универзални права кои не се врзани за бројки. По однос на тоа колку албанци ќе извадите, турци, јас ќе цитирам само една работа од времето на Сталина. Кога во еден округ таму во една азиска република изгубил во гласовите и неговите помошници насекирани го информираат Сталин дека господине претседателе овој округ го изгубивме, ги изгубивме изборите, доби другата страна. Тој само се насмеал и рекол. Како ги изгубивме изборите. Па така, скоро малку гласови. Кој ги брои гласовите? Па наши луѓе. Тогаш не се секирајте изборите се добиени. Така ни вие господине Иванов, кој не сте оној од пред пет години не се секирајте вие ги броите гласовите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, веројатно овие пет минути за тоа кој како ќе гласа се добра форма деловничка да се направи она што времето не го дозволи со пријавувањето на редот на дискусиите, да кажам дека ќе гласам за доверба на оваа влада затоа што е тоа став на Либералната партија односно на пратеничката група немаше шанси ниеден пратеник од оваа група ова да го каже, затоа што партиципацијата во оваа влада во условите во која таа ја зема одговорноста да ја носи извршната власт во овој период беше исклучителна и затоа што програмските цели на Либералната партија на тој начин најнепосредно можеа да се остваруваат односно да се промовираат. Се разбира, дека успешно работење на една Влада како противтежа треба да има некој одговорен и секогаш спремен парламент на соработка. Во последно време нашиот Парламент не е тоа, заради познатите причини во кои апстиненцијата од седниците не е само оружје на опозицијата, туку стана предмет на играње со Парламентот и на други. Тоа би требало да биде опомена

токму од оваа вечер, иако овде се покрена иницијатива можеби прерано или предоцна, не знам како може во овој момент да се оцени околу предвремени избори, меѓутоа, мислам дека постои еден добар период во кој можат неколку седници организирано да се закажат и во толкав состав како што вечерва присуствуме да дојдеме и да изгласаме некои закони кои без разлика на целокупната изборна трка и се она што ќе се одвива на делот на политичкиот маркетинг на оваа држава и е потребно како континуитет во непосредното живеење, поготово на стопански план итн. Тоа би било по мене, најрационалниот истап и најголемата поука за нас од позицијата што треба да ја извлечеме од оваа расправа.

Втора констатација што можам да ја дадам од целокупната расправа иако овде се кажа во името на некоја здружена опозиција мене ми се чини дека дефинитивно таа таканаречена позиција во Македонија се распадна. Причините се сигурно од внатрешен карактер. Тие долго време тлееја, ги следевме на најразличен начин и нормално како секоја револуционерна партија, која за да може да опстане и треба надворешен фактор кој ќе ја обедини, односно непријател таа го најде во целиот арсенал на инсинуации, прозивки, навреди итн. што ги направи во однос и на членовите на Владата и пошироко во овие луѓе. Тие нема да престанат со тоа, ќе најдат и меѓу оние другите незадоволници, кои ги има доста од различни причини во сите средини, ќе најдат уште такви и ќе промовираат, ќе мавтаат со такви невистини што не ќе биде за прв пат итн.

Исто така, мислам дека оваа седница потпомогната и со иницијативата за доверба ги врати во игра и некои политички сателити на одредени ментори однадвор, кои го изгубија тлото, откога крупните процеси на осамостојувањето на Република Македонија, поготово со надворешната политика и спрема соседите и во однос на пошироката

меѓународна заедница веќе ја немаат. Затоа и овде чувме сега пред мене пописот се зема како повод за една од таквите враќања во живот на таквите сателити и мислам дека нема да успее, треба докрај да се заврши пописот во функција на она што значи демографско осознавање и се она што овде беше во функција на ова кажано од Ристо Иванов. Сметам дека во крајна линија новата политичка карта на Македонија уште еднаш ќе мора да се повтори по основите, да речам, постулати на политичката борба на една страна да се декларираат политичките фактори кои се за власт по принципите на парламентаризмот и демократијата и она што значат фер избори, а на друга страна сите оние кои на одреден начин преку други форми и недемократски методи ќе се обидат таа власт да ја добијат. На тоа, впрочем,лидерите на тие партии веќе го најавија. Тие се да речам познати методи кои во некои од соседните земји успешно се појавија и ете таму ги гледаме тие лидери колку тежат и колку имаат меѓународна поддршка. Мислам дека тоа се некои работи кои со мирно срце, иако нормално секоја влада може да добие критика и да биде за дел од прашањата поставена пред дилемата дали добро го решила проблемот или не, во секој случај тие се прашањата заради кои може со мирно срце да се гласа во прилог на доверба на оваа Влада.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ештреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, воопшто без никакво колебање што и да се случило во овој Парламент, секогаш цврсто сум бил убеден дека треба да и се гласа доверба на оваа Влада. Поради самиот непобитен факт дека не постои политичка сила која нуди алтернатива од која човек може да избере подобро, добро и подобро,

лошо или полошо. Втор фактор зошто се определувам да гласам неколебливо за довербата на Владата е дека оваа Влада и овој млад премиер кога на Републиката и беше најтешко и кога секој сакаше да бега настрана, да не се соочи со тешкотиите, проблемите и предизвикот да чека друг да се гори во огинот, друг да влезе во битката, па ако загине или останува ранет, инвалид, тој со свежи сили од дебелината на сенкат те.е. на ладовината со големата панкарта на патриотските чувства нап-пред да го земе бајракот на спасителот на нацијата.

Мене ниту интимно и не ми е воопшто срам да размислувам на глас дека со ваков премиер вреди да се влегува во ризик. Со ваква Влада исто така вреди да се влегува во ризик. Мојата сигурност е уште подлабока, бидејќи денес сепак стравував дека опозицијата ќе најде некој добар аргумент за да човек размисли за да се коригира и да сфати дека сепак, се правела некоја сериозна грешка. Целиот ден, се што се кажа може да се рече повторен арсенал, измислени работи, невистини и импутации. Сепак, радува фактот, што и премиерот и членови на Влада, кои излегоа на говорница беа покритични и самокритични, отколку што успеа нешто убедливо да кажуваат поставувачите на барањето за доверба или недоверба на Владата. Треба да се гласа за оваа гарнитура на премиерот Црвенковски поради започнатите демократски процеси, поради започнатите работи кои се во тек, поради самиот факт што веќе на виделина низа успеси и среќни здрави почетоци. Далеку од тоа да сум крајно задоволен. Свесен сум дека можело повеќе, можело и подобро. Една работа, што по мое длабоко убедување не можам да и опростам на оваа влада е недостатокот на смелоста во име на демократијата, во име на сожителството, во име на заедничките демократски сили да се стави точка и да се нудат поголеми гаранции на градеше на заедничката иднина на заедничката држава. Тоа не значи дека тоа е доцна и тоа не е можно. Оваа гарнитура е на прав пат. Среќен сум што за ниеден од

XXIX/7

министрите немаше сериозни, т.е. прави аргументи да се прави примедба во тој контекст и петте министри албанци, дури и да не беа спомнати. Па, затоа јас би завршил со ова, придонесот на министрите на партијата на пратеничката група заедно во оваа коалиција колку да се рече лабава колку да се рече срамежливо е дека и не е бележи резултати и е единствена гаранција и изборите во септември, октомври или порано да се одржат во мир. Политичкиот субјект на албанците да биде во рамноправна игра со демократските утврдени игри во нови битки во нови избори, со нови луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

На почетокот да кажам дека ќе гласам против довербата на оваа влада односно за недоверба на оваа влада од следниве причини. Овде се спомнува како едно од клучните прашања за опстанок на оваа влада, пописот. Да се разбереме, пред малку слушнав некаде пред само шест минути овде слушнав уште една уцена во овој Парламент од оваа говорница изречена. Уцена во однос на непочитување на Законот за државјанство каде што се кажа Ние ќе најдеме начин да ги попишеме и да им дадеме матичен број. Со фалсификати ли, господа? Државната пописна комисија утврди дека токму и во овој попис одредени фалсификат се појавени. Тоа се кажа сега од оваа говорница, односно морам да кажам дека немам никаква фобија, не сум ни албанофоб, ни србофоб ни бугарофоб и грковоб и т.н. Се работи за една политичка која ја застапувам како национален македонски демократ од следниве причини, малцинствата во сите држави што не опкружуваат се малцинства и тие ги имаат оние права или ги немаат тие права што се загарантирани со меѓународните документи. Оваа влада си дозволи на малцинствата да им даде, така ќе го употребам тој збор поголеми прави

од она што е стандард и во една Европа. Тоа е факт. Неспорен факт е тоа. Ако поединци екстремно настроени од малцинствата, дали се албанци, срби, или било кои се однесуваат дека оваа држава пред се, треба да ја дестабилизи раат, да ја нарушат нејзината безбедност.

XXX/1.-/JJ/OM

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (Продолжение)

Секогаш ќе бидам против тие и такви припадници на тие малцинства. Тоа не е хобија госпдоа, тоа е реалност.

Да ја земеме само една Албанија за пример. Такви права имаат македонците како малцинство таму во однос на почитувањето на тие нивни права. Какви права им дава таа албанска Влада? Знаеме дека немаат скоро никакви права, господа. Или да гиземеме македонците во Грција. Да не зборуваме за тоа. Оваа Влада наоѓајќи се сега во една таква состојба со блокада, не смее ниту да го постави прашањето за македонското малцинство во Грција. Нешто се работи за прашањата на македонското малцинство во Бугарија, а за Србија исто така не се поставуваат тие прашања.

Јас како и Вие, исто така, што имате матична држава пред се, зборувам за албанците овде кои се пратеници, имате матична држава Албанија, која исто така не почитува некои права. (реакции од пратениците) Јас Ве слушав Вас многу фино, сослушајте ме и Вие, без разлика дали ќе Ви се допадне или не тоа е мое политичко право.

Инаку да Ви покажам дека книшката на мојата партија е црвена (ја вади од џебот книшката и ја покажува од говорницата), точно со едно златно лавче, двоопашно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реликвии не се носат овде на говорница .

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа да повторам ќе гласам против оваа Влада. Зошто овде јавно слушаат овие министри, но и другите пратеници од позицијата, од тоа парламентарно мнозинство, јавно слушаат, им се поставуваат уцени,

вели, но ќе ја поддржам Владата. Тоа е лицемерие господо, да се разбереме. Меѓутоа, морам да кажам лицемерие е и од она раководство на ВМРО-ДПМНЕ, денеска кога кажаа поединци од нив дека пописот колку ќе извадите вели, пописот е незавршен. Не валидни ќе бидат резултатите велам. Тој е на иста позиција, и во овој случај слушнавме дека ПДП и раководството на ВМРО-ДПМНЕ се најдоа во иста позиција- не сакаат да ги признаат резултатите од пописот. Зошто не сакаат да ги признаат? Се знае , затоа што некој ментор како што кажаа овде од една соседна држава тврди дека воопшто не постои македонска нација тие се бугари, други тврдат не има како албанци 1200.000 , трети од Србија тврдат или од внатре овде, тие екстремисти срби тврдат, нас србите не има 300 до 500 илјади и т.н. и т.н., Грција тврди дека има 300 илјади грци, излегува дека македонци нема. Во овој случај слушнавме овде дека спомнувајќи го Сталин, велат колку ќе извадите толку ќе бидеме. Па , господа, Вие,од Владата Ви зборувам, па тоа е исто уцена за мене. Таква поддршка не Ви треба. Еден глас помалку, сигурно ќе работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој ќе објаснува?

Има збор господинот Газменд Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека како многу често на овие седници и денеска од голем дел на пратеници беа изнесени големи лаги и невистини во однос на нас албанците. Нека, сепак им служи тоа на чест на оние што тоа го изговараат.

XXX/3.-

Јас да кажам дека уште на почетокот, предводен од цел сплет на околности, паѓањето на сегашната Влада за мене би претставувало нерационален потег на паметни глави. Не би сакал да ги образложувам кои се тие, кој е тој цел сплет на околности. Веројатно има многу тука паметни луѓе кои ги знаат сите тие околности. Но, и во оваа прилика користејќи го своето право од пет минути сакам да укажам на неколку неумесни потези на Владата.

Потполно е несфатлив потегот на Владата односно на нејзиниот орган Државната пописна комисија која не најде сили да формира соодветна општинска пописна комисија за општината Дебар. И со тоа направи голем дел албанци да не бидат попишани. Кому му служи тоа, не знам. Нека мислат оние што се одговорни за таа работа.

Второ, исто така по повод или сврзано со пописот, а не паметен потез на Владата, јас мислам дека премиерот малку ќе го признае тој непаметен потез , бидејќи колку што има сознанија се случи во негово отсуство, Владата истата вечер во очи на пописот донесува Одлука за приспојување кон водоводот Росоки кон Долна Жупа. Не би сакал да кажам дека тоа е направено намерно, бидејќи таква работа мислам дека не може и не доликува на една ваква Влада, составена од доста компетентни и стручни луѓе, кои можат да мислат со своја глава. Можеби е пропуст на кој што мислам дека има време да се исправи, бидејќи покрај Долна Жупа во подрачјето на Дебар постои и Горна Жупа. Ако се мислело така, мислам дека и Горна Жупа треба да има вода за пиење. Заради тоа мислам дека има време грешката да се исправи. Јас секако кажав дека ќе дадам поддршка на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стефковски:

XXX/4.-

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас излегов, навистина, да се разјасни една дилема дали е заклучен претресот по Седумдесет и седма- та седница или имаме нова Седумдесет и осма седница. Познато е дека штом немаме предлог, односно ако предлогот, единствената точка од дневниот ред е повлечена, нема за што да се заклучува претресот и нема за што да се одлучува. Од тука, ова се јавува како основна дилема за понатамошниот тек на седницата. Не случајно реков дека Седумдесет и осма седница, од аспект дека по наредниот член претседателот на Собранието има право да постави прашање за доверба на Владата Ова прашаше го поставувам зашто господар на предлогот секогаш е оној што го поднесува. Тие што го поднесоа предлогот , го повлекоа. Сега се поставува прашање дали во случајов ќе се примени став 4 од членот 92 од Уставот на РМ, заради една сигурност во државата. Имено, дали ќе се смета дека со повлекувањето ан предлогот, веќе е изгласана доверба на Владата на РМ и дека во случајот, оној кој што сака повторно да поднесе таков предлог, треба да има мнозинство од 61 пратеник Мислам дека ова е многу практично и деловничко прашање и пред да се пристапи на гласање да се одговори во смисла на ова што го изнесов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Јас уште еднаш ако треба ќе објаснам. Според Уставот кога се донесува и тој што сака да поднесе прашања за недоверба, треба да знае дека кога е поднесено прашањето, ништо друго не се случува до гласањето и се оди и по прашањето за доверба таа постапка завршува само со гласање. Ниту со повлекување ниту со било кој друг акт и потез ни на предлагачот, туку само со гласање, завршува таа постапка. Тоа е

со Устав уредено и не е оставено да се доуреди со Деловник. Затоа тука нема никаков спор. Тоа не е случајно направено. Инаку некој на секој три дена ќе поднесе барање за доверба или 1ред гласањето ќе го повлече, а за тоа има уставна клаузула мора да се глас аи 90 дена нема право за таа работа, односно да поднесе ново барање од последното барање. Гласањето е критичен момент

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Ако никој не бара збор, Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници. Молам нека влезат сите пратеници во (Се врши пребројување на присутните пратеници).

67 пратеници се присутни во салата.

Минуваме на гласање.

Кој е за тоа да се изгласа недоверба на Владата, молам да крене рака.(2)

2 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

61 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање.

1 се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието не и изгласа недоверба на Владата на Република Македонија. (Аплауз).

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ај заклучувам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 00,50 часот)

ПРАТЕНИК:

**Д-р СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**

Паралелно со таканаречената демократија во оазата на мирот, во јавноста е промовиран и еден нов,во секој случај уникатен демократски институт македонски односно албански политички субјект? На чудење на оние кои мислеле дека ја познаваат политикологијата и кок сметале дека политички субјекти можда бидат партиите ,интересните групи,здруженијата на граѓани и слични институции што никако не оди заедно со етнички предзнак,Владата го "изврте" во своите обраќања бег око да и трепне. Македонскиот политички субјект застана наспроти албанскиот политички субјект и сега имаме конфликт,што правно мошне тешко се лоцира. Работата уште повеќе се комплицира со тоа што по сите параметри постоечки политички субјект користи постоечки институции на власт да спроведе некои свои ставови. Сето тоа во рамките на досега познатите правни системи, Како да нема слух,како да нема логика за мултиетнитет, мултикултура и др. Но реалноста и правото се почесто кај нас се разидуваат, па така и ова се случува,нема темел а има кров над неа, значи има една голема лага односно фикција која во двете страни ангажира значителни интелектуални и други вид сили од власта, а сето тоа гледано низ призмата на правдата. Владата придонесе за сегашните недоразбирања кои настанаа во овие односи. И Веројатно можеше да се најде формулација за политичката изјава дека Универзитетот во Тетово е неуставен незаконски акт, зошто? Прво, Владата не е таа што може да дава валидни толкувања за неуставност и незаконитост. Многу чудна организација во која политиката комплетно го обвива правото,така што многу тешко е да се следи неговиот крај. Така се стигна до едно логично прашање - Има ли многу врска тоа политичко толкување на законот и уставот од некомпетентните за многу туѓи увезени интереси? Таквото нејзино инплантирање во нашата мултиетничка почва, мултијазична почва создава само заблуди во

јавноста. Не е исклучено дека тоа била и целта. Сериозно со примена на правни аргументи, да се расправа за едно шарлатанто толкување на нештата како што беше таканаречениот став на нашата Влада,сосема добро оди на водата на подбупнувачите зад границата - увезени интереси само да се прави 'збрка околу маргинални работи за да се истурка главното. А главното е светлосни години далеку од етаблирањето на Владиниот став во главниот образовен с: конфликтот е веќе предизвикан и за некои е добро да се огнот да остане запален. Актуелната влада пак со извонредната "елоквентност" на своите министри одлично се вклопува во на препотентен пожарникар ко<j заборава да се преслуша пред дали во резервоарот на возилото има вода или масло.

Но политиката и политичките шпекулации секогаш оделе под рака. Ако не се шпекулациите,велат политиката ризикува да стане една тотално досадна дејност,без шармот на неизвесноста и непознатото. Но опасно е кога шпекулациите стануваат доминантни а се изгледа дека е така,па ја покриваат и самата политика .И тогаш имаат само шпекулации. Затоа е веројатна одговорноста на политиката, шпекулациите демантира,да ги отфрла и на нивни место да презентира колку релевантни информации. Но на тоа,од нашата политика,ќе попричекаме.